УЛОГАТА НА САД ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГОЛГОТИ (1991-2013)

ВТОРО, ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ

Ристо Никовски

УЛОГАТА НА САД ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГОЛГОТИ (1991-2013)

ВТОРО, ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2014 by Risto Nikovski & Risto Stefov

e-book edition

Скопје
2013

Лицем светци,
Срцем волци.
Григор Прличев

На
Ицо Попе
Баба Ката
Сека и Киро
Волга и Бојан

СОДРЖИНА

ВТОРОТО ИЗДАНИЕ КАКО ПОВОД 5
ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ 10
I - РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА И СОСТОЈБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА 16
II - САД ВЕДНАШ ГИ ПРИЗНАА СИТЕ НОВИ ДРЖАВИ, ОСВЕН МАКЕДОНИЈА 25
III - САД НИ ГО ОСПОРИЈА ИМЕТО ВО ООН И НИ ЈА НАМЕТНАА РЕФЕРЕНЦИЈАТА, А НЕ ГРЦИЈА. ТИЕ ГО МЕНАЏИРААТ И ПОСРЕДУВАЊЕТО НА НИМИЦ 37
А. ПРИЕМОТ ВО ООН 37
Б. ПРОЦЕС НА ПОСРЕДУВАЊЕ 46
В. ВО ЊУЈОРК НЕ СЕ ПРЕГОВАРА 49
Г. ДОГОВОР СО ГРЦИЈА НЕ САМО ШТО НЕ Е МОЖЕН ТУКУ Е И АПСОЛУТНО – НЕПОТРЕБЕН 52
Д. МОЖЕШЕ ЛИ ПРОБЛЕМОТ СО ИМЕТО ДА СЕ РЕШИ ВО РАНИТЕ 1990? 58
IV - ПРЕКРСТУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА И РЕШАВАЊЕТО НА „АЛБАНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ” СЕ ДВА ПАРАЛЕЛНИ ПРОЦЕСИ КООРДИНИРАНИ ОД ВАШИНГТОН – ИЛИ - ИМЕТО, КОСОВО И ВОЈНАТА ОД 2001 СЕ ДЕЛ ОД ИСТО СЦЕНАРИО 64
V - 2001-та – КЛУЧЕН КАМЕН ВО МОЗАИКОТ НА АМЕРИКАНСКАТА ПОЛИТИКА КОН МАКЕДОНИЈА – или - И ЗА КОСОВО, И ЗА МАКЕДОНИЈА – „ХУМАНИТАРНИ” ВОЈНИ! 81
А. САД И ВОЈНАТА ОД 2001 – АЛБАНЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, НАДВОР ОД ПРОЕКТОТ 82
Б. КАКО ТЕРОРИСТИТЕ СТАНАА „ХУМАНИТАРЦИ”? 91
В. ДРАГОЦЕНИ СВЕДОШТВА НА ГЕНЕРАЛ ПАНДЕ ПЕТРОВСКИ 96
Г. УЛОГАТА НА САД ВО ПОТПИШУВАЊЕТО НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР 108
Д. НАСТАНИ СО ШИРОКИ И ДОЛГОРОЧНИ ПОСЛЕДИЦИ 122
VI - АНАЛИЗИТЕ НА ЧОСУДОВСКИ 129

VII - ЗОШТО САД ГО ПРИФАТИЈА НАШЕТО УСТАВНО ИМЕ ВО 2004? 133
VIII - ПРИВРЕМЕНАТА СПОГОДБА, САМИТОТ НА НАТО ВО БУКУРЕШТ И ХАШКАТА ПРЕСУДА..... 137
А. ПРИВРЕМЕНАТА СПОГОДБА 137
Б. САМИТОТ НА НАТО ВО БУКУРЕШТ 145
В. ЗОШТО ПОДДРШКАТА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БУШ НЕ БЕШЕ ДОВОЛНА? 150
Г. ХАШКАТА ПРЕСУДА..... 152
Д. ШТО ПОНАТАМУ СО ПРИВРЕМЕНАТА СПОГОДБА И МЕДИЈАЦИЈАТА НА НИМИЦ? 159
Ѓ. ЗАМЕНАТА НА РЕФЕРЕНЦИЈАТА, СО ИМЕ ЗА НАДВОРЕШНА УПОТРЕБА, Е ПОГУБНО РЕШЕНИЕ ЗА МАКЕДОНИЈА 166
Е. САД И: БУКУРЕШТ 2008, ХАГ 2011..... 170
Ж. КОЈ ЈА ПОПРЕЧУВА МАКЕДОНИЈА ДА ВЛЕЗЕ ВО НАТО? САД ИЛИ ГРЦИЈА? 173
З. ДАЛИ ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО НИ НОСИ НОВИ БЕЗБЕДНОСНИ КВАЛИТЕТИ? 175
IX - УЛОГАТА НА ВАШИНГТОН ВО ОДНОСИТЕ МЕЃУ СКОПЈЕ И СОФИЈА 180
X - ИЗЈАВИ 187
XI - ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ 204

ВТОРОТО ИЗДАНИЕ КАКО ПОВОД

Откако излезе првото издание, се случи настан кој заслужува наше нагласено внимание.

На 24 октомври 2013 година, грчкото Министерство за надворешни работи излезе со официјално соопштение под наслов – „Проблемот со името”, користејќи ја, како и обично, навредливата и бесмислена кратенка. Документот е исклучително интересен. Преполн е со лаги, подметнувања и измислени обвинувања на нашата сметка. Покрај другото, се реафирмира и тврдењето дека сме „креација” на Тито. Се спомнува и хашката пресуда, ама во маргинален контекст, премолчувајќи ја осудата на Грција, а се набројуваат бројни наши „прекршувања” на Привремената спогодба...

Сепак, клучен дел во овој документ, кој треба да ја оправда грчката политика кон Македонија, е цитатот кој гласи:

‘Телеграма на Стејт департментот, од декември 1944 година, испратена до американските надлежни институции, потпишана од тогашниот државен секретар (министер), Стетиниус, покрај другите работи, нотираше дека – „Брборењата околу македонска ‘нација’, македонска ‘татковина’, или македонска ‘национална свест’, оваа американска Влада ги смета за неоснована демагогија која не претставува етничка или политичка реалност, и во нивното сегашно оживување гледа возможна маска за агресивни намери против Грција”’!

1. 1. Арно ама, како и обично, овој грчки документ, кој е, секако, дистрибуиран низ цел свет, кај нас не наиде на поширок соодветен третман, освен што беше спомнат на Канал 5 телевизија. Иако нашето МНР морало најостро да реагира со сите аргументи кои ни се на маса, такво нешто, се разбира, не се случи. Нашите дипломати, веројатно, се позагрижени за глобалното затоплување...

1. 2. Ако ние веќе не реагиравме, мораше тоа да го стори Стејт департментот и да се изјасни – дали останува на истата

политика кон Македонија, од 1944 година, или има промени? Ако е второто во прашање, би требало да значи дека се работи за тешка политичка злоупотреба од страна на Грција! Во таков случај, Вашингтон мораше тоа да и` го стави на знаење на Атина. Колку што знаеме, и тоа не се случило.

1. 3. Американското молчење, секако, има своја тежина, која не смееме да ја потценуваме. Меѓутоа, не треба да забораваме дека во меѓународната дипломатија работите се меѓусебно испреплетени: зошто Вашингтон да се „залетува" ако ние молчиме? Со други зборови, ние требаше да бараме објаснување од САД – дали грчкото повикување на нивната политика од 1944 година е издржано или е чиста манипулација?

Вака...

Сè уште не е доцна да го отвориме ова прашање.

2. Неспорно е задоволството кога книгата доживува второ издание, без оглед колкав бил првиот тираж. За секоја книга, најважното е да стигне до читателот. На времето, во Америка, некој анонимус напишал книга и, како и во случајов, сам ја издал. Арно ама, не се продавала. Во потрага по решение, авторот дал оглас во „Њујорк тајмс" – барам жена за сопруга која е како Ана од книгата... Неговата! Набргу следело и второ издание. Случајот е цитиран во повеќе учебници за маркетинг.

За оваа книга, не беа потребни такви трикови. Силен е впечатокот дека оценките изнесени во неа се примени со интерес. Да се надеваме дека и домашните политичари и, особено, меѓународниот фактор, пред сè САД, ќе им го обрнат потребното внимание. Тоа не е само интерес на Македонија туку на сите: од соседните држави сè до Вашингтон и Брисел. Не треба да се затвораат очите пред фактите: досегашните политики кон Македонија се покажаа целосно несоодветни. Не решија ништо, а направија големи штети. Така се случи бидејќи тие беа – нереални,

непотребни, нецивилизациски... Грешките се секогаш неизбежни, но не смеат да се повторуваат.

3. Мозаикот, даден во книгава, сигурно има и недостатоци, и е нецелосен. Меѓутоа, недискутабилно е дека, во основата, сосема прецизно ја претставува генезата на проблемот наречен – името на (Република) Македонија. Суштината, која е констатирана, е неспорна. А, дали Вашингтон контролирал и менаџирал 95 или 85 проценти од нелегалниот процес на разнебитување на македонскиот народ и неговата држава – воопшто не е битно. Клучно е што државата и народот се оспоруваат, условуваат, блокираат, уценуваат, жестоко притискаат... сè со цел да прифатат непристојни и крајно неприфатливи предлози и решенија. Тоа се прави со максимална координација, на највисоко меѓународно ниво, со користење на сите расположливи средства, од кои најголемиот број се нелегални, недозволени и надвор од меѓународната практика.

4. И, за живо чудо, и покрај сите тие галиматијаси и премрежија, еве, веќе преку 20 години, сите тие обиди, манипулации, злоупотреби, махинации, неприкриено белосветско силеџиство... не постигнаа никаков резултат. Освен што ја истоштија и исцедија македонската држава и додатно го осиромашија народот.

Не им успеа ни воената агресија во 2001-та, која, за секој случај, и во согласност со околностите, беше ограничена и строго контролирана.

По којзнае кој пат се покажа дека Македонецот е неуништлив.

5. Сведоци сме, за жал, дека сите тие неуспеси не го поколебаа Вашингтон. САД упорно продолжуваат со истата јалова и средновековна политика кон Македонија. А Брисел, пак, безусловно и непоколебливо ги следи.

До кога, господа „демократи”, ќе користите сила над малите и сиромашните? До кога едно ќе ни кажувате, а друго ќе

правите? Зар не ви е јасно дека со недемократски средства – нема демократски (и трајни!) решенија?

* * * * *

6. Декемвриският Европски совет (2013) дефинитивно покажа дека Брисел нема никаква намера да ги менува блокадата, уцената и ултиматумот кон Македонија, сублимирани во политиката – прво името, потоа членство. Така, сосема е евидентно дека евроатлантските перспективи на земјата се трајно затворени, сè додека народот не се обезличи.

6. 1. Од друга страна, факт е дека медијацијата на Нимиц не успеа и веќе се потроши. Изминатите 20 години покажаа дека посредувањето нема услови и можности да го реши случајот. Тоа треба отворено да го кажеме и да ги преземеме сите нужни мерки за излез од ќор-сокакот.

6. 2. На сето тоа мора да се додаде дека сме соочени и со апсолутна незаинтересираност на Атина за какво било решение, дури и со нивната ерга омнес. Причина не е само длабоката криза низ која поминуваат. Тоа е и генерален став, и политика. Со какво било решение, дури и максимално за нив, Атина само (нешто!) би загубила и ништо не би добила. Во такви услови, никој нормален политичар не би се зафатил да бара излез. Впрочем, проблемот ним воопшто не им тежи и не им носи никакви последици, ниту ризици. Резилот, на кој беа изложени на почетокот, веќе го истрпија и проголтаа, и тој веќе не се активира. Единствен исклучок е пресудата од Хаг, која на сите им создава огромни тешкотии. Тоа е најдобар доказ дека повторно треба да одиме на суд и поради попречувањето на нашето членство во ЕУ. За НАТО имаме сертификат, а со тој од ЕУ ќе го триплицираме товарот кој се чувствува во Вашингтон и Брисел поради игнорирањето на пресудата, а со тоа и на меѓународниот правен поредок.

* * * * *

7. Горното објаснува сè! Изгубени се цели две децении во празни обиди за решение. Период, во кој Македонија претрпе немерливи штети од секој аспект. Денес (почеток на 2014) е сосема јасно дека ножот е дојден до коска. Крајно време е да се освестиме дека сме доведени и оставени сред тунел и дека излезот мораме сами да го бараме.

По пресвртот во политиката на НАТО кон Македонија, во Букурешт, во 2008, нашата позиција во спорот – слабее. До тогаш, преку масовното признавање на уставното име од бројни држави, таа зајакнуваше. Тоа е додатен аргумент дека мораме да тргнеме во одлучна акција ако сакаме да успееме.

8. Опциите се бројни, но ниту една не е безболна. Што и да се преземе, првата конфронтација ќе биде со – Вашингтон. Менаџерот на спорот жестоко ќе се спротивстави на каков било обид да се модифицираат, камоли да се променат, неговите намери и планови кои се вклопени во сегашните процедури. Тоа мора да ни биде јасно. Слично како што реагираа и на нашата апликација во Меѓународниот суд за правдата, во Хаг. Значи, можеме да успееме само ако сме подготвени да се соочиме со главните светски фактори кои сакаат неконтролирано да ни ја кројат капата, по нивни ќеф, ама на наша трајна штета. Ако одговорните, и тоа во што покус рок, не соберат доволно храброст за одбрана на фундаменталните интереси на оваа земја – црно ни се пишува.

Ние сме на потег.

Да ни е вечна Македонија.

ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

1. Со голо око е видливо дека Албанците се главната целна група на американската политика на Балканот. Насилното разбивање на Србија и создавањето на втора албанска држава, Косово, тоа најдобро го потврдува и докажува. Додека САД имаа потреба од лојален партнер, Албанците беа спремни да го решаваат своето национално прашање, околу кое, скоро неверојатно, тие имаат целосен консензус. Распадот на Југославија го гледаа како можност сите да се обединат исправајќи ги, според нив, историските неправди, за што беа подготвени и да гинат. Така, големоалбанските аспирации одлично се вклопуваа во американските регионални планови, на почетокот за рушење на Милошевиќ, а потоа отвораа простор за промена на затекнатите (државни и политички) структури во нивна корист. Со учеството во создавањето на УЧК и нејзините тајни подготовки, САД отворија пат за директно влијание врз Албанците кои се во регионот по бројност повеќе од Црногорците, Македонците, Босанците и Хрватите, а помалку од Србите, Грците и Бугарите. Но – со највисок наталитет во Европа.

1. 1. Теоретски е невозможно американската политика кон Македонија и Косово да не биде интерактивна. Таа е детерминирана од високиот степен на комплементарност на нивните интереси во разните балкански земји. Македонија и Косово се дел од истата регионална политика која е така формулирана за да може максимално да ги искористи – а) прекуграничната испреплетеност на народите; б) историската недоверба и конфронтираност меѓу државите; в) вековниот големоалбански сон; г) континуираните претензии спрема Македонија и Македонците и д) сето тоа комбинирано со длабоката поделеност меѓу Македонците...

2. Откако тоа ќе се апсолвира, станува неспорно и логично дека и УЧК и ОНА се дел од иста приказна. Откако Милошевиќ започна на најгруб начин да се справува со иредентизмот на Косово, Американците осетија дека имаат историска шанса за директен и длабок продор во регионот и услови за создавање нов стратегиски партнер и тоа го

постигнаа. По распадот на Југославија, албанско-американските интереси максимално коинцидираа. Србите, традиционални албански противници, одеднаш станаа и современи – американски, благодарејќи на погрешните политики на Милошевиќ.

3. Американската одлучност, Косово да добие независност, што беше и реализирано, им донесе двојни поени – ем Милошевиќ (и Србија) беа казнети, ем Албанците ја постигнаа својата цел. Додека тој процес привршуваше, апетитите растеа. Се направи обид за отцепување и на Медвеѓе, Прешево и Бујановац од Србија. Тоа се три општини со претежно албанско население, кои за Албанците се источно Косово, а не јужна Србија. Тоа, сепак, не успеа. Се покажа како преголем залак бидејќи навлегува во долината на Јужна Морава и од Србија одземаше дел од Коридорот 10, главната комуникациска врска на правецот Север-Југ.

4. По победата на Косово, природно и логично, следна дестинација на албанскиот експанзионизам, под американски патронат, беше Македонија. Така дојде до војната од 2001. Процесот на решавање на „албанското национално прашање", кој на Косово доживеа крајно неочекуван успех, не може ни теоретски да ја одмине Македонија. Всушност, сè започна со албанскиот бојкот на референдумот и Уставот, со „Илирида" и паравојската... кои се случуваа во првите години на градењето на самостојна современа македонска држава. Тоа беа само најавите на сериозни политички земјотреси, кои набрзо ќе започнат.

4. 1. Оваа оценка воопшто не мора да се докажува бидејќи сме квалификувани сведоци на (секојдневни) настани кои тоа го потврдуваат. Зар некој не е свесен дека чекор по чекор, се кастрат корените на македонската држава? Теренот се освојува полека, макотрпно и неповратно. Исто како и на Косово. Врвот на овој процес беше војната од 2001-та година.

5. Според сите расположливи индикатори и факти, појавата на ОНА, и војната од 2001-та, се резултат на американските регионални комбинаторики. Тоа не значи дека и Албанците на Косово, по сопствената победа и врз основа на расположливите воени капацитети на УЧК, не развија такви сопствени апетити. Меѓутоа, во никој случај, тие ниту можеа, а уште помалку смееја сами да тргнат во македонска авантура во 2001-та, без јасна американска дозвола. Во конкретниов случај и – водство.

5. 1. За планерите во Вашингтон сигурно не било тешко да ги поврзат двете ексклузивни можности кои им се појавија – името на Македонија и големоалбанските стремежи – и, комбинирано, со напорите да се уништи Милошевиќ, да ги искористат нив за ширење на нивното влијание на Балканот. По Втората светска војна, САД не беа тука нагласено присутни бидејќи: Албанија беше затворена и одбивна; СФРЈ балансираше меѓу Исток и Запад; Бугарија и Романија беа со СССР; Грција никогаш не им беше лојален сојузник...

5. 2. Ако отворањето на проблемот со името беше чиста иницијатива на Атина, без замешателство на Вашингтон, тогаш не е, ниту може да биде спорно дека САД веднаш ја зграпчија понудената шанса. Од самиот почеток, тие започнаа да го менаџираат процесот во согласност со сопствените регионални интереси. Заради максимализирање на можностите, на комплементарна основа, ги комбинираа секако и грчките интереси. Најдобар доказ дека го презедоа водењето на случајот многу рано е приемот на Македонија во ООН (1993) кој беше во режија на Вашингтон. Без активна улога на САД, никој друг од Советот за безбедност не можеше да ја игнорира Повелбата (Уставот) на светската организација; да наметне два нови, непредвидени услови за прием на Македонија; да и` го суспендира името и да и` наметне референција. Тоа е теоретски – невозможно.

6. Првиот американски амбасадор, Кристофер Хил, дојде во Скопје (на почетокот на јули, 1996), цели четири години по неговите колеги кои, уште во август 1992 година, беа испратени во Загреб, Љубљана и Сараево. Предолго

Македонија беше заборавена, непризната и оставена на цедило од Вашингтон. Се разбира, не случајно. Тоа го диктираа нивните геополитички интереси на Балканот.

Хил дојде во периодот кога војните завршија, но се подготвуваше косовската епизода која ќе доведе до суштински геополитички промени во регионот. Неговото доаѓање, можеби, не треба директно да се поврзува со тој настан, меѓутоа, не треба ни да се отфрла таквата врска. Тоа треба да се истражува бидејќи е неспорен факт дека во клучните години – 1998/99, додека беше амбасадор во Скопје, тој беше и специјален пратеник за Косово! Тоа е времето кога централниот американски интерес, во овој дел од светот, беше фокусиран токму таму. Тогаш се веќе во полн ек регрутациите и тренинзите на УЧК, кои ќе доведат до војната во 1999-та. Таа ќе ја смени картата на јужниот дел од Балканот и ќе ја доведе Македонија во исклучително тешка позиција.

6. 1. „Дружењето" на Хил со Албанците датира, сепак, од порано. На почетокот на 1990-те, во најдраматичните години на распадот на енверизмот во Албанија, Хил бил втор човек во Амбасадата, во Тирана и – сива еминенција. Според кажувањата на врвни тамошни политичари, токму Хил бил мајсторот зад сцена кој го донел Бериша на власт.

Хил бил вклучен и во конференцијата во Рамбуе (заедно со Рикер!), кога беше направено сè Србија да не го потпише спремениот договор со Косово.
Легендарниот Хенри Кисинџер, за тој настан, вели: „Текстот на договорот од Рамбуе, кој бараше од Србија да дозволи трупите на НАТО да можат да се шетаат низ земјата, беше провокација, која требаше да го отвори патот за бомбардирањето. Тоа беше страшен дипломатски документ, каков не смее никогаш повеќе да биде презентиран во таква форма"!

6. 2. Хил е од кругот на американски амбасадори кои се испраќаат во кризни жаришта. По Македонија, прво беше амбасадор во Полска (на заслужен одмор!) а потоа во Јужна

Кореја, да го решава тамошниот жежок проблем. Следното именување му беше амбасадор во нестабилниот Ирак, каде секојдневно гинат десетици лица.

Хил беше ангажиран и како заменик на познатиот американски булдожер, Холбрук, во подготовките и потпишувањето на Дејтонскиот договор за БиХ. Може да се заклучи дека тој беше врвно квалификуван за настаните во и околу Македонија, кои ќе следат.

7. Ова е само мал, почетен обид да се фрли светло врз вистинските политики кои САД ги спроведуваат кон Македонија, сите овие години на самостојност.

* * * * *

8. САД не се само единствена суперсила. Тоа е импресивно општество на врвни креации и иновации кое достигнува до вчера назамисливи дострели во развојот на информатичката и други технологии, и кое доминира во светот со својата филмска и музичка продукција, од каде доаѓаат врвни литерарни, ликовни и други дела...

Преку систем на конкуренција и натпревар, САД создадоа динамично општество кое врши извонредна селекција на квалитет и овозможува, во секоја област, најдобрите да дојдат до израз. Сето тоа се финализира со висока креативност. Тоа е навистина водечка држава во светот, во скоро сите сфери на живеење, која инспирира и заслужува исхрен восхит. Никој не им е ниту блиску. По многу нешта, САД се недостижен пример за сите други.

9. Неспорно е и дека во овие 20-ина години самостојност, по разни основи, САД и` доделија на Македонија голема помош која најверојатно значајно надминува милијарда долари. Таа практика продолжува и понатаму. Финансирани се бројни, исклучително значајни проекти за земјата. Тоа мора највисоко да го цениме и почитуваме.

10. Токму затоа, оваа анализа нема никаков антиамерикански карактер. Во прашање е само обид, на што пообјективен начин, да се расчлени односот на САД кон Македонија. Факт е дека во дипломатијата тие никогаш не биле безгрешни. Напротив. Впрочем, во надворешната политика на земја како САД, такво нешто, веројатно, и не е возможно.

11. Директната помош која и` ја даваат на Македонија воопшто не ја менува суштината на нивниот политички однос кон неа, иако тоа може да звучи контроверзно. Помошта има поширока цел. Прво, со неа се шири угледот на САД и се создава слика на „пријателски" однос. Второ, преку неа најдлабоко се продира во разни сегменти на општеството. Трето, дел од тие што имаат директна корист од помошта, стануваат и нивни силни поддржувачи. Четврто, голем дел од помошта ја „јадат" нивни експерти кои доаѓаат наменски за да ја реализираат. Петто, сè што е вложено, трајно останува и претставува основа за продолжено влијание, без оглед каква ќе биде судбината на земјата и што ќе остане од неа...

Значи, на некој начин, помошта е комплементарна и со политиката која САД ја водат кон Македонија бидејќи помага да се постигнат бројни погодности и – сериозно ги замаглува нивните вистински чекори.

I - РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА И СОСТОЈБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

1. Во рамките на југословенската федерација, Македонија беше на маргините. Вината за тоа беше кај нас самите, не во Белград. Толкави ни беа капацитетите. Бевме поголеми Југословени од сите и (свесно) ја запоставувавме македонштината. Читавме „Политика", гледавме ТВ Загреб... Критикувавме и се срамевме од сè наше. Впрочем, и денес купуваме главно увозни производи. Домашните не ни се доволно добри. Значи, заслужуваме подобро и поквалитетно од тоа што самите можеме да го направиме!

2. Немавме искуство во водење држава бидејќи во федерацијата многу не се мешавме. Дома немавме ниту институти кои посериозно и продлабочено би се занимавале со геостратегиски прашања од политиката, економијата, дипломатијата, безбедноста... Другите имаа. Во нив се градат експерти. Специјалисти не се создаваа веројатно според македонската практика на небранување, љубомора и пизма. Никој не сакаше попаметни од себе. Кадровската политика беше партиска, а не државна, а клучен критериум беше лојалноста, не квалитетот... Слично беше и кај другите, но ние бевме – „најдисциплинирани".

3. Распадот на СФРЈ нè затекна целосно неподготвени и изненадени, дури и кога беше јасно дека процесот е иреверзибилен. Словенците, на пример, веќе подолго време имаа разработени планови за постјугословенскиот период. Заедно со Хрватска предлагаа конфедеративно уредување...

Последни во сè, според традицијата, во Македонија никој не беше свесен што (ни) се случува. Не се согледуваше дека дезинтеграцијата на федерацијата е започната и напредната, та дури и кога веќе беше јасно дека е – неизбежна.

4. Тогашното раководство немаше капацитети да сфати дека иднината лежи во целосно независна македонска држава. За разлика од другите републики, ништо не се преземаше за по распадот. Навикнати да не се мешаат и во суштински работи

на заедничката држава, политичките првенци на Македонија не ни помислуваа дека треба да го менаџираат процесот. Институциите, кои мораа да преземаат бројни чекори за што побезболно одвојување од заедничката држава – не беа за такво нешто ни информирани, камоли подготвени. Граѓаните уште помалку. Огромниот дел не ни претпоставуваше што нè чека. За официјалната пропаганда, Југославија предолго беше нешто неприкосновено.

5. Расплетот се одвиваше пребрзо за да може кај нас да се разбере, камоли да се следи. Поранешниот систем не изгради ниту повеќе искусни политичари, камоли државници, веројатно како резултат на зависта. Среќна околност беше што од Белград се врати Киро Глигоров, кој долги години помина блиску до Тито, еден од политичките гении на 20-от век. Ако не беше тој, кој друг можеше да го земе кормилото и да го води македонскиот брод низ бурите кои започнуваа? Или, попрецизно – секое друго решение ќе беше поризично за иднината на земјата. Не дека тој беше безгрешен.

Денес му се префрла дека предолго работел на зачувување на Југославија и дека со Изетбеговиќ останале последните мускетари на таа линија. Во тоа има одредена вистина. Точно е и дека референдумското прашање, на 8 септември 1991, беше двосмислено. Меѓутоа, дека Глигоров бил за независна македонска држава не мора да се докажува. Како таков тој бил жигосан уште за време на Втората светска војна кога, преку АНОК, се залагал за самостојна Македонија.

5. 1. Во прашање беше мудра тактика. Свесен за опасностите кои се надвиснуваа над македонската држава, Глигоров беше максимално внимателен при распаѓањето на Југославија. Покрај целосната неподготвеност на политичарите и народот за крајот на федерацијата, кои ги затекна тука, тој се соочи и со значајните воени капацитети на ЈНА (која веќе беше српска војска) стационирани во земјата. На сигнал од Белград, за само неколку часа, војската можеше да ја земе власта во свои раце и да диктира што понатаму. Меѓународната заедница ќе кренеше малку врева, ќе го осудеше чинот и, главно – толку. Глигоров ги знаеше

намерите на Милошевиќ. Денес се општо познати неговите разговори со Мицотакис и Самарас за поделба на Македонија. Сето тоа потврдува дека стравот и воздржаноста на Глигоров беа основани. Реагираа и САД, кои точно поради опасноста која доаѓаше од Србија испратија неколку стотини свои војници во УНПРЕДЕП, во декември 1992 година. Целта на таа интервенција не беше да и се помогне на Македонија, туку таа да не падне во српски раце. Тоа би го довело во прашање големоалбанскиот проект.

5. 2. Има мислења на добри познавачи на тогашните состојби според кои идејата за повикување на овие трупи била на – Глигоров. Тие тврдат дека Изетбеговиќ прв ги барал, но во ООН ја игнорирале иницијативата. И, откако таму започнала војната, за да не се повтори грешката, Глигоров го послушале. Сепак, тешко е да се верува дека САД (ООН е само капа на операцијата која е целосно американска) чекале ние да се јавиме за тие веднаш да испратат свои војници во Македонија? Од каде, впрочем, Глигоров можел да има тајни информации за непосредна опасност од Србија, а Вашингтон да ги нема? Неспорно е дека трупите беа испратени на барање на Глигоров бидејќи без тоа мисијата би била невозможна. Меѓутоа, многу е поверојатно дека Глигоров постапил врз основа на американски инструкции. Мисијата беше секако корисна за земјата.

Од друга страна, какви трупи можел да бара Изетбеговиќ, и каде би ги распоредил? Околу Сараево? Што би постигнал со тоа? Војната таму се водеше на целата територија. Впрочем, и евентуалното доаѓање на вакви сили, повикани без согласност на Србите, само би биле уште една нова, додатна искра за заострување на непријателствата.

5. 3. Кога подлабоко ќе се анализираат потезите на Глигоров, во периодот 1991-1995, лесно ќе се увиди дека клучот на неговата политика беше изјавата која ја дал во Крањ, на 11 април 1991, по средбата на претседателите на југословенските републики („Нова Македонија”, 16 јули 2012, „Претседателот Глигоров и потпретседателот Георгиевски”). Рекол: „Македонија е заинтересирана за

живот во југословенската заедница, но ако некоја република се отцепи, ние нема да останеме во остатокот на Федерацијата". Можеби некои од неговата близина не го делеа тоа мислење и сметаа дека Македонија мора да остане со Србија, но Глигоров беше прецизен – или цела федерација или без нас.

5. 4. Голема мудрост и државништво се крие во неговата мисла. Значи, ние не сме носители на распадот на федерацијата, ама, еден ли замине, ние сме вториот. Така, Србија немаше аргумент да преземе што било против Македонија, која, да не забораваме, ја доби со Букурешкиот договор во 1913 година. Да се потсетиме и дека Србија никогаш немаше да се откаже од својот букурешки „плен", и да дозволи создавање на современа македонска држава, ако на власт во 1944 година не беа комунистите. Тоа единствено беше можно поради нивната идеологија базирана на пролетерскиот интернационализам. Тој чин мора високо да се почитува бидејќи Србија прифати делумна ревизија на Букурешкиот договор, во корист на Македонија.

Случајот со Србија покажува и потврдува дека согласност на другата заинтересирана страна е единствен начин за промена на Букурешкиот договор. Колку е тоа можно во случај кога отспротива на Македонија се Бугарија и Грција, не треба да се објаснува.

5. 5. Секако е важно дека и Тито беше приврзаник на федерација од шест републики, значи и со македонска држава. Таа политика е формулирана на Второто заседание на АВНОЈ, на 29 ноември 1943 година и е зародишот на современата македонска држава. Тој датум мора да се одбележува на соодветен начин.

Мотивот на Тито да поддржува создавање македонска држава не е познат. Веројатно, тој произлегувал од стравот дека Србија и како најголема во идната федерација, и како главен носител на партизанското војување, би била прејака, и предоминантна, што би можело да го доведува во прашање нејзиното нормално функционирање. За нас, причините

воопшто не се важни. Клучна е спремноста, вековните заложби на македонскиот народ да бидат финализирани во сопствена држава. Откако ќе поминат овие невремиња на игнорирање на македонскиот народ, и ќе се фрлат на буниште „тезите" дека сме „Титова измислица", македонскиот народ ќе мора да му се оддолжи на маршалот со соодветен споменик или нешто слично.

5. 6. Поаѓајќи од горните факти, мораме да се прашаме – во случај Македонија да се појавеше како носител на распадот на Југославија, рамо до рамо со Словенија и Хрватска, дали Србија немаше да интервенира и да се повикува дури и на Букурешт, и на Версај, и да си го бара назад ова парче земја? Тоа, можеби, и не би било до крај легално, ама, откако војската би ја земала контролата и би формирала квислиншка влада во Скопје, со соодветна политика... Кај би ни бил тогаш крајот?

5. 7. Истото значење го имаше и контроверзното референдумско прашање, кое не можеше да го поттикнува Белград за каква било акција. Глигоров беше доследен. Пораката беше иста – останuваме заинтересирани за Југославија, но, нели, цела. А тогаш беше сосема јасно дека таква – веќе нема да ја има. Главната порака на Глигоров беше дека Македонија не го води орото и не е против Србија.

5. 8. Толкувањата дека преку соработката со Изетбеговиќ и со референдумското прашање, Глигоров на прво место ја ставал Југославија, а (дури!) на второ независна Македонија се чиста манипулација. Овие два клучни потега на Глигоров, во драматичниот период на распадот на федерацијата, во никој случај не ги симболизираат неговите и државните приоритети. Во прашање е класичен и врвен прагматизам. Да се избегне конфронтација и војна и да се постигне целта, а цената да не биде превисока. Глигоров тоа и го постигна.

5. 9. Во тој критичен период, Милошевиќ направи се Словенија да си отиде од Југославија. Но сама, без Хрватска. По кратката војна ја повлече ЈНА од таму и на Љубљана и` даде одврзани раце за отцепување. За разлика од Хрватска,

БиХ, Црна Гора, па и Македонија – таму немаше Срби на кои можеше да смета. Преземените чекори на Глигоров добиваат вистинска димензија кога се знае дека Словенија и Хрватска беа решени да му се спротивстават на Милошевиќ, да не ја прифатат Србославија и да се одвојат. Така, без непотребно експонирање и ризик, Македонија ќе ја постигне целта.

Можеби Глигоров не знаеше да блефира. Можеби никогаш не играл покер, но имаше истенчен, државнички нерв за политиката и, во огромен процент, потезите кои ги влечеше на надворешнополитички план, во критичниот период од 1991 до 1995 година, беа апсолутно во корист на Македонија.

6. Од денешен аспект, можеме да оценуваме дека македонската надворешна политика, во периодот 1991-1993, сепак, предолго играше на картата на Југославија и премногу се грижеше за војните во поранешните ју-републики. Меѓутоа, во дадените услови, воопшто не беше возможно, камоли лесно, да се оцени до кога и колку да се тактизира. Кога да се заостри политиката, а кога да се проголта по некоја кнедла. Одредено оправдување за таквото однесување е фактот дека беше реална опасноста од прелевање на судирите и кај нас, а, покрај тоа, и свеста дека и Албанците настојуваат да го искористат хаосот „интегрално" да го решат националното прашање. Сето тоа налагаше максимална воздржаност и внимателност при секој политички потег.

Додатна причина за таквото однесување, во голема мера, беше и неспремноста на меѓународниот фактор да ја признае земјата. Место целосна поддршка за мирољубивата политика, светот долго ја држеше Македонија во одредена изолација и без вистински маневарски простор. Фактите и аргументите кои се овде наброени недвосмислено покажуваат дека носител на таа политика беа и остануваат – САД.

6. 1. Ние можеме и денес да спориме дали поенергичен пристап околу распадот на федерацијата ќе ја зајакнеше позицијата на земјата, а некакво тропање на маса ќе го

забрзаше процесот на нејзино признавање. Со тоа, само ќе го продлабочуваме јазот кој постојано, меѓусебно, нè дели. Единствено што со сигурност може да се заклучи е дека преголемата кооперативност, демонстрирана кон меѓународната заедница, во менаџирањето на постјугословенската криза, во периодот 1991-1993, не ни донесе никакви резултати. Се покажа крајно непродуктивна.

6. 2. Во целина, сепак, мора да се признае дека тактизирањето на Глигоров во водењето на надворешната политика, која тие години целосно беше во негови раце, сигурно многу придонесе Македонија да не се дестабилизира, ниту од надвор, ниту од внатре, и да не стане нечиј плен. Ги избегна сите Сцили и Харибди на патот кон независноста и го зачува мирот во куќата, што беше, сепак, најважно. Тој негов придонес историјата сигурно високо ќе го вреднува.

7. На надворешен план, како единствена тогашна сериозна грешка може да се оцени толерирањето на долгата грчка блокада на јужната граница, без да се возврати на ист начин. Додека тие не пропуштаа никаква македонска стока, грчките слободно транзитираа низ Македонија. Беа побарани податоци од МВР кои, според сеќавањата, покажуваа дека преку 100 шлепери и преку 200 вагони (можеби беше и обратно, што не ја менува поентата), секој ден возеа кон и од Грција преку нашата земја. Во прашање беа сериозни количини стока. Ако ги запревме, ќе настанеше скандал и, многу веројатно, забрзано ќе се бараше решение. Така, ќе се избегнеа огромни штети на стопанството. Дали така и ќе се случеше, со сигурност не може да се тврди. Сепак, држи логиката – ако покажевме заби, поинаку ќе нè третираа. Поточно, ако и другата страна имаше загуби, ќе имаше интерес побргу да се најде излез.

Неспорно е дека нашето нереципроцитетно однесување им овозможи комотност која максимално ја искористија. Тоа нас прескапо нè чинеше. Меѓутоа, тоа целосно се вклопуваше во стилот на политиката на нагласена толеранција, која ја спроведуваше Глигоров и која, мора да се признае, се покажа

како успешна бидејќи државата опстана, а очекувањата таа да се распадне не беа воопшто за потценување.

Таквото однесување на Македонија не беше валоризирано од меѓународниот фактор поради други, геополитички интереси, пред сè на САД (името, народот...)

8. На почетокот на критичните 1990. години, од водечката македонска гарнитура, единствено уште Стојан Андов имаше некакво политичко педигре. Долги години тој беше министер во Белград и имаше можности да учи. Имаше и други политичари од „старата школа", кои можеа да помогнат, но некои не беа во игра, а други си останаа во Белград. Сè друго беше неискусно. На првите двајца премиери (освен Никола Кљусев, кој водеше техничка влада), кои беа под или на 30-годишна возраст, тоа им беше речиси и прво вработување! Место приправници, што би биле во секое нормално општество, тие се зафатија да водат државата! И тоа земја која беше соочена со широк спектар нерешливи проблеми. Резултатите се видливи...

9. Федерацијата ја снемуваше, а Македонија мораше да тактизира. Референдумот за независност даде одличен резултат, иако се одржа во услови на недоволна информираност на луѓето. Крајно негативно беше што Албанците го бојкотираа и него, како и гласањето за новиот Устав во Собранието, кој, треба да се признае, имаше и недостатоци. Дел од населението не ги преземаше своите обврски кон државата и задржуваше други опции за својата иднина. Тоа беа првите силни индикатори дека нема да биде лесно градењето на независноста. Намерите и плановите на меѓународните фактори, ниту за земјата, а уште помалку за регионот, не ни беа познати, а тоа не дозволуваше да се согледуваат опасностите на кои неподготвено се налетуваше. За жал, на тој план, и денес ситуацијата не е многу подобра.

9. 1. Анализирајќи го овој период од најновата македонска историја, особено внимание заслужува фактот дека Албанците ги бојкотираа и референдумот за независност и донесувањето на Уставот. Таквиот однос не можеше да биде

ниту случаен, ниту наивен, а најмалку автохтон. Особено кога се знае дека следеа и референдумот за некаква „Илирида", обидите да се формира албанска паравојска... Сите тие настани мора да се дел од исто сценарио. Стратегиските планери во западните метрополи, особено кај главната светска сила, реализирајќи ги своите редовни задачи, сигурно цело време разработувале и опции за посакуваниот расплет во Македонија. И, логично, со сите капацитети настојувале да влијаат на процесите кои беа во тек, во согласност со сопствените долгорочни интереси. Тајните служби, и не само тие, беа максимално ангажирани во земјата. За да се постигне целта, пари сигурно не се штеделе. Денес (2013), многу работи се веќе неспорни. Добар дел од мозаикот е познат.

Објективно, македонските Албанци немаа(т) ниту аналитика, ниту планирање од геостратегиски калибар кои, последователно, би продуцирале такви, очигледно, координирани чекори. Не треба да има никакви дилеми дека ваквиот нивни однос кон македонската држава беше дел од поширока, меѓународна логистика, која тие подолго време ја користат. Разбивањето на Србија и независноста на Косово тоа доволно го потврдуваат.

9. 2. Сега, на крајот на 2013, се појавуваат информации дека САД, се разбира супертајно, на Косово биле присутнии и за време на Југославија. Според расположливите извори, поводот бил да се следи и, по можност, да се влијае врз ситуацијата во Албанија. Ако е тоа точно, дека веќе биле на Косово, тогаш останува отворено и прашањето за американското учество во настаните кои започнаа да се одвиваат таму во 1960-те години. Сите случувања, кои финализираа со неговата независност, преку демонстрации и измислени труења на ученици, кои имаа неверојатен пропаганден ефект низ целиот свет, објективно, не беа можни без странска „помош". Дали САД беа инволвирани во „Косовскиот проект" уште од самиот почеток, пред 50-ина години, допрва треба да се истражува.
Читајте понатаму.

II - САД ВЕДНАШ ГИ ПРИЗНАА СИТЕ НОВИ ДРЖАВИ, ОСВЕН МАКЕДОНИЈА

1. На почетокот на 1990-те години се распаднаа три федерации – СССР, Чехословачка и Југославија. За кратко време, на меѓународната политичка сцена се етаблираа 22 нови, целосно независни држави. Од нив, 20 бараа меѓународна верификација и сите беа веднаш признати од главните светски фактори, освен Македонија. Никој не беше спорен, само Македонците.

1. 1. На денот на официјалниот распад, 25 декември 1991, САД ги признаа 14-те нови држави кои произлегоа од Советскиот Сојуз. По неполни три месеци, во март 1992, во сите главни градови отворија свои амбасади. Руската Федерација, преку договор, си обезбеди статус на наследник на СССР и не и` требаше признавање. Москва, на пример, ги презеде сите долгови на Сојузот.

1. 2. На денот на распаѓањето на Чехословачка – 1 јануари 1993, Вашингтон ги призна и Чешката и Словачката Република. Веднаш отвори амбасада и во Братислава.

2. Поради длабоката политичка криза низ која минуваше федерацијата, и конфронтираноста на републиките околу иднината на земјата, распадот на Југославија беше многу покомплициран. За разлика од Москва и Прага, каде се беше спогодбено реализирано, во Белград не беше можен договор за ништо. Следеа војни со многу жртви, милиони бегалци, огромни материјални разрушувања... Главен виновник, секако, е Милошевиќ, но национализмот во Хрватска (Туѓман) и себичноста на Словенија (Кучан), секако имаа своја улога. Главни жртви беа Македонија и БиХ, која, сепак, носи дел од вината за војната која таму ќе следи. Црна Гора целосно ја поддржуваше политиката на Србија и остана со неа, во Сојузна Република Југославија, која не бараше меѓународно признавање поради континуитетот на Федерацијата.

3. Во процесот на распаѓање на Југославија, кон крајот на 1991 година, тогашната Европска заедница (ЕЗ), денешна ЕУ, формира т.н. „Бадентеровата комисија", од пет врвни правници, претседатели (или судии) на уставни судови во своите земји. Задачата беше да утврдат и да и предложат на Заедницата кои членки на федерацијата ги исполнуваат условите за признавање. Ја предводеше Роберт Бадентер, од Франција, а член беше и Роман Херцог, кој подоцна стана и претседател на Германија (1994-99). Комисијата поднесе извештај со предлог дека треба да се признаат само Македонија и Словенија.

4. За да ја стави Заедницата пред свршен чин, Германија ги призна Словенија и Хрватска уште во декември 1991 година. Тоа беше спротивно на предлогот на Комисијата на Бадентер, кој Берлин го знаеше, и чие објавување требаше да биде на почетокот на јануари 1992. Во Брисел беше постигнат договор, признавањето на постјугословенските држави да биде на 15 јануари. На одржаниот состанок, повторно под силен притисок, може да се каже дури и диктат на Германија (преку министерот за надворешни работи, Франц Дитрих Геншер), и ЕЗ ги призна Словенија и Хрватска и веднаш воспостави дипломатски односи со нив. Брисел го игнорираше Извештајот на сопствената (Бадентерова) комисија. Македонија остана со празни раце.

5. Набргу, на 7 април 1992 година, САД ги признаа Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина и, за неколку месеци, веќе во август, воспоставија дипломатски односи со нив и веднаш испратија и амбасадори. Поради војната, амбасадата за БиХ прво беше сместена во Виена, а подоцна се пресели во Сараево. Македонија не беше на нивната листа.
Во април, под притисок на САД, ЕЗ ја призна и БиХ.

6. За нас е важна споредбата на односот на САД кон БиХ и кон Македонија.

6. 1. Во БиХ, сите беа на свој начин екстремни. И Бошњаците (муслиманите) и Хрватите, иако е неспорно дека Србите

први почнаа и ја носат најголемата вина за војната која ќе следи. Факт е дека сите политички фактори беа длабоко меѓу себе конфронтирани (и на етничка, и на верска основа) што војната ја правеше неизбежна. И покрај сето тоа – САД ја признаа државата и испратија амбасадор.

6. 2. Сосема спротивно: САД ги игнорираа сите мирољубиви чекори, компромиси, покажана флексибилност и кооперативност на нашата власт, која даваше непроценлив придонес за спречување на ескалацијата на судирите во регионот – и долго ја оставија државата во одредена изолација. Така почнаа и така продолжија. Еве, веќе две децении како Вашингтон ни поставува пречки, ултиматуми и уцени, што максимално го отежнува нормалното функционирање на државата. Паралелно, САД направија сè Милошевиќ да биде поразен во Хрватска и во БиХ. Максимално се ангажираа(т) босанската држава да опстои. Додека сè што прават за Македонија, сите овие години, води кон нејзино разбивање. Две сосема различни политики, за две постјугословенски републики. Зошто?

7. Американското рано признавање, меѓутоа, не и` помогна на БиХ. Напротив. Има елементи да се тврди дека тоа дури ги заостри состојбите таму, а ја забрза и војната. Сосема е можно дел од спротивставените политички сили, во Сараево, тој чин да го сфатија како некаква провокација бидејќи немаше согласност околу иднината на земјата, а Србите беа апсолутно против прогласувањето на независност. Нивните нерегуларни трупи, поддржани од ЈНА, за кратко време освојуваат преку 2/3 од територијата на Босна, спроведувајќи и етничко чистење. Преку два милиони луѓе беа присилени да ги напуштат своите домови, а преку 200 илјади ги загубија животите во војната која следеше.

7. 1. Со брзото признавање, САД веројатно сакаа да ја заштитат БиХ од Милошевиќ, иако, според Бадентер, земјата не исполнуваше ниту минимум услови. Обидот не успеа. Тие не ги нарушија плановите на Милошевиќ, а дали со признавањето влијаеја на понатамошниот развој на

настаните, што е многу веројатно, некој друг треба да одговори.

8. Главните меѓународни фактори, предводени од САД, единствено Македонија ја оставија непризната како независна држава. Ја оставија незаштитена. Србија и Црна Гора останаа во т.н. Сојузна Република Југославија, како наследнички на старата федерација и, освен повторен прием во ООН, до кој дојде во 2000-та година, меѓународно признавање не им требаше.

9. Токму спротивно на Босна, раното признавањето на Македонија, од страна на САД, ќе беше директна инјекција за стабилизирање на состојбите и во земјата и во опкружувањето. Ако беше земјата призната, Мицотакис, Самарас и Милошевиќ немаше да можат да разговараат за нејзина поделба; Бугарија ќе мораше да сфати дека приказната за бугарска Македонија нема иднина; аспирациите на Албанците ќе беа поткастрени... Поинаквото нивно однесување ќе значеше директно спротивставување на официјалната американска политика, нагласена со признавање на земјата. Но, САД оставија празен простор во и околу Македонија. Не преземаа ништо за да и` помогнат. Причината може да биде само една: поинакви интереси.

10. Периодот од 1991 до 1993 беше исклучително тежок за Македонија. Финансиски опљачкана (пред распадот на федерацијата, Србија и Словенија влегоа во финансискиот систем и ограбија огромни средства); економски исцедена (со огромната инфлација, главно генерирана од Белград); безбедносно оставена во вакуум (ЈНА се повлече со целокупното наоружување стационирано во Македонија); загрозена од соседите (се договараше нејзина поделба)... Место максимално да се поддржи и помогне Македонија, која единствено од наследничките на СФРЈ се однесуваше мирољубиво, Вашингтон, потпомогнат од Париз, Лондон, Берлин и Брисел, ја остави на цедило.

11. Во меѓувреме, одредени држави започнаа да ја признаваат Македонија. На 15 јануари 1992 година, прва тоа

го стори Бугарија. Софија, меѓутоа, веднаш се поколеба и не воспостави и дипломатски односи, промашувајќи ја можноста да поентира. Во прашање беа, веројатно, некакви калкулации околу иднината на Македонија и надежите дека поинаку повеќе ќе можат да профитираат. Што ако државата не преживее? Кај ќе одат „овците" што уште не се освестиле дека се „Бугари"? Впрочем, според логиката на нештата, признавањето тие ни го доделија како на втора „бугарска" држава.

Во ситуација кога САД, следени од ЕЗ, отворено се воздржуваат од прифаќање на независната македонска држава, тоа е доволен сигнал и другите да бидат внимателни.

12. Првиот амбасадор во целосно независната современа македонска држава дојде од Турција. Според протоколот, пред приемот кај шефот на државата, копиите од акредитивните писма се предаваат во министерствата за надворешни работи. Кај нас, секако, ќе ги примеше министерот, иако практиката во светот е различна, но тој беше на пат. Заменик немаше и таа чест ми припадна како на потсекретар, трета личност во Министерството. Без соодветно искуство дека утредента, кај Глигоров, е главниот настан, сите надворешнополитички новинари, снимателi и фотографи се појавија во МНР во закажаното време. Катастрофа беше на повидок. Копиите ќе ја фрлат во сенка утрешната манифестација. Тогаш, а не сега, првиот амбасадор, акредитиран во современата македонска држава, ќе стапи на должност. Едвај ги убедивме да си одат бидејќи копиите заслужуваат само мала вест дека се предадени. За среќа, така и се случи. Мала невнимателност можеше да нанесе голема штета.

13. На првата група од шест членки на ЕЗ, предводени од Велика Британија (Германија, Франција, Италија, Холандија и Данска), им беа потребни неполни две години, по Словенија, Хрватска и БиХ, да ја признаат и Македонија. Тоа се случи на 16 декември 1993 година, осум месеци по приемот во ООН. Признавањето беше со референцијата, а не

со уставното име на државата. Тие веднаш воспоставија и дипломатски односи. Следеа другите членки на Заедницата.

14. САД ја призна Македонија како независна држава дури на 9 февруари 1994 година. Речиси две години по признавањето на Словенија, Хрватска и БиХ. Се чекаше уште година и пол додека Вашингтон реши да воспостави и дипломатски односи. Тоа го сторија на 13 септември 1995 година, веднаш по потпишувањето на Привремената спогодба со Грција, оркестрирана токму од САД. Дипломатски односи со другите три поранешни југорепублики, САД воспоставија повеќе од три години претходно! Зошто?

Амбасадата во Скопје ја отвори дури во февруари 1996, а амбасадор испрати на крајот на јули. Четири години по Загреб, Љубљана и Сараево. Иако пламтеа војни во околината, иако две години главните комуникациски коридори, север-југ, беа блокирани, што ја уништуваше економијата на Македонија... – САД молчеа. Го толерираа уништувањето на македонската држава. Не им се брзаше. Очигледно, така диктираше нивната политика.

14. 1. Процесот на признавање на државата, воспоставувањето дипломатски односи, отворањето Амбасада и испраќањето амбасадор е – најмеродавен, класичен показател за реалната политика која САД ја спроведуваа и продолжуваат да ја практикуваат во однос на Македонија сите овие години. Истото тоа важи за сите земји, во слични ситуации. Со тој чин, отворено и конкретно ни покажаа дека Македонија не се вклопува во нивните регионални планови. Дали некој може да поверува дека Вашингтон долго не ја признаваше Македонија само затоа што тоа не и` беше по волја на Атина? Преголема наивност е потребна така да се сфати американскиот однос кон македонската држава.

Тоа не треба да го забораваме и да се правиме недоветни, туку мора со отворени очи да се согледуваат реалните факти. Аргументирано може да се оцени дека, по распадот на

Југославија, политиката на САД се сведува на перманентно држење на Македонија на раб од длабок понор. Затоа, САД беа и остануваат главното извориште на проблемите со кои се соочува Македонија сите овие 20 и неколку години. Ако САД и` мислеа добро на земјата, прво што ќе направеа, мораше да ја признаат заедно со другите три ексјугословенски републики. Тоа сигурно и ќе го стореа ако немаа нетранспарентни планови и за земјата, и за регионот. Тоа не се случи бидејќи, како што ќе се види подолу, Македонија стана пречка за реализација на долгорочните американски интереси на Балканот.

15. Атина нема некаква улога во американската политика која се спроведува сите овие години спрема Македонија. Не постојат факти или аргументи, врз основа на кои би можело да се тврди дека САД го одолжуваа признавањето на Македонија поради Грција. Или, дека приемот во ООН и наметнувањето на референцијата беше резултат на некакво бранење, штитење или, макар, поддршка на грчките аспирации. Истото важи и за Букурешт 2008-та. Ваквата оцена нагласено ја потврдува и фактот дека, во декември 1993 година, Македонија ја призна првите шест држави од ЕЗ, предводени од Велика Британија, Франција и Германија, кои веднаш воспоставија и дипломатски односи. Како европски земји, членки и на НАТО и на ЕУ, тие имаа повеќе од двојна обврска за солидарност со Атина, за разлика од САД (само преку НАТО). И покрај тоа, тие го презедоа тој чекор. САД – не. На Вашингтон му требаа уште преку две и пол години за да испрати амбасадор во Скопје. Зошто?

16. Американската политика кон Македонија имаше одреден исчекор во декември 1992. Тогаш, во рамките на УНПРОФОР, воена мисија на ООН во поранешна Југославија, во Македонија, во превентивна функција, беа испратени околу 600 војници од кои триста беа американски. Подоцна, од 31 март 1995 година, мисијата се осамостои и беше прекрстена во УНПРЕДЕП.

На почетокот, овој потег најавуваше нов американскиот однос кон независна Македонија и, начелно, можеше да се

толкува како некаква безбедносна гаранција за непризнатата држава. Набргу, меѓутоа, се виде дека целта на операцијата не беше безбедносно стабилизирање на земјата, туку само таа да не падне во рацете на Србија. Излезе дека САД имале доверливи сознанија за конкретни агресивни намери на Милошевиќ и, за да го спречат тоа, во Македонија беше испратена првата превентивна мисија во историјата на ООН. Подоцна ќе се види дека овој чекор е логичен дел од американската политика кон Албанците, Македонија и регионот.

Упатувањето на УНПРЕДЕП имаше позитивен резултат бидејќи непризнавањето од САД и ЕЗ ги стимулираше апетитите на Милошевиќ. Меѓутоа, и покрај тој потег, Македонија остана крајно ранлива. САД, секако, беа свесни за тоа, а, според бројни факти, и врз основа на настаните кои следеа, може да се оцени дека точно тоа беше и нивната цел: освен попречувањето на Србите, сите други опции да останат отворени. УНПРЕДЕП може да се смета како некаков меѓупотег, со кој се одлагаат вистинските решенија.

17. Историјата ќе покаже зошто до српска интервенција и не дојде? Најверојатно, Милошевиќ а) немаше доволно воени капацитети бидејќи војната веќе беснееше во Хрватска, а во Босна се подготвуваше; б) сметаше дека Македонија не може без Србија и сама ќе се врати во прегратки... Пречка сигурно не беше УНПРЕДЕП, иако американските војници на границата тераа на двојно размислување. Доколку Белград навистина одлучеше да тргне на југ, УНПРЕДЕП ќе беше тотално игнориран, а неговите војници, вклучувајќи ги и американските, чија бројност беше симболична, ќе се повлечеа под итно, како никогаш и да не биле тука. Нивните планови за бегање, доколку загусти, беа познати. Тие немаа мандат да ја штитат Македонија, тука беа само за мониторинг, известување и рано предупредување. И добро си ја завршија работата.

18. Има многу факти кои потврдуваат дека Милошевиќ бил убеден дека Македонија сама ќе му падне во скут. Влијанието на Србија беше долго време исклучително силно

во земјата. Се сметаше дека и овде ќе претежне чувството дека против иредентизмот на Албанците не можеме сами. Најголем дел од трговијата беше со српски фирми, личните и фамилијарните врски беа бројни и длабоки...

Според некои аналитичари, ваквата погрешна уверност на Милошевиќ била меѓу неговите најголеми заблуди и грешки.

19. Со УНПРЕДЕП, САД му испратија директна порака на Милошевиќ дека нема што да бара во Македонија. Дека приказната за Вардарска Бановина, прекината на 2 август 1944, нема да продолжи. Но, освен тој сегмент, и до ден-денес (2013), плановите на САД кон Македонија не се до крај јасни. Единствено е видно дека стабилна и просперитетна Македонија не се вклопува во нивните планови. Додека на север одлучно му беше порачано да ги држи рацете настрана, другите, кои (сè уште) имаат (нескриени) аспирации кон Македонија таква порака – не добија. Ниту Бугарија, ниту Грција, а најмалку Албанците, кои уживаат најширока американска поддршка и третирани се како врвни сојузници. Токму врз таа основа, како да се диригирани со далечински управувач – нивните политички лидери не демонстрираат ни минимална лојалност кон земјата.

Без такво предупредување од Вашингтон, аспирациите на соседите кон Македонија, остануваат некако „легитимни".

20. Сите што тврдеа, во тие критични години, или што и денес вреват дека САД се ангажираат околу опстанокот на Македонија, дека се наш партнер... би требало барем да објаснат – зошто тогаш Вашингтон ја призна Македонија две години по Словенија, Хрватска и БиХ, а амбасадор во Скопје испрати по четири години? Поради финансиски тешкотии? Поради Грција? Или, поради „стратегиско партнерство" со Македонија?...

21. Неодржливи се ставовите дека ако САД (и другите) сакале да ги снема Македонците и македонската држава, тоа можеле многу лесно да го постигнат на почетокот на 1990-те

години. Не е така бидејќи таков обид само ќе ги прошириле и засилеше војните што тогаш беснееја во регионот кои, во таков случај, можеа многу лесно да излезат од контрола. Ќе се инволвираа и соседите, чии традиционални претензии кон Македонија ќе дојдеа до израз и ќе го запалеа Балканот, со несогледливи последици. Исто како во 1913 година. Ризикот беше преголем, дури и за САД. Стравот го чуваше лозјето.

Гледано од тој аспект, мирољубивото однесување на Македонија беше од огромна важност за регионот бидејќи не дозволи тој да се запали. За возврат, не само што таа ништо не доби туку, еве, веќе 20 години, главните ја држат како монета за евентуално поткусурување, во финалниот постјугословенски расплет на Балканот.

22. Секаде и секогаш, САД водат американска политика. Влијанијата од надвор имаат улога само кога кореспондираат со, и ги комплементираат, нивните интереси. Грција не е сила која може да има некаква позначајна улога во градењето на американската политика, без оглед на моќта на тамошното грчко лоби. Односот на САД кон Македонија недвосмислено ги открива нивните вистински интереси кон земјата и регионот, кои немаат подлабока врска со грчките. Напротив, политиката на САД кон Балканот, гледано долгорочно, е крајно опасна и за Грција.

Првостепена задача на нашата дипломатија, политика и наука е да се открива, анализира и прецизира американската политика во регионот. Без тоа, ќе се вртиме во круг.

23. Измислиците, од почетокот на 1990-те, фабрикувани главно во Грција, дека целосно независна Македонија претставува некаква опасност за мирот и стабилноста на регионот, беа лансирани за да може државата да се држи со недефиниран статус. Безбедносната димензија има силно влијание и изгледа уверливо. Тврдењата дека земјата носи иредентизам дури и во своето име, ги демантираше и самата „Бадентерова комисија". Сепак, и денес, по 20 години, горе-долу, важи истата реторика кон Македонија. Ако на почетокот и можеше да се зборува за некакви безбедносни

опасности, сега веќе секому му е јасно дека никого не загрозуваме. Изминатите 20 и неколку години тоа најдобро го потврдуваат. Четирите хеликоптери со кои земјата располага не беа и нема да бидат искористени за напад на Грција и за „ослободување на цела Македонија”...

24. Се покажа дека неодржливите почетни квалификации и „аргументи”, користени против Македонија (во ООН...), беа чиста манипулација со единствена цел да овозможат реализација на одредени политики. Затоа, како носител на лиценцата за спорот, денес повеќе од кога било, Грција треба да ги реафирмира причините зошто Македонија треба да го менува своето име? Заедно со неа, истото објаснување треба да се бара и од главниот менаџер – САД. На тоа мора да се инсистира за да се види апсурдноста на целиот спор. Да се бара да ги стават на маса сите аргументи за да се види дали има каква било основа Македонија и понатаму да се малтретира, како досега. Меѓутоа, доколку навистина имаат издржани и разбирливи причини – зошто земјата и народот треба да се прекрстат, тогаш треба да се направи сè за да им се излезе во пресрет. Ако некој нè соочи со уверливи факти, не смееме да бидеме тврдоглави.

Меѓутоа, ако нема причини за наше прекрстување и разнебитување, а нема, тогаш треба веднаш да се прекине оваа срамна политичка трагикомедија.

* * * * *

25. Во контекст на признавањето на постјугословенските републики, интересни се и оценките на канадскиот политички аналитичар, Џонатан Пакин (Jonathan Paquin: „Managing controversy – U. S. stability seeking and the birth of the Macedonian state”).

Американското одлагање на признавањето на Македонија, Пакин се обидува да го прикаже како резултат на принципиелна политика спрема „сецесионистички држави кои не демонстрираат јасна способност да ја одржат внатрешната и надворешната стабилност”! Тоа го

аргументира дури и со тврдење дека постоела опасност од македонско-грчки воен судир! Во истиот текст, авторот го оправдува признавањето на БиХ, уште во 1992 година, но без да го применува истиот критериум, како и во случајот со Македонија за – „одржливост на стабилноста". Не спомнува дека кога САД ја признаваа БиХ, земјата беше веќе длабоко поделена и конфронтирана и целосно нефункционална. Војната беше на врата. Таа набргу започна и траеше околу три години. И на Пакин, како и на Вашингтон и на Брисел, двојните стандарди не им служат на чест. Обидувајќи се неаргументирано да ја оправда политиката на Вашингтон кон Македонија, тој паѓа во сопствената стапица.

III - САД НИ ГО ОСПОРИЈА ИМЕТО ВО ООН И НИ ЈА НАМЕТНАА РЕФЕРЕНЦИЈАТА, А НЕ ГРЦИЈА. ТИЕ ГО МЕНАЏИРААТ И ПОСРЕДУВАЊЕТО НА НИМИЦ

А. ПРИЕМОТ ВО ООН

1. На 23 јули 1992 година, Владата на Македонија му достави на Собранието предлог за зачленување на земјата во ООН. На 29 јули, Собранието донесе одлука согласно со која претседателот Глигоров, на 30 јули 1992 година, со писмо до генералниот секретар, Бутрос Бутрос Гали, официјално побара прием во светската организација.

2. Факт е дека Македонија доцнеше со апликацијата за прием, но тоа не беше по сопствен избор, туку според инструкциите на САД и на ЕЗ (од Вашингтон, Лондон, Париз, Берлин...). Овие земји не ја признаваа Македонија и со тоа не отвораа простор за нејзин прием во ООН, за кој истите тие и решаваа. Тоа беше маќепсан круг. До крајот на 1992, „македонското прашање" беше во рацете на ЕЗ. Откако, на нејзиниот декемвриски самит во Единбург, не успеаја да најдат решение, проблемот го префрлија во ООН, директно во рацете на САД. Не треба да се сомневаме дека и до тогаш, влијанието на Вашингтон беше силно, иако прикриено.

3. Американскиот нагласен интерес за Балканот, манифестиран преку поддршка на Албанците, за јавноста се откри нешто подоцна. Тоа, во никој случај, не значи дека Вашингтон не работел на случајот од самиот почеток. Тој нивни ангажман, во кој неизбежно е вклучена и Македонија, едноставно не дозволувал, во тие критични моменти, САД да се држат настрана од проблемите со кои беше соочена нашата земја. Со голема сигурност може да се тврди дека нивните регионални комбинаторики, што директно ја засегаат и Македонија, беа актуелни при распадот на Југославија. Тоа, впрочем, постојано се потврдува. Затоа, незамисливо е какво било дистанцирање на Вашингтон од процедурите кои ја одредувале иднината на Македонија.

Долгото непризнавање на државата, од нивна страна, докажува дека тие биле (нај)активен играч во процесот.

4. И задоцнето поднесената апликација за прием во ООН не беше во согласност со советите на главните фактори. Беше преурането. И, така ја третираа. Повеќе од пет месеци генералниот секретар на ООН, Бутрос Гали, ја држеше во фиока и ја активира дури откако најдоа модус како да се оспори името на Македонија. Процедурата за прием ја отвори дури во јануари 1993 година. По најголема „случајност", неколку години подоцна, Бутрос Гали доби некаква грчка награда која, ако сеќавањето не лаже, изнесуваше цел милион долари. Толку ја оценила Атина неговата помош околу забавувањето и условувањето на приемот на Македонија во светската организација. А тоа беше клучно за да созреат условите за да се осакати државата, со некаква референција.

Дали можел Гали сам да ја држи нашата пријава за членство, со месеци во фиока, без амин на САД, нека процени секој сам.

5. БиХ, Словенија и Хрватска беа примени во ООН на 22 мај 1992 година, без никаков проблем. За САД и другите, иако во БиХ веќе почнуваше војна, овие три држави не беа спорни. Македонија беше. Затоа доцнеше нејзиниот прием во ООН, а не поради некаква погрешна политика или дури и како намерно одложување, од страна на Глигоров, како сакаат случајот да го прикажат неговите противници во земјава.

6. Советот за безбедност (СБ) е врвен орган (Влада) на ООН кој, според процедурата, на Генералното собрание му ги предлага земјите кои треба да бидат примени. Составен е од 15 членки, од кои главни се петте постојани – САД, Велика Британија, Франција, Русија и Кина, кои имаат право на вето. Другите десет се избираат со мандат од две години при што секоја година се менуваат по пет.

6. 1. Токму СБ го оспори името на Македонија и го суспендира неговото меѓународно користење. Велика Британија, Франција и Шпанија, како непостојана членка, во име на ЕЗ, предложија Македонија да се прими во ООН со референцијата. Формално, САД не беа директно инволвирани. Меѓутоа, дали некој смета дека ако Вашингтон имаше и минимални дилеми околу таквиот третман на Македонија, тоа ќе можеше да помине? Ако носителите на предлогот немаа американски благослов, дали земјата ќе влезеше безимена во ООН?

6. 2. Во работата на СБ недвосмислено доминираат САД, кои се и главни финансиери на светската организација. Таквата нивна позиција беше особено нагласена во периодот на приемот на Македонија. Во 1992-3 година, покрај Кина, која се држеше на страна и немоќната Русија, падната во хаос и пред банкрот, со апсолутна сигурност може да се тврди дека нашиот прием во светската организација беше менаџиран од САД. Се разбира, во договор со предлагачите од ЕЗ, чија „заслуга" не смее да се минимизира. Грција немаше никаква (директна) улога во овој процес бидејќи не беше дел од СБ.

6. 3. Клучен аргумент дека САД беа инструментални во оспорувањето на името на Македонија е флагрантното кршење на нормалната процедура за прием. Иако со Повелбата (Уставот) на ООН е прецизно утврдено дека за членство е потребно исполнување на четири услови, кои Македонија целосно ги задоволуваше, на земјата и` беа додадени уште два нови!?! Таа беше класично уценета – во ООН може да влезе само без име! Токму врз таа нелегална манипулација и злоупотреба, беше оспорено името на земјата и со сила и` беше наметната обврска да бара решение за „разликата околу името на државата".

6. 4. Никој во СБ не може да наметне непочитување на Повелбата и спроведување на нелегална процедура, освен САД. Нема друга таква членка. Ниту Велика Британија, Франција или Шпанија, ниту сите заедно, не можат да го сторат тоа ако орото не го водат САД. Грција е целосно надвор од тој мозаик.

6. 5. Слободно, без ризик да се згреши, може да се заклучи дека оспорувањето на името во ООН и наметнувањето на референцијата, беше менаџирано од САД преку нивни политички, организациски и координирачки ангажман. Сѐ друго беше техника и тактика. Нема никакви факти или аргументи за поинаква оценка. Впрочем, ако САД сметаа дека Македонија треба да биде примена со уставното име, референцијата немаше да постои. Или, доколку Вашингтон сметаше дека „замислата" на трите предлагачи не е добра, таа немаше да помине. Тоа потврдува дека сѐ беше претходно (макар!) договорено со САД.

6. 6. Начинот на кој Македонија е примена во ООН е историска црна дамка, срам за светската организација. За реализација на некакви политички интереси на одредени моќници, не се почитуваше Повелбата на ООН. Тоа, всушност, значеше грубо прекршување на меѓународниот правен поредок. Место ООН да бидат негови главни заштитници и промотори, тие го игнорираа. Обично, така се однесуваат – терористите. Тие се надвор од меѓународното право.

7. И уверувањето кое Бутрос Гали му го дал на Глигоров, при приемот во ООН, дека привремената референција е само за кратко, за неколку месеци, е силен доказ дека во прашање беше нешто друго, а не некаков грчки инает. Тоа е тежок блеф на Гали и, веројатно, не само негов, бидејќи тој работеше под туѓ диктат. Неспорно е дека во тоа има и наша (голема) наивност. Сепак, и многу други, и многу поголеми и поискусни – би поверувале. Секој би се прашал – зар е можно врвот на меѓународните политички структури да паѓа толку ниско? Бескрупулозно да лаже?

7. 1. Гледано од денешен аспект, може да се размислува дека горните ветувања и не биле целосна махинација. Решение, секако, не беше реално да се очекува за неколку месеци, но останува прашањето дали некои веруваа дека излезот сам ќе дојде за година, најмногу две? Значи, за исклучително кусо време. Дали само екстремистот Самарас беше убеден, како

што отворено зборуваше, дека Македонија нема многу да издржи? Сега можеме одговорно да тврдиме дека – далеку од неговите оценки не беа и многу други политичари, аналитичари..., држави...

Дали во тој факт треба да се бара и нелогичното и неоправдано одолжување на САД со признавањето на Македонија? Веројатноста е голема. Зошто, инаку, скоро две години се толерираше нелегална блокада на нејзината јужна граница, кога веќе северната беше затворена со санкциите на ООН врз Србија? Сѐ беше подготвено Македонија да се задуши бидејќи нема развиени комуникации исток-запад.

8. Иако мнозина сигурно не веруваа, реалноста ги демантира ваквите очекувања, проценки, планови. Македонија опстои и релативно успешно се развиваше и покрај сите огромни надворешни пречки на кои наидуваше. Ги пребродуваше и длабоките домашни поделби, во добар дел стимулирани, диригирани и платени од странство, како и сопствените грешки.

Се потврди вековната приказна за неуништливоста на Македонецот.

9. Ова е можност да се одговори и на честите обвинувања во земјава, партиски мотивирани, дека премолченото прифаќање на референцијата, како услов за прием во ООН, во 1993-та, било предавство или некаква неодговорност на тогашното раководство. Во тоа нема никаква вистина, но е убав повод за продлабочување на, и без тоа, непремостливата поделеност меѓу Македонците. Можностите за ново конфронтирање ние не ги пропуштаме!

9. 1. Уште пред распадот на Југославија, самата најава на целосно независна македонска современа држава веќе предизвика сериозни поместувања во регионот. Уште во август 1988 година Грција ги презеде првите мерки. Со декрет на тогашниот премиер, таканаречените „Северни Територии" беа прекрстени во „Македонија и Тракија" а три региони во новата административна поделба на земјата, од

вкупно 13 добија нови имиња: „Западна Македонија”, „Централна Македонија” и „Источна Македонија и Тракија”. Тоа е прв пат во Грција официјално да се користи името Македонија. Таму, тоа беше практично забрането бидејќи асоцираше на Македонците, кои, како малцинство, до денес не уживаат никакви права, а беа изложени и на вистински геноцид. На Грците им беше јасно дека независната држава, која се нарекуваше, неизбежно ќе ги афирмира Македонците како посебен народ, нивниот јазик, култура, традиција... А тоа, според вековната грчка политика на нивно игнорирање, мораше да се спречи. За таа цел, со новите имиња, Грција стави до знаење дека ќе бара ексклузивност на името „Македонија”.

9. 2. Значи, од самиот почеток, проблем беше македонскиот народ. Тој не можеше отворено да се оспори и затоа беше проблематизирано името на државата. Подоцна се покажа, а сега воопшто не е спорно, дека тоа не беше само грчки интерес и политика. Зад неа, како што се гледа и од овој материјал, со целата своја тежина застанаа прво САД, а веднаш потоа и Франција, Германија, Велика Британија... Следува координирано непризнавање на новата држава која ги исполни сите услови за тоа.

9. 3. Оставена сама, во окружување на војни кои беснеат на подрачјето на поранешна Југославија, Македонија немаше никаков маневарски простор. Од Вашингтон, Париз, Берлин, Лондон... стигнуваа кристално јасни пораки од (нај)високо ниво – ако сакате во ООН, чие членство ќе ви отвори одредени перспективи (прием во ММФ, Светска банка...), не можете со името Македонија (со други зборови – не можете како Македонци). Ако не сакате под тој услов, одговорноста за иднината на земјата – ја сносите сами. Поголема закана и уцена од тоа – тешко може да се замисли. А земјата беше крајно осиромашена преку огромната инфлација која беше генерирана од Белград; пазарот на поранешната федерација беше загубен; девизните резерви не беа доволни за увоз на енергенти за месец, два, а без нафта државата ќе престанеше да функционира; границите на земјата беа блокирани – на

север, поради санкциите на ООН врз Србија, на југ, нелегално од страна на Грција...

9. 4. Избор немаше. Одлучноста на главните меѓународни фактори, да не дозволат интегрирање на Македонија на меѓународната сцена, таква каква што е – беше неспорна. А, тогаш, прашањето не беше дали, туку колку ќе се издржи. Се броеше во недели, максимално во месеци, а не во години. Во исто време, соседите разговараа за поделба на државата... Во такви услови, секој нормален ќе бараше каков било излез бидејќи другата алтернатива беше – целосен колапс. Некаква кнедла мораше да се проголта за гол опстанок на државата.

9. 5. Приемот во ООН се реализира со оспорено име и со наметната референција која Македонија не ја прифати, туку само, премолчено, ја толерираше. Така, таа не ја обврзува Македонија. Толкав беше маневарскиот простор. Овој факт мора постојано да се нагласува. Ние никогаш не сме ја користеле ниту сме потпишале каков било документ со неа. За нас, таа како да не постои. На другите не можеме да им забраниме да ја користат, бидејќи произлегува од документ на ООН. Меѓутоа, наше право, а уште повеќе обврска е да интервенираме при секое нејзино користење и да објаснуваме дека е таа нелегална, дека е наметната... и дека нашето историско и уставно име е, и за секогаш ќе остане – Македонија. Секое наше премолчување кога се користи референцијата значи и одредена согласност со неа. Толерирањето, пак, на бесмислената и навредлива кратена (бјРМ) покажува дека сме неуки и без достоинство. Не смееме да дозволиме нејзино користење, каде било. Тоа е обврска на сите.

9. 5. 1. Непростива грешка направија нашите дипломати во Њујорк и Брисел (НАТО и ЕУ), по приемот во ООН, што дозволија место референцијата, набргу, масовно да се користи бесмислената и навредлива кратенка. Тие крајно сериозно ја девалвираа позицијата на земјата во спорот. Преку ова подметнување, додека нашите спиеле, Грција (и не само таа) го постигнаа максимумот: да не се спомнува нашето име – Македонија.

Нашите дипломати во овие центри не само што покажаа краен дипломатски и политички аматеризам туку и недостаток на домашно воспитување. За да се спречи користењето на кратенката, не беше потребна никаква инструкција.

Тоа мора да му биде секому јасно. Не само на дипломатите.

9. 6. Поради целосно разбирање зошто беше проголтана референцијата, ќе направиме и одредена паралела на тогашните со денешните состојби.

9. 6. 1. Од надворешна гледна точка, големи промени нема. Македонија и денес е изложена на жесток притисок, блокади и уцени да се прекрсти и Македонците да се откажат од самите себе. Сето тоа се постигнува со блокада на членството во НАТО и ЕУ и уцена со ултиматум – прво името, потоа членство. Се повторува истото што ни се случи и при приемот во ООН. Но, таква каква што е денес, Македонија може да издржи и успешно да се развива уште 100 години и без овие две интеграции, иако посакуваме и интензивно работиме што поскоро да станеме дел од нив. Во 1993 беше неспоредливо поинаку.

9. 6. 2. Од внатрешна гледна точка, работите се дијаметрално различни. Со високи девизни резерви, со релативно ниска задолженост, со имплементирање на динамични развојни политики кои се доволно успешни и покрај тешките кризи кои го тресат светот... Македонија оди напред и никој не може да ја запре. Денес имаме доволен маневарски простор и на сите кои сакаат да нè прекрстат, понижат и навредат, можеме одлучно да им кажеме – не! Така не можеше да се постапи на почетокот на 1990-те. Немаше ниту минимални услови за таква опција. Опстанокот на државата беше сериозно доведен во прашање. Денес можеме да бираме, тогаш не можевме. Во тоа време мнозина, вклучувајќи ги најважните светски фактори, не очекуваа државата да опстои. Сега, на сите им е јасно дека не можат да не урнисаат, иако на тоа сè уште упорно се работи.

9. 7. Секако дека никој не може да биде горд што во Њујорк бевме присилени да проголтаме оспорување на името и наметнување на некаква референција. Тоа, секако, беше тежок пораз за Македонија, но не само за неа. Многу повеќе беа поразени светската правда и демократија, а преку нив и САД, Франција, Велика Британија, Германија... Се работеше за нелегален чин, реализиран од нив со флагрантно кршење на Повелбата (Уставот) на ООН. Македонија немаше, ниту можеше да има, улога во тој процес и беше беспомошна. Се работеше за тајна и агресивна политика на најсилните. Затоа нема никаква основа за меѓусебно обвинување и нови македонски поделби бидејќи во 1993-та година, едноставно, немаше друг избор за спас на земјата. Таа беше жртва на бескрупулозни манипулации на главните светски фактори и ставена пред свршен чин, поради нивните нелегитимни и нечесни интереси. Прифаќањето на реалполитиката, веројатно, беше единствениот потег што овозможуваше каков-таков опстанок на државата. Сè друго ќе беше неприфатливо рискантно. Ова што е денес Македонија е најдобар доказ дека потегот беше правилен. Земјата успеа некако да го „амортизира" проблемот и, и покрај него, да продолжи да се стабилизира и развива. Да ги надминува и сите, од надвор, наметнати пречки, на кои продолжува да наидува.

Одлуката, по секоја цена да се остане надвор од ООН, во 1993 година, ќе беше опасна, според сите тогашни показатели. Тоа, секако, не значи дека ако се покажеше упорност (и инает!) – дека не можеше и повеќе да се добие? Ама, Македонија не знаеше и не можеше да претпостави до каде се спремни да одат главните фактори со неа. А бевме апсолутно сами, без никаква позначајна подршка, од која било страна. Еден ден, кога ќе се отворат тајните архиви, ќе се види дали беше постигнат максимумот, иако сите неспорни индикатори (блокади, поделби...) не нудеа никаков маневарски простор. Од денешен аспект, не треба да има никакви дилеми и не треба да биде спорно: во 1993 се постапи – крајно разумно и одговорно.

9. 8. И денес, впрочем, се случува истото. Истите сили – а) не есапат ниту копенхагенски критериуми, кои самите ги донеле; б) ја игнорираат Привремената спогодба; в) не ја признаваат пресудата на Хашкиот суд; г) користат блокада, уцена и ултиматум, спротивно на сите демократски правила и принципи, само да се спречи приемот на Македонија во НАТО и ЕУ; д) повторно и повторно се ставаат надвор од меѓународниот правен поредок... сè со цел да се прекрсти Македонија... Сето тоа зборува за неверојатна концентрираност, пред сè на САД, за постигнување на сопствените регионални аспирации – на сметка на Македонија. Ништо не ги поколебува за да го постигнат невозможното. Ако пред 20 години, објективно – не можевме да им се спротивставиме, денес можеме. Секако, тоа не е лесно ниту од надворешни, ниту од домашни причини. Да се конфронтираш со единствената светска суперсила не е играчка. Наш силен хендикеп е фактот дека главната домашна опозиција е спремна да витка ‘рбет. Друга силна пречка се сè поотворените големоалбански аспирации на дел од албанските лидери. Тоа се и автохтони движења, но и активности директно диригирани од – Вашингтон.

Б. ПРОЦЕС НА ПОСРЕДУВАЊЕ

10. Со резолуцијата на СБ 817/93, со која Македонија беше примена во ООН, беше предвидено посредување преку кое требаше „да се надмине разликата околу името на државата и да се поттикнат мерките за градење доверба меѓу страните”. Крајно индикативно е дека прво Венс, а по него и Нимиц беа поставени на функцијата според предлог и барање на САД. Тоа максимално го илустрира нагласениот американски интерес за овој спор. Има бројни факти дека медијаторите само формално се под патронат на ООН, а, всушност, се продолжена рака на Стејт департментот, кој и преку овој канал ја спроведува сопствената политика кон Македонија.

Прво, и Венс и Нимиц беа луѓе на Стејт департментот. Таму беше нивната база и логистика и, по сè изгледа, таму и им остана.

Второ, од март 1994 до ноември 1997 година, додека Венс беше медијатор, Метју Нимиц беше специјален пратеник на претседателот на САД, Бил Клинтон, во посредувањето за „разликата" околу името помеѓу Македонија и Грција.

Трето, ако тоа навистина беше проблем меѓу Македонија и Грција: зошто? Врз која основа? За какви потреби? – претседателот на САД одреди свој специјален пратеник? Од каде таков интерес ако е во прашање спор меѓу две далечни земји? Спор, кој непосредно не ја доведува во прашање безбедноста ниту на инволвираните земји, ниту на поширокиот регион, камоли на САД? Ако Вашингтон немаше нагласени тајни стратегиски долгорочни интереси на Балканот во кои, за жал, е вплеткана и Македонија, дали американскиот претседател ќе имаше свој специјален пратеник за проблемот? Во светот, постојано, има макар десетина слични случаи во кои нема личен претставник на американскиот претседател. Значи...

Четврто, во ноември 1997 година, генсекот на ООН го постави Нимиц за заменик на Сајрус Венс, а кога тој даде оставка, во декември 1999 година, Нимиц стана негов специјален пратеник. Така, медијацијата меѓу Македонија и Грција, која се врши во име на ООН, цело време е во рацете на Вашингтон. Може ли тоа да биде случајно? Се мешаат ли САД некаде каде немаат поголеми сопствени интереси? Дали некаде и некогаш нивните кадровски решенија не се поврзани со сопствени потреби и планови? Впрочем, резултатите кои ги чувствуваме еве веќе дваесет и неколку години се најдобра потврда дека сето тоа е дел од исто сценарио, дека се тоа камчиња од мозаик кој веќе целосно се распознава.

Пред години, на самит на ОБСЕ во Виена, САД инсистираа Американец да биде одреден за БиХ. ЕУ, по секоја цена, сакаше да биде – Европеец. Договор не беше постигнат и средбата заврши неуспешно. По неколку месеци, се појави кратка агенциска вест: Американецот тој и тој е одреден за функцијата во БиХ! Кога САД имаат интерес за нешто и

сакаат тоа да го добијат – демократијата, принципите, процедурите, практиката, та и правдата... паѓаат во вода.

Зошто би било поинаку во врска со нашето име?

Петто, Нимиц е адвокат, работи во адвокатска фирма и, како медијатор, тој е сам. Нема свој тим. На располагање му стојат услугите на надлежните служби (Правна и други) на ООН. Доколку тој навистина ги користи нив, дали би било можно експертите на ООН да го советуваат и насочуваат во нелегално проширување на неговиот мандат, што ни се случува сите овие години? Зошто тие би го стимулирале да навлегува во идентитетот на народот, неговиот јазик, кога такво нешто немаше во резолуциите на СБ на ООН? И зошто тој, ако е веќе независен експерт и медијатор, кој се обидува да најде праведно решение за спорот, ако тие веќе го тераат во забранети и недозволени зони – нив би ги слушал и следел? А ако експертите од ООН не му се логистика, од каде ја добива неа? Тој нема капацитет сам да ги подготвува предлозите, а и да го има – не би се осмелил. Свесен е дека одговорноста е огромна. Се работи за судбината и иднината на една земја, но и за мирот и стабилноста на цел регион.

Шесто, иако проблемот, формално, е во надлежност на ООН, за негово разрешување нема никаков буџет. Функцијата која Нимиц ја извршува во име на генералниот секретар, е практично волонтерска. Неговата плата е симболична – 1,00 долар годишно. Зошто е така направено, има неколку логични објаснувања. Целта е ООН – а) да не се меша многу во неговата работа, б) да не го доведува во прашање неговиот мандат и в) да не бара отчет. Доколку ООН секоја година одредуваше какви било финансиски средства, работата на Нимиц ќе беше постојано на дневен ред, макар сврзано со анализа на нивното трошење. Вака, никој не го пика носот. Вистинскиот менаџер на спорот, а тоа се неспорно САД, има одврзани раце да прави што сака. Останува прашањето не дали, туку кој му го компензира ангажманот на Нимиц? Тој не е многу зафатен со оваа функција, но во САД ништо не е бесплатно.

Седмо, токму како резултат на овие констелации, изгледа, иако е на тоа обврзан, Нимиц веќе подолго време не му испраќа редовни извештаи на генсекот на ООН за процесот. Нормално, кога се среќава со наши претставници, генсекот се информира за актуелните случувања и – толку. На крајот од денот, и нему лично, и на ООН, им одговара да не трошат пари, и некој друг да си ја крши главата со овој проблем. А не тие.

Осмо, горното би можело да го објасни и фактот дека сите досегашни предлози, кои ни ги испорача Нимиц, беа апсолутно неприфатливи за нас, водеа сметка само за интересите на САД, а, преку нив, и на тие на Грција. Тие беа целосно компатибилни на американската политика кон Македонија и регионот. Кој друг, освен САД, би можел да го насочува и охрабрува Нимиц да си го шири мандатот и да ги доведува во прашање националниот идентитет на македонскиот народ, неговиот јазик и слично?

Деветто, најпростата логика нè присилува да мислиме дека предлозите кои ни ги пласира Нимиц можат единствено да потекнуваат од – Стејт департментот?!? Или, евентуално, од некој институт или експерти одредени (и платени!) од него. И, нормално, според американските интереси. Друго прифатливо објаснување, едноставно – нема!

В. ВО ЊУЈОРК НЕ СЕ ПРЕГОВАРА

11. Во нашите срамни скитања околу овој клучен проблем за иднината и опстојот на државата, спаѓа и терминологијата која ја користиме. Речникот кој го употребуваме зборува за недостаток на минимална координација околу ова исклучително важно прашање. На почетокот, сите политичари, а сега само повеќето новинари и по некој „експерт", процесот на медијација во Њујорк го нарекуваа(т) – преговори. А преговори нема, ниту може да има. Кој може, впрочем, и со каков мандат да „преговара" за името на државата кое е овековечено и во Уставот?

11. 1. Без да одиме во премногу детали, само да нагласиме дека – а) во документите на СБ на ООН, нормално, никаде не се спомнува терминот – „преговори”. Кој би можел од една суверена држава да бара и/или да и` пропишува да преговара со кого било за своето уставно и, во нашиот случај, историско име? Во речникот, употребен во нив – „се поттикнуваат страните да продолжат да соработуваат” за „да се дојде до брзо надминување на нивната разлика”. И, толку; б) во прашање е класична медијација, со чија помош, на мултилатерален план се решава проблемот. Така беше отворен, така мора и да се затвори. Тоа не имплицира никаков билатерален договор меѓу инволвираните; в) двете страни делегираат свои претставници кај медијаторот, кои во дипломатијата се нарекуваат „офицери за врска”. Како задолжен да предложи решение, со нивна помош, медијаторот комуницира со двете влади; г) преку нив, тој ги филтрира своите идеи и се обидува да дојде до предлог што би бил прифатлив и за двете страни; д) „офицерите за врска” (кај нас, тие добиваат решение од претседателот на државата да бидат негов – претставник), неговите замисли ги пренесуваат во сопствените министерства за надворешни работи и чекаат реакции. Кога ќе ги добијат, му ги стават на маса на медијаторот. И тука завршува нивната улога; ѓ) тој продолжува да ги крчка добиените реакции, сè додека не се појави нешто што може да го претвори во конкретен предлог... И, така, еве веќе 20 години.

Токму тоа се случува во Њујорк, што значи дека од преговори нема ниту „п”.

11. 2. Тие што упорно зборуваат за „преговори” и „преговарачи”, би требало да објаснат – а) кој со кого преговара? б) дали офицерите за врска со Нимиц, или меѓу себе? Ако е и едното и другото, тоа е веќе некаква трилатерала, а не медијација; в) ако „преговарачите” веќе „преговараат”, што до сега „договориле”? г) ако тие „преговараат”, зошто тогаш Нимиц излегува со предлози кои се, обично, неприфатливи и за двете влади? Кој е одговорен за тоа? „Преговарачите”? Нимиц...? По логиката на нештата, ако некој за нешто преговара и дома донесе решение кое не

соодветствува на интересите на земјата, тој мора веднаш да биде отповикан, а, ако треба, и казнет; д) ако „преговараат", како е можно „преговарачите" да не знаат што ќе понуди Нимиц? Та, нели, тие „преговарале" и, се претпоставува дека нешто „договориле"? Како е можно да не знаат што „договориле"? Што мајка бара Нимиц да ги дезавуира, како „преговарачи", со несоодветни предлози? ѓ) чии се тие предлози? Негови или нивни? Ако тие „преговарале", мора да се нивни, а не се; е) за да се преговара на меѓународен план за што било, и најмалку важно, мора да се има претходно подготвена платформа за преговорите. Тоа е стара и ненадмината практика и обврска на секоја сериозна земја која влегува во таков процес. Инаку сè би било – неодговорно, непрофесионално и, во крајна линија – нелегално и штетно за земјата. Има ли такво нешто кај нас?...

Има уште прашања, но и овие се доволни да покажат дека корисниците на термините „преговори" и „преговарачи", за процесот во Њујорк, само го покажуваат своето незнаење и ниско политичко и професионално ниво.

11. 2. 1. А дека сето тоа е токму така, еве ја и изјавата на Нимиц („Дневник", 22 ноември 2012), дадена по средба во Њујорк: „Двете страни ја изразија својата подготвеност да се надмине спорот, верувам дека тоа не е само реторика. Состојбата во регионот бара да се реши овој проблем. Посредниците ќе ги пренесат овие идеи до своите влади, да видат дали можат да бидат корисни за да одиме напред".

Зар не е сè јасно?

11. 3. И, да не забораваме, на Атина максимално и одговара користењето на овие термини бидејќи ја стават Македонија во подредена положба – дека преговара за сопственото име. Повеќе околу ова во делот за Привремената спогодба.

11. 4. Евентуалните преговори, од друга страна, се разбира, доколку се успешни, на крајот од процесот имплицираат и потпишување договор меѓу двете страни, што, повторно, е спротивно на македонските интереси. За нас, случајот има

мултилатерален карактер и третман, и таков треба да остане до крај. На Атина и` одговара спротивното – решението да се бара на меѓународен план, каде е таа неспоредливо појака, ама финалето да биде нејзино – да се потпише билатерален договор кој ќе ги валоризира нејзините интереси.

Г. ДОГОВОР СО ГРЦИЈА НЕ САМО ШТО НЕ Е МОЖЕН ТУКУ Е И АПСОЛУТНО – НЕПОТРЕБЕН

12. Посредувањето на Нимиц крие уште еден, на прв поглед можеби минорен сегмент на американската политика кон Македонија, но, сепак, сериозен и исклучително значаен. Тоа е нивното упорно инсистирање решението на спорот да го бараме во директен договор со Грција. За Македонија тоа е крајно неприфатливо, а ни беше подметнато во Привремената спогодба. Ние немаме потреба од таков договор, ниту е тој предвиден во документите на СБ на ООН.

12. 1. Ако веќе се оди на билатерален договор со Грција, во него мора да бидат опфатени и решени и сите други отворени прашања меѓу двете земји. Такви се положбата на македонското малцинство во Грција, враќање на протераните Македонци и нивните имоти... Во дадените услови, вклучување во него на прашањата важни за Македонија, никому не му паѓа ни на памет, а најмалку на Грција. Впрочем, проблемот е отворен за да се сотре Македонија, не за да и` се помогне во надминувањето на некои прашања од нецивилизациски карактер, со кои е соочена кај јужниот сосед.

Затоа, целиот процес мора да заврши таму каде што и почна – во Советот за безбедност на ООН.

Во спротивно, доколку се потпише финален договор со Грција, во кој ќе биде опфатено само некакво решение за нашето име, тоа, ipso facto, ќе значи дека други отворени проблеми меѓу двете земји – нема. Така е според дипломатската практика. Со други зборови, макар имплицитно, ние би прифатиле дека нема македонско

малцинство во Грција, нема протерани Македонци чии имоти се одземени...

Едноставно, во никој случај, таков, едностран договор, не смееме да потпишеме.

12. 2. Ние и понатаму треба да учествуваме во медијацијата која, објективно, многу тешко ќе донесе резултат. Решението, треба и мора да се бара само на мултилатерален план, и никако билатерално. Од самиот почеток, проблемот е интернационализиран на иницијатива токму на Вашингтон и Атина, бидејќи така им одговараше. Така беа посилни во однос на Македонија и, затоа, Атина не фигурираше како главен противник. Со тоа, практично, спорот го загуби својот билатерален карактер и стана тема на мултилатерални тела. Прво во ЕЗ, потоа во ООН... сега и во НАТО, и во ЕУ...

12. 3. Меѓутоа, кога беа постигнати главните цели (суспендирање на името во ООН, наметнување на референцијата... блокадите и уцените во НАТО и ЕУ...), откако Македонија беше осакатена, сега интересот на Вашингтон е решението повторно да се бара – во Грција. Така, таа, пак, да ја преземе носечката улога. Сега, повторно се појаки ако проблемот се решава билатерално, а Македонија не може да биде послаба никаде на друго место, освен во – Атина.

До израз доаѓа длабоко испланираната американска политика кон Македонија. Нивната иницијатива за потпишување на Привремена спогодба (ПС), во 1995 година, покрај другото, го трасира и патот за потребата од потпишување на дефинитивен, финален договор меѓу двете земји. Впрочем, такво нешто не беше предвидено со документите од СБ на ООН. Според нив, проблемот е таму отворен, и таму треба да се затвори.

12. 3. 1. Во овој текст е елаборирано дека спогодбата нема никаква органска врска со резолуциите на СБ за прием на Македонија во ООН, туку е чист билатерален договор, иако сврзан со истата проблематика. Логиката е јасна – штом има

привремена спогодба, мора да следи и конечна! Во анализата на спогодбата, која е дадена подолу во текстот, не е согледана оваа важна димензија, околу финалниот договор. Дека токму САД инсистираат на дефинитивен договор со Атина, потврди и медијаторот Нимиц, во своето интервју за радиото Гласот на Америка пред самитот на НАТО во Букурешт, 2008, (деталите следат) кога најави дека ПС веќе не важи и е потребен нов, траен договор.

12. 3. 2. ПС е врвна американска дипломатска местенка, со која се депласираат резолуциите на СБ и Македонија се нагрбува со нова обврска! Се отвора пат за нејзин, крајно непотребен и, во основа, навредлив договор со Атина. Околу што? За сопственото име? Да бара изим што и` е дозволено да користи, а што не? Каде, кога, колку...? Плус да потпише и некое пакетче, кое ќе ни го стопори Нимиц, за полесно да стигнеме во небиднината?... Сè со цел земјата да се кутне.

12. 4. Целта на трајниот договор може да биде двојна – а) да се понижи државата и да го прифати неприфатливото, и/или б) да се стави Македонија во безизлез бидејќи Атина нема да попушти во ништо. Неспорно е дека договор со Атина, кој би бил макар минимално балансиран, не е можен. Замислив е само со наша капитулација. Дали тоа значи дека САД играат на таа карта?

12. 5. Продолжувајќи ја медијацијата, нашите заложби треба веднаш да се концентрираат во ставање на процесот во рамките на мандатот формулиран од СБ на ООН. Не смеат повеќе да се дозволат никакви екскурзии надвор од него, како што веќе се случуваше многу години наназад. Тоа важи и за последниот предлог кој го даде Нимиц (април 2013) и е, без какво било сомнение, во ист формат како и досегашните и навлегува во области за кои тој нема овластување. Ако тоа не го ставиме на знаење, ако не ги враќаме таквите предлози со индигнација, всушност, прифаќаме не само дискусии туку и конкретно проблематизирање на нашиот идентитет, јазик... Ако и понатаму продолжиме да го дозволуваме тоа, разнебитувањето на Македонците ќе стане неизбежно и прашање ќе биде само финалната форма.

12. 6. Наша цел треба да биде, во блиска иднина, медијаторот да заклучи дека обидите да се „надмине разликата" за името на државата – не успеаја, и покрај 20-годишни упорни настојувања. Кога тоа би се прифатило, што ќе биде исклучително тешко и невозможно, бидејќи Вашингтон нема да се согласи, Нимиц ќе треба да го извести генералниот секретар на ООН, со што топката би ја вратил во светската организација. Таквиот развој би бил најповолен за Македонија.

12. 6. 1. Паралелно, во таков случај, ние ќе треба да иницираме прифаќање на официјалното, уставно и историско име на земјата во ООН, кое ни беше нелегално оспорено при приемот. Прво треба да се направи прецизна стратегија за ваков развој на настаните, поткрепена со факти и аргументи, кои ги имаме во изобилство. Во тој елаборат, меѓу другото, ќе мора да се нагласи дека загриженоста на СБ, изразена во резолуцијата 817/93 дека (цитат) – „разликата треба да се реши со цел да се зачуваат мирот и добрососедските односи во регионот" – е надмината. Веќе 20 години, мирот во регионот не беше нарушен, иако „разликата" не беше решена. Нема никакви изгледи така да не биде и во иднина. А што се однесува до добрососедските односи, ако тие се мерат преку оспорување име на држава и игнорирање народ, тогаш апсолутно лош сосед ќе испадне јужниот.

12. 7. Обврската која сме ја прифатиле во ООН е прецизна – „соработка со медијаторот за да дојде до брзо надминување на разликата околу името на државата". Тоа воопшто не имплицира и договор со Атина. „Разликата" може и треба да се надмине на друг начин, без договор. Зошто да не биде со нова резолуција на СБ на ООН? И во тоа се кријат опасности за Македонија, но самото инсистирање на договор со Атина ја става земјата во инфериорна позиција. И на овој начин, Вашингтон отворено бара промена на името на Македонија, што е далеку повеќе од „надминување на разликата" околу името. Кога на тоа ќе ги додадеме и идентитетските прашања, кои Нимиц, сигурно по налог на Вашингтон, нелегално и неосновано ги вклучи во својот мандат, сликата

станува јасна. Во дадените услови, инсистирањето на Вашингтон за договор меѓу Скопје и Атина, не е ништо друго, освен додатен жесток притисок врз Македонија. Целта е или таа да мавта со бело знаме или да се држи во ќор-сокак. Трето – нема.

12. 8. Вашингтон е апсолутно свесен дека договор со Грција, во кој би биле инкорпорирани макар минималните интереси на Македонија, не е реална опција. Атина нема да прифати ништо друго, освен да се прекрстат Македонците и да се избришат како такви од светската листа на народи. Неа не и` треба прекрстување само на државата. Тоа ништо не и` значи, ако „преживеат" Македонците. Ако САД сето тоа добро го знаат, а го знаат, што очекуваат? Како да се договориме со Грција? Да прифатиме капитулација? Да се откажеме од самите себе?

12. 9. Нагласувањето на потребата решението да се бара преку договор меѓу Скопје и Атина е апсурдно и поради фактот што Македонија е претходно веќе доведена во неповолна и крајно нерамноправна позиција за евентуално постигнување на некаков договор. Тоа можеше да се бара од нас само пред да ни се оспори името од СБ на ООН. Тогаш ќе можевме како еднакви да разговараме со Атина за сите спорни елементи. Ако требаше, со заемен договор, можеше да се бара меѓународна арбитража, како што беше постапено во спорот меѓу Хрватска и Словенија, или, дури, да се оди и на Суд, во Хаг. Како можеме ние сега, на рамна нога, да се договориме со Атина, кога веќе ни е оспорено името, кога сме блокирани и уценети од НАТО и ЕУ?... Каков и колкав е нашиот реален избор, во дадените услови? Какви опции имаме, освен да се предадеме? Тоа ли е демократијата за која се залагаат и Вашингтон и Брисел и...? И во политиката, како и во боксот, на пример, има правила, процедури, принципи или, макар – категории. Не може боксер од тешка да влезе во ринг со боксер од мува категорија. Резултатот е однапред познат. Исто како и во нашиов случај. Затоа, Македонија не може нелегално осакатена да биде присилена да договора работи кои се клучни за опстанокот на земјата, со некој кој е

недопрен од проблемот, незаинтересиран за неговото решение и привилегиран корисник на широка солидарност.

12. 10. Токму во такви услови нè става Вашингтон со инсистирањето да се договориме со Атина. Ни предлагаат, практично, да го молиме инквизиторот за милост. Да не нè разнебити, иако, нели, има право на тоа, ако за ништо друго барем поради безрезервната поддршка која ја има од други, пред сè од САД.

12. 11. Така некако изгледа ситуацијата во која нè туркаат нашите „партнери". За да изгориме, се разбира. Во дадените услови, Атина, нормално, уценува и чека. Сè додека Македонија не капитулира. САД, од своја страна, прават сè да и помогнат. И преку големоалбанските аспирации кои ги разгоруваат во земјава. На тоа се сведува сегашната американска реалполитика кон Македонија.

12. 12. На крајот, важен е и фактот дека Вашингтон нема никаков јавен став околу грчката позиција во спорот. Инсистираат ние да си „најдеме име", да донесеме „тешки одлуки"... (Рикер), ама никогаш не спомнале што треба да стори другата страна. Факт е, сепак, дека начинот на кој Вашингтон сака да се постигне целта, се разликува од грчкиот. Додека Атина инсистира на инстантно решение, веднаш со ерга омнес, Вашингтон нуди мамка и јадица – име за надворешна употреба, како замена за референцијата! Тоа е ерга омнес, ама на етапи, со (кратко!) одложување. За година дена, или слично, тоа ќе стане ерга омнес бидејќи ќе се менуваат и пасошите, и сите царински и други документи... и, како резултат, на крајот и – Уставот. Така, самите ќе се прекрстуваме! Чекор, по чекор.

Во целина, настојувањето на Вашингтон дека треба да постигнеме договор со Грција може само да значи нивно предвремено жртвување на Македонија и на македонскиот народ. Зошто, инаку, тие јавно би се залагале за промена на името на државата, а со тоа и на идентитетот на народот?

Д. МОЖЕШЕ ЛИ ПРОБЛЕМОТ СО ИМЕТО ДА СЕ РЕШИ ВО РАНИТЕ 1990?

13. Повремено, се лансираат тези дека на почетокот на 1990-те било можно да се реши името на државата, за нас поволно, и Македонија без проблеми да влезе во ООН. Еден од главните заговорници на таа теза е Денко Малески, првиот министер за надворешни работи на самостојна Македонија. Со Малески, околу една година, работевме заедно во тогашното Министерство за односи со странство. Едниот како министер, другиот како потсекретар што, формално, беше трета, а практично втора функција бидејќи заменик-министер цело време немаше. Соработката беше коректна.

13. 1. Неспорно е дека Малески беше упатен (иако не целосно) во сите тогашни случувања во надворешната политика на земјата и неговите тврдења имаат неспорна тежина. Сепак, главната улога ја играше Глигоров, кој ги држеше сите конци од надворешната политика во свои раце и улогата на министерот беше да ги спроведува неговите инструкции без (поголема) можност за сопствени акции. Во конкретниов случај, околу можното решение тогаш, Малески апсолутно не е во право.

13. 1. 1. Повеќе пати, во медиумите, Малески тврди дека „во 1992 година постоеја и други опции за прием. Името Република Македонија (Скопје) ни го предложи британскиот премиер Џон Мејџор на средба во Даунинг стрит". Цитатот е земен од Утрински, од 9 април 2013, од текст посветен на 20-годишнината од приемот во ООН. И овој пат, но и порано во медиумите, Малески провлекуваше некакво верување дека зад таквиот предлог на Мејџор, стоеле и САД.

Така, во колумна во Утрински, од 5-6 јуни 2004, Малески дури тврди дека пораката на Мејџор била дека ако ние ја прифатиме додавката – (Скопје) – „тие и САД ќе објават заедничка декларација во која ќе констатираат дека за нив проблемот е решен"!?! „Јавајте го бранот и решете го проблемот сега зошто кога бранот ќе се повлече, големите

сили ќе загубат интерес за вашиот проблем” – била пораката на Британците!?

13. 1. 2. Во неговата книга „Бебето од катран”, каде Малески ја опишува средбата која со Глигоров ја имале со Мејџор, во Даунинг стрит, во Лондон, на 3 септември 1992 година, сосема друга е приказната и САД воопшто не се спомнуваат. Од разговорот, кој прилично детално е пренесен (стр. 405-409), воопшто не може да се извлече заклучок дека „постоеја и други опции”. Факт е дека Мејџор им предложил веднаш да го смениме името во „Република Македонија (Скопје)” бидејќи „така ќе се зголемеле шансите за ООН”. (Ова е одличен доказ дека нашиот прием во ООН бил блокиран!). Им рекол дека без тоа „тешко ќе им биде на пријателите да ви помогнат”. На прашање од Глигоров за позицијата на Велика Британија, Мејџор отворено им кажал – „не можам да ви дадам јасен одговор” и додал – „ЕЗ нема да постигне консензус затоа што Грција нема да се согласи”, а искрено им признал и дека – „се плаши дека истото ќе се случи дури и со компромисот кој вие би го понудиле” (претходно да се согласиме со додавката „Скопје”). Значи, според самиот Малески, и во тој случај тие (најверојатно!) би нè блокирале. На повторно инсистирање на Глигоров, Мејџор прецизирал дека – „ако го прифатите името со ‘Скопје’, тогаш ќе ни дадете шанса да ви помогнеме”. Глигоров побарал дури и гаранции дека таквата модификација ќе донесе успех, на што Мејџор јасно рекол дека такво нешто не можат да дадат. На крајот, сосема логично и чесно, Мејџор разговорот го завршил со – „ја разбирам вашата неспремност да го смените името”.

И, не само што во книгата Малески не ги спомнува САД туку, очигледно, извадено од ракав, е и ветувањето за некаква заедничка американско-британска декларација за нашето име! И на тие што имаат само почетни познавања јасно им е дека такво нешто во дипломатијата е – незамисливо! Титаните не го пикаат носот во мали води. Не е за верување дека Малески смета дека ако ние ја прифатевме додавката – (Скопје), и Атина ќе се сложеше? Такво нешто – ниту беше, ниту е можно.

Од каде доаѓаат овие суштински разлики меѓу колумната и книгата, само Малески знае. А каде тука тој согледал некакви „други опции”, мора самиот да објасни.

Во истата колумна, Малески прави уште една недозволива грешка. Тој констатира дека: „Во општата еуфорија забораваме дека во текот на последните неколку децении три пати го менувавме уставното име – Народна Република Македонија, Социјалистичка Република Македонија и Република Македонија, притоа не доведувајќи го во прашање нашиот идентитет”!?

Зар е можно, на еден професор по меѓународно право, без оглед дали бил министер за надворешни работи или не, да не му е познато дека ние не го менувавме името на државата, кое е – Македонија, туку политичката одредница, која нема врска со името? Ние и денес, без никаков проблем, можеме да се наречеме – Демократска Република Македонија, или Парламентарна Република Македонија... и да го решиме проблемот. Тоа, професоре, нема никаква врска со идентитетот на народот, неговиот јазик...

Арно ама, ваквите евентуални промени не се прифатливи за Вашингтон, Брисел, Атина... Со нив не ја постигнуваат целта! Тие не водат во прекрстување на Македонците.

13. 1. 3. Недвосмислено можеме да заклучиме дека од нас се барала едностран отстапка, како гест на добра волја, без ништо за возврат. Во дипломатијата, никој сериозен тоа не го прифаќа. Мејџор предложил сами да си го „приспособиме” името, на наша сметка и последици, и под истото да бараме прием во ООН. А тоа претпоставува претходна промена на Уставот, во кој е содржано името на државата, и никој не смее самоволно да го менува со какви било додавки, бидејќи повлекува кривична одговорност. Да не ја спомнуваме ситуацијата во земјата каде таков исчекор со Уставот не беше, со право, замислив.

Впрочем, ќе беше непростива грешка ако ја прифатевме сугестијата на Мејџор, која не беше формален предлог. На самитот во Единбург, во декември истата година, Атина без размислување го одби идентичниот предлог на Робин О'Нил. Логично е да се претпоставува дека Мејџор немал претстава дека за Грција се проблем Македонците, а не името на државата и дека сѐ што нив не ги прекрстува и брише, за нив е неприфатливо. Сепак, факт е дека и Мејџер, како и Британија во целина, во целиот процес на македонско етаблирање на меѓународната сцена, имаа симпатии за нашите напори и искрено сакаа да ни помогнат. Тоа го потврдува и личното искуство, од времето поминато во Лондон. За жал, нивниот маневарски простор не им дозволуваше нешто повеќе да сторат.

13. 1. 4. Да потсетиме и дека средбата со Мејџор е во септември 1992 година, а Глигоров веќе имаше официјално поднесена апликација за членство во ООН, уште од крајот на јули истата година. Ете ја и причината зошто Бутрос Гали не ја процесираше неа. Во тек беа разни комбинаторики.

13. 1. 5. Идејата за додавката „Скопје" е на амбасадорот Робин О' Нил, кој тогаш, како претставник на Велика Британија, која претседаваше со ЕЗ, се обидуваше да најде решение. Откако се запозна со проблемот, кој имавме можност неколку пати заедно да го дискутираме, при неговите посети на Скопје, во втората половина на 1992, О'Нил имаше нагласено разбирање за нашите аспирации и остана докажан пријател на Македонија.

13. 2. Мора да се нагласи дека се крајно нефундирани и извадени од ракав сите оценки дека на почетокот на 1990-те години имало услови и можело да се реши прашањето со името. И, се разбира, зошто до тоа не дошло – виновна е тогашната власт. Тоа можат да го тврдат само тие што не разбираат дека, цело време, од самиот почеток, во прашање е идентитетот на македонскиот народ, а името на државата е само покритие за нечесните намери. И тие што сметаат дека проблем имаме со Грција, а не со САД, Германија, Франција... Така тврдат само тие што не можат да сфатат

дека повторно е отворено „македонското прашање" со очигледна намера дефинитивно да се затвори. Сè друго беше техника и тактика на менаџирање на проблемот, што се правеше на највисоко можно ниво бидејќи зад сè стоеше, од самиот почеток, единствената светска суперсила – САД. А ако тие сакаа да го решат проблемот, макар со некаква, минимална прифатливост за Македонија, без да ги доведат во прашање идентитетот на народот и иднината на земјата – проблемот одамна ќе беше дел од историјата. Нивните интереси, за жал, беа сосема различни од македонските.

14. Дека суштината на проблемот или, поточно, вистинските барања на Грција, барем во тие почетни години, беа непознати за најголем дел од европските политичари, најдобра потврда е посетата на лорд Овен на Скопје и Атина, во јануари 1993. На средба со претседателот Глигоров, кога ја слушна македонската приказна, Овен стана неверојатен оптимист. Очигледно беше дека дошол со погрешни претпоставки дека проблемот е кај нас и помисли дека, ако е вака, во Атина ќе го реши случајот!

Во неговата делегација беше и за нас добро познатиот германски амбасадор, Герт Аренс. Продолжувајќи го патот за Атина, тој го остави Аренс во Скопје. Аренс, со кого се знаевме од заедничкото службување во Кина, на почетокот на 1970-те години, информира дека намерата на Овен е тој да биде офицер за врска со Глигоров и, преку него, да се финализираат сите детали за договор кој Овен би го постигнал со Грција!

Се разбира, ништо од сето тоа. Студениот туш во Атина го освести Овен. Се откажаа средбите планирани во Скопје, по неговото враќање од Атина. Место тоа, состанок се одржи во сала на аеродромот во Петровец, на кој воопшто не се спомна проблемот за кој Овен и дојде во регионот. Како ништо да не се случи претходните неколку дена. Разговорот немаше – тема! Како сите да бевме заскитани таму, без компас и се правевме – Англичани. Добро тој, а ние? Не кажа, се разбира, и што сè му било кажано во Атина. Овен сфати каде е зајакот.

Во прашање не беше наивност, туку незнаење.

IV - ПРЕКРСТУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА И РЕШАВАЊЕТО НА „АЛБАНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ" СЕ ДВА ПАРАЛЕЛНИ ПРОЦЕСИ КООРДИНИРАНИ ОД ВАШИНГТОН – ИЛИ - ИМЕТО, КОСОВО И ВОЈНАТА ОД 2001 СЕ ДЕЛ ОД ИСТО СЦЕНАРИО

1. За целосно да се сфати улогата на САД во голготите на Македонија, по распадот на Југославија, мора да се анализира органската врска која постои меѓу проблемот со името и решавањето на „албанското национално прашање". Сублимат на американската балканска политика се настаните на Косово во 1999 и војната во Македонија во 2001 година.

2. Веќе покажавме дека приемот на Македонија во ООН и официјалното оспорување на нејзиното име и неговото суспендирање од меѓународна употреба, беа оркестрирани од Вашингтон. Внимателна анализа, според веќе изградениот мозаик, видливо потврдува дека проблемот со името е вклопен во стратегиските интереси на САД на Балканот. Ние не знаеме дали е тој прво иницран од Атина или од Вашингтон, но е сосема јасно дека САД го користат како силна алатка за реализирање на сопствените регионални планови. Клучно е дека САД се спремни да ја прекршуваат Повелбата (Уставот) на ООН при приемот на Македонија; да ги игнорираат Привремената спогодба (која токму тие ни ја стокмија) и пресудата на Меѓународниот суд за правда во Хаг; да не ги есапат меѓународните принципи и процедури, кои важат за сите држави, само за да ги прекрстат државата и народот и да ги држат како (евентуална) монета за поткусурување...

Ваквото однесување на САД не е карактеристично само кон Македонија и Балканот. Тоа е дел од нивната глобална политика која светот го сфаќа како поле за остварување на нивните национални интереси. За Македонија е важно да се сфати дека САД се главен (ако не и единствен) носител на методите, начините, процесите... со кои се настојува да се прекрсти македонската држава и разнебити народот, и дека

во Вашингтон мора да се бара клучот за решението, а не во Атина.

3. За Македонија е исклучително важно да се согледа и сфати дека проблемот со името за САД не е изолиран случај чие решение се бара одвоено, врз чиста основа и независно од други билатерални или регионални проблеми. Напротив, тој е важен дел од стратегија, преку која треба да се реализираат американските балкански интереси. Главната улога во неа ја имаат – Албанците, додека претензиите на Грција и Бугарија (која на крајот од 2012 започна да ги покажува забите) се само додатни орудија кои треба да помогнат за да се постигне целта. Србија нема понагласена улога бидејќи е веќе жртва на американските планови.

4. Паралелно со проблемот со името, и во корелација со него, тече и процесот за решавање на „албанското национално прашање". Тука веќе нема никакви дилеми дека менаџер е исто така – Вашингтон. Создавањето на втората албанска држава – Косово, со користење на оружена сила, диктирана и поттикната од САД, е неспорен, кристален и несоборлив доказ за тоа. Значи два, за Македонија клучни геостратегиски проблеми во регионот – името на државата, а преку него и идентитетот на народот, како и решавањето на т.н. „албанско национално прашање", се водат паралелно од еден ист центар – Вашингтон. Тоа се два длабоко испреплетени процеси. Ги поврзува приоритетот кој ја детерминира американската балканска политика, а тоа е зајакнување на позицијата на Албанците во регионот. Се работи за многу значаен проект со долгорочни последици, кој длабоко навлегува во фундаменталните интереси не само на македонската држава и на македонскиот народ туку и на целиот регион. Иако прва жртва беше Србија, а сега на ред е Македонија, таа политика е спротивна и на долгорочните грчки стратегиски интереси. За сега, заслепена од историските антимакедонски емоции, Атина не ги согледува опасностите кои ја демнат.

4. 1. За однос на САД кон „албанското национално прашање" интересно е и едно лично искуство. За време на

службувањето во Тирана, некаде во јуни 1998 година, беа добиени првите информации дека Албанската академија на науките, на барање на претседателот на државата, Реџеп Мејдани, подготвува „Платформа за решавање на албанското национално прашање". Веднаш беше јасно за каков документ се работи и информацијата беше споделена со амбасадорите на Франција, Германија, Италија... и, се разбира, на САД. Им беше нагласено дека таков документ не може да биде во интерес на мирот и стабилноста на регионот и дека треба да се заинтересираат за случајот. Никој ништо не презеде и, во октомври истата година, „Платформата..." беше објавена. Во неа, на отворен или прикриен начин, во основата, се заговара големоалбанска држава.

4. 2. Запрашан кој е американскиот став по овој документ, амбасадорот Лимпрехт, кој тукушто ја презеде должноста, прво го игнорираше неговото значење. На инсистирање дека со него се промовира Голема Албанија, која опфаќа територии кои припаѓаат на три или четири соседни земји, тој малку се подзамисли и рече дека повторно ќе го прочита. Неговиот конечен суд беше дека во неа нема ништо спорно бидејќи не се повикува на користење сила, за постигнување на националните цели?!? Тогаш, можеше да изгледа дека нему (и на САД!) екстремниот национализам не им пречи, бидејќи не се знаеше заднината. Дури подоцна се виде дека е во прашање нешто друго – американските интереси на Балканот! Тие веќе беа длабоко инволвирани во тајните подготовки на УЧК и „Платформата..." веќе беше нивна алатка во развивањето на целокупната стратегија.

Му беше реплицирано дека тоа е само делумно точно бидејќи во документот нема ни категорично отфрлање на употребата на сила, а народот се повикува на решавање на „националното прашање". За да му се предочат сите неспорни факти од „Платформата...", на Лимпрехт му беа извадени цитати од неа, на цели три густо испечатени страници, кои ги дефинираа нејзините главни аспекти. Нова реакција – немаше.

Оваа епизода недвосмислено ја открива реалната американска политика кон Албанија и Албанците и обзирите, и разбирањето, кои Вашингтон објективно ги има за нивните национални аспирации. Оваа политика станува јавна следната, 1999 година, кога експлодираа состојбите на Косово. Во периодот кога се водени овие разговори, тајните американски служби беа веќе длабоко ангажирани во регрутирањето и подготовките на припадниците на УЧК, во тајните кампови во Албанија. Логично, употребата на сила следеше. Не само со широка американска поткрепа туку и со нивно софистицирано оружје. Така стана јасно зошто амбасадорот Лимпрехт застана (во име на САД) зад „Платформата...". Таа воопшто не била случајна и во неа имало, како индиректно ни потврди Лимпрехт, и некаков американски благослов. Настаните апсолутно го потврдија тоа.

5. Вашингтон никогаш немаше голема доверба ниту во Словените на Балканот ниту во Грците. Распадот на Југославија и војните кои следеа ги исфрлија Албанците како главен американски партнер. Голема заслуга за тоа секако има и крајно неразумната политика на Милошевиќ, чиј заложник, десетина и повеќе години беше целиот регион. Генезата е едноставна. При и по распадот на Југославија, главен противник на САД на Балканот беше Милошевиќ. Албанците, од друга страна, беа традиционални непријатели на Србите и беа директно конфронтирани со него. Така, новото партнерство можеше да започне. Албанците, пак, беа спремни и да гинат за реализација на големоалбанскиот сон, со што меѓусебните интереси целосно се поклопија. САД добија „достоен" партнер за реализација на сопствените намери.

6. САД играат на картата на Албанците во регионот, не на Албанија како држава. На тој начин, Вашингтон директно ја поддржува и Тирана, која се однесува идентично. Таму постојано зборуваат во име на сите Албанци, каде и да живеат тие. Тамошните политичари забораваат дека немаат никаков мандат, уште помалку право да ги претставуваат другите Албанци. Биле тие од Косово, од Црна Гора, од

Македонија, од Јужна Србија, од Грција... или од САД. Истата практика ја користат и другите Албанци, вклучувајќи ги и македонските. Дури и албанските амбасадори во Скопје, не ретко, го користат истиот неприфатлив речник. Нашето МНР ништо не забележува.

6. 1. Во рамките на прославата на 100-та годишнина на Албанија, во кичевското село Грешница беше поставено шестметарско албанско знаме („Ахмети повикува на доверба, а провоцира со симболи", „Нова Македонија", 20 ноември 2012). Димензиите на знамето се целосно незаконски и целта може да биде само одбележување на албански територии. Ништо друго. На чинот на неговото поставување, Ахмети рекол – „... ако било каква црна рака се обиде да посегне по него, да не се осмелува, оти тоа нема да го дозволат Албанците...".

Албанскиот амбасадор во Скопје, кој бил присутен, рекол – „Димензиите на ова невообичаено знаме ВО АЛБАНСКИТЕ ЗЕМЈИ денес е израз на почит...". Ако веќе на Ахмети не му можеме ништо, или многу малку, амбасадорот мораше веднаш да биде протеран. Вака...

6. 2. Бидејќи кај нас немаше реакции, или беа крајно благи и недоволни, се јави познатиот Џејсон Мико („Пропуст во Рамковниот договор", „Дневник", 29 ноември 2012). Тој ја коментира изјавата на Бујар Османи – „Како знак на меѓусебно почитување, сите граѓани на Македонија треба да ја споделат албанската радост и не треба да го отвораат прашањето дали е законски да се вее албанското знаме, бидејќи Албанците може да го сфатат тоа како провокација"!?! – констатирајќи: „Ти, Бујар, очигледно не го сфаќаш концептот на владеењето на правото"!

Високопочитуваниот Мико е апсолутно во право, но на Бујар сè му е јасно. Изјавата е реален израз на политиките на ДУИ, врв на хипокризија, тешка провокација, но и крајно потценување на Македонците, кои тој ги третира како да се, најмалку – недоветни.

И, никому ништо! Бујар е, значи, во право!

6. 3. Практиката што Тирана, како и сите други Албанци, го користи и терминот – „албански територии” за региони надвор од Албанија не е ништо друго, туку отворен и класичен иредентизам.

7. Веќе е докажано дека настаните на Косово, кои кулминираа во 1999 година, беа подготвувани од соодветните тајни служби на САД и Велика Британија. Нивни воени инструктори, од приватни воени компании, како МПРИ, ги тренираа припадниците на УЧК, во тајните кампови во Албанија. Тие беа инструментални и во нивното вооружување, иако не треба да се потценат арсеналите кои на Косово дојдоа од ограбените воени депоа, по хаосот кој настана во Албанија, во 1996/7 година. Со овие активности се создаваа предуслови за исполнување на две, за САД основни цели – а) рушење на Милошевиќ и б) обединување на Албанците.

8. По успешната воена операција на Косово, во 1999 година, следеше кратката војна во Македонија. Таа беше смислена, планирана и започната на Косово, кое беше американски протекторат, иако, формално, под капата на ООН. ОНА ја создадоа и подготвија истите сили кои ја произведоа и УЧК. По постигнатите резултати на Косово, сосема логично можеше да се очекува дека следна цел ќе биде – Македонија (и трите општини во Јужна Србија, кои сега ќе ги оставиме на страна). Првичната намера беше да се разбие државата и да се „ослободат” деловите кои тие ги сметаат за „албански територии”. Така, на најбрз начин, би се финализирал проектот „Голема Албанија”. Кога тоа не успеа, се активира планот „Б” каде централна цел беше Охридскиот договор, со кој македонската држава е рекомпонирана на начин кој е спротивен на сите светски искуства и практики. Малцинството стана заедница, а општеството плурално и поподелено од кога било. Се создаде можност тоа дури и да го манипулира мнозинството, отворајќи процес на нефункционалност на државата и нејзино постепено уништување. Етницитетот се институционализира, а со тоа,

место да се надминат, поделбите стануваат уставни категории. Консоцијацијата, која е постигната, отсекогаш била само привремено решение, и сега се поставува прашањето за следниот чекор, т.е. конечниот исход.

9. Независноста на Косово е главниот и одлучувачки исчекор во правец на создавањето на т.н. „Голема Албанија". По одвојувањето на Косово од Србија, не е веќе прашањето дали, туку кога овој проект ќе биде целосно завршен? Со создавање на втора албанска држава, целта е веќе околу 70 проценти постигната. За да се заврши основниот проект, остануваат уште „албанските територии" во Македонија. Трите општини во Јужна Србија и четирите во Црна Гора, се од третостепена важност. За сега, грчка Чамирија не е во планот за „ослободување".

10. Големоалбанскиот концепт не е измислен, како што некои сакаат да манипулираат. Сонот – сите Албанци да живеат во една држава, кој е нотиран и во Премабулата на албанскиот Устав, е во напредна фаза на реализација. Поранешниот премиер на Албанија, Пандели Мајко, во ТВ интервју во Тирана, уште на почетокот на новиот милениум јасно кажа дека „тој процес е започнат и е иреверзибилен". Во Албанија, и меѓу Албанците, особено во политичките, научните и интелектуалните елити, мнозина го делат тоа мислење. Од преку 100 врвни личности на Албанија, лично прашани во периодот 1998-2002, што за нив значи терминот „Голема Албанија", само Грамос Пашко, потпретседател во првата влада на Бериша, по демократизацијата на земјата, сега покоен, рече дека е тоа бесмислена утопија. Ниту еден од другите не го отфрли концептот ниту како идеја, ниту како можност, ниту како перспектива. Дадените објаснувања, во принцип, не беа многу блескави, издржани и прецизни, но терминот не беше игнориран. Никој немаше јасна претстава што подразбира тоа, но никој не се дистанцираше.

11. Прославувањето на 100-годишнината на Албанија, на крајот од 2012 година, беше добар повод премиерот Бериша, од Валона, да потсети дека границите на (Голема) Албанија

се од Превеза, во Грција, до Прешево во Србија, и од Скопје до Подгорица, во Црна Гора („Нова Македонија", 28. 11. 2012). Никој не реагираше, иако беше доведен во прашање територијалниот интегритет на четири суверени држави.

11. 1. Во последно време, бројни се националистичките провокации од Тирана. Тие се, секако, резултат на оценки дека расплетот во регионот се приближува до својот крај и тие треба да ги постават своите барања. Одредена кулминација достигнаа при преместувањето на нелегалниот споменик поставен во центарот во Прешево. Бериша реагираше – „тоа покажа дека Србија е расистичка држава"; дека „етничките Албанци на Балканот мораат еден ден да се обединат во една држава"; дека „тој акт покажал уште еднаш дека има само еден начин – обединување на албанскиот народ, за Албанците да ја уживаат слободата која со крв ја стекнале" („Дневник", 21. 01. 2013).

12. Големоалбанскиот проект е маестрално воден од самиот почеток. Активностите интензивно започнаа да се реализираат некаде во 1960-те години, на Косово, и кулминираа (но не завршија) со неговата независност. До денес (2013), сè се одвива без никаква техничка или тактичка, камоли стратегиска грешка. Се напредуваше милиметар по милиметар и се стигна до главната цел. Дека Тирана имаше своја улога во сето тоа, не треба да има дилеми. Меѓутоа, иако Албанија беше етаблирана држава со долго државничко искуство и соодветни служби, во Тирана дефинитивно немаше капацитети за водење таков процес, а на Косово уште помалку. Кој и од каде ги влечел конците, треба да се утврдува. За сега, со голема сигурност може само да се оцени дека од периодот на распадот на Југославија, наваму, процесот го менаџираат – САД.

12. 1. Дека сите овие години Албанците не се сами на тој план, потврдува еден мал, но конкретен пример. Неспорно е дека познатиот американскиот аналитичар и активист, Јанош Бугајски, е голем албански лобист. Некаде на почетокот на 2000-те, и тој учествуваше на некаква регионална конференција во Тирана. Настапи со вокабулар кој, иако во

завиена форма, во основата заговараше големоалбански расплет во регионот. Тоа беше поводот да се обидеме да утврдиме – кој го финансира? Ни беше потврдено дека американската амбасада во Тирана ги покрила неговите трошоци! Дали тие би платиле за некого, со чии ставови не се сложуваат, е друго прашање.

13. По ерата на српскиот вожд, кој ја осакати сопствената, но мора да му се признае дека создаде и втора српска држава, слободно може да се оцени дека добар дел од Балканот е жртва на американската политика на насилно решавање на „албанското национално прашање". Грубо наметнувајќи ги своите интереси, САД ги блокира позитивните регионални процеси. За сега, нејзина колатерална штета се Србија и Македонија, меѓутоа, нејзините политики сигурно негативно се рефлектираат и на состојбите во БиХ, иако на индиректен начин. Во иднина, тие ќе се покажат исклучително штетни и за интересите на Грција.

13. 1. Во однос на Македонија, оваа американска политика започна со блокирањето на признавањето на македонската држава, на почетокот на 1990-те години, а својот врв го постигна за време на косовската криза и во војната во 2001-та. Доколку не се случеше Косово во 1999-та, 2001-та во Македонија ќе беше незамислива. Всушност, таа беше продолжување на косовската војна, со единствена цел да се финализира проектот Голема Албанија.

14. Големоалбанската идеја не само што не е мртва туку таа се финализира. За завршување на тој процес, на албанските националисти апсолутно им одговара прекрстување на Македонија и Македонците. Така, дефинитивно би се решило „албанското национално прашање". Би се отворил патот за обединување на (скоро) сите Албанци.

14. 1. До сега, по сè судејќи, од чисто тактички причини, Албанците во земјава не се експонираа нагласено околу решавањето на проблемот со името. Чекаа други да го развиваат случајот. Сега, меѓутоа, Али Ахмети започна меѓународна офанзива на тој план и реално е да се очекува,

наскоро, и тие да ги испорачуваат своите сметки. Слично како Бугарија во декември 2012. Тоа значи дека нивниот вистински притисок ќе расте. Уште некое време, тоа ќе биде прикриено, преку заложбите за побрзо членство во НАТО и ЕУ. Со својот политички памфлет – „Време е за НАТО" („Дневник", 13 април 2013), лидерот на ДУИ, Али Ахмети, веднаш по локалните избори, кога беше албанизирано и Кичево, тоа и го најави. Дека е сето тоа во координација со Вашингтон, не треба да се сомневаме. Таму е подготвено регионалното сценарио. Силен е впечатокот дека и објавениот текст, кој личи на политички манифест, веројатно не е ниту срочен во партијата.

14. 2. Дека горните претпоставки се точни, потврди портпаролот на ДУИ, Бујар Османи, во интервју за „Утрински весник", од 14. 07. 2013. Тој рече: „Ахмети најави уште пред два месеци, по враќањето од САД, дека во јуни треба да се отвори дебата со јавноста во Македонија и во регионот (за проблемот со името). Тоа и го направи. Тоа што е од Софија (каде беше во посета) е чиста случајност"! За да нема никаков сомнеж во координацијата на ДУИ со САД (од каде, нели, тој се врати со јасни инструкции), потврдува фактот што токму во средината на јуни, во Скопје дојде веќе препознатливиот Филип Рикер и отворено побара јавен дијалог околу името!?! („Дијалог за спорот за името", „Нова Македонија", 20/21. 06. 2013). Тој се повика и на преговорите меѓу Белград и Приштина (Дачиќ-Тачи) и побара да се следи нивниот пример. Тоа предизвика бура од несогласувања и негодувања од врвните македонски новинари, експерти, колумнисти... Прв пат во медиумите Рикер беше третиран негативно.

Во спомнатото интервју, и Османи ја верглаше истата песна како Рикер, на апсолутно исти ноти: „Бараме да почне дијалог, да се отвори дискусија во јавноста околу предлогот (на Нимиц) и неговите детали. Потоа, двете страни да седнат на заедничка маса, да почнат директен дијалог под покровителство на меѓународната заедница, слично на преговорите Србија-Косово"! – ни порача тој. Логично е, соочени со целосен неуспех околу ова прашање,

Американците да го бараат од нас невозможното и – најглупавото, само уште повеќе да нè притиснат до ѕидот. Но, што сакаат Албанците? Зар не им е јасно дека последниот предлог на Нимиц Атина веднаш го одби и веќе не го есапи? А ние, значи, јавно ќе дебатираме по него и... да не треба и да аплаудираме? Во секој случај, целта на Вашингтон е ние до крај да се откриеме, да ја урнисаме сопствената позиција и... да се подготвиме за капитулација. Трето – нема.

15. На оваа тема, исклучително интересни и актуелни се сознанијата и размислувањата на Стојан Андов, во неговите колумни објавени во неделникот „Фокус" (15 и 22 март 2013). Андов потсетува дека и при продорот на фашизмот на Балканот, на почетокот на Втората светска војна, за да ги придобие Албанците, Мусолини играл на картата на големоалбанската авантура. Во август 1942, Италија го објави формирањето на Голема Албанија, во која влегоа Косово, делови од Црна Гора и Западна Македонија. Тоа беше фашистичка креација, исто како и окупацијата на Источна Македонија, од страна на Бугарија. Сличен случај беше и со Независна Хрватска на Павелиќ. Интересно е што и тогаш, како и сега, грчкиот дел од „албанските територии",Чамирија, беше оставена надвор, иако и таа беше под италијанска окупација.

Андов, всушност, повлече паралела бидејќи и начинот на кој САД ги реализира своите балкански планови, е идентичен со тогашниот. Андов, се разбира, тоа не го елаборира, но асоцијацијата е кристална: и САД, сега, ја „купуваат" соработката на Албанците преку големоалбанскиот сон, со кој тие, факт е, живеат стотина години. Сега мораат да бидат пресреќни бидејќи, со независноста на Косово, благодарејќи токму на САД, главниот дел од проектот е завршен. Остана само уште делот во – Македонија.

15. 1. Андов потсетува дека и Австро-Унгарија се потпирала на проектот Голема Албанија, што дошло до израз и во разграничувањето, меѓу руската и австроунгарската сфера на интереси, договорено во 1876 година, кое води по средината

на Македонија, по долината на реката Вардар. Во таа спогодба, потврдена во 1897 година, „Македонија и Македонците намерно не биле спомнати бидејќи двете империи во нив гледале главна пречка за остварување на своите империјални интереси на Балканот", заклучува Андов.

Апсолутно истото се повторува и во 21 век. Македонија е повторно „главната пречка", овој пат за реализација на американските интереси во регионот, перципирани преку големоалбански планови и затоа и го оспоруваат името и сакаат да го обезличат народот.

15. 2. Точно е тврдењето на Андов дека „денес ја нема Австро-Унгарија, ја нема Кајзеровата нацистичка Германија и Италија на Мусолини, што во свое време го поддржуваа проектот Голема Албанија", но тој заборава, или не сака да види дека денес истите тие планови ги реализираат – САД. И тоа со голем успех. Да се одвои Косово од една Србија не е мала работа, без оглед на историските грешки на Милошевиќ. Косово беше далеку најголемиот залак во целиот големоалбански проект. Сега, сè друго е прашање на време.

15. 3. Од само за него познати причини, Андов извлекува заклучок дека големоалбанската идеја била „погубна и за самите Албанци". Без никаков факт или аргумент, тој тврди – „денес дојде ново време и свеста и совеста кај најголем број Албанци е променета и тие добро знаат дека проектот за Голема Албанија му донел многу страдања, патила и трагедии и на Албанците, но и на ним соседните народи".

Оваа теза нема никаква врска со реалноста. Единствено е точно последното, за страдањата на соседите и ништо друго. А, да се тврди дека големоалбанскиот сон е надминат, во момент кога тој крајно неочекувано се реализира, со независноста на Косово, постигнато со употреба на оружена сила од страна на единствената светска суперсила, значи дека се нема осет за тоа што се случува во регионот. Или, се калкулира со нешто друго? Кога на тоа ќе се додаде развојот

на состојбите во и околу Македонија, макар од војната од 2001-та, па сè до денес, кога бескрупулозно се албанизираат делови на земјата, сè станува кристално јасно. Да не ја спомнуваме „Платформата за решавање на албанското национално прашање", на Албанската академија на науките, од 1998 година, која е државен документ, и во која е елаборирана токму големоалбанскиот концепт. Никој од „главните" не ја осуди, а како што веќе се уверивме, иако потајно, САД, всушност, ја поддржаа.

Андов мора да објасни од каде ги извлекува своите целосно погрешни заклучоци околу ова прашање?

15. 4. Оваа оценка на Андов имплицира дека тој ги игнорира и пораките што ни ги испраќаат Меџити, Дехари, Муса Џафери, Мендух Тачи, Фатмир Бесими, Али Ахмети... Било со албанските химни во македонски училишта; било со веењето насекаде само на албанско знаме, без македонско, на сите кампањи сврзани со локалните избори (март/април 2013); било со исти знамиња на 30-метарски јарболи; било со насилна промена на имиња на училишта и на улици; било во Слупчане; било со јавни изјави дека иднината на државата е во федерализација... Сè се тоа манифестации на (неповратна) големоалбанизација на Македонија, која Андов и некои не (сакаат да) ја гледаат, а други, крајно недоветно, ја толерираат.

15. 5. И Андов, но и сите како него, да ги потсетиме само што изјавил Меџити во дијаспората, пред локалните избори. Рекол: „Ние сакаме национално обединување, ние сакаме етничка Албанија на 24 март (на изборите!). Не ни треба ниту војна ниту кризи, мирно и спокојно, демократски и легитимно, со пенкало в рака заокружувајќи го бројот пред името на командантот Фатмир Дехари, вие Кичево го правите дел од етничка Албанија. Од вас и од нас зависи дали Кичево ќе остане надвор од картата на етничка Албанија, или ќе биде дел од неа..."!?! („Република", 15. 03. 2013). Според истиот извор, Фатмир Дехари, кандидатот за градоначалник, сега веќе на таа фукција, изјавил: „Затоа ви кажувам дека ова обединување на Кичево ќе биде

обединување на Албанците. Споено Кичево е сон не само на кичевци туку на сите Албанци. Тргнувајќи од Тирана со градоначалникот Баша, преку други албански општини, симнувајќи се во Струга каде што ве чека Албанец градоначалник, тргнувајќи кон Кичево каде што, исто, пречекува градоначалник Албанец, за да продолжите кон Гостивар и Тетово, стигнувајќи во главниот град на Изет Меџити, градот на Скендер-бег, Хасан Приштина и на други, продолжувајќи кон Куманово, сето ова е албанска администрација и е тоа што сите го посакуваме, сето ова е една Албанија, која ја сонуваме"!?!

И слеп да прогледа, и глув да послуша. Повеќе ништо не треба да се каже. Сè е јасно. Појасно дефинирана политика – здравје. А дали е тоа големоалбанскиот сон, пожив од кога било и веќе во најголем дел – реализиран, нека ценат Андов и неговите истомисленици.

15. 6. Да спомнеме и дека во најмалку три пригоди, при отворањето на новата школска година, есента 2012-та, вклучувајќи го и Тетовскиот универзитет, се свиреше албанската химна!?! („Обвинителот се заканува, химната си ечи", „Дневник", 21 септември 2012). На свеченостите учествуваше голем дел од врвното раководство на ДУИ, вклучувајќи го и Ахмети. Што уште треба да направат да ни покажат... за да ги разбереме?

За интонирањето на албанската химна при отворањето на новата зграда на гимназијата во Липково, обвинителот Шврговски, според истиот извор, рекол – „тоа е бенигна форма на прекршок бидејќи училиштето е изградено со странски донации"!?! Според расположливите сознанија, оваа изјава не е демантирана. Ако е точна...

Впрочем, обвинителот би требало, макар, да објасни зошто била свирена албанската химна кога донациите биле од ИПА-фондовите на ЕУ, и од бугарска општина? Логични би биле или химната на ЕУ или бугарската. Та дури и двете. Каква врска има албанската?

Од оглас за запишување на нови студенти, објавен во печатот, се гледа дека името на Државниот универзитет во Тетово е – на албански јазик. Следи на англиски и, на крај – на македонски. Така е најверојатно и на дипломите, меморандумите... на сите документи на Универзитетот.

15. 7. Екстазата, низ која врвеа Албанците по повод 100-годишнината од албанската држава го зафати дури и Сулејман Реџепи, поглаварот на Исламската верска заедница (ИВЗ). Тој изјави: „Обединувањето на албанските земји е Божја волја и затоа ние имаме обврска да ги вратиме така како што било порано..., а Албанија ќе има единствена граница, таа што ја создал Бог. ИВЗ со сите свои капацитети е подготвена да придонесе за националната кауза и да одговори на секој повик во насока на обединување на сите Албанци”!?! („Реџепи: Незамисливо е Албанците да живеат во пет држави”, „Нова Македонија”, 28 ноември 2012).

15. 8. На крајот од април 2013, од ДУИ најавија дека лидерот Ахмети, со делегација во која ќе бидат и Меџити и Дехари, а на покана на нашиот докажан „пријател” Филип Рикер, во мај ќе одат во официјална посета на САД. Како најавија, целта, меѓу другото, била да им се заблагодарат на тамошните Албанци за масовното гласање на локалните избори, со што ја постигнаа целта. Нивното гласање, да потсетиме, беше нелегално.

Коментар не е потребен, освен да се додаде дека Меџити е потпретседател на – ДУИ, најголема албанска партија во Македонија, која е дел од владејачката коалиција. Картите се дефинитивно отворени. Кој ова не го разбира, не треба да му се објаснува. Безнадежно е.

15. 9. Да не останеме „покуси” за албанската опозиција. Според „Република”, од 7 декември 2012, лидерот на ДПА, Мендух Тачи, во повеќе пригоди, изјавувал: „Во Чаир ќе забраниме да се пее ‘Македонско девојче’, а албанското знаме никогаш нема да биде помало од македонското”; „... Република Македонија нема друга иднина, освен да биде двонационална држава, на два конститутивни народа –

македонскиот и албанскиот”; „Ќе нема Македонија, ќе нема Македонци, Македонија ако сака да опстане треба да биде држава на македонскиот и на албанскиот народ”; „Ќе ги прифатите барањата од Новиот договор (со Албанците, место Охридскиот) и ќе прашувате дали има уште”! (Во ТВ-емисија на Роберт Поповски)...

16. Единствено може да се нагласи дека ова е, сепак, нова политика на албанските политичари во земјава. До сега, ако така и мислеа кадрите на ДУИ, што не е спорно, тоа јавно не го артикулираа. Значи, започнува нова етапа. Всушност, тие веќе не кријат ништо. Тоа е резултат на промените кои настанаа по назависноста на Косово и војната од 2001-та. Без нив, ќе останеше актуелна демографската (р)еволуција. Порано, албанските лидери заговараа политика на пет и повеќе деца, за да ја постигнат големоалбанската цел. Им помагаа и оџите, кои младите верници не ги пуштаа во џамиите сè додека немаат најмалку пет рожби. Така беше разработено „освојувањето на Македонија” и во погоре спомнатата „Платформа...”. Денес имаат нова стратегија наречена – албанизација на делови на Македонија.

Не треба да има никакви дилеми дека сето тоа е претходно договорено со главниот менаџер, Вашингтон. Дури, многу поверојатно е дека сигналите за таква промена доаѓаат од таму. Далечинските пемпелиња функционираат...

16. 1. Со Косово, во 1999-та, и со Македонија, во 2001-та, геополитиката на Балканот доби нови димензии, претходно незамисливи. Возможни, благодарејќи на американското бомбардирање на Србија и Белград и агресијата врз Македонија, која остана незавршена приказна бидејќи нејзиното распарчување, во 2001-та – не успеа. Сега, тоа го прават од внатре. Со постепена албанизација.

17. За да не останат недореченост, треба да се објасни и „судирот” меѓу Тирана и Вашингтон, кој настана на почетокот на 2013 година. Изјавите на Бериша, меѓу кои е и таа за „албанските територии од Превеза до Прешево...”, предизвикаа незадоволство во Вашингтон, кој излезе со

изјава дека – нема (нови!) промени на границите во регионот. Има информации дека Вашингтон врачил и Меморандум во Тирана (ако и имало такво нешто, сигурно се работело за – вербална нота), со кој го критикувал екстремниот албански национализам. Некои се израдуваа дека е тоа крај на големоалбанскиот концепт, но се излажаа – Тирана доби по нос бидејќи се истрча пред време, се залета и ги откри намерите. Така, ги загрози преговорите меѓу Белград и Приштина, меѓу Дачиќ и Тачи, кои беа апсолутен американски приоритет во моментот. САД сакаа да ги отворат перспективите за Косово со договор меѓу Белград и Приштина, во што и успеаја. Им пречеше нагласената албанска националистичка реторика, која можеше негативно да се рефлектира на преговорите. Значи, не се работеше за некакво 'оспорување' на големоалбанскиот проект кој, впрочем, во најголем дел, е веќе – остварен.

Тирана доби по нос бидејќи се преамбицира, излезе од сценариото и изјавите на Бериша, кои главно беа наменети за дома (пред изборите), им наштетија на моменталните американски интереси.

Изјавите на Меџити и Дехари, дека албанизираат делови од земјата, не им пречат на нашите „партнери" во Вашингтон. Впрочем, тие само ги реализираат американските планови за неменување на границите со сила, со паралелно постигнување на целта: рушење на Македонија – однатре.

V - 2001-та – КЛУЧЕН КАМЕН ВО МОЗАИКОТ НА АМЕРИКАНСКАТА ПОЛИТИКА КОН МАКЕДОНИЈА – или - И ЗА КОСОВО, И ЗА МАКЕДОНИЈА – „ХУМАНИТАРНИ" ВОЈНИ!

1. Македонија направи сè за да ги избегне војните кои го следеа распадот на Југославија. & дозволи на ЈНА (Србија) да однесе огромно наоружување, технички, транспортни и други средства... заеднички имот вреден милијарди долари, само за да се избегне конфронтација. И, место награда за мирољубивото и цивилизирано однесување, земјата беше и сè уште е жртва на туѓи интереси. Најстрашна беше 2001-та, кога се инсценира кратка војна, со катастрофални последици за Македонија.

2. Голем дел од тоа што со најголеми маки и откажувања и во незамисливи услови беше создавано во скоро 10 години самостојност, во 2001-та беше – фрлено во вода. Македонија беше вратена макар 10 години назад. Се разбира, не случајно. Терористите, подготвени и наоружани на Косово, ја нападнаа земјата и и` нанесоа непроценливи штети. Сè беше во режија на САД, кои ја реализираа својата политика на Балканот.

3. Армијата (АРМ) и полицијата на Македонија, доживеаја невиден срам во војната. Шака терористи, како што на почетокот ги нарекуваше генсекот на НАТО, Робертсон, ги изрезили и нив и сите политички структури на земјата – од врховниот командант на Армијата, истовремено и претседател на државата, целата Влада, Генералштабот, МВР... Мала банда платеници, од тетовското Кале, долго ја држеше заложник целата земја. Сите, за наши услови огромни дотогашни вложувања во безбедносните сили, се покажаа залудни. Се виде дека не сме имале безбедносен систем, туку сè било импровизација. Севкупното однесување на политичарите, во тие драматични и критични моменти, повеќе личеше на смислена саботажа отколку на организирана одбрана од агресорот.

Никакво оправдување не е фактот дека зад терористите стоеше единствената светска суперсила, САД. Впрочем, тогаш, како и денес, малкумина беа/се свесни или, барем, јавно признаваат дека беше така. Повеќето или не сакаат да мислат што ни се случи во 2001-та, или не се спремни да и` погледаат на вистината во очи.

4. Финале на невидената државна и национална бламажа беше начинот на кој беше подготвен и потпишан Охридскиот договор и, особено – неговата содржина. Од наша страна, него го договараа крајно неискусни, но максимално амбициозни персони. За разлика, Албанците користеа странски експерти.

А. САД И ВОЈНАТА ОД 2001 – АЛБАНЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, НАДВОР ОД ПРОЕКТОТ

5. Војната во 2001 година е клучен сегмент и најдобар ориентир за вистинската политика на САД кон Македонија. Таа е главниот камен во мозаикот. Со оваа војна, на Македонија и` беа нанесени историски штети пред сè на политички план кои, многу веројатно, никогаш нема да се надминат. Дадени се стратегиски и непринципиелни отстапки кои се – неповратни. Останува отворено и прашањето дали, можеби, тогаш беше скроена и судбината на земјата? Сепак, мора да се признае и дека првичната цел на војната – „ослободување на албанските територии", а со тоа и разбивање на државата – не беше постигната. Тоа се случи, и покрај невидените слабости демонстрирани од македонска страна.

6. Во генезата на 2001-та, најинтересен и, по многу нешта, клучен е фактот дека Албанците од Македонија беа оставени надвор од проектот и целосно затечени со настаните кои набргу прераснаа во војна. Лидерите на нивните партии, ДПА и ПДП, на крајот, мораа да го потпишат рамковниот договор, иако, на почетокот, немаа поим што се случува. Тоа е и главниот доказ дека а) војната не беше за правата на Албанците во земјата и б) организатор на војната не беа

Албанците, туку – Американците. Кој друг можеше Џафери, Тачи и другите албански лидери во Македонија да ги исклучи од таков, судбоносен настан од албанската историја, директно поврзан со нивната иднина?

6. 1. Без никакви дилеми може да се констатира дека ако Албанците, макар од Косово, беа вистинските иницијатори и водачи во 2001-та, а не некој друг, немаше никаква логика тоа да не го прават на паналбанска основа. Зошто тие би преземале таква акција без целосна координација со лидерите на сите Албанци од регионот, пред сè на македонските? Тогаш, тоа ќе беше сеалбански проект, каков што беше, на пример, и случајот со Косово и УЧК, кога тајните кампови беа во Албанија, а борците се регрутираа насекаде, дури и во САД. Доколку носители на агресијата врз Македонија беа Албанците, немаше основа некои да бидат вклучени во македонската експедиција, други не. Своја улога ќе имаа и Тирана и Скопје (Тетово), а не само Приштина. Значи, планот да се удри на Македонија не можеше да биде албански, иако на Албанците потполно им одговараше и тие го реализираа.

7. За никого не е, ниту може да биде спорно дека планирањето, тренингот и сите други подготовки, поточно – целокупната логистика на ОНА доаѓаше од Косово. Силна потврда на горното е и фактот дека првите три месеци сите воени операции во Македонија се водени од Косово, со катадневно преминување на границата и враќање назад. Тоа покажува дека сè беше таму организирано и координирано, вклучувајќи го и транспортот.

7. 1. Да потсетиме дека сето тоа доаѓаше од протекторатот каде што, под команда на НАТО, на чело со американски генерали, имаше повеќе десетици илјади странски војници, меѓу кои грото – американски. Не треба одвоено да се нагласува дека на Косово, во сите сегменти, длабоко беа инфилтрирани и ЦИА и сите други релевантни американски разузнавачки, тајни и полутајни безбедносни служби. Ако е така, а така е, дали може да се замисли дека во целосно контролираниот протекторат некој можел војно да се

подготвува, да се организира, да се наоружува и секојдневно, повеќекратно да ја преминува границата и да се инфилтрира во Македонија за водење вооружени воени дејства, и да се враќа назад – без знаење на САД? Возможно ли е раководството на ОНА, од Призрен, Косово, да води војна – во Македонија, без НАТО и САД да знаат за тоа?

Тоа е незамисливо.

7. 2. Работите сосема се разјаснуваат со првите пет соопштенија на ОНА, во кои се информира дека се води борба за „ослободување на територии". Новинарот Дејвид Бајндер, во „Њузвик", од 22 март 2001, го цитира Ахмети кој вели: „Нашата единствена цел е да ги отстраниме словенските сили од територијата што е историски албанска" (колумна на Џејсон Мико – „Враќање на колесек", „Дневник", 7 март 2013).

Во истата колумна, се цитира и статија на Патрик Бишоп, „Телеграф", од 12 март 2001 („Македонија почна со напади") во која тој пишува дека „албанските бунтовници во Македонија бараат поделба по етнички линии и велат дека се подготвени да го втурнат Балканот во уште еден конфликт ако не се исполнат нивните барања". Во продолжение, Питер Бомонт и Ник Вуд („Обсервер", 11 март 2001) ја пренесуваат изјавата на Шкељзен Малиќи, истакнат новинар од Приштина: „Познати ми се идеологијата, менталитетот и мотивацијата на силите што го предизвикаа вооруженият конфликт во Македонија. Се запозна со нив, особено со емигрантите од Европа. Тие се обидуваат да ме уверат дека Македонија е вештачка творба, оформена за да и` се наштети на албанската нација. Тие тврдат дека принудната поделба на албанската нација е историска неправда. Таа неправда треба да биде исправена, велат тие, со поделба на Македонија на словенски и албански дел. На албанскиот дел треба да му се дозволи да се обедини со Косово или, уште подобро, да стане дел од една обединета албанска држава"

7. 2. 1. Во такви услови навистина немаше место во војната за Џафери и Тачи, па и за Имери, за ДПА и ПДП. Колку и да

се тие, на свој начин, екстремни во однос на „албанското национално прашање", сепак, тие се обидуваа преку институциите на системот, во кој беа вклучени, иако недоволно, да ги решаваат своите проблеми. Фактот дека не беа многу успешни на тој план, зборува за сериозни грешки на тогашното раководство на државата. Во земјата, по распадот на федерацијата, не се согледуваше доволно несоодветната позиција на Албанците во општеството и потребата од преземање итни мерки за надминување на состојбите. Тоа беше злоупотребено за да и` се овозможи некаков легитимитет на војната од 2001-та, иако тоа воопшто не беше поводот за неа. Нејзината основа е целосно големоалбанска и интерес на САД.

7. 2. 2. Преквалификацијата на „ослободителната војна" во „хуманитарна", божем за правата на Албанците во Македонија, е обична, провидна фарса бидејќи операциите од самиот почеток ги водеше и продолжи да ги води ОНА – Ослободителна национална армија! Ако првичната цел им беа некакви и нечии права, немаше да прават „ослободителна армија", туку нешто друго. Името кажува сè: целта била да се – „ослободува"! Терористите на Робертсон, водени од менторот, ја промениј декларираната цел на војната, но немаа услови да го сменат и името на армијата дадено според првичните намери!

7. 3. Не треба да биде спорно дека само Вашингтон можеше да ја започне војната без да ги вклучи и Албанците од Македонија и да го „смени" нејзиниот карактер. Тоа е и извонреден доказ дека првичната, вистинска намера беше – ослободителна. Ако тоа успееше, неучеството на локалните Албанци, немаше да биде никаков проблем, ниту ќе дојдеше до израз. Тие ќе ги „уживаа" плодовите на „ослободувањето", без сопствени жртви. Како „заборавени", ќе беа незадоволни, но целата операција немаше да излезе нелогична и бесмислена.

7. 4. Планираното разбивање на Македонија најлесно можеше да се организира, а така и се постапи, со пререгрутирање на дел од силите на УЧК (тие по потекло од

Македонија имаа предност!), сега веќе префрлени во Косовскиот заштитен корпус (КЗК), всушност косовската армија. Тие ем беа добро истренирани, ем искусни од војувањето на Косово, ем навикнати да го користат најсовременото американско оружје со кое располагаа, според странски експерти (на пример, пушки со ноќна опрема), ем некои од поранешните борци веќе немаа работа... Така се создаде – ОНА. Подоцна, таа се шириеше и со Албанци од Македонија.

8. Според сите индикатори, согласно со направените планови, очигледно се очекувало брзо постигнување на целта. Веројатно се сметало дека, со војната, политичката поделеност кај Македонците уште повеќе ќе се продлабочи, ќе го оневозможи функционирањето на системот и така (лесно!) ќе ги „ослободат" саканите територии. Иако предвидувањата беа во голема мера точни, намерите на агресорот не се реализираа. За некои, во Вашингтон (и не само таму), крајно неочекувано, Македонија не се распадна.

9. Потврда за американската длабока инволвираност во војната од 2001-та е и фактот дека САД веќе ја имаа „освоено" АРМ со своите наемници од МПРИ и сметаа дека можат да прават што сакаат. МПРИ (Military Professional Resources Inc.) е, формално, независна организација на американски воени ветерани која, меѓутоа, во еден (добар!) дел работи под диктат. Таквите приватни компании добиваат лиценции за работа од Стејт департмент и Пентагон, а потоа, за пари, работат каде тие ќе им кажат. Тоа е водење војна со посредник. По препорака на Стејт департментот, одат секаде каде има кризи и проблеми. Во колумна, полковникот Дејвид Хекворт (David Hackworth) за МПРИ напишал дека „... во поранешна Југославија оперира под сенката на Пентагон и ангажирана од Стејт департментот" (на интернет – Wanted: guns for hire. Или на http://hackworthe.com/09jul01.html).

Така дојдоа и кај нас. Во 1998, Владата потпиша договор со МПРИ, нели, за да ја реформираат АРМ според стандардите на НАТО. Ветераните дојдоа во Македонија во 1999 година, со специјални и многу поамбициозни задачи. Тие, како ќе

согледаме со големо задоцнување, всушност играа улога на – тројански коњ. На голема врата влегоа во АРМ и Генералштабот и, со сè што правеа, всушност, ја спремаа војната од 2001-та. Ја подготвуваа Македонија – што побргу да биде поразена.

9. 1. За да се разбере тоа, треба да се знае дека МПРИ, претходно, веќе долго беа во Косово. Прво беа ангажирани во создавањето на УЧК и тренингот на нејзините припадници, во тајните камповите во Албанија, потоа во војната и, на крајот, и во КЗК. Во 2001-та тие „хармонично" го координираат „ослободувањето на албанските територии" во Македонија, и од Скопје и од Приштина. При евакуацијата на неколкуте стотини терористи од Арачиново, реализирана по налог на НАТО (САД), за таму да не бидат заробени, во нивните редови имаше 17 американски „инструктори"!

9. 2. По доаѓањето во Скопје, МПРИ направиле сè да ја неутрализираат моќта на нашата армија и на Министерството за одбрана. Подолу, во текстот, изворно и детално, тоа ќе ни го раскаже генералот Панде Петровски.

9. 3. За сега, само да констатираме дека екипата на МПРИ во Скопје била во постојана, непрекината врска со своите колеги (МПРИ) на Косово кои, пак, ја создале ОНА и заедно со неа ги воделе операциите во Македонија. Така, организаторите на војната располагале со најдоверливи податоци за движењето на едниците на АРМ, за нивниот распоред и заземени позиции... сè до степенот на морална, политичка, безбедносна и воена подготвеност за одбрана на земјата. Слични информации праќале на Косово, и во ОНА, и за состојбите во државните структури. Тоа било од непроценливо значење за агресорите. Со МПРИ во своите редови, македонските безбедноси сили со отворени карти се бореа против терористите! Но, на теренот и тоа не се покажа доволно. Калкулаците им излегоа нереални. Македонецот, пак, испаднал пожилав отколку што го сметале!

9. 4. Во секој случај, кога МПРИ и нивните наредбодавци од Пентагон согледале дека главната цел е недостижна, агресијата ја трансформираа во „хуманитарна" операција. Волкот се преслече во овца.

10. Тоа е уште еден, врвен доказ дека зад целата операција стоеја САД, а не Албанците. Доколку војната ја менаџираа самите Албанци, тие во никој случај немаше така лесно да се откажат од првичните намери. Во најмала рака – не така рано. Тие ќе направеа сè за да го завршат големоалбанскиот проект, да отцепат дел од Македонија, рескирајќи и поширока конфронтација. За разлика од нив, како вистински кормилари на војната, САД не беа спремни да преземаат преголеми ризици. Тие се врвни прагматичари кои бргу се приспособуваат на условите и затоа преминаа на планот „Б". Според него, целта треба да се реализира преку рамковниот договор. Првичната задача не се исполни и со него го трасираа патот таа да се оствари во не толку далечна иднина. Постепено.

11. Со промена на целта на војната, на виделина излегоа сите скриени намери и лаги. Како може да се зборува за нејзин „хуманитарен карактер" ако во неа не се вклучени Албанците од Македонија, кои би морале да бидат и водачи на бунтот или војната? Кој може од странство, и со каков легитимитет, да се бори за нивните човекови права – без нив? За какви тоа права се работи ако најзаинтересираните не се инволвирани и не знаат ниту што се случува? Така, со промена на целта на терористите, како ги нарекуваше Робертсон, проектот остана без темел. Не е ли тоа извонреден доказ дека некој друг стоел зад планот наречен „ОНА", или зад 2001-та, а не Албанците?

12. Албанците во Македонија беа дел од политичкиот систем. Беа пратеници, министри, директори на јавни претпријатија... и немаше никаква основа, ниту логика, без конкретен и издржан повод, одеднаш да земат оружје во рака и да почнат да пукаат во колегите со кои до вчера седеа во Собранието, Владата... (Иако такви се појавија во редовите на ОНА). Второ, немаше критична маса на незадоволство

бидејќи, невообичаено, во тој период меѓуетничките односи во Македонија беа на ниво на завидна меѓусебна толеранција, иако имаше многу нерешени прашања, витални за Албанците во земјата, кои бараа посветеност. И трето, меѓу Џафери и Тачи, од една и Ахмети и Велиу, од друга страна, немаше никаква шанса да се најде заеднички јазик за отпочнување на војна. Тоа беше исклучено како можност. Додека тоа не го наметнаа САД (Фровик), Џафери немаше никаква потреба да разговара со Ахмети.

Овие елементи од 2001-та ниту денес не се доволно познати, а камоли тогаш. Тие го разоткриваат сценариото кое беше реализирано во војната која сè уште никој не ја истражува и анализира. Во 2001-та, никој немаше поим за сите овие детали кои длабински го скенираат настанот.

13. Народот убаво рекол – волкот го менува влакното, но не и табиетот. Така и САД, нашите „партнери", го сменија карактерот на војната, но не и целта. Неа само ја приспособија на новите услови. Задачата се преформулира: ако веќе не можат територииите веднаш да се „ослободат", треба сè да се подготви тоа да се случи подоцна. И, така се постапи.

13. 1. Ако не порано, тогаш сигурно во тие мигови на формална промена на мотивот на војната, САД започнале со подготовка на текст кој на крајот ќе се нарекува „Охридски договор". Преку целосно рекомпонирање на државата, најден е софистициран начин да се отворат реални можности, во одреден период на време, да се освојат и територииите. Отворени се процеси на албанизација кои, со текот на времето, ќе ја федерализираат земјата и директно ќе создадат простор за „легално" прекројување на границите.

Дали некој се сомнева дека токму тоа ни се случува, сите овие години, по 2001-та?

14. Шестото соопштение на ОНА, кое војната ја трансформира од „ослободителна" во „хуманитарна", отвори простор за вештачки легитимитет на агресијата. Така,

„хуманитарците" веднаш добија отворена поддршка од САД и НАТО. Доаѓаат нивните експерти, како Питер Фејт и други слични типови, сите разузнавачи, кои целосно ги поддржуваат и работаат за довчерашните терористи. Со голема сигурност може да се тврди дека тие и претходно, иако тајно, блиску соработувале со нив. Сега прават сè за да им помогнат да ја постигнат новата цел – Охридскиот договор. Сè е веќе јавно. Без скрупули, користејќи ги и НАТО и ОБСЕ... САД ги реализираат своите (до вчера прикриени) планови. Државата е во војна, блокирана, и тие прават сè што сакаат вклучувајќи и (недокажано!) исфрлање на опасен отпад од нивните хеликоптери, во македонските езера.

15. Доказите за американската инволвираност во војната од 2001-та се бројни и доаѓаат од разни страни. На пример, според тајни документи кои протекле во Холандија, Кристофер Делисо (Christopher Deliso) напиша дека „...постојани телефонски контакти биле регистрирани меѓу водачите на ОНА и високи американски претставници. Дел од нив биле снимени од европски тајни служби. Кога Американците дознале за тоа, ги прекинале врските. Веднаш, меѓутоа, ОНА ја снабдиле со компјутери со вградена телефонска технологија и комуникацијата продолжила". (Делисо е американски новинар кој живее во Скопје и има напишано повеќе книги за земјата).
Втор случај е холандскиот новинар истражувач, Хуб Јасперс. Тој, според „Нова Македонија", од 10 декември 2012 („Хаг се исплаши од мојата приказна за УЧК во Македонија"), направил интервју со командантот на КФОР, германскиот генерал Клаус Рајнхарт, кој служел на Косово. Тој му рекол дека „знаел дека некои борци од УЧК заминале да се борат за ОНА во Македонија". Кажал дека – „често кога КФОР ќе уапсел некој од борците на УЧК што заминале да се борат во Македонија, наредниот ден Американците му наредувале да ги ослободи". „Наредбите за тоа стигнуваа од највисоко рангираниот американски офицер за Европа", му рекол!

Б. КАКО ТЕРОРИСТИТЕ СТАНАА „ХУМАНИТАРЦИ”?

16. Некој ќе праша – ако зад војната од 2001-та навистина беа САД, како е можно генсекот на НАТО, Британецот Робертсон, припадниците на ОНА на почетокот да ги нарекува бандити и терористи? Нели тврдиме дека НАТО е под голема контрола на САД?

Контрадикцијата е неспорна, но само на прв поглед. На почетокот, САД водеа супертајни операции и на Косово (УЧК), и во Македонија (ОНА), кои никој не смееше јавно ниту да ги спомне, камоли да ги поддржува. Најмалку зад нив можеше да застане алијансата. Во прашање беше реализација на класична висока и нечиста политика. Робертсон немаше, ниту можеше да има, изворни информации.

17. Следното логично прашање е – а зошто тогаш дојде до пресвртот? Зошто не беа ослободени „албанските територии”, туку се појави шестото соопштение, со кое ОНА агресијата ја претвори во борба за човекови права? Зар е можно САД да биде поразена?

Единствено можно објаснување е дека целта се покажала – недостижна! Истото тоа се случи и со трите општини во Јужна Србија, каде исто така се водеше кратка војна за присоединување кон Косово. И таму, како и кај нас, основната цел не беше постигната, но последиците од кратката војна остануваат – несогледливи и трајни. Се покажа, за наша среќа, дека амбициите биле поголеми од реалните можности. Не успеаја да ја кутнат Македонија и покрај фактот дека претходно ни ја подметнаа и МПРИ, да ја растури армијата и да нè шпионира. Терористите не ја постигнаа целта и покрај тоа што во војната ние демонстриравме срамна поделеност, некадарност, неорганизираност, некоординираност...

18. САД ги презедоа сите потребни мерки, вклучувајќи и кадровски, за да успее војната во 2001-та. Непогрешливо испланирано од американските служби – Роберт Фровик го испратија со специјален статус во Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во најкритичните мигови за земјата. Тој неспорно беше човек на ЦИА, иако се тврди дека бил и поранешен американски дипломат. Ако и бил, сигурно работел по задачи на Агенцијата. Во слична функција, во Скопје, подолго претстојуваше и на почетокот на 1990-те години кога бескрупулозно се мешаше во внатрешните работи на земјата, на штета на долгорочните македонски интереси. Овој пат, тој беше именуван во моментот кога тероритите станаа „хуманитарци", откако не успеа планот да се кутне Македонија. Дојде со прецизна задача – а) да создаде услови за наметнување на согласност која, подоцна, ќе се вика Охридски договор, со кој ќе се рекомпонира државата и б) агресорите да ги вклопи во политичкиот систем на земјата. За реализација на такви замисли, подобра алатка од ОБСЕ – нема.

18. 1. Помирувањето на албанските лидери од земјава, со водачите на терористите од Косово, сигурно била најтешката задача на Фровик. Убедувањето на лидерите на политичките партии на Албанците во Македонија, ДПА и ПДП, да ја прифатат ОНА, Фровик го заврши успешно во Призрен, промовирајќи го паралелно и (нацртот на) текстот на идниот договор од Охрид. Под негов диктат, Арбен Џафери (ДПА), Имер Имери (ПДП) и Али Ахмети (ОНА) потпишаа Призренска декларација (на 22 мај 2001), во која се опфатени (скоро) сите основни елементи од претстојниот Рамковен договор. Во неа, покрај другото, се бараат сериозни измени на Уставот за да се постигнела „еднаквост на Албанците со Словените во Македонија" (нема Македонци!); „извршување на воената обврска во општините на раѓање" (со што, практично, се најавува федерализирање или поделба на земјата!); „влегување на силите на НАТО на целата територија на Македонија" и сл.

Фровик сето тоа го правеше зад грбот на македонските власти по што беше протеран од земјата. Дали тој

постапувал лично и индивидуално, или работел по нечии прецизни инструкции – нека ценат читателите. Со најголема сигурност можеме да тврдиме дека а) татко му или дедо му не го пратиле во Македонија и б) ОБСЕ немал никаква улога во сето тоа, освен што бил искористен како механизам.

„Призренската декларација" е кристален доказ дека текстот на Охридскиот договор е – американски. Нема никакви дилеми дека Фровик работеше директно за Вашингтон, и по негови инструкции, а тоа значи дека и декларацијата е нивно дело.

18. 2. ДПА и ПДП немаа друг избор. Тие мораа да ја проголтаат ОНА бидејќи зад неа стоеја – САД. Ако не беше така, немаше никакви шанси да се дојде до „Призренската декларација". Може само да се замисли како се чувствувале Џафери и Тачи во тие времиња? Пред нивни очи се реализира војна во Македонија, водена од Албанци, во која тие не беа вклучени, а мораа да ја поддржат! Што мислите, ако не беа САД, со целата своја тежина и менаџмент зад војната, Џафери и Тачи ќе прифатеа да соработуваат и истовремено да бидат на маргините? Дали тие би се сложиле некојси Али Ахмети и чичко му Фазли Велиу да станат фактори на македонската политичка сцена, на која тие беа неприкосновени, ако на тоа не ги натераа – САД?

А, доколку навистина тоа беше „албанска војна", зошто некој друг би ги „терал"?

18. 3. Или, погледнато од друг аспект – доколку САД не го водеа орото и не застанеа со целиот свој авторитет зад Ахмети и чичко му – дали можеше да се исклучи и директна оружена конфронтација меѓу Џафери, Тачи и нивните, од една, и Ахмети, Фазлиу и учковците, од друга страна? Поточно – отворена меѓуалбанска конфронтација? Првите би го бранеле своето, а другите беа класични агресори. Иако – сите беа Албанци. Опасност, секако, постоела, но врвната американска дипломатија, која од заднина ги влечела сите конци, исклучувала такви опасности. Тоа сигурно била и

една од причините за нивниот нагласен ангажман за време на целата војна.

И денес (2013), односот меѓу Мендух Тачи (додека беше жив и Арбен Џафери) и Али Ахмети е – ист: цело време се гледаат преку – нишан!

19. Џафери и Тачи беа соочени со сериозен хендикеп. По косовската епопеја, со која САД се здоби со траен кредит кај Албанците, тие не можеа поинаку да реагираат. Немаа маневарски простор да ги игнорираат САД и нивните интереси и затоа мораа да прифатат споредни, за нив навредливи улоги, вклучувајќи и потпишување на договор (Охрид) за кој се изборија други. Нивните утрешни ривали. Ниту тогаш, а уште помалку денес, тие ги поднесуваат Али Ахмети и неговите. Друг избор немаа. Губејќи ја власта, станаа колатерална штета од војната. (Ако се исклучи краткото коалицирање на ДПА со ВМРО ДПМНЕ, по изборите во 2006).

20. Мендух Тачи („Рамковниот договор не е дораснат за да стане празник", Дневник, 30 декември 2011), за војната во 2001, вели: „За Албанците, 2001 е најголемиот срам. Тоа беше марксистичко-исламистичка војна". Оваа изјава е можна сега, откако процесот на неприфатливата реконструкција на македонската држава, реализирана со Охридскиот договор – е завршен и иреверзибилен. Таква изјава, во 2001 или 2002, Тачи не можеше да даде, иако тој сигурно истото го мислеше и тогаш. Ако се артикулираше како сега, ќе беше против албанската кауза и – антиамериканец. Токму затоа, тие тогаш голтаа кнедли и ги прифатија американските пулени. И сега, зборува само во име на ДПА, која со војната ја загуби власта, можеби за секогаш. Инаку, Албанците добија повеќе отколку што сонуваа. Исто како и на Косово. Тачи, всушност, потврдува дека ДПА не знаеше ништо за војната од 2001-та.

20. 1. Истиот Тачи (на Канал 5, во ТВ емисијата КОД на Лупевска, на 26 јуни 2011), рече: „војни се водат само за територии. Човекови права се бараат на друг начин". Тој е

апсолутно во право и јавно потврдува дека војната од 2001-та беше за отцепување на делови од Македонија – во режија на САД.

Од неа, сепак, најголема добивка имаат – Албанците.

21. МПРИ и нејзиниот шеф во Скопје, генералот Грифитс, само ја потврдуваат клучната улога која Вашингтон ја играше во креирањето и функционирањето на ОНА.

Фровик, преку Призрен, ги открива намерите на Вашингтон во однос на македонската држава и народ.

Арачиново, со затекнатите 17 американски воени инструктори, во редовите на ОНА, го заокружува учеството на САД во војната и е круна на сето тоа.

22. Сè заедно, во 2001 година, Македонија беше ставена во смешна ситуација. Иста (веле)сила нè менаџираше и нас и агресорите. Еден ист центар ги влечеше конците од двете страни вклучени во војната, а добро е познато на чија карта тој играше. Тоа беше класичен куклен театар! САД правеа што и како сакаа, а луѓе гинеа и се уништуваше Македонија. Водеа војна за „правата" на Албанците во Македонија, без нив да ги информираат!

23. Да потсетиме дека агресијата врз Македонија веднаш наиде на општа и широка осуда. Светските медиуми ја поддржуваа Македонија и ја сметаа за жртва на албанскиот иредентизам. На почетокот, дури дел и од самите Албанци беа збунети и го осудуваа нападот. Тајната американска операција остави мнозина без здив. Меѓу нив беше и светски познатиот писател Исмаил Кадаре, инаку докажан албански националист. Тој отворено ја осуди војната. Се плашеше, како и мнозина други, дека кредитот кој Албанците го добија со борбата против Милошевиќ – ќе падне во вода и финалната независност на Косово ќе се доведе во прашање. Подоцна, откако САД и НАТО застанаа зад војната и тој, и сите други, ги променија мислењата.

23. 1. Сосема спротивно, војната на косовските Албанци против Србија, пред сè поради политиките на Милошевиќ, веднаш наиде на прилично широки симпатии во светот. Тоа, секако, во голема мера беше резултат и на пропагандните машинерии на САД и другите нивни НАТО сојузници. Координирано, тие го сатанизираа Милошевиќ, пренагласено го валоризираа отпорот кој му го даваа Албанците од Косово, ги повторуваа неправдите на кои беа изложени, без да го спомнуваат иредентизмот кој на Косово беше со децении присутен. Десетици и десетици илјади Срби, кои на еден или на друг начин, со години беа принудувани да се иселуваат од провинцијата, немаа никакво значење. Впрочем, едностраниот третман на судирот целосно дојде до израз и во Хашкиот суд за поранешна Југославија, каде ниту еден виден Албанец (освен тројца маргиналци), не беше ниту – суден. Медиумската кампања, која се водеше против Србија, имаше цел да се прикријат и сите злосторства и злоупотреби кои ги правеше другата страна (жолтата куќа, на пример). Секако дека тоа беше резултат и на длабоката инволвираност во војната, на САД и нејзините сојузници, на страна на Албанците. Партнерите не се судат. Случајот Харадинај само го потврдува тоа.

В. ДРАГОЦЕНИ СВЕДОШТВА НА ГЕНЕРАЛ ПАНДЕ ПЕТРОВСКИ

24. За целосно да се сфати американската улога во војната во 2001-та, мора да се прочита книгата „Сведоштва" на покојниот генерал Панде Петровски (Битола, „Киро Дандаро", 2006). Тој дава исклучително значајна димензија на американскиот однос кон Македонија, која не остава никакви дилеми. Петровски е учесник во војната од 2001 година. Цитатите од книгата разјаснуваат многу работи.

24. 1. „...Тогашната влада на Македонија потпиша договор со САД, односно со МПРИ, тим на инструктори, пензионирани воени ветерани од САД...", пишува Петровски, на страница 7, и продолжува – „МПРИ предложи свој план за реорганизација на АРМ – кој од Генералштабот и

Министерството за одбрана не беше прифатен. Според предлогот, Македонија требаше да има армија со една бригада – т.н. лесна пешадиска бригада – со два лесни баталјони и дел од специјалните единици (да нема артилерија, оклопни едници, воздухопловство итн.)”

И без да се биде воен експерт, меродавно може да се заклучи дека генералот Петровски ни порачува дека предлогот на МПРИ значел Македонија, всушност – да нема сопствена армија! Тоа открива суштински елементи на американската стратегија кон земјата бидејќи зад МПРИ стои американското Министерство за одбрана. Така се затвора кругот: земјата ја подготвуваат за пораз во 2001-та.

24. 2. На истата страница (7), Петровски констатира: „Набргу по тоа, односно во јануари 2000, беа пензионирани околку 500 старешини меѓу кои и сите генерали, т.н. ‘кочничари’ на реформите”. ...„По нивното заминување во пензија, бил прифатен одбиениот план за реорганизација на АРМ, предложен од тимот на МПРИ, и во 2000 година отпочнала неговата реализација, под нивна контрола”.

Како и зошто тоа се правеше, генералот го објаснува на стр. 8, каде вели: „На почетокот од 2001-та, пред кризата, АРМ беше во завршна фаза на преформирање, односно ‘расформирање’ (3. АК, расформиран, 2. АК – битолски во фаза на расформирање, тенковските и артилерските единици расформирани, воздухопловството расформирано), граничната бригада во фаза на формирање...”. Со други зборови, МПРИ подготви сè за војната „успешно” да започне.

24. 3. Во групата пензиниорани генерали бил и Панде Петровски. Меѓутоа, кога започна војната со наши несфатливи грешки и порази, претседателот Борис Трајковски побарал тој да се реактивира. Изненаден од гестот, во погодна пригода, Панде го прашал Борис – „Зошто ме пензионирavте, претседателе, кога немав услови за тоа?” Очигледно искрено, Трајковски му одговорил (стр. 15) – „Генерале, кога станав претседател, не ве познавав вас

генералите. Ричард Грифитс, генерал-мајор од САД (шеф на МПРИ, во Скопје) ми донесе список кој на која должност да биде, а кој да биден пензиониран. Јас го потпишав списокот".

И не само што Грифитс пензионирал 500 (нај)искусни старешни туку и погрешни луѓе поставил на челните позиции во Генералштабот – за началник бил поставен инженерец, а за негов заменик – интендант! Сите овие потези на МПРИ и на Грифитс немаат друга квалификација, освен, директна саботажа! Однатре.

Во целина, невиден американски безобразлук! Сепак, грешката и вината се наши. Сме дозволиле таков однос.

25. Книгата „Сведоштва", на генерал Петровски, дава драгоцени податоци околу војната во 2001 година и улогата на главните фактори. На стр. 160 пишува дека „на 21 јули 2001 год. хеликоптер на КФОР SH-47 во 16,45 до 17,05 часот во Шипковица слета и истовари опрема и луѓе, во исто време хеликоптер SH-47 слета и во с. Бродец..."; „на 25 јули 2001 во 13,53 до 14,30 ч. хеликоптери на КФОР SH-47 и SH-53 слетале во с. Бродец. Сите овие слетувања на КФОР не беа најавувани од нивна страна..."; „Во суштина тоа беа подготовки од КФОР за пребазирање на командното место на т.н. ОНА од Призрен во Шипковица..."; „Во разговорот, кога му посочив некои факти, дека сепак КФОР го префрла командното место на т. н. ОНА од Призрен во Шипковица (генерал Ланге од командата на НАТО во Македонија) само ми одговори: „Вие сте во право, но сфатете ме дека јас сум професионалец и одвај чекам да заминам во пензија"'!

25. 1. Интересно е кажувањето на генерал Петровски и за однесување на Американецот Питер Фејт, кој фигурираше како личен претставник на генсекот на НАТО. На стр. 122, тој ни обелоденува – „Фејт директно контактираше пред сè со претседателот на РМ и настапуваше доста арогантно, па дури и дрско и ултимативно, што ми беше многу чудно. Во една прилика, пред целиот државен врв го прашав – господине Фејт, Вие да не сте командант на т.н. ОНА, што со

толкава сигурност тврдите?" – а се работело за прекин на огнот. Можеби и несвесно, генералот ја погодил улогата на Фејт и неговите пајташи. Токму таква била нивната улога.

25. 2. Заслужува внимание и делот сврзан со операцијата во Арачиново. Откако безбедносните сили навлегле длабоко во селото и било само прашање на време кога ќе ги исчистат терористите, во близина на селото прво били пронајдени двајца ранети – Американци (стр. 107)!

Потоа, на 25 јуни, генералот бил кај претседателот Трајковски, кој го информирал дека НАТО ќе ги извлечел терористите од Арачиново. Генералот му одговорил – „Добро, но ние ќе продолжиме со нападот сè додека не се создадат услови за извлекување. Не, (реагирал претседателот) Робертсон (генсек на НАТО) ми кажа дека има нивни 30 лица таму во Арачиново!?! Го гледав претседателот (пишува Петровски) и не можев да го разберам. Кои се тие луѓе, го прашав? Од каде дошле во Арачиново? Не знам, му вратил Трајковски, но ми вети (Робертсон, нели) дека ќе ми даде список на тие луѓе!?!"

25. 2. 1. Каква непростива, катастрофална грешка! Во војна, врховниот командант на армијата на Македонија е информиран дека во место кое е опколено од неговите сили, меѓу агресорите има и „30 луѓе" на НАТО! Американци, се разбира. Тоа не му го соопштува никој друг, туку генсекот на алијансата!?! Тоа е доволно за претседателот на државата кој е, нели, и врховен командант, да преземе сè што е потребно за спасување на „заскитаните" наши „партнери"! Сигурно ја утнале страната!?! На сметка на фундаменталните интереси на сопствената земја, во воена операција која е клучна во војната која се води против агресорите, врховниот командант наредува нивна евакуација заедно со нивните американски сојузници! Според горното сведоштво, претседателот не прашал ни кои се тие, ни што бараат таму, туку само „обезбедува", се договара да му пратат список! Нормално, по операцијата за спасување.

Што мислат читателите – дали, по евакуацијата на американските платеници, по завршената работа за нив, некој му доставил таков список на претседателот? Дури и ако му пратил – за што (ни) послужил тој? Можеби, намерата била да им се испрати некаква благодарница?...
Сè е јасно – сме испаднале неподносливо недоветни. Си играле со нас како со последни шушумиги.

25. 2. 2. За сè да биде појасно и неспорно, кога се подготвувало Арачиново, Трајковски го известил Петровски дека операцијата има ограничено време до два дена (стр. 101). Генералот не го сфатил претседателот – зошто само два дена, ние ќе одлучиме колку дена, му рекол. „Толку ни даде Робертсон", му вратил Трајковски!

Кога ќе се стават во контекст ова и претходното („30 нивни лица") – сè станува кристално јасно. Кој бил менаџерот и на Арачиново и на целата војна од 2001-та. Робертсон се вклучил во вториот дел, по петтото соопштение на ОНА, кога таа стана „хуманитарна" приказна (за деца). Претходно, тој беше надвор од супертајните операции.

Поширок коментар не е потребен. На едната страна имало слонови, на другата – мравки. Ситни, ситни, ситни...

25. 3. Во книгата „Сведоштва", на стр. 77/78, има уште еден важен податок. Во средината на мај 2001, претседателот му наредил на генералот да прифати некојси Дејвид Фоли, кој бил со дипломатско возило со уште две лица, и да го пушти во село Слупчане, наводно да преговара за извлекување на цивилите. И, еве што вели Петровски: „Наредив Д. Фоли да се следи со мои луѓе тајно кога ќе влегува во Слупчане и таму кој ќе го пречека. Истиот ден го добив следниот извештај – на влезот во селото го дочекале три лица со бради во униформи од УЧК, со секого се поздравил, се прегрнал и избакнал..."

Што да кажеме, освен – сигурно се знаеле од студии...

25. 4. Генералот Петровски дава и други исклучително важни сведоштва. На пример, на стр. 195, тој опишува како, при крајот на војната, НАТО инсистирал за повлекување на тешкото вооружување од кризните региони, особено на тенковскиот баталјон Т-22 кој беше набавен од Украина. „Знаејќи ја борбената моќ на оваа единица", пишува тој, „НАТО бараше по секоја цена баталјонот да биде дислоциран во Струмица. Со секојдневни притисоци од НАТО претседателот на РМ одлучи и нареди Тенковскиот баталјон со комплет стратешински и војнички состав да се дислоцира таму. За секое напуштање и на еден тенк од Струмица мораше да се бара одобрение од НАТО"!?!

25. 5. Иако било неспорно дека терористите воено релативно лесно можат да се уништат, претседателот Трајковски „уште на 14 јуни 2001 испратил писмо до генсекот на НАТО од кој побарал помош за разрешување на кризата" (стр. 98). Началникот на ГШ за тоа дознал на 5 јули 2001-та.

И само овој податок е доволен за да се заклучи што сè, и како се случувало во Македонија во 2001-та.

Како во приказните – помош сме барале од егзекуторот!

25. 6. Сеќавањата од 2001-та зборуваат дека тогашниот премиер, Љубчо Георгиевски, се залагаше за прогласување на воена состојба. Од книгата „Сведоштва" станува јасно дека една таква одлука бргу ќе ја завршела работата. Ако било така, а така било, се наметнува прашањето – зошто до тоа и не дојде? Поточно – кои беа противниците? Не е спорно дека САД и нејзините сателити биле жестоко против таква мерка бидејќи така, релативно лесно, би се елиминирала ОНА. А тоа, во никој случај, не смеело да се дозволи.

25. 6. 1. Горното залагање на Георгиевски го потврдува и генерал Панде Петровски, но изнесува факти кои говорат за суштински разлики меѓу неговите зборови и дела (стр. 136): „Откако ќе се отпочнеше со воената операција, премиерот, пред истата да биде прекината, ќе дојдеше на командно

место, а после ќе се прекинеше операцијата – класичен пример воената операција во Кумановско и Арачиново. Премиерот и некои околу него јавно се залагаа кризата да се решава со воени средства, а откако ќе се прекинеа операциите, не реагираа зошто се прекинале”!

Инаку, тој нема дилеми за ставот на претседателот Трајковски кој, според него (стр. 136) – „секогаш се залагаше кризата да се решава со политички средства и со поддршка на НАТО, ЕУ и ОБСЕ...”. Тоа, најверојатно, бил и нашиот најголем хендикеп во војната. Тој што треба да ја води, смета дека – не треба да се води!

Ова се драгоцени податоци за историчарите.

26. Не е спорно дека претседателот Борис Трајковски беше чесен човек и патриот за што постојат и лични сеќавања. Ама, за голема жал, тој беше жртва на махинациите кои на Балканот ги правеше единствената велесила. Генералот Грифитс преку МПРИ, Роберт Фровик преку ОБСЕ, Пердју, Фејт и другите „олеснувачи” и „експерти”, најчесто од редовите на ЦИА и други слични служби, спроведуваа јасно дефинирана американска политика, која беше погубна за земјата. А нашите им веруваа и ги следеа. Посебно – претседателот.

26. 1. Со добра намера, несвесен за големата игра во која е вовлечен, Трајковски очигледно беспоговорно ги следеше американските инструкции. А Вашингтон, бескрупулозно го искористи. Точно како што илустрира и генералот Петровски, со пензионирањето на плејада врвни воени старешини и поставувањето лица со неадекватни профили на главните функции во Генералштабот. Штетите кои следеа се огромни и непоправливи.

Трајковски премногу знаеше. Дали еден ден можеше да биде сведок за нечии недела и политички злоупотреби? Новинарката Лупевска, во ТВ емисијата КОД на Канал 5, на 26 февруари 2012 година, информираше дека – непосредно

пред смртта, Трајковски рекол дека ќе ја кажел вистината за Косово! Дали самиот си пресудил?

26. 2. На стр. 175, генерал Панде Петровски заклучува – „Не сум сигурен кој ја планираше воената криза во РМ. Меѓутоа, кој и зошто ја контролираше и кој и зошто не дозволуваше истата да се разреши со воени средства беше повеќе од очигледно. Армијата сигурно не е...". На стр. 204 тој вели – „Бевме попречувани во секоја воена операција"!

* * * * *

27. Интересни видувања за војната дава и Г'зим Острени, началник на Генералштабот на ОНА, во неговата книга „Критично согледување на делото 'Војната во Македонија во 2001 година', на генерал Митре Арсовски, проф. д-р Стојан Кузев и генерал проф. д-р Ристо Дамјановски", лично издание, Скопје 2006 (ISBN 9989-2650-1-1).

27. 1. На страница 25 Острени уверува дека – „... УНМИК и НАТО (КФОР) презедоа остри мерки за спречување на евентуално учество на припадници на Косовскиот заштитен корпус (КЗК) во структурите на ОНА". Дали авторот, очигледно не сакајќи, ни открива дека сè се подготвувало и крчкало на Косово? Ако тоа навистина било „востание" во Македонија, како што ни тврди Острени – каква врска со тоа имаат УНМИК, НАТО (КФОР)...? Нели се тие на Косово, не во Македонија? Зошто ја поврзува ОНА со нив, ако била автохтона, создадена во Македонија? Тоа е сама одличен доказ дека врска, сепак – имало! И тоа каква! Народот убаво вели – кој си ја има мувата на капата... Инаку, како би било можно тој, од началник на ГШ на КЗК, платен од ООН, да премине во ОНА, на иста функција? Или, за него „острите мерки" – не важеле?

27. 2. Во книгата, Острени не само што не ја крие туку постојано ја повторува основната цел на ОНА – Македонија да стане двонационална држава. Нагласува дека на Албанците, во 1991 година, во новиот Устав – „не им се призна статусот на државотворен елемент во новата држава"

(стр. 34). Тука е значи мотивот на војната. Во прашање е истата болка која ја имаше и Косово во Југославија, кога со сите сили настојуваше да стане република. Да бидеш „република" во федерацијата и да станеш „државотворен" народ во денешна Македонија значи добивање право за отцепување. Други разлики – нема.

27. 3. На стр. 90, Острени додатно ја елаборира оваа суштинска причина за војната. Вели: „... Собранието, Владата и политичките партии, вклучувајќи ги и сите политички партии на Албанците, не наоѓајќи сила да го надминат создадениот проблем со политички мерки и активности, а тоа значи решавање на проблемите кои самите ги создадоа со Уставот на Македонија од 1991 година, исклучувајќи ги Албанците од правото на државотворност, а со тоа и дискриминација на сите нивни елементарни човекови слободи и права...".

Неговата констатација дека недобивањето на правото на „државотворност" значело дискриминација е – бесмислена. Тоа би било точно само ако авторот мисли на правото на отцепување. Навистина, тоа им беше ускратено. Ништо друго. Државотворноста, во случајот со Македонија, апсолутно нема никаква врска со човековите права и слободи, најмалку со елементарните. Сите граѓаните се еднакви пред законите. Тоа е чиста измислица на Острени преку која го открива и мотивот за војната, што ја потврдува веродостојноста и на првите пет соопштенија на ОНА, за поделба на земјата. Тој ги измешал човековите права со колективните, етничките. Намерата е јасна – разбивање на унитарниот карактер на земјата.

27. 4. Објаснувајќи зошто македонските безбедносни сили беа поразени, Острени (на стр. 94), повторно не сакајќи, ни потврдува и која беше ОНА, и зошто се случи 2001-та: „Ваквата неспособност за уништување на волјата на албанскиот народ за слобода, изразена преку ОНА...". Значи, сепак, се работело за слобода, а не за некакви права. Затоа така се викала и неговата војска – „Ослободителна...".

27. 5. На крајот, тој и нè подучува, извлекувајќи наравоучение – „Македонците само во заедница со Албанците се Македонци, додека со кој било друг ќе бидат нешто друго”! Значи, според Острени, Македонците треба да им бидат благодарни на Албанците за третманот што го имаат од нив!

Доволно, нели?

* * * * *

28. Да спомнеме и дека за време на најжестокиот развој на војната во Македонија, кога единствено Украина ни излезе во пресрет и ни продаде оружје и ни испрати свои пилоти за хеликоптерите и авионите купени кај нив, Кондолиза Рајс, во својство на советник за национална безбедност на претседателот на САД, Џорџ Буш, инсистираше во Киев да престанат со испораките на оружје за Македонија!

29. Ни останува само да се запрашаме – зошто до денес (2013) ништо не се истражува и документира околу овие критични настани за земјата? Зошто никој не се усудува да го испитува периодот кој ја деформира македонската држава? Дали е пречка стравот дека со тоа ќе се открие американската улога? Дали ќе се покаже дека нивната цел била државата да се распадне?

* * * * *

30. Според Петровски, Словенија не прифатила тим на МПРИ, а од Македонија беа протерани во мај 2001. Надвор од овој извор, познато е дека Хрватска, за време на тамошната војна, интензивно ги користеше услугите на МПРИ. Дошле есента 1994 година и преку нив се одвивала за Хрватска клучната воена соработка со САД. Се смета дека МПРИ имале значајна улога околу акцијата „Бура” (во оригинал – „Олуја”), во 1995 година, со која беа протерани Србите од Краина.

31. За улогата, која САД ја играше во војните во Југославија, по распадот на федерацијата, директна потврда даде и првиот нивни амбасадор во Загреб, Питер Галбрајт. Во интервју за српски „Неделник", според „Дневник" од 23 ноември 2012 („Ја добиле 'Бура' поради Сребреница" и наднаслов – „Хрватската акција била со амин на САД"), Галбрајт изјавил: „Да паднеше Бихаќ, ќе беше многу полошо од Сребреница, па јас морав да избирам дали да дозволиме уште една Сребреница или да им дозволиме на Хрватите да ја нападнат Краина"! (Да потсетиме дека така дојде до хрватската акција „Бура", со која од Краина беа протерани скоро 300 илјади Срби!). Галбрајт тврдел дека „Америка никогаш не би им дозволила на Хрватите да ја изведат 'Бура' ако Ратко Младиќ претходно не го наредел масакрот во Сребреница". За да не остане ништо недоречено, Галбрајт објаснил дека и акцијата „Бура" ќе отидела многу подалеку доколку Хрватите не стореле гнасни злосторства во Краина. Рекол: „Ако Хрватите во Краина не ги извршеа злосторствата, ако не убиваа цивили и не им ги палеа куќите, можеби ќе паднеше и Бања Лука. Веројатно ќе имаа премолчена согласност од нас да ја продолжат акцијата"! А ако паднеше Бања Лука, главниот град, најверојатно ќе ја снемаше и Република Српска! Галбрајт сега изворно ни потврдува дека режијата тоа не го дозволила!

31. 1. По ова исклучително значајно откритие на Галбрајт за улогата на САД во војната во БиХ, не треба да има никакви дилеми дека во грозоморните војни на тлото на поранешна Југославија – некој, сепак, ги влечел конците од страна: што треба, колку, до каде... Логично следи прашањето – какво замешателство имале Американците во претходните операции во Босна и на другите боишта низ поранешната федерација? Можно ли е дека пред тоа тие си седеле „мирно", не се „мешале" и ги оставале работите да се одвиваат без нивна „режија"? Дали и колку, и во други пригоди, и на други места, тие директно „дозволувале" одредени акции, или само „премолчено" се согласувале?

31. 2. Ние ќе треба да почекаме некој од инволвираните Американци кај нас да ги отвори картите и за 2001-та и да ни

каже зошто ја организираа? Во споредба со операцијата „Бура", војната кај нас беше обична – мижитатара. Кратка, без многу жртви, со упади од Косово и целосно контролирана. Сепак, имајќи ја предвид заднината и основата на оваа војна, личните сеќавања во јавна форма – потешко ќе се случат. Кај нас беа главно инволвирани темни фигури на американски агенти на тајните служби и воени лица, кои имаат трајна забрана да откриваат детали за нивните акции, а не дипломати како Галбрајт. За сега, преку неспорните факти и аргументи, дел изнесени и во оваа анализа, со длабока увереност можеме да тврдиме дека Американците дадоа многу повеќе од дозвола и премолчена согласност за агресијата врз Македонија во 2001-та (Арачиново...).

31. 3. За сите кои ги следат светските политички пригоди, воопшто не е спорна ниту јавната, ниту тајната улога која САД ја играат на меѓународната сцена, особено по Втората светска војна. ЦИА и другите слични американски служби се максимално активни. Тие имале свој (значаен!) дел во многу настани, кои ја смениле историјата на бројни земји. Тоа е општо познато. Ама, добро е кога, по 30, 40, 50... години, се отвораат архивите (не заборавајте – не сите!) и се открива заднината на разни настани, дотогаш можеби насетувани, претпоставувани и експлоатирани, но не и потврдени. Во поново време имаме повеќе такви случаи.

„Дневник", од 21 август 2013 („ЦИА го призна учеството во воениот удар во Иран"), пишува дека ЦИА била организатор на воениот удар во Иран, кога во 1953 година беше соборен премиерот Мосадек и го донесе на власт шахот Реза Пахлави. Причината беше што Мосадек ја национализира иранската нафта. Енергијата беше, и останува повод за разни (чудни и неконзистентни) политики, толеранции, сојузништва... та сè до државни удари, бомбардирања... Мосадек го срушиле со лансирање пропагандни кампањи против него, корумпирање парламентарци, политичари и воени личности, со организирање на разни протестни митинзи...

Што мислите – дали ЦИА ги променила своите методи на работа и дали има причини нив да не ги користи, на пример – и во Македонија? Се разбира, тие што ги смета за сообразни за состојбите кај нас. Ако, нели, веќе не кријат дека, за нив, проблемот со името е исклучително важен, зошто би седеле мадро? Ако ја игнорираа Повелбата на ООН за да ни го оспорат името, ако не ја почитуваа(т) пресудата на Хашкиот суд... со што меѓународно се резилат, зар може да се претпостави дека ништо не прават „под жито”? Ако на тоа се додадат разни „мислења”, „залагања”, „ставови”, „политики”... кои одредени „аналитичари”, „колумнисти”, „новинари”, затворени и отворени општества, НВО... ги лансираат во земјава, сè со цел таа да се разнебити... дали сето тоа не нè потсетува на начините со кои бил елиминиран Мосадек, како и многу други?

31. 4. Мосадек секако не е единствен таков случај. Ги има многу. „Нова Македонија”, од 22 август 2013 („Диктатори и демократи на отстрел на ЦИА”), пишува дека се потврдени седум случаи на воени удари извршени со помош на ЦИА: Иран (1953), Гватемала (1954), Доминиканска Република и Конго (1961), Виетнам (1963), Бразил (1964) и Чиле (1973)...

Во споредба со овие случаи, настаните кај нас се обична, почетничка – вежба.

31. 5. Своевремено, САД воено интервенираа во Гренада, во Панама, во Доминиканската Република... Интересен е случајот со последната. Како оправдување за фактичката агресија (1965/66) беше речено дека целта била враќање на демократијата во земјата. Веднаш реагираше недостижниот Хенри Кисинџер, кој изјави: во Доминикана, никогаш немало – демократија!

Г. УЛОГАТА НА САД ВО ПОТПИШУВАЊЕТО НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР

32. Концептот на Охридскиот договор извонредно го илустрира односот на САД и кон македонскиот народ и кон

државата. Место основен столб на земјата да остане македонскиот народ, и сè друго да се гради околу него, тие го направија токму спротивното – него го маргинализираа. Всушност, со договорот, САД оневозможија развивање на граѓански концепт, а тој мораше да биде основата на новата структура. Се разбира, доколку намерите беа чесни. Место тоа, секако не случајно, Вашингтон креираше систем во кој сè повеќе ќе доаѓа до израз деструктивниот карактер на мултиетничкото општество и меѓусебната поделеност и конфронтираност. Целта беше, преку (лидерите на) етничка заедница која е под нивна целосна контрола, да се задржи максимална контрола врз државата. Тоа е концептот преку кој може да се реализира големоалбанскиот проект кој е клучен за САД во спроведувањето на нивните регионални интереси. Исто како што тоа го правеа и италијанските фашисти, во Втората светска војна.

Во граѓанско општество не е можна партиска поларизација на етничка основа. Во нашиот случај, таа е потребна бидејќи не трпи унитарна и неизбежно води кон бинационална држава. Доколку САД наметнеа граѓански концепт, немаше да имаат можност да го манипулираат албанскиот фактор во земјава. Тој немаше да биде монолитен или, макар, издвоен. Далечинскиот управувач немаше да функционира.

32. 1. Во анексот на договорот, каде се формулирани промените на Уставот, од Преамбулата беше избришан македонскиот народ. Подоцна, во дебатите во Собранието, при усвојувањето на Уставот, на жестоко инсистирање на претседателот, Стојан Андов, тоа е променето и македонскиот народ беше вратен во Преамбулата. На многу места во договорот се користи формулата – „заедниците кои не се мнозинство во Македонија". Македонскиот народ, САД го претворија во неименувано – „мнозинство". Максимално избегнуваа да го спомнат. Како да го нема!

32. 2. Ова, недискутабилно, значи дека „нашите" преговарачи се сложиле државата да го изгуби (минимумот од) својот национален карактер бидејќи во Уставот никаде не би се спомнувал македонскиот народ. Ако се знае дека сите

соседни држави се токму такви (освен БиХ, чија иднина е неизвесна), а Грците прокламираат дури и национална хомогеност на населението, која во регионот е незамислива, тогаш овие решенија се одличен доказ за намерите на САД кон Македонија.

32. 3. Нашите политичари, и „експертите" со нив, кои сето ова го проголтаа, без да ги согледаат последиците, нема да го издржат судот на историјата.

32. 4. Нагласено внимание заслужува епизодата во Собранието, кога во Преамбулата на Уставот беше „вратен" македонскиот народ. Тогаш на виделина излегоа и се откријa и вистинските намери на креаторите на Охридскиот договор. Откако Стојан Андов постави услов дека без таква измена во Преамбулата, нема да помине новиот Устав, беше ревидиран и другиот текст. И сите малцинства добија „повисок третман". Целта на ваквиот потег, а веќе знаеме кој стоеше зад целиот проект, не може да биде поинаква, освен да се омаловажи, девалвира и деградира мнозинскиот народ и неговата улога во државата. Така, малцинствата се „промовирани" како „граѓани кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите..."! Цената на „враќањето" на македонскиот народ во Преамбулата беше, значи, менување на статусот и на сите малцинства кои станаа „делови на други народи"! Со такво решение, какво се разбира нема никаде во светот, всушност, на соседните земји им се отвораат сите врати да се ангажираат околу правата за „деловите од нивните народи". И, ако се појави пригода – во нивно име да интервенираат, за да ги „спасуваат" и, така, да ја делат државата! Додека Грција, Бугарија... не признаваат ниту постоење на малцинства, особено македонско, а тие се со векови таму и секој може да ги види, кај нас тие станаа делови од соседните народи!?!

33. Од македонски аспект, единствено позитивно во договорот е што се гарантира унитарниот карактер на државата. Клучен недостаток, меѓутоа, е фактот што позицијата на македонскиот јазик не е доволно прецизирана,

а границата на користење на албанскиот јазик, воопшто не е јасно дефинирана. Како резултат на тоа, делот од Договорот кој се однесува на македонскиот јазик веќе не се спроведува и намерно се игнорира. Тоа неизбежно води кон нефункционалност на државата. Глувонем и слеп не можат ниту да се разберат, камоли да соработуваат. Доколку во земјата не постои јазик на кој сите ќе се разбираат, кој ќе биде обврзувачки за сите, иднина – нема. А тоа може да биде само македонскиот. Ако не се преземат одлучни мерки тоа да се регулира на содветен начин, според договорот од Охрид и неговиот дух, набргу ќе се доведе во прашање и унитарниот карактер на државата. Практиката на неприфаќање на македонскиот јазик, која интензивно ја спроведуваат Албанците во земјава, не случајно, води токму во таа насока.

33. 1. Суштинска, фундаментална потреба беше македонскиот јазик недискутабилно да се наметне како обединувачки фактор, кој мора сите да го знаат и користат. Тоа ќе беше најсилна гаранција за стабилна перспектива на земјата. Без јазик кој обврзно ќе го зборуваат сите, нема опстанок ниту за федерална, камоли за унитарна држава. Унитарниот карактер на државата, ако не е базиран на реални, функционални механизми, ништо не значи.

33. 2. Спротивно на договореното, Албанците масовно, упорно и нелегално го форсираат и шират користењето на албанскиот јазик. Министрите во Владата печатат официјални меморандуми на албански; печатат двојазично документи за надворешно користење (Бесими, во одбрана, на пример); во меѓународната комуникација го користат албанскиот јазик било во кореспонденција, било на средби; како министри во Владата даваат изјави на албански јазик за македонски новинари; слично се случува и во Собранието, каде претседавачите на собраниските комисии настапуваат во име на државата, и треба да зборуваат македонски, а не како претставници на етносот... Некој ќе рече дека тоа се ситници на кои не треба да им се посветува поголемо внимание. Тоа би било навистина така, но само под услов сите тие злоупотреби да не се прават намерно и со цел неконтролирано да се прошири употребата на албанскиот

јазик, на сметка на македонскиот и, еден ден, тоа да се постави како завршена работа.

Токму затоа, Владата мора на време и енергично да реагира за да се спречи секоја манипулација чија цел е албанизација на (дел или, пак, на цела) Македонија. Сè што е надвор од Охридскиот договор не треба да биде овозможено, освен ако тоа меѓусебно не се договори. Сегашните крајно нелегитимни проширувања на добиените права, кои се целосно диригирани и координирани од албанските партиски центри, а судејќи по сè поддржани и од САД, водат кон уништување на единствената македонска држава.

33. 3. На лидерите на Албанците во земјава им е кристално јасно дека македонскиот јазик остана единствен столб на унитарниот карактер на државата. И, очигледно, плански и на долгорочна основа, тоа го рушат од сите страни, малку по малку. А, врз основа на Охридскиот договор, во Уставот (Амандман V или нов член 7) е прецизно одредено дека – „На целата територија на Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо". Така, лидерите на нашите албански сограѓани, сè што им одговара од Охридскиот договор – спроведуваат, другото, за нив – не важи. Кога ќе се погледа мозаикот кој го прават, станува јасно дека сè се врти во правец на големоалбанскиот проект.

33. 4. Последиците се веќе видливи – Албанците избегнуваат да го учат македонскиот јазик. Тоа е техника на гетоизирање и ставање пред свршен чин. Целта е двојна: а) јазикот да стане пречка за меѓусебна комуникација и б) да се отвори простор за изедначување на двата јазика, што упорно и тврдоглаво сега се прави. Таквата политика води не само кон уништување на унитарниот туку, особено, на македонскиот карактер на државата, водејќи кон федерализација. Сè оди кон невиден апсурд на ниво на земјата – Македонците ќе мораат да учат албански, ако сакаат да се разберат со Албанците, а не обратно, што би било логично и нормално. При тоа не е спорно дека Македонците, што живеат во делови со мнозинско албанско население, го или ќе го

зборуваат и албанскиот јазик и поради своите објективни потреби.

34. Трет негативен сегмент на договорот, кој на прв поглед не привлекува поголем интерес, е обврската за нова административна поделба на земјата. Тоа може да личи на рутинска работа бидејќи тогашните 123 или слично општини не можеа да опстанат. Педесетина од нив беа премногу мали и нефункционални. Во договорот беше ставено (член 3. 2.) дека – „ревизијата на општинските граници ќе биде ефектуирана од страна на локалните и националните власти, СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО". Зошто промената на општинските граници да има нагласен меѓуетнички карактер? Зошто странците (САД) да учествуваат во тоа? Во 2001-та, во Охрид, сигурно никој од Македонците не помислувал дека е во прашање втората, повисока фаза на рекомпонирање на македонската држава. Не претпоставувале дека замислата била формална албанизација на нејзини делови. Не го сфаќале значењето на наметнатото американско присуство и нивните капацитети за долгорочно планирање...

34. 1. Додека нам (ништо) не ни беше јасно, „олеснувачите" – сè знаеја и подготвуваа терен. Со новата административна поделба беа албанизирани Струга и Кичево, Скопје стана двојазично, а со тоа и добар дел од земјата.

34. 2. Процесот на албанизирање на делови од земјата, започнат тогаш, се финализира на локалните избори во 2013 година, кога албанските кандидати за градоначалници за прв пат јавно ги отворија картите. Тие отворено кажаа дека новата административна поделба на земјата им овозможува практично остварување на големоалбанскиот сон. Нема ниту еден аргумент дека Вашингтон нема удел во тоа. Според расположливите информации, тие биле и активни чинители при утврдувањето на новите граници на општините во 2004-та година. Зошто, инаку, во договорот од Охрид, би си отворале таков простор?

34. 3. Дека сето тоа е така и никако поинаку, имаме цврст, несоборлив доказ. Да потсетиме дека, за да се спречи ваквата, за земјата погубна, нова административна поделба, беше организиран референдум. Сосема неочекувано, скоро збунувачки, во неговото предвечерје, Вашингтон делумно, и привремено, го призна уставното име на Македонија и, така, го минира референдумот. Тоа е апсолутна потврда дека зад целиот план стоеле – САД. Потегот со признавањето на името одлично илустрира и колку за нив било исклучително важно да успее албанизацијата на делови од Македонија! Очигледно, тоа го сметале за стратегиски исчекор.

34. 4. Тогашните потези денес ги носат очекуваните плодови. Така, се реализира официјалната политика на САД да нема (нови) промени на границите во регионот. По војната од 2001-та, откако САД не успеаја да ја поделат Македонија, сфатија дека тешко ќе ја рушат однадвор. А 2001-та беше, по многу нешта, последната шанса за менување на границите во регионот со воена сила. Сега такво нешто е тешко спроведливо и поради опасноста секој насилен обид за промена на границите на Македонија, неизбежно да води во крвава војна која може да го запали целиот регион. Затоа биле приспособени и плановите – Македонија да се руши со албанизација однатре.

35. Една од клучните негативни политички последици на Охридскиот договор е што, ipso facto, Македонците прифатија дека а) државата е македонско-албанска творба; б) нејзиниот основен столб е договор меѓу Македонците и Албанците; в) за сè може и треба да се преговара...

Гледано од регионален апсект, секако дека тоа била и целта на Вашингтон. Проширен е маневарскиот простор на Албанците, кои, сите овие години, тоа максимално го злоупотребуваат. Постојано нешто бараат и добиваат. Милиметар по милиметар, но неповратно. Во една пригода, Ахмети прецизно рече дека ним не им се брза. Се разбира, тоа не е негова политика. Тој само ја реализира. Ако не беше така, однесувањето на Албанците и во Македонија, и во целиот регион, ќе беше поинакво.

35. 1. Не е воопшто необично и што Мендух Тачи тврди (2012) дека Охрид е надминат и мртов и дека треба да се потпише нов договор, со текст кој тој го нуди. Денес, Тачи има идеи за „решение". Утре, некој друг ќе се појави со нови „дострели" во албанските барања и песната постојано ќе се повторува. Сè до доформализирањето на Голема Албанија. Тоа е процес што тече, а координацијата беспрекорно функционира. Ова, секако, не значи дека зад сите албански барања стои Вашингтон. Дефинитивно има и албански залетувања кои, сепак, не влијаат многу на главните текови.

36. Факт е дека Охридскиот договор навистина го отвори патот за забрзано подобрување на положбата на Албанците во земјата. Не е спорно дека тие беа изложени на бројни неправди, наследени главно од поранешната федерација, кои бараа итно надминување. Тоа тешко одеше и од објективни причини (крајно тешката ситуација во која се најде земјата по распадот на Југославија), но и од субјективни. Нема никакво оправдување за тогашната власт што проблемот не беше, макар, отворен и ставен на маса. Тоа е сериозна грешка. Меѓутоа, мора веднаш да се потенцира дека а) војната во 2001 беше странска агресија за да се окупира („ослободи") дел од земјата, б) немаше никаков „хуманитарен" карактер и в) не беше резултат на нерешениот статус на Албанците. „Оправдувањето" на војната со статусните прашања беше школска злоупотреба на нашата неспремност на време да се соочиме со овој сериозен проблем.

37. Охридскиот договор а) е едностран, б) ја девалвира позицијата на мнозинскиот народ и в) не постави долгорочни основи за стабилна и функционална Македонија. Напротив, силен е впечатокот дека е формулиран на начин кој многу лесно може да го доведе во прашање опстанокот на државата. Се разбира, не случајно. Воведени се контроверзни механизми со кои до најситни детали се регулираа потребите на Албанците, без да се означат границите на нивните идни барања и запоставувајќи ги другите етнички заедници во земјата. Од друга страна, крајно е недефинирана позицијата

на мнозинскиот народ, кој се третира како да не постои и кому му се остава минимален маневарски простор.

38. Не треба да има дилеми дека Охридскиот договор е една од најголемите стратегиски грешки на оваа држава. Тој не беше избор на раководството на земјата, туку наметнат од страна на САД. За таа цел беа тука испратени Фровик, преку Мисијата на ОБСЕ, Пердју, Фејт и други нивни тепачи, пардон, „олеснувачи". Фактот дека Фровик, тајно од македонските власти, го промовираше нацртот на идниот Охридски договор, преку декларацијата од Призрен, кажува сè. Нашите, навистина, беа под жесток притисок и влијание на САД, но и доволно наивни и неуки да се согласат со неприфатливи работи. На пример, да потпишеш договор, и да се сложиш со текст на амандмани за Уставот, во кои воопшто не се спомнува македонскиот народ, ниту во Преамбулата, значи да се демонстрира краен аматеризам преку ненормална и незамислива попустливост. Зар треба уште некој аргумент за да се илустрира нивото кое го покажаа нашите „преговарачи" во Охрид?

38. 1. Оваа оценка воопшто не имплицира, ниту заговара игнорирање или непочитување на Охридскиот договор. Тој е завршена работа и мора да се имплементира. Историските грешки и неправди, најчесто, не е можно да се поправат. Со нив мора да се живее со перманентни обиди да се минимизира штетата. Меѓутоа, во нашиов случај, соочени сме токму со спротивното – штетата постојано се зголемува и проширува, а ние се правиме недоветни. Место, по никоја цена, да не се дозволува што и да е што е надвор од договорот; или нешто што води кон рушење на унитарниот карактер на државата; или што е дел од големоалбанскиот проект... Кај нас, токму тоа скоро секојдневно ни се случува. Дури, и од погрешно договореното, се толерира селективно реализирање само на тоа што е на штета и на државата и на македонскиот народ. Се спроведува само тоа што и` одговара на другата страна.

39. Преку горните примери е само делумно илустрирано како и каде се прават злоупотреби на договореното во Охрид. На

суптилен начин, без какви било скрупули, се шири просторот кој нелегитимно е добиен, со употреба на нелегална оружена сила. Додека државата се албанизира, на македонските политички лидери им се поважни коалициите што ги држат на власт или комбинаториките кои треба да ги вратат таму.

40. Апсурдот да биде целосен, дури и во таква ситуација, кога албанскиот коалициски партнер во власта не многу прикриено и упорно ги реализира своите големоалбански планови, особено последниве години (2010, 2011, 2012...), македонската опозиција ја напаѓа и осудува власта дека била нефлексибилна кон барањата на Албанците! Тврди дека владејачката партија го држи коалицискиот партнер (ДУИ) под своја контрола! А негативните процеси се доволно видливи за секој што има макар манимален политички осет. Да не беше за неверување и жално, ќе беше смешно. Причината е јасна – да се поткопа нивната коалиција и да се дојде на власт дури и за сметка на националните интереси.

40. 1. Така, кога беше најдено извонредно решение за одговорно водење на демографската политика, преку стимулирање на наталитетот во општините со низок наталитет, значи без да се навлегува во крајно чувствителните меѓуетнички односи, еден од врвните лидери на опозицијата, Шеќеринска, остро се спротивстави на таквата политика. Јавно праша – „а, што ќе помислат Албанците и другите етнички заедници за оваа програма, дека се работи за обид да се спречат демографските промени во Македонија”? („Шеќеринска: Како ќе ја сфатат Албанците програмата за повисок наталитет”?, „Нова Македонија”, 18 септември 2008).

Таа, веројатно, не знае дека политиката за рамномерен демографски развој е една од (нај)важните обврски на власта. Неа, очигледно, не ја загрижувала промената на демографската структура во земјата, која веќе подолго време има крајно негативни тенденции со несогледливи последици. Не и` е јасно и дека тие движења воопшто не се случајни, туку се резултат и на политичко и на верско дејствување на некои општествени сили кај Албанците во земјава. (Одамна е

познато дека оџите не ги пуштаа младите верници во џамиите пред да добијат петто дете!). И, дека, крајно време е тие тенденции да се променат. Албанците, кои Шеќеринска сака да ги „заштити", веројатно калкулирајќи дека нејзините политички амбиции не можат да се постигнат без нивна поддршка, очигледно, се повеќе верзирани во политиката од неа. Тие ја знаат и „Платформата за решавање на албанското национално прашање", од 1998 година, која е официјален државен документ на Албанија, со кој се стимулира токму албанскиот наталитет за постигнување на политички цели, особено во Македонија. Арно ама, или Шеќеринска не ја прочитала, или не ја разбрала, или ја заборавила. Четврто – нема.

40. 2. Тоа што не и` беше јасно на Шеќеринска, сосема го разбираа луѓето од село Долно Соње. Општината Сопиште има низок наталитет и таму коментираа – сега, Албанците од други краишта, ќе се пријавуваат во албанските села во нашава општина, со единствена цел да добијат стимулации за бројните деца кои (ќе) ги раѓаат!

40. 3. Сепак, од сето тоа не се случи – ништо. Уставниот суд, од само нему познати причини, го укина законот! Даденото објаснување беше на ниво на – прво одделение. Уставните судии професионално се посрамотија, а на земјата и` нанесоа несогледливи штети.

Македонија – и сè е можно. Лица, кои високо котираат во партиските хиерархии, не само што немаат никакви познавања од геополитика и геостратегија туку немаат ниту минимум осет за нив. За врвните извршители на судската власт, во конкретниов случај, може да се каже дека не покажаа минимален слух за клучен општествен проблем, кој бара итна разврска. Ама, се разбира, сите мислат дека знаат сè, а сопствената кариера (и/или партија!) им е поважна и од државата.

40. 4. Ова е можност да се нагласи и фактот дека Албанците во земјава, на политички план, имаат постигнато да можат да блокираат Македонци на високи функции, ако не им се по

волја. Сите што на кој било начин им се спротивставиле, се ставени на тапет. Така, македонските политичари се замолчени. Затоа, тие строго водат сметка да не ги забележуваат големоалбанските тенденции во земјава, за да не си го доведат во прашање напредокот во кариерите. Македонците, од друга страна, самите си обезбедиле инфериорна позиција и немаат таква моќ. Добро се сеќаваме, на пример, кога сите изјавуваа дека командантите на ОНА нема да можат да бидат на високи државни функции. Мнозина станаа министри. Дури и тој што ги затвораше славините за вода на Липковското Езеро. Место да биде суден во Хаг...

41. Неспорно е дека Договорот од Охрид ја запре војната во 2001-та и помогна да се решат бројни неправилности и неправди на кои беа изложени Албанците во земјата. На тој план е направен голем пресврт, што е за поздравување. Меѓутоа, бројните големоалбански тенденции кои следеа, бараат сериозен третман, додека не е предоцна. Главната придобивка – унитарниот карактер на државата, нема да биде траен, ако практиката го депласира. А, од тогаш, тој перманентно се нагризува. Ниту еден договор не е ниту вечен, ниту неприкосновен. Најсвежа потврда за тоа, е неспроведувањето на Привремената спогодба, потпишана со Грција, во 1995 година. Како и зад Охридскиот договор, и зад неа стоеја – САД. Резултатот е познат – клаузулата да не нѐ попречуваат за влез во НАТО и ЕУ, која за нас беше една од двете клучни придобивки, веќе не се почитува. И од страна на САД! Кој ни гарантира дека истото тоа САД нема да го сторат и со унитарниот карактер на државата, „гарантиран" во Охрид? Нема ли и тој да важи сѐ додека така им одговара. А потоа, ниту Судот во Хаг да не може да ги премисли од игноранцијата на договорот, или делот од него, кој самите го подготвувале, а е во корист на Македонија?

42. Фактот дека, за разлика од македонската, албанската страна во Охрид имаше странски експерти покрај себе, зборува за недостаток на одговорност и елементарен политички осет кај највидните лидери на земјата, за историското значење и на настанот, и на војната од 2001-та.

Тоа е тежок пропуст на највисокото раководство. Иако кај нас историјата обично доцни со своите судови, таа е неизбежна и безмилосна. Нејзиниот збор е последен и ќе дојде. Тоа што некој бил изманипулиран или искористен од какви било и чии било претставници, не е никаква олеснителна околност.

* * * * *

43. Деновите пред потпишување на Охридскиот договор, Македонија беше изложена на жесток и крвав притисок, сè со цел таа да капитулира и да го прифати предложениот договор. За да се застрашат политичарите дека следува проширување на фронтот, а со тоа и на војната, непосредно пред 13 август беа извршени неколку акции со најтешки масакри врз безбедносните сили. Беа убиени најмалку 18 припадници на АРМ, а имаше и ранети...

43. 1. На 8 август 2001-та се случи Карпалак, кога од заседа беа убиени 10-мина резервисти на АРМ. Според генерал Звонко Стојановски, командант на ВВ и ПВО („Сведоштва" на Панде Петровски, стр. 181) – „во 9,30 часот, на денот на заседата во Карпалак, хеликоптер на КФОР го надлета просторот. Во 10,00 часот остваривме дејство со нашите хеликоптери по реонот Карпалак и во тоа време две возила од НАТО (два џипа) едното возило успеа да побегне, а другото се скри во Ново Село...". На стр. 177 од истата книга, авторот, генерал Петровски тврди дека „... Карпалак немаше да се случи доколку Врховниот командант не ги слушаше 'советниците' пред потпишувањето на Рамковниот договор" и продолжува – „... ни сега не ми е јасно кој наредил на 6 август 2001 да се повлече полициското пункт од местото Карпалак, а МО и ГШ да не бидат за тоа информирани"!

Инаку, заседата се активирала во 9,30 часот (точно кога во зоната летал хеликоптерот на КФОР. Очигледно, сакале да следат дали планот им се реализира како што било планирано?!?). Биле поставени и 200 кг експлозив за рушење на автопатот, но акцијата на нашите хеликоптери спречила тој да се активира. Терористите се разбегале.

43. 2. На 9 август беа киднапирани пет работници на ГП „Мавровo” кои потоа беа „резбарени” по телото, со ножеви. „Копаничарите”, иако се знаат, останаа неказнети.

43. 3. Следи судирот во Радуша. На стр. 186/187 во „Сведоштва”, пишува: „Познато ни беше дека во непосредна близина на Кривеник (во Косово, на 1 километар од границата) т.н. ОНА имаше камп за обука на регрути” и продолжува – „...на терористите кои отпочнаа напад од косовската страна, а истовремено и од самото село Радуша... им беше овозможено слободно комуницирање со Кривеник, иако од другата страна на границата беа силите на КФОР”. Во Радуша имаше и порано судири, но овој пат беше најжестоко. Нападот започнал ноќта на 10 август 2001 година со офанзива од Кривеник и траел три дена. Според разузнавачки извори, имало 600 терористи потпомогнати со волонтери од КЗК. Целта била да се заземат изворите во Рашче, од каде Скопје се снабдува со вода.

43. 4. На 10 август, од поставени мини на влезот во селото Љуботен, беа убиени осум војници на АРМ. Шест беа ранети.

43. 5. Деновите пред договорот во Охрид, се лансира и веста дека на 13 август претстои напад на ОНА на Сарај (исто, стр. 201/202). Психолошката војна против Македонија постојано се водеше со фабрикување вести за бројноста на ОНА, за акциите кои претстојат...

43. 6. Ако некој верува дека целата оваа ескалација, пред потпишувањето на договорот, беше ‘масло’ на Албанците, силно се лаже. Зошто, инаку, над зоната Карпалак, во точно време на заседата би надлетувал хеликоптер на КФОР, а џиповите крстосувале во близина? Тоа можеше да го организира и го направи некој многу пософистициран од нив. Некој, кој од далечина го набљудува и режира случајот и влече далекусежни потези. Кој може да биде тоа, ценете сами.

43. 7. Договорот во Охрид беше потпишан на 13 август 2001. Додатниот притисок го стори своето. Во дадените услови, веројатно и многу покадарни преговарачи од македонските би се нашле во тесно.

А какви беа нашите... веќе рековме.

Д. НАСТАНИ СО ШИРОКИ И ДОЛГОРОЧНИ ПОСЛЕДИЦИ

44. Улогата на Вашингтон во структурирањето на Охридскиот договор е логично продолжение, и значаен исчекор, на зацртаната американска политика кон Македонија и Македонците, која систематски и упорно се спроведува по распадот на Југославија. Полека, но сигурно, се стеснува просторот на македонизмот, се сечат неговите корени. Според сите индикатори, ако одлучно не се спротивставиме, тие се решени да продолжат сè додека тој не се исуши. Ако не се престроиме, тој момент и не е многу далеку.

44. 1. Заедничко за сите тие политики е што сакаат, еднаш за секогаш, да го затворат „македонското прашање". Не е воопшто важно дали поаѓаат од тезата дека македонскиот е измислен народ или проблемот е што сме длабоко поделени и разединети и како такви несигурен партнер. Или, едноставно, Македонците им пречат во реализација на нивните балкански (големоалбански) планови и интереси. Можеме одговорно да констатираме дека, сите овие 20-ина години, Вашингтон со прст не мрднал за да и` помогне на Македонија. Барем околу клучните државни прашања. Секогаш настапувал воздржано, не се експонирал нагласено а, зад кулисите – играл на друга карта. Од непризнавањето на државата и приемот во ООН... сè до ултиматумот и уцената од Букурешт, во 2008, САД секогаш, без исклучок, ги игнорираа основните македонски интереси.

44. 2. САД сè уште не се свесни за виталноста на Македонците и за нивната издржливост. Не ги извлекле

поуките од историјата, за неможноста тие да се истребат без поголема војна. Нивните планери мора да ги согледаат реалностите на теренот и правилно да ја оценат и почитуваат огромната толеранција која традиционално ја манифестира македонскиот народ.

Топката е кај нив, но и кај нас. Ако не следи наша соодветна, робустна противакција и одлучна борба да останеме тоа што сме... лошо ни се пишува. Досегашната наша неодлучност, некоординираност, непосветеност, ниското ниво на професионалност... не донесоа резултати и се во директна функција на туѓите замисли, кои се погубни за народот и земјата. Крајно време е на Американците да им кажеме – доста беше!

45. Тоа го потврдуваат и досегашните, поразителни резултати. Со рамковниот договор, на пример, македонската држава беше рекомпонирана на начин кој полошо немаше да го направат ниту Грците, ниту Бугарите, ниту Албанците, ниту Србите..., ниту сите заедно. А сите имаа(т) некакви претензии спрема територијата, народот, црквата... Далеку „подобро" од нив, тоа (ни) го направија САД.

46. За да се надмине сегашниот ќор-сокак, во кој се најде државата, македонската историја ќе мора што поскоро сериозно да се позабави со војната од 2001-та. Без да се прецизира што (ни) се случи тогаш, ќе биде сè потешко да се гради иднината. И дома, во земјата, и на надворешен план. Мора да се каже гласно кој стоеше зад таа војна и зошто? Мора да се утврдат и причините за поразот. Некој ќе мора да ја сноси одговорноста и за загубената војна и за неприфатливото реструктурирање на државата. Одговорноста мора да започне од врвот и да оди надолу, сè до сите советници, кои изигруваа кисинџерчиња во Охрид. Последните немаат командна одговорност, но мора да сносат макар морални последици за својата елементарна нестручност и недораснатост за проблемите со кои препотентно се нафатија, во подготовката на Охридскиот договор.

47. Целта на документирано утврдување на неодамнешното минато ниту може, а уште помалку смее да биде преиспитување на положбата на Албанците во општеството. Неспорен придонес, и на војната, и на Охридскиот договор, е решавањето на одредени проблеми со кои неоправдано и долго се сооучуваа нашите сограѓани Албанци. Тоа мора да се почитува. Ама, сепак, мора да се потцрта дека за тоа да се постигне, во никој случај не беше потребна војна. И, од друга страна, не смее да се толерира никаков реваншизам, кој е присутен на политичката сцена.

48. Кога се разгледува позицијата на Албанците во Македонија, и грешките кои се неспорно направени, треба да се потсетиме и на иницијативата на Тупурковски кој, своевремено, излезе со апел за „историски договор со Албанците". Идејата не беше елаборирана и не е јасно дали тоа беше политички блеф или нешто конкретно. Сепак, гледано од денешен аспект – во основа, тој беше во право. Нешто мораше да се преземе. Навистина, во тој период Македонија беше соочена со перманентна криза, но, место отворање на ова прашање, имавме антиалбански демонстрации во паркот пред Собранието со, во најмала рака, нецивилизиран однос кон Албанците. Иако иницијаторите и учесниците би требало да се срамат од тоа што го приредија, некои од нив направија и кариери токму преку тој ангажман.

Власта не покажа чувство за овој проблем, а тогашната опозиција нè враќаше на почетокот на 20-от век, најавувајќи конгрес во Солун... Последиците од таквата незрелост и некомпетентност, на лидерите кои имаа по 30 години, ќе ги чувствуваме уште долго.

49. Односот на САД кон Македонија неизбежно мора да се анализира и во контекст на политиката и интересите на Грција. Неспорно е дека Вашингтон води сметка за нејзините аспирации, но тоа е од – секундарен карактер. Во релативно блиска иднина може да се покаже дека оваа американска политика е исто толку опасна и штетна за Грција, колку и за Македонија! Во Грција има преку милион Албанци... Околу

600 илјади се таму легално и, веројатно уште толку – нелегално. Тие ја контролираат мафијата и генерираат огромни пари... Прашањето за Чамирија виси во воздухот... Сето тоа може да се активира во кој било момент, особено сега, кога рапидно слабее грчката држава, како резултат на длабоката криза. Ако се продолжи со приближен интензитет на решавање на „албанското национално прашање", таквиот развој ќе биде – неизбежен.

50. Дека тоа не се измислици потврдува и еден неформален разговор во Москва, во 2006 година, со Теута Арифи, тогаш претседателка на собраниската Комисија за надворешна политика. Таа „се довери": „Му реков на Ахмети дека е голема штета што нема(в)ме соодветни услови во Грција, и таму да направиме нешто како во Македонија, во 2001-та"! Таа го покажа своето политичко кредо кое сигурно не е само нејзино. Застрашувачко, во секој случај.

50. 1. Албанците демонстрираат целосна лојалност и максимално ги спроведуваат директивите од Вашингтон. Новата оска добро функционира, а и двете страни продолжуваат да ја зајакнуваат. Кризата во Грција ќе ја детерминира улогата на Албанците во земјата. Ако државата се консолидира и се врати позитивна енергија која ќе генерира развој, поголеми ексцеси не се реални, барем во скоро време. Но, ако дојде до хаос, Вашингтон може да заигра на картата и на тамошните Албанци, како што го прави тоа во Македонија.

Прва жртва на новата американска политка на Балканот беше Србија (Косово и Краина во Хрватска), втора Македонија (2001), каде приказната сè уште не е завршена. Ќе има ли трета?

51. Ова е само потврда дека политиката на САД не е многу комплементарна со долгорочните интереси на Грција. Атина има своја заслуга во отворањето простор за некакво „легитимно" оспорување на македонската држава, за нејзино држење на тенок мраз, кое Вашингтон максимално го

искористи, но, на крајот, таа лесно може да испадне – најголемиот губитник.

52. Изблиците на антиамериканизам се релативно честа појава во Грција. Атина цело време кокетира и со Москва, каде купува и оружје, иако долго време е членка на НАТО, што создава додатни резерви во Вашингтон. По распадот на СССР и Варшавскиот пакт, на Балканот порасна улогата на Турција, меѓу другото, и на сметка на Грција, која веќе не е сосед на опасниот социјализам, кој замина во историјата. Турција е сè позначаен глобален играч. Нејзината присутност и влијание во регионот, но и пошироко, благодарение и на исклучително брзиот повеќегодишен економски развој, постојано растат. Важна улога таа игра и во т.н. „туркофонски" држави во Централна Азија (Таџикистан...).

Интересот на САД за Турција расте додека за Грција останува ограничен и намален.

53. На крај, да нагласиме дека американските планери треба да се потсетат дека Албанија и Албанците, по Втората светска војна, прво беа најдобар пријател со Југославија, потоа со СССР, следеше Кина. Со сите се раскараа и сите тие станаа нивни најголеми душмани. Сега се во прегратка со САД. До кога? Во градењето на политиката кон Македонија и Македонците, Вашингтон не треба да заборави дека сојузите и партнерствата, всушност, никогаш не биле вечни.

54. Секоја објективна анализа покажува дека Македонија, ваква каква што е, е најдобро решение за сите. Почнувајќи од Грција, преку Бугарија, Србија, Косово и Албанија, сè до Брисел и – Вашингтон. Македонија никого ниту оспорува, ниту загрозува. Толеранцијата и трпеливоста се главни карактеристики на Македонците. Така било со векови, така останува и така ќе биде и во иднина. Ако се осврнеме, макар на последниве двесте години – никој не настрадал од Македонците. Напротив, тие биле жртви на туѓи интереси и аспирации. Така е и денес. И тоа треба што поскоро да заврши. Во интерес на мирот во регионот.

Што побргу тоа се сфати, подобро за сите.

* * * * *

55. По непишано правило, големите и силните никогаш не ги признаваат сопствените грешки, туку одат до крај. Затоа, овој дел мора да го заокружиме со фактот дека САД, својата улога во војната од 2001-та ја заокружија на сосем „логичен" начин. Во хашкиот Меѓународен суд за поранешна Југославија беа судени – само двајца Македонци, од кои едниот беше и осуден! Албанци – немаше! Жртвите во судирот беа испратени таму, веројатно со цел да се оправда, верификува и валоризира војната која, нели, имаше „хуманитарен" карактер. Агресорите, меѓу кои имаше и „резбари" на човекови тела; и такви кои цел град оставаа со денови без вода за пиење; или кои минираа мотели со работници врзани за столбови... не стигнаа до Хаг. Беа амнестирани.

Се разбира, не по волја на македонската држава, иако поранешниот генсек на НАТО, Робертсон, години по настаните, ни порача – сами ги амнестиравте! Никој не ве присили! Тоа е само делумно точно бидејќи притисокот беше неспорен и жесток, други (т.н. „олеснувачи") го водеа орото во тие времиња во државата која беше обезглавена, но пораката е кристално јасна – требаше да го одбиете тој недостоинствен чин или да го реализирате селективно; за тоа моравте сами да се изборите и никој немаше да може со сила да ви наметне поинакво решение.

Точно е така. Но под услов да имаш соодветни капацитети, да знаеш правилно да ги оценуваш ситуациите, можностите..., да имаш прави и искусни советници околу тебе, вклучувајќи и странски...
Сè заедно, меѓутоа, во прашање е врвна и недостижна американска хипокризија. Жртвата да се суди, а агресорот да ја ужива славата на победата! Апсурдот, навистина, го достигна својот максимум. Ни покажаа дека можат да ни прават што сакаат.

И филмските сценаристи би можеле да им позавидат на американските балканско-македонски планери.

56. Дека спомнатиот Хашки суд игра повеќе политичка отколку правна улога, ни потврди неговиот дански судија, Фредирик Хархов („Нè натераа да ги ослободиме Готовина и Маркач”, „Дневник”, 15 јуни 2013). Не дека тоа не беше јасно, но е сепак важно што потврдата доаѓа однатре. Во писмо упатено до неговите колеги во Судот како и на 40-ина други адреси, Хархов тврди: „Хашкиот суд не дели правда, туку спроведува политички одлуки”. Тој го обвинува претседателот на Судот, американскиот судија Теодор Мерон дека „вршел притисок кај другите судии во случаите на Готовина и Перишиќ”.

Според „Дневник”, во истиот текст, американскиот новинар Чак Судетиќ, кој за „Њујорк тајмс” известувал за војните во Југославија, за „Економист” изјавил: „Хитлер веројатно би бил ослободен од секаква одговорност за холокаустот ако му се судело според стандардите кои сега ги применува Хашкиот трибунал”.

И сега, кога САД се мешаат околу обвинетите лица од Хрватска и Словенија, каде тие не беа сосема директно инволвирани во војните, како може да се однесуваат кон војната во 2001-та, која беше под нивни менаџмент? Можат ли своите партнери и извршители да ги дадат на суд? Исклучено. Во обзир доаѓаат само тие од спротивната страна, со што и војната добива сосема поинаков призвук и третман. Тие, со Албанците, се – „хуманитарци”, Македонците – злосторници.

VI - АНАЛИЗИТЕ НА ЧОСУДОВСКИ

1. Драгоцени податоци за војната од 2001-та, дава и Мишел Чосудовски (Michel Chossudovsky), во повеќе свои текстови објавени, главно, во текот на 2001-та. Сите се достапни на интернет. Во нив, без исклучок, тој аргументирано тврди и докажува дека војната ја водеа САД, а Македонија беше класична нивна жртва. Еден од најинтересните текстови е – „Macedonia: Washigton's military-inteligence ploy"; „Македонија: воено-разузнавачки потфат на Вашингтон"), објавен на 17 јуни 2001.

Чосудовски, кој е инаку познат аналитичар, во него се осврнува на чисто пропагандните навестувања за можна интервенција на НАТО за да ја „спаси" Македонија (негови се наводниците), од ОНА, за да констатира: „јасно е документирано дека терористите на ОНА, кои се директно поврзани со УЧК, се наоружани и тренирани од Вашингтон. Значи, зошто би интервенирале САД, под капата на НАТО, против армијата која ги застапува нивните интереси"? Тој оценува дека „САД ја користат УЧК да се бори против АРМ". Тврди дека „американските трупи во КФОР не се директно инволвирани, туку дека МПРИ (за која зборувавме претходно и која има договор со Пентагон) ги саветува УЧК и нивните застапници во Македонија – ОНА".

Според него, „воениот персонал на Косовскиот заштитен корпус (КЗК) се приклучил кон ОНА, а Г'зим Острени, кој бил началник на Генералштабот на КЗК и платен од ООН, бил назначен за 'втор командант' на ОНА". Платата од ООН не му ја прекинале веднаш, иако ја напуштил работата!

Чосудовски го опишува и долгото пријателство меѓу генералот Ричард Грифитс и командантот на УЧК, Агим Чеку.
Грифитс, кој е директор на програмата на МПРИ во Македонија, според Чосудовски, бил „'мостот меѓу двете армии', кој собира разузнавачки информации од АРМ кои потоа му ги пренесува на Агим Чеку и колегите од МПРИ

кои ја советуваат УЧК на Косово. Ја известува и централата на МПРИ во Вирџинија, која е во тесна врска со Пентагон".

Авторот потврдува дека во 2001-та, потфатот на МПРИ во Македонија бил координиран со уште една операција спонзорирана од ЦИА. За шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје бил поставен Роберт Фровик. Вели: „По инструкции од Вашингтон, Фровик успеа... да ја вклучи ОНА директно на македонската политичка сцена".

2. Улогата на Фровик во Македонија Чосудовски ја поврзува со идентичната улога која агентот на ЦИА, Вилијам Вокер, ја одиграл на Косово, исто така како шеф на Мисијата на ОБСЕ, во Приштина. Познато е дека тој инсцениираше апсолутно измислен мотив (оружен судир меѓу УЧК и српската војска претстави како масакр врз цивилно население) за да го овозможи бомбардирањето на Југославија.

Авторот заклучува дека „јавното мислење во Македонија сега знае дека и владата и АРМ соработуваат со непријателот, наречен – САД".

3. Чосудовски потврдува дека Фровик бил задолжен да воспостави врска меѓу политичките партии на Албанците во Македонија и тероритите на ОНА бидејќи ПДП и ДПА не беа во тек со настаните. Тоа е една од клучните потврди дека војната во 2001 е американски проект.

Во својот текст од 29 август 2001-та, Чосудовски напишал – „рамковниот договор... нема врска со 'мирот', тоа е документ на капитулација на суверена држава на непријателот...". За Џ. Пердју, кого странските медиуми го претставувале како „странски олеснувач",Чосудовски вели дека „неговиот воено-разузнавачки мандат е да обезбеди (преку притисок, застрашување и политички манипулации) потпишување на рамковниот договор".

Во другите текстови тој напишал:

- „сега е веќе целосно документирано дека Вашингтон е зад терористичките напади на Македонија. Додека државниот секртар, Колин Пауел, ја реафирмира американската одлучност за борба против тероризмот, американските воени советници се борат заедно со терористите на ОНА";

- „меѓу побунетите кои се повлекуваа (од Арачиново) имаше 17 'инструктори' на МПРИ";

- „кога терористите без победени (во Арачиново) и истакнаа бели знамиња, ОБСЕ и НАТО беа во паника и на македонските сили им наредија веднаш да ги запрат воените дејства";

- „ОБСЕ и КФОР влегоа во Арачиново и 'спасија' 500 терористи и заедно со нивното оружје ги однесоа во селото Радуша од каде тие сега повторно напаѓаат, убиваат цивили и вршат етничко чистење во неколку македонски села...";

- „македонските безбедносни сили тврдат дека 70% од опремата кои герилските борци ги земаа со себе (од Арачиново) се од американско производство, вклучувајќи и од софистицираната трета генерација апарати за ноќно користење";

- „НАТО ги транспортира терористите од едно место во друго и повторно ги наоружува, место да им го одзема оружјето";

- „во средината на март 2001-та, Пентагон дозволи испраќање на неколку беспилотни летала за да ја следат македонско-косовската граница. Има индикации дека информациите им ги испраќаат на американските советници на бунтовниците";

- „во селата населени со Македонци, во тетовскиот крај, етничкото чистење се вршело во присуство на американски воени лица, кои ги советувале командантите на терористите";

- „овој стравичен воено-разузнавачки потфат е возможен бидејќи претседателот на Македонија и дел од неговите соработници се американски марионети”;

- „британските специјални сили, кои ја тренираа УЧК во 1999, се одредени да го организираат предавањето на оружјето (на ОНА)”;

- „меѓу припадниците на ОНА има Албанци, доброволци од САД, со премолчена согласност на владата”;

- Меѓународната кризна група како и Хјуман рајтс воч (Human Rights Watch) работаат затскриено за НАТО и „се интегрален дел од воено-разузнавачкиот потфат” во Македонија. „Нивната задача е јавното мислење во земјата да се сврти против владата, а не против САД, НАТО или ММФ”...

Само десет проценти од ова што го пишува Чосудовски да е точно, веќе е доволно за да се сфати сè. Нам ни е добро познато дека сè што тој тврди е (скоро) апсолутна вистина. Сите негови текстови можат да се најдат на интернет под – „Chossudovsky on Macedonia”.

VII - ЗОШТО САД ГО ПРИФАТИЈА НАШЕТО УСТАВНО ИМЕ ВО 2004?

1. Малкумина кај нас, вклучувајќи ги и политичарите, знаат што, всушност, се случи во ноември 2004-та. Да потсетиме. Беше распишан референдум за да се спречи новата административна поделба, со која крајно непотребно се албанизираа Струга и Кичево и се воведуваше двојазичност на Скопје. А, со главниот град, во голем дел, двојазичноста (ќе) важи и за целата држава. Така, албанскиот јазик влезе во сите државни органи кои во огромен дел се сместени во Скопје, потоа преку јавните институции, клиники, агенции... кои тука функционираат, сè до големите фирми од услужните дејности, како што се телекомите...

1. 2. За да се постигне потребниот квантум од 20 насто припадници на албанскиот етникум во Скопје, на сосема неприроден начин, во градот без вклучени рурални општини, со повеќе села, со доминантно албанско население. Исто како што беше правено и со Струга и со Кичево... Место Скопје што повеќе да се „стегне", за да може забрзано да се урбанизира, за да стане вистинска метропола на независната држава, градот се провинцијализира на најлош можен начин.

2. Македонците, по лоша традиција, не чувствуваат поголема одговорност за референдуми и слични манифестации. Така, и најавениот, за да се спречи новата административна поделба, сè заедно, тешко ќе успееше. Особено што владејачката СДСМ го бојкотираше. САД, меѓутоа, беа загрижени дека тоа може да се случи и, така, да не успее планираната албанизација на делови од земјата. Со јасна намера да го минираат евентуалниот успех, во предвечерјето на референдумот, САД објавија дека го прифаќаат уставното име на државата! Следеше голема еуфорија, организирана од власта. Значи, еве, не грижете се, Америка е со нас! На сите, без исклучок, ни изгледаше дека тоа ќе биде силен импулс за земјата во спорот со името. Во првите моменти, никој не знаеше зошто САД го сторија тоа ниту дека признавањето е делумно – само за билатерална, меѓусебна комуникација. Со текот на времето, сè излезе на виделина.

2. 1. Неочекуваното, делумно американско прифаќање на историското и уставно име на државата веднаш доби третман на значаен исчекор во односите меѓу двете земји. За жал, тоа беше само првиот впечаток кој испадна целосно погрешен. Набргу се покажа дека овој потег нема никакво посебно значење за нас бидејќи, во основата, е добро искалкулиран. Се покажа дури и штетен за долгорчните македонски интереси. Шаховски речено, тоа беше привремена жртва на фигура, за конечна победа. Во прашање беше потег кој е дел од прецизна, добро осмислена, долгорочна американска политика, која упорно и одлучно се спроведува кон Македонија. Политика која ги игнорира фундаменталните интереси на македонскиот народ. Неповратно беа албанизирани Струга и Кичево, се воведе несоодветно широко користење на албанскиот јазик, а за возврат ништо суштинско не се доби.

3. Со прифаќањето на уставното име на државата само за билатерална комуникација, што САД го направија така гламурозно, тие само им се приклучија на скоро сите западни земји кај кои тоа веќе подолго време беше практика. Велика Британија (уште од 1999 година), Германија, Италија, Шведска, Австрија... па дури и Франција, веќе го користеа нашето уставно име за билатерални потреби. Сите тоа го направија премолчено, без никаква врева, веројатно свесни дека на земјата и` е направена голема неправда. Така, впрочем, ги избегнуваа и приговорите од Грција.

4. Атина реагираше жестоко, што само го зголемуваше задоволството во Скопје. Според информациите кои доаѓаа, таму имаше тежок шок. Денес, меѓутоа, со право можеме да претпоставиме, според фактите изложени и во текстов, дека сето тоа, во голем дел, беше – добра глума! Тешко е да се верува дека Вашингтон го презеде тој чекор без претходно да ја информира Атина? А сè заедно, тој потег на САД не и` нанесе никаква суштинска штета на Грција, освен краткотрајна, пропагандна. Ниту имаше, ниту има какви било сериозни последици врз понатамошната разврска на случајот, кои би биле неповолни за Атина. Напротив, тоа

доведе до пресврт во политиката на САД, а, преку нив, и на НАТО (и на ЕУ), во нејзина корист.

5. Референдумот пропадна, но планираната, неповратна и трајна албанизација – успеа. САД ги реализираа своите визии. Новата административна поделба на земјата е една од најголемите стратегиски грешки на современата македонска држава. Од друга страна, делумното прифаќање на името на земјата од страна на САД, не ни донесе никаква конкретна корист. Токму спротивното. По овој чин, всушност, Вашингтон го заостри односот кон Македонија. По три и нешто години, тоа особено дојде до израз на самитот на НАТО во Букурешт, во 2008-та, каде е направен комплетен пресврт во третманот на земјата. Целосно во корист на Грција. Таму, Македонија се соочи со блокада на патот кон НАТО и ЕУ и со уцена – прво да го промени сопственото име, а со тоа и идентитетот на сопствениот народ, па дури потоа да стане членка. Носител на таа политика се недвосмислено – САД. Во понатамошниот текст, тоа ќе биде детално аргументирано. Впрочем, Вашингтон е тој што од нас постојано бара да се прекрстиме.

6. По Букурешт, САД не само што отворено заговараат туку и жестоко притискаат да се промени името на државата. Нивниот амбасадор во Скопје, Рикер, тоа го бараше дури и преку медиумите! Во неговото интервју за „Дневник" („За идентитетот не се преговара", 8 јуни 2009), тој отворено ни порача: „Земјата треба да најде име за да почне да се движи кон натамошна целосна интеграција"! Ако не си најдеме име, според Рикер – нема интеграција! Дали во тоа има и уцена, нека ценат читателите.

Кога неговиот колега во Атина би се обидел слично да се однесува во интерес на Македонија, како тој во корист на Грција, веднаш би бил протеран, а односите со САД, ако веќе не би биле прекинати, сигурно би биле – замрзнати. Кај нас не е така. Македонија – и сè е можно.

7. Важен момент на американската политика кон Македонија е фактот што инсистираат да се договориме со Грција со

нагласка дека тие ќе го почитуваат постигнатото. Отворено стават на знаење дека ќе го користат новото име, доколку успеат да нè прекрстат. Ефектното (делумно) прифаќање на името, од 2004 година, ќе отиде во историјата додека албанизираните делови на Македонија ќе ни останат за спомен. Ќе нè потсеќаат на американската реалполитика кон Македонија и нашето слепило тоа да го согледаме.

Народот вели фрли рипче за да фатиш крапче.

8. Врвен американски дипломат, од амбасадата во Скопје (во 2010 година), откако му беше нагласено дека името на Македонија го прифатија за да не успее референдумот и да се албанизираат делови од земјата, реагираше потврдно, без никакво двоумење. Одговорот беше неочекувано директен и искрен. Рече – да, тогаш имавме аргумент во рака и ја постигнавме целта. И праша – што сега да сториме, што да ви понудиме, за да прифатите ново име!?!

Нивниот прагматизам, навистина, нема граници. Се перчат кога ни се обраќаат со Македонија и Македонци, а паралелно прават сè за да нè прекрстат и го чекаат новото име за целосно да го користат.
Дали мислел на нив Григор Прличев, кога напишал – лицем светци, срцем волци?

VIII - ПРИВРЕМЕНАТА СПОГОДБА, САМИТОТ НА НАТО ВО БУКУРЕШТ И ХАШКАТА ПРЕСУДА

А. ПРИВРЕМЕНАТА СПОГОДБА

1. Привремената спогодба (ПС), која ја потпишаа Македонија и Грција, на 13 септември 1995 година, не е обврска произлезена од резолуцијата на Советот за безбедност (СБ), со која Македонија е условено примена во ООН. Меѓу нив нема никаква легална, туку само функционална врска. Со ПС, всушност, позицијата на Македонија во спорот значајно се девалвира. Речникот во неа излегува од рамките користени во документите на ООН и е многу полош за Македонија.

Ако се знае дека ПС е иницијатива на САД, не треба да нѐ изненадуваат сите формулации во неа кои се на наша долгорочна штета.

1.1. ПС е реализирана со активно учество на тогашниот медијатор, Сајрус Венс и е логичен сегмент од мозаикот на долгорочната политика на Вашингтон кон Македонија, која овде се обидуваме да ја структурираме. Беше потпишана со директен ангажман на дипломатот булдожер – Холбрук. Што би барал тој таму, нели, ако зад целиот проблем со името, не стоеја – САД? Тој, сигурно не се вмешал на инсистирање на генсекот на ООН.

Спогодбата, и особено начинот на кој е постигната, е уште една кристална потврда дека токму Вашингтон ги менаџира и проблемот, и посредувањето. Не треба да има ниту дилеми дека спогодбата ја подготвиле и во координација со Атина.

2. ПС е документ со широк дијапазон, смислен за реализација на прецизно одредени цели. Дел од важните намери, содржани во него, објаснети се под точките 12. 3. и 12.4, во делот III – „САД ни го оспорија името во ООН...”, под Г. – „Договор со Грција не само што не е можен...”

Прво, таа е резултат на потребата односите меѓу Македонија и Грција да се средат и да се овозможи нивна нормална комуникација. Се наметна, веројатно, како резултат на покажаната „издржливост" на Македонија.

Второ, со неа се решени прашања од интерес на двете страни, иако е нагласено во корист на Грција. Не треба да биде спорно дека и Македонија, покрај штетите, имаше и одредена корист од неа (признавање на државата...)

Трето, сериозна негативна последица за Македонија беше фактот дека со ПС официјално се прифати дека името е проблем. Се потпиша документ во кој државата е безимена. Таа се нарекува „втора страна". Точно е дека и за Грција е користена истата формула – таа е „прва страна", но за неа тоа нема никакво пошироко значење бидејќи името никој не и го оспорува.

Четврто, се создаде нов квалитет кој не беше постигнат, ниту беше можен, во ООН. Со потписот, иако имплицитно, ја легализиравме тамошната (нелегална) процедура и резолуција со кои се оспори името на државата.

Петто, ратификацијата на ПС во нашето Собранието е крајно непотребна грешка која носи дури и стратегиски карактер. Таква обврска не беше предвидена во Спогодбата и Грција, сосема правилно, така не постапи. ПС стапуваше во сила месец дена по потпишувањето и со тоа процедурата завршуваше. Со ратификацијата, Македонија и` даде непотребно значење на ПС, а проблемот со името доби и државна димензија. Официјално, на највисоко ниво, прифативме документ кој ја влошува позицијата на земјата во спорот.

Шесто, во член 5 на ПС е наведено: „Страните се согласуваат да ги продолжат преговорите под покровителство...". Тој дел е бесмислен бидејќи нешто што го немало не може да продолжи, а преговори немаше ниту можеше да има. Преку тоа, ПС директно ја деградира позицијата на Македонија во спорот. Се прифати дека името на државата е предмет на

преговори, а таква обврска немаше, ниту можеше да има во резолуциите на СБ. Никој никому не може да му наложи да преговара за сопственото име. Најмалку на суверена држава.

По неколку години, во интервју, претседателот Глигоров ја информира јавноста дека терминот „преговори" во ПС бил прифатен на жестоко инсистирање на грчката страна и со уцена дека без тоа нема спогодба! Тоа, секако, не ја намалува нашата грешка, но дава повеќе светло врз „игрите" кои се воделе во таа пригода. Дека ние бевме далеку од нивото на кое тие се случуваа, постојат и лични сеќавања. А, на чија страна биле, и за кого навивале Холбрук и другите, не мора да се истражува.

Седмо, во ПС исто така се користи и терминот „разлики", додека во документите на СБ се зборува за „разлика" околу името на државата. Нормално е дека множината подразбира и други нешта, а не само името (еднина).

Осмо, со член 21, Македонија се откажува дури и од можноста да оди на Суд! Таму да ја бара правдата. Нè обврзаа да не поднесуваме апликација во Хаг, за да не ја доведеме во прашање (не) легалноста на резолуциите на СБ на ООН, со кои земјата беше примена во светската организација, со флагрантно кршење не нејзината Повелба (Устав)! Затоа, сите залагања проблемот да го вратиме во ООН, прекинувајќи ја медијацијата на Нимиц, што подразбира и вклучување на Судот во Хаг, е можно само година дена откако ќе се повлечеме од ПС! Толку е отказниот рок.

Деветто, со член 23, Македонија прифати со Грција да потпише и „дефинитивен договор", што нè става во крајно неповолна позиција. Најверојатно, тоа беше една од главните американски цели во подготовките на ПС – спорот да се врати во билатерални води бидејќи, така, максимално се намалува маневарскиот простор на Македонија. САД одлично знаат дека ние со Грција никогаш нема да се договориме. Со овој потег тие во голема мера и` ги врзаа рацете на Македонија, во барањето успешен расплет.

Впрочем, ако веќе треба да се потпишува „траен договор", тој мора да ги опфати сите отворени прашања меѓу двете земји, а не само името. Без тоа би направиле нова стратегиска и тешка, непростива политичка грешка. Тоа значи дека со тој договор мора да се регулира и положбата на македонското малцинство во Грција; и враќањето на протераните Македонци (не Грци по род...); и нивните имоти...

Дали е такво нешто возможно, нека цени секој сам.

Десетто, проблемот со името е интернационализиран од самиот почеток и така треба и мора да се третира до крај. Македонија беше осакатена од страна на СБ на ООН, не од Атина. Таму мора да се бара и поправањето на грешката или, барем, формула за излез која би била достоинствена за Македонија. Секоја друга финализација би била на сметка на македонските интереси.

Единаесетто, имајќи предвид дека решението треба да се бара во СБ на ООН, нашата дипломатија мора да води перманентна офанзива, прво кон Русија и Кина, а потоа и кон Велика Британија, како негови постојани членки и земји кои можат да имаат понагласено разбирање за нашите најлегални аспирации. Франција е тесно врзана со Грција и во Париз тешко дека може нешто да се постигне, меѓутоа и таа мора постојано да биде директно информирана за нашите ставови и потези. Без никаков сомнеж, САД се клучот за проблемот и негов менаџер. Затоа, кај нив мора да се бара прво разбирање за нашите политики, а потоа, со текот на времето, и евентуална поддршка. Тие се единствените кои можат да направат пресврт што, засега, изгледа – нереално.

Дванаесетто, новиот речник, кој се користи во ПС ја открива целта на САД да се стесни маневарскиот простор на Македонија. Тоа е конкретизација на политиката чекор по чекор, на постепено урнисување на сè македонско, која непрекинато се спроведува од почетокот на 1990-те години.

3. Околу мотивите за подготовка на самата ПС, и тајмингот, може да се развијат повеќе тези.

3. 1. Првата, многу реална претпоставка е дека ваква спогодба не беше подготвена порано бидејќи се чекаше грчката блокада на границата до крај да ја истошти македонската економија и земјата да колабира. Има јасни индикатори дека и САД, не само Самарас и Грција, очекуваа дека Македонија нема да опстои. Зошто, инаку, блокадите на нашите граници, и од север (поради санкциите врз Србија), и од југ, премолчено толку долго се толерираа, а дневните штети врз македонското стопанство без огромни, неизмерливи? Или, зошто признавањето на државата, без никаква јавна причина, Вашингтон го одолжуваше со години?... Времето минуваше и, по четири години од распадот на Југославија, издржливоста на Македонија не беше доведена во прашање. Тоа, веројатно, сигнализираше дека треба да се бараат други форми за нејзино урнисување. Првиот чекор беше токму ПС.

3. 2. Втората евентуалност е дека доколку и понатаму немаше билатерална спогодба, односите меѓу двете земји постојано ќе беа затегнати, без минимален дијалог или соработка. Границата ќе останеше блокирана, Грција немаше да ја признае државата и спорот ќе ескалираше... До израз ќе дојдеше безбедносниот ризик, што ќе наметнеше потреба од итно решавање. Тоа, само по себе, ќе ја доведеше во опасност главната цел – затворање на „македонското прашање", што не можеше набрзина да се постигне. Во таков случај, поради војните во соседството, кои штотуку привршуваа, немаше реални услови Македонија ниту веднаш да биде распарчена, ниту да биде прекрстена со сила. Така, веројатниот заклучок бил – Македонците се покажаа жилави и, за да се стигне до целта, потребни се преодни фази и етапи. Преку нив да се создаваат поволни услови за да успее прекрстувачкиот поход.

Чекорите кои следеа го потврдуваат тоа. Токму во тие рамки може да се гледаат: а) декларацијата за пријателство и соработка со Бугарија, од 1999 година (кога е со американско

инволвирање, но и со наша согласност оспорена самобитноста на македонскиот јазик), б) војната од 2001-та (кога е направен обид за распарчување на државата и, кога во тоа не се успеа, таа е рекомпонирана на недозволив начин), в) прифаќање на името од страна на САД во 2004-та (за да се албанизираат делови од земјата), г) блокадата за членство во НАТО, во Букурешт (кога земјата е официјално уценета да го промени името ако сака членство)...

4. Нацртот на спогодбата – беше американски. Финалниот текст е, горе-долу, во однос 3:1 за Грција, иако додатните негативни импликации за Македонија, се повеќеслојни и немерливи. Членовите 5, 6, 7, 21 и 23 се целосно грчки интерес додека за Македонија се членовите 1 и 11. Сите други, помалку или повеќе, важни се и за двете страни, иако со видливи прогрчки погодности. Клучни придобивки за Македонија беа а) грчкото признавање на државата (член 1) и б) нејзината обврска да не ја блокира земјата во интегративните меѓународни процеси (11), што Атина не го реализира до крај. Важно е и што ПС го овозможи прекинувањето на двегодишната илегална блокада на границата. Всушност, блокадата беше најсилниот американски аргумент, по секоја цена да се потпише спогодбата. Беше јасно дека, секојдневно, земјата трпеше огромни штети. Веројатно, затоа и толку траеше блокадата на границата: за максимално да се ослаби Македонија.

4. 1. Сепак, треба да се нагласи и дека, благодарение токму на ПС, денес ја имаме извонредната Хашка пресуда, како наш најсилен аргумент во спорот.

5. Наша голема придобивка е и фактот што по нејзиното потпишување, некако нè оставија на мир и времето неколку години работеше за Македонија. Следеа бројни признавања под уставното и историско име и меѓународната позиција на земјата постојано зајакнуваше. Скоро две третини од државите ја признаа Македонија како таква. Според населението, веројатно и цели четири петтини од светот. Грција и нејзините партнери го губеа тлото под нозете.

5. 1. Времето си течеше и Македонија полека закрепнуваше. Нејзиното стабилизирање и просперитет, колку и да беа тие релативни, очигледно, не им одговараа на некои меѓународни фактори. Кои, ценете сами. Така беше сè до 2001-та.

5. 2. Од денешен аспект (2013), слободно може да се оцени дека, покрај реализацијата на големоалбанскиот проект, војната од 2001-та стави крај и на позитивните процеси низ кои врвеше Македонија. Плановите, на главниот светски фактор, никако не се реализираа и нормално беше да се преземат соодветни мерки. Како изгледа, во Вашингтон заѕвонил алармот. Така, на почетокот на 2001-та, со вооружена агресија од Косово, започна целосниот пресврт во третирањето на Македонија. Тој ќе се финализира на самитот на НАТО, во Букурешт, во 2008. Целта беше земјата да добие по нос, за да сфати дека не може да ги игнорира интересите на главниот.

5. 3. САД не само што го стопираа прогресот на Македонија туку и ја вратија земјата назад. Без директна сопствена вина беа претрпени огромни штети во секој поглед. Од политички, преку економски, до меѓуетнички.

Судејќи по сè, стратегиските планери во САД сфатија дека со влез во НАТО позицијата на Македонија несразмерно ќе зајакне и, во тие рамки, практично ќе биде невозможно таа да се прекрстува, а народот да се обезличува. И таа ќе биде внатре, што би рекол поранешниот генсек на НАТО. Не надвор, како црнците некогаш во Америка.

5. 4. Со други зборови, тоа значеше дека обврската на Грција, за неблокирање на приемот на Македонија во НАТО станува сериозна пречка за реализација на американските планови за земјата и регионот. Единствен излез беше игнорирање на (тој дел од) ПС. И тоа се случи.

6. Дека такви биле анализите во Вашингтон, а не во Атина, директно потврдува интервјуто на посредникот Нимиц, дадено за радиото Гласот на Америка („Дневник”, 3 март

2008, „Спогодбата заврши, сега ни треба нов договор”). Тогаш, тој рече: „Беа направени компромиси тоа време, но Спогодбата (привремена) заврши. Сега говориме за нов договор и луѓето треба да погледнат што може сега да се направи...”. Значи, месец дена пред самитот во Букурешт, Нимиц ни најави дека ПС веќе не важи, а со тоа и обврската на Грција за непопречување! Така, се отвори патот за блокада на приемот на Македонија во НАТО.

6. 1. Во тоа интервју, за прв пат јавно, Нимиц името го стави во историски контекст. Рече дека „’македонското прашање’ можеби е присутно стотина години”! Силен е впечатокот дека тој, или не сакајќи, а зошто да не и намерно, ги откри и суштината на проблемот и крајната цел. Поврзувајќи го името со „македонското прашање”, Нимиц, всушност, ни порача дека тој работи не негово – затворање! Дека во него е клучот.

6. 2. Има ли подобар доказ од овој дека целата оваа гунгула е за и околу Македонците, а не за името на државата? Зошто, инаку, би се спомнувало „македонското прашање”, кое е многу постаро од името на државата? Кога тоа беше актуелно, македонска држава – немаше. Функционалната врска меѓу „македонското прашање” и името на државата е – негирање на постоењето на Македонците како посебен народ.

6. 3. Од кого, ако не од Вашингтон, Нимиц бил задолжен да (ни) ја упати горната порака? Оваа изјава е сериозна потврда дека тој работи исклучиво по инструкции на Стејт департментот, а не на ООН. Зошто, инаку, тој би излегувал со став дека ПС повеќе не важи? ООН немаат врска со Привремената спогодба, која е билатерален договор. Зошто Светската организација, а уште помалку процесот на медијација на Нимиц, би имале каков било интерес да престане нејзината важност? Нимиц, според неговиот мандат, нема врска со ПС, а тоа значи и никакво овластување за таква оценка...

(Впрочем, со „укинување" на ПС, без сомнение би се заостриле односите меѓу Македонија и Грција бидејќи нема никакви услови за нов договор. Така, барањето на решение би станало уште потешка, донкихотовска задача. Тоа би било на штета и на самиот Нимиц при извршувањето на неговата функција, во име на ООН).

6. 4. На Нимиц треба да му бидеме благодарни. Ни даде драгоцена изворна информација, иако малку шифрирана, за суштината и заднината на односот на САД кон Македонија. Настаните кои ќе следат повеќекратно тоа го потврдија. Тој можел да ја даде изјавата само за нечии потреби. Чии? Јасно е. Друг кандидат, освен САД, едноставно – нема. Според мозаикот на нивната дотогашна политика, тие имаат конкретен интерес Македонија да не биде примена во НАТО, пред да се реши проблемот со името.

6. 5. Сè до оваа изјава на Нимиц, барем јавно, САД не се експонираа нагласено околу прекрстувањето на земјата и народот. Од Букурешт 2008-та тие се главни заговорници Македонија да го промени името. Тоа отворено го бараат и јасно порачуваат дека, штом двете страни ќе се договорат, тие веднаш ќе го користат – новото име!

Б. САМИТОТ НА НАТО ВО БУКУРЕШТ

7. На самитот на НАТО во Букурешт, од 2 до 4 април 2008-та, Македонија мораше регуларно да биде примена за членка, со референцијата. Тоа беше нормално да се очекува, бидејќи постоеја гаранциите од ПС за непопречување, а сите членки, вклучувајќи ја и Грција, имаа потврдено дека Македонија ги исполнила потребните критериуми.

7. 1. Место тоа, направен беше целосен, неприфатлив политички пресврт. Со највисока доза на сигурност може да се тврди дека, токму по диктат на САД, НАТО формулира нова политика, осмислена за да се спречи приемот на Македонија, пред да се обезличи македонскиот народ. Тоа, впрочем, во име на Вашингтон, го најави Нимиц во споменатото интервју за Гласот на Америка. И така, преку

уцената – прво името, потоа членство, вратите за прием на Македонија во НАТО, а со тоа и во ЕУ, во Букурешт беа ширум – затворени.

7. 2. На самитот, на флагрантен начин беше прекршена обврската на Атина да не се попречува приемот на Македонија во Алијансата. Не само од страна на Грција. Таа, всушност, доби поддршка од сите членки за игнорирање на ПС, која е меѓународен правен документ, депониран во ООН. Со тоа, самитот им донесе пораз и срам и на НАТО и на неговите предводници, и на сите членки, без исклучок. Македонија остана колатерална штета. Таа ги плаќа последиците на нивните скриени интереси, манипулации, двојни аршини, непринципиелност, недоследност... и, да не забораваме – силеџиско непочитување на меѓународниот правен поредок. Правото и правдата беа грубо силувани. Ако тоа се нарекува демократија, тогаш што не е?

Иако Грција најмногу профитира, како што ќе видиме и подолу, таа нема поголема заслуга за пресвртот.

8. Како и сите други членки во Алијансата, Грција може да игра на солидарноста, да користи процедурални можности, да бара поддршка или да употреби вето. Но не е реално да и` се припишува дека може да одлучува и наметнува решение околу едно важно прашање какво, за жал, испаѓа нашето име. Таа не може да формулира или да диктира нова политика. Таква не се гради поради солидарност со некого, туку само врз дефинирани интереси. Улогата на солидарноста е мошне ограничена во тој поглед. Таа може да попречува спроведување некаква политика, да прави исклучоци, но не и да создава нова.

9. Доколку во Букурешт, на пример, Грција навистина беше главна пречка за приемот на Македонија, тоа, во најмала рака, не ќе беше доволно за промена и на политиката на Алијансата во трајна блокада плус уцена. Немаше да има услови да се формулира ултиматумот – прво името, потоа членство. Нејзината улога ќе завршеше со одбивањето на Македонија, но без нови, непремостливи последици за неа.

Толкав може да биде максималниот дострел на Атина. Во Букурешт, вето – немаше. За да се избегне директната грчка блокада, сите застанаа зад новата политика.

Грција, и покрај тоа, сепак, сериозно ја прекрши ПС бидејќи беше дел од консензусот. Без неа, тој не беше можен и патот на Македонија во НАТО – ќе беше слободен. Атина, пак, го попречи нашиот прием, иако индиректно.

10. Освен САД, во НАТО нема друга земја која би можела да диктира нова политика. Доколку во Вашингтон, на пример, имаше и најмало двоумење дека новата политика може да биде неадекватна, нецелесообразна, спорна... некоректна за Македонија... таа немаше шанса да помине. Или, доколку САД имаа и минимално различен став од прифатениот: резултатот ќе беше – сосема поинаков. Барем поблаг. Ако Вашингтон сметал дека Македонија треба да се прими со референцијата, односно се залагал за почитување на Привремената спогодба, нова политика немаше да има и земјата ќе станеше членка. Впрочем, генерално гледано, одговорноста која ја носи САД за сите одлуки на Алијансата е, најверојатно, макар – 30-ина проценти. Конретниов случај не е исклучок. Напротив. Овој пат американската улога беше несомнено – доминантна. Скоро стопроцентна. Иако поддршката која ја имаа од Франција, Германија... не смее да се потцени.

11. Самитот во Букурешт, по многу нешта, решавањето на проблемот со името го префрли од Њујорк во Брисел. Главниот мост меѓу овие два главни светски центри, беше и останува – Вашингтон. Со новата политика кон Македонија, Алијансата ги надмина сопствените надлежностите и нелегално се вмеша во процесот што се води под капата на Светската организација. НАТО воспостави и нови норми, надвор од рамките кои ги пропиша СБ, што не кореспондира со обврските кои Македонија премолчано ги презеде во ООН. Во нив, на пример, никаде не се прејудицира решение ниту експлицитно се бара Македонија да го промени своето име. Никој, па и НАТО, нема право да постави такво барање, особено не со уцена (прво името, потоа членство).

11. 1. Во Букурешт и Нимиц доби нова улога. Оттогаш, тој работи за потребите на Брисел, се разбира, во режија на – Вашингтон. Тоа особено дојде до израз пред крајот на 2012, и почетокот на 2013 година, кога се актуализираше нужноста од одредување на датум за преговори за членство на Македонија во ЕУ. По подолга пауза, тој беше реактивиран за потребите на Унијата. Нимиц цело време ги спроведува политиките на САД, не на ООН, но сега е тоа – полесно видливо.

11. 2. Оперативното префрлање на проблемот, од Њујорк во Брисел, беше направено поради неспорни прагматични потреби. Додека Нимиц и ООН немаа алатки за некаков притисок врз Македонија, НАТО и ЕУ не само што ги имаат туку и веднаш ги употребија. Започнаа со паралелно користење на сила (блокада, ултиматум...), што е тешка узурпација на универзалното право на секоја држава да се именува како што сака. Никој нема право да бара прекрстување на суверена држава, особено како услов за прием. Тоа е јавно омаловажување на кандидатот.

12. Силни се индикаторите според кои самитот на НАТО во Букурешт е почеток на финалната фаза за затворање на „македонското прашање". Како што, впрочем, на свој начин, тоа ни го најави и Нимиц, во интервјуто за „Гласот на Америка" – потребен е нов договор со Грција, кој е – недостижен. Воопшто не е случајно, што токму од тогаш е во тек жестока офанзива, во која се користат сите расположливи можности, вклучувајќи и брутално користење сила, за Македонија да капитулира.

13. Има еден момент кој заслужува внимание бидејќи не се вклопува многу во односот на САД кон Македонија сите овие години. На прес-конференција, посветена на тукушто завршениот самит во Букурешт, на 8 април 2008, Даниел Фрид, помошник-државен секретар на САД, на провокации на грчки новинари („За САД, Македонците се факт", Дневник, 9 април 2008) одговорил: „не мислам дека македонскиот јазик е таканаречен. Македонскиот јазик

постои. Постојат Македонци. Како што знаете, во Стејт департментот се изучува македонскиот јазик”! И продолжил: „секако постои и историска македонска провинција, која е нешто различно од државата... Јасно е дека Владата на Македонија нема претензии. Ние ја признаваме разликата меѓу историската територија Македонија, која е секако поголема од државата...”.

13. 1. Веднаш реагираше МНР, Бакојани, која од Атина порача дека „такви изјави не помагаат за решавање на спорните проблеми меѓу Атина и Скопје” и додаде: „Атина нема да биде вовлечена во таков вид дискусии”.

13. 2. Македонија остана глува на овој драгоцен став на Вашингтон. Тој воопшто не се капитализира, а мораше. Оттогаш, нема ни приближни американски изјави со кои би се поддржале македонскиот народ, јазик... Од нивна страна, следеа само залажувања дека се „разговарало” за името, а не за идентитетот! Поголема измама од тоа – здравје.

Постојано повторуваат и дека го поддржуваат нашето членство во НАТО, но не нагласуваат дека е тоа под неприфатливи услови, прво да се прекрстиме, значи – без ‘рбет. Како да сме некаква амеба. А нашите политичари, не само што молчат на овие блефови туку јавно се заблагодаруваат за американската поддршка!? Исто е и со новинарите: никој не ги прашал американските претставници – а под кои услови нѐ поддржувате?

13. 3. Пораките на Фрид останаа неодгатнати. Тој беше долгогодишен дипломат, од 1977-та, кој вршел високи функции. Во Стејт департментот останал до 15 мај 2009, значи неколку месеци по инаугурацијата на новиот претседател, Барак Обама. Ни останува да размислуваме кои биле причините за неговите извонредни горни изјави, па дури и да претпоставуваме дали напуштањето на дипломатијата било поврзано, можеби со – нив?!?

В. ЗОШТО ПОДДРШКАТА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БУШ НЕ БЕШЕ ДОВОЛНА?

14. За да не останат дилеми околу реалноста на изнесените проценки, мора да се објасни и епизодата со претседателот Буш. На самитот во Букурешт, тој имаше лична амбиција мандатот да го заврши со стабилизација на јужното крило на НАТО, преку приемот на Албанија, Македонија и Хрватска. Неговата изјава дека трите земји ќе бидат примени беше демантирана за помалку од 24 часа. Тешко дека со такво нешто се соочил кој било друг американски претседател? Во случајов, очигледно, администрацијата веќе не го споделувала неговиот личен интерес, а рециклираните планови за Македонија, кои биле во меѓувреме направени, не дозволуваа нејзино членство во Алијансата, дури и со референцијата. Така, ќе пропаднеа намерите за прекрстување или, макар, ќе беа минимизирани. А тоа, не смееше да се дозволи.

Бирократијата остана, а претседателот замина во историјата. Во секој случај, Буш ја заслужува нашата почит и треба да се најде начин да му се оддолжиме.

15. Според непотврдени информации од турски извори, вечерта пред самитот, Буш се сретнал со турскиот претседател, Ѓул, од кого барал да не постават услов – или трите заедно, во јато во НАТО, како помпезно се најавуваше, или никој. Се шпекулираше дека Турција би можела така да ја поддржи Македонија, а Буш не сакал да ризикува самитот да доживее тотален неуспех, без прием на нови членки. Анкара, и покрај неспорните заложби за членство на Македонија, очигледно не била спремна да се конфронтира со единствената суперсила. А, кој би бил?

16. Фактот дека Турција не се експонира во нагласена поддршка на Македонија, во Букурешт, е нова силна потврда дека зад целиот случај стојат САД, а не Грција. Ако беше Атина носител на блокадата и новата политика, Анкара сигурно жестоко ќе се спротивставеше и ќе направеше сè

Македонија да стане членка. Или, барем, ќе се спротивставеше на новата политика на блокада и уцена. Ама, бидејќи САД беа во прашање и турските можности, капацитети и, што е најважно, нивната политичка спремност да им се спротивстават – биле мали. Залакот бил преголем и за нив.

16. 1. Според одредени сознанија, од извори кои заслужуваат врвна почит, Македонија не побарала официјално од Турција да игра на картата – или трите кандидати заедно или никој во НАТО. Ако е тоа точно, направена е сериозна грешка. Така мораше да се постапи, а дали Анкара ќе беше спремна на таков чекор, ќе беше нивна одлука. И, дали тоа ќе успееше е друго прашање. Нашата иницијатива, бездруго, максимално ќе ги обврзеше да се ангажираат во наша корист.

17. Кај нас имаше оценки дека Владата, која беше во кохабитација со претседателот на државата, Црвенковски, не изигра добро во Букурешт. Дека го оставила Буш на цедило, не давајќи му шанса да ни помогне бидејќи не излегла со јасен став по последниот предлог на Нимиц („Република Македонија – Скопје"). Овие обвинувања се бесмислени бидејќи се работеше за „висока политика" каде Македонија немаша своја улога. Таа беше само предмет на кој се реализираа туѓи замисли, планови и интереси. Што и да одиграvме, и како да се поставевме, крајот ќе беше ист. Предлогот на Нимиц беше неприфатлив за Атина, а САД не дозволуваа прием со референцијата. Нашите претставници беа немоќни што било да променат. Неприфатливите одлуки беа претходно донесени.

17. 1. Во Букурешт, всушност, се реализира нова, повисока фаза на политиките со кои се спречува целосното интегрирање на Македонија во меѓународната заедница. При приемот во ООН, Македонија беше организирано осакатена. Нелегално и` се суспендира името и и` беше наметната референција, со цел да се прекрстат државата и народот. Откако тоа не даде резултат, во Букурешт е направен сериозен исчекор – во игра е уфрлен аргументот на силата (блокада, уцена...) за да се постигне целта. Тоа го прават

истите земји кои во ООН ја обесправија земјата, а сега сакаат да ја дотолчат. И во двата случаја Македонија беше жртва на прикриена политика, без право на глас. Се разбира, тоа се реализираше според врвните „демократски" стандарди на Вашингтон и Брисел – со игнорирање на сите релевантни меѓународни документи, принципи, процедури, правила...

Првиот пат, во 1993, во Њујорк, „жртва" на нивните злоупотреби беше Повелбата (Уставот) на Светската организација. Си ја игнорираа Повелбата само за да ја обезличат Македонија.

Сега, во Букурешт, во 2008, на самитот на НАТО, „курбан" отиде Привремената спогодба, меѓународен договор депониран во ООН и постигнат токму со помош на САД. Тие го подготвија текстот на договорот кој сега не го есапат, бидејќи е поволен за Македонија.

17. 2. Покрај Македонија, колатерална жртва во Букурешт беше и претседателот Буш, кој остана до крај коректен кон Македонија. Неговата покана за постсамитска средба со Црвенковски и Груевски, во Загреб, како и меморандумот за безбедносна соработка, кој подоцна во Вашингтон го потпишаа министрите за надворешни работи, се најдобра потврда дека нашите лидери таму не направија погрешни потези. Тие негови гестови се врвни признанија за Македонија. Добивме „утешни" награди.

Г. ХАШКАТА ПРЕСУДА

18. По сериозното прекршување на ПС, на самитот во Букурешт, и нелегалното попречување на нејзиниот прием, Македонија отвори апликација пред судот во Хаг. Доколку така не постапеше, земјата ќе манифестираше не само крајна неодговорност туку и аполитичност, накадарност и недоветност. Судот, пак, на големо изненадување, и сосема неочекувано, едногласно донесе пресуда која е апсолутно во корист на Македонија. Во пресудата, меѓу другото, е јасно прецизирано дека со попречувањето на приемот на Македонија во НАТО, Грција ја прекрши ПС.

18. 1. Пресудата, формално, не промени ништо. Прво, Вашингтон, следен од Брисел, жестоко се спротивстави на иницирањето на постапката пред Судот. Потоа – целосно ја игнорираат пресудата. Тоа, сепак, не го намалува нејзиното значење. Таа е најсилното оружје на Македонија во спорот. Од друга страна, и покрај одбивањето да ја прифатат, пресудата крајно сериозно им тежи и на Вашингтон и на Брисел. Со неа, по втор пат, тие се најдоа на тенок мраз. По аранжирањето на нелегалниот прием на Македонија во ООН, тие повторно грубо го прекршуваат меѓународниот правен поредок.

18. 2. „Дневник", од 10 април 2013 („Српското да се биде или не"), пишува: „Груевски зборуваше за крупни несогласувања и конфликт со еден значаен амбасадор кој бил лут што премиерот не ја прифатил неговата препорака да не ја поднесе тужбата во Хаг". Апсолутно е сигурно дека тоа бил Американецот Филип Рикер. Не треба да има ниту сомнеж дека се работело и за нешто повеќе од „препорака". Нејзиното одбивање, пак, знаејќи како се однесуваше Рикер во земјава, сигурно предизвикало – неконтролиран бес.

18. 3. Со односот кон нашите намери да одиме на суд во Хаг и, особено, со третманот на пресудата, Вашингтон до крај ги отвори картите. Дефинитивно се потврди дека противникот од другата страна не ни е Грција, туку се интересите на САД. Се виде дека Вашингтон – а) има скриени намери кон Македонија, б) не прифаќа ништо што не се вклопува во нив и в) не само што го менаџира туку и целосно го контролира проблемот со името. Јасно се виде нивната цврста одлучност да ја постигнат целта, да ги разнебитат Македонците, бидејќи не се колебаат пред никакви пречки. Било да е во прашање кршење на Повелбата (Уставот) на ООН, игнорирање на пресудата од Хаг, на највисоката светска правна институција или нешто трето. Како што е непочитување на членот 11 од ПС. Зошто, инаку, САД би биле против Хаг и би ја игнорирале неговата пресуда во наша корист?

18. 4. Погледнато од друг агол, зар некој може да поверува дека САД толку силно се експонираа во одвраќањето да се оди во Хаг и потоа, откако Македонија блескаво победи, да ја игнорираат пресудата – само поради Грција? Зошто, на пример, тие упорно ни објаснуваа, а не Атина, дека не е нивна практика проблемите да се решаваат на суд, туку требало преку дијалог? Всушност, каков дијалог е можен со некој што не почитува ниту преземени договорни обврски, ниту пресуди на Хашкиот трибунал? Или, каков муабет може да се прави со некој што не прифаќа дека вековно постоиш како соседен, посебен народ?

19. И оваа епизода потврди дека американските политики во и околу Македонија не кореспондираат со правото и принципите, бидејќи се работи за нивни сериозни регионални консидерации, кои се дијаметрално спротивни на македонските интереси. Ако намерите на САД не беа калкулантски и непријателски кон Македонија, не би имало никаква логика тие да се противат на одењето во Хаг, а уште помалку да ја негираат пресудата. А ако проблемот беа некакви обврски кон Грција, што нема никаква основа, Хаг беше можност елегантно да се извлечат и да кажат – простете, но Судот и правдата мораат да се почитуваат.

20. Впрочем, зошто САД (и не само тие) проблемот го квалификуваат како „политички”? Точно за да можат да користат сила во неговото решавање. А проблемите добиваат „политичка” димензија само во случаите кога главните – не се во право! Политичките проблеми, нели, се решаваат со сила – било воена, било со револуции, било преку диктатура, со државен удар, со бомбардирање... Така е бидејќи во светот, да не се залажуваме, сè уште владее и доминира аргументот на силата. Случајот со името на Македонија е извонредна потврда за тоа. Демократијата, дипломатијата и сличните марифети се само за наивните и важат сè додека се во служба на големите и силните. Во моментот кога ним не им користат, тие веќе немаат улога. Ако одлучуваат правото и правдата, сите ќе бевме еднакви, но не сме. Тоа е неспорен факт. Посилните или побогатите се „поеднакви” од другите. Така било и пред 100 години, така е и сега, така ќе биде уште

долго. Нема никаква разлика дали е во прашање ортодоксниот социјализам, едноумието, капитализмот или... Клучните општествени постулати се идентични кај сите. Кај едните доминира – власта, кај другите – капиталот... За обичниот граѓанин, резултатот е во добра мера ист: нерамноправност.

21. Експресното игнорирање на хашката пресуда од страна на НАТО даде уште еден силен доказ дека зад политиката на Алијансата кон Македонија цврсто стои Вашингтон, а не Брисел или Атина. Потврдата дојде од генералниот секретар, Расмусен кој, само неколку саати по нејзиното објавување, веќе ја отфрли. Изјави дека таа не се однесува на – и не го обврзува – НАТО.

Генсекот нема мандат сам да одлучува за тоа. Таквата негова реакција е можна само со инструкција, која може да ја даде единствено Вашингтон! Било пред, било веднаш по нејзиното донесување. Инаку, за да се формулира став на Алијансата за едно вакво прашање, потребно е време за консултации со сите членки. Или, барем, да се свикаат амбасадорите, кои исто така не можат веднаш да одлучат без да се договорат со своите централи. Бидејќи се работи за пресуда на Хашкиот суд, не треба да се отфрлат можностите дека некои членки би се колебале околу ставот, други би биле резервирани, а трети дури и против нејзиното отфрлање. Тоа би можело да го блокира консензусот. За да се избегнат сите тие опасности, на сцена стапува – Расмунсен. Така и најбргу се реагира и најмалку се ризикува. Ем работата е завршена, ем членките нема за што да размислуваат. За поголема демократија ќе мора да почекаме некои подобри времиња.

22. За да нема никакво недоразбирање, мора да се објасни дека, формалноправно, Судот во Хаг нема никакви ингеренции врз Алијансата. Неа, директно, неговите пресуди не ја обврзуваат. Како меѓународна организација, надвор од системот на ООН, таа не е под негова јурисдикција. Сепак, така е само начелно и формално. НАТО дејствува, и има своја улога, во рамките на меѓународниот правен поредок и

затоа мора да ги почитува меѓународните институции, документи и договори, правила и узанси, принципи и процедури... На еден или друг начин, тие важат и за НАТО бидејќи Алијансата не е екстериторијална.

22. 1. Клучно во случајот е што сите членки на Алијансата се дел од ООН и обврзани се да ги почитуваат регулативите кои произлегуваат од нејзината Повелба (Устав). При приемот, сите се обврзале на тоа. Пресудите на Меѓународниот суд за правда, во Хаг, се обврзувачки за сите членки на ООН, како и за сите органи на Светската организација, освен за Советот за безбедност. Грција е дури и меѓу 60 и неколкуте држави кои дополнително писмено се обврзале дека ќе ги почитуваат пресудите.

22. 2. НАТО го сочинуваат неговите членки. Без нив нема алијанса. А тие, во неа, го носат и својот багаж, а тоа е и членството во ООН и сè што од тоа произлегува. Ако нема двојни стандарди и манипулации, тоа значи дека, ipso facto, НАТО ниту може, а уште помалку смее да игнорира обврски кои неговите членки ги имаат кон кого било, било во Алијансата, било надвор од неа, а особено тие што се генерирани од системот на ООН. Во однос на хашките пресуди, не може да има никакви дискусии: тие безусловно мора да се имплементираат и од страна на НАТО, кога се во прашање негови членки. Поинакво однесување едноставно значи непочитување на меѓународниот правен поредок, што е практика на терористичките организации.

22. 3. Значи, не постојат пречки јасно и недвосмислено да се заклучи дека нема никаква правна или каква било друга основа, а нема ниту логика, НАТО да не ги почитува и имплементира сите релевантни договорни обврски на своите членки и, посебно, пресудите на Хаг кои се однесуваат на нив. Без таков однос, Алијансата ја негира својата доктрина и ја обезвреднува улогата која објективно ја игра на меѓународен план.

22. 4. Поинаку ќе беше доколку Судот пресудеше дека процедурата околу приемот на Македонија, на самитот во

Букурешт, била нерегуларна. Тогаш и Вашингтон и Брисел ќе беа во право. Хаг навистина не може да суди за постапките на НАТО. Нема таква надлежност. Меѓутоа, ниту Македонија бараше такво нешто, уште помалку судот направи таква грешка. Судот ја осуди Грција, а НАТО, во чии форуми се случил престапот, мораше тоа да го прифати, почитува и – спроведе. Атина пресудата ја заработи поради своето однесување на самитот на НАТО во Букурешт 2008-та, а не на Олимпијадата во Пекинг.

22. 5. Обврската на НАТО (и Вашингтон) да се почитува пресудата е неспорна, иако таа доаѓа преку земја членка, а не директно. Впрочем, ако не е така, зашто тогаш, толку жестоко, и Вашингтон, и Брисел, ја одвраќаа Македонија да не ја поведе постапката во Хаг? Ако пресудата не ги обврзува алијансата и Унијата, зошто толку се ангажираа и експонираа?

Само преку почитување на меѓународните обврски на земјите членки, НАТО може да ја гради својата политика. Во спротивно, Алијансата би се однесувала нелегално
.
22. 6. Дека НАТО е должен да ја спроведува обврската на Грција од ПС, да не ја попречува Македонија, а да не зборуваме за пресудата од Хаг, пластично покажува следниот пример. Фудбалер на тимот „Пењарол" од Уругвај е казнет од тамошната Фудбалска федерација, поради некаков инцидент, на година дена неиграње. Истиот играч доаѓа во Атина и станува член на тамошниот „Олимпијакос". Може ли тој веднаш да настапува за новиот клуб, иако казната не му е истечена?

Фудбалската федерација на Уругвај или на која било друга земја, нема никаква ингеренција врз грчката. Сепак, фудбалерот Педро Родригез, така да го именуваме – ќе мора да паузира. Ќе чека да помине забраната пред да заигра. Фудбалската федерација на Грција мора тоа да го почитува. Така налага меѓународниот правен кодекс на однесување. Инаку, во светот би владеел хаос.

22. 6. 1. Уште еден пример. Ако некој Грк, кој е во брак во својата земја, се пресели во Германија, Русија, Кина, Зимбабве... може ли таму да се прежени без да се разведе дома?

Оваа проблематика е посебно регулирана во секоја земја и ниту една држава нема влијание врз законодавството во друга. Точно, но Василакис, така да го наречеме нашиот јужен сосед, само со измама може да ја игнорира својата прва, неразведена љубов и повторно да стапи во брак. А тоа е казниво дело.

Ако веќе поединецот, каде и да е, е обврзан да ги почитува своите договорени обврски, каква што е и бракот, како може една држава, и една сериозна меѓународна организација, каква што е НАТО, каде што е таа земја членка, да не бидат?

22. 6. 2. И двата примери покажуваат и докажуваат дека некаде преземените обврски ниту можат, уште помалку смеат, да се игнорираат на кое било друго место. Нивната важност е општа, освен ако некаде, нешто не е поинаку регулирано. Негирањето на официјално преземените обврски не е само неприфатливо, недозволиво туку и казниво однесување. Тоа мора да важи за сите, значи и за Грција, и за НАТО.... Токму затоа беше Грција и осудена во Хаг. И, да не заборавиме, примерите илустрираат како кон ПС мораше да се однесуваат и Атина, и Брисел, и Вашингтон и пред да се донесе Хашката пресуда. Таа му доаѓа како капак, уште повеќе, и поточно, како шлаканица на нивното нелегално однесување кое тие, без да трепнат, продолжуваат да го манифестираат.

23. Консензусот во однос на Македонија, кој членките на НАТО премолчено го реафирмираа на самитот во Чикаго, во 2012, откако беа запознати со осудата на Грција од страна на Хашкиот суд, зборува за арогантно и насилничко однесување и на Алијансата и на сите нејзини членки. Тоа беше нова потврда дека силата никого и ништо не ферма, што никому не му служи на чест. Во Чикаго се потврди дека САД водат сметка само за своите тесни интереси.

24. На крајот, мора да се нагласи дека навистина радува фактот дека Македонија не подлегна на обидите да ја одвратат од поднесување апликација во Хаг, кои неспорно беа жестоки. И од страна на Вашингтон и од страна на Брисел. Интересно е што и „нашите" 'рбетовиткачи, меѓу другите и тогашниот претседател на државата, Црвенковски, дури поодлучно од странците, беа против постапката во Хаг. Потоа, тие барабар ја игнорираа и пресудата, а некои, исто како и САД, дури така и не ја ни нарекуваат (Андов – одлука, или нешто слично). Не е реално, ниту логично да се претпоставува дека тоа го правеа самоволно, без (директно) странско влијание. Без оглед дали тоа било политички или лукративно мотивирано. Може ли некој да објасни зошто сите тие биле против барање правда кога земјата е изложена на класична неправда? За кого навивале?

Д. ШТО ПОНАТАМУ СО ПРИВРЕМЕНАТА СПОГОДБА И МЕДИЈАЦИЈАТА НА НИМИЦ?

25. Атина стана жртва на Привремената спогодба (ПС). За нејзино прекршување, таа е осудена од Меѓународниот суд на правдата, во Хаг. Ако се потсетиме дека САД ја осмислија и наметнаа Спогодбата, станува јасно дека тие се „виновни" и за јавната осуда на Грција. Се поставуваат бројни прашања. Зошто, на пример, американските планери не согледаа дека ПС може да биде тесно грло кое ќе и` донесе тежок меѓународен резил на Грција, но ќе биде и удар за САД? Во која мера тие „превиди" се поврзани со погрешните очекувања и калкулации околу брзото затворање на „македонското прашање"?... Ако тоа (на време!) се постигнеше, ПС ќе станеше дел од историјата и брзо ќе се заборавеше. Без последици за Атина. За среќа, сите преземени мерки Македонија да капитулира (блокади...), се покажаа недоволни и неуспешни. Цехот за тоа мораше да го плати Атина.

26. САД, обично, не ги оставаат своите сојузници на цедило. За пресудата со која ќе се соочи, Грција доби предвремена,

целосна сатисфакција и компензација уште на самитот на НАТО во Букурешт, со финализирање на целосниот пресврт во политиката кон Македонија. Таму, САД – а) го блокираа членството на Македонија и ја уценија дека, за таа цел, прво мора да го смени името и б) со тоа овозможија попречувањето на патот на Македонија кон НАТО (и ЕУ) да го преземе – Брисел, ослободувајќи ја Грција од обврската да не ја попречува.

Иако, на тој начин, Атина веќе не е директно изложена кон Македонија, нејзината обврска од ПС, сепак – остана на сила.

27. Со новата политика кон Македонија, искомпонирана во Букурешт, Вашингтон веројатно имаше намера богато да и врати на Атина и за „траумите", предизвикани со прифаќањето на уставното име на земјата, во ноември 2004 година. Иако, за Грција, тоа не донесе никаква конкретна штета, освен куса медиумска повредености. За компензација, пресвртот во Букурешт е блескава грчка победа.

28. Не треба да се очекува дека Грција ќе се откаже од ПС. Најавите за таква постапка не беа реални. Со таков потег, Атина негативно би се експонирала, би се конфронтирала и со Вашингтон, и со Брисел и, што е најважно, би покажала дека проблемот е кај нив. Впрочем, веќе е сосема јасно дека колку клаузулата од ПС, за непопречување на Македонија, е проблем за Атина, таа уште повеќе му пречи на Вашингтон. Токму на таа линија, Атина им „препушта" на САД да го решаваат проблемот. За таа цел, Нимиц веќе беше изложен да дава несоодветни изјави, а што ќе следува, ќе треба да почекаме.

29. Треба да се потенцира дека промената на политиката на НАТО и ЕУ не ја ослободи целосно Атина од обврската да не нè попречува. Формално, сега орото го води Брисел, и Грција не мора директно да се експонира. Меѓутоа, со само грчко партиципирање во каков било консензус, во НАТО или ЕУ, против членството на Македонија – тие повторно ја прекршуваат Спогодбата. Пак нè попречуваат. А, ако, пак,

Грција се дистанцира од донесувањето на таква одлука, на што се има обврзано со ПС, тогаш нема консензус. Македонија може да стане членка. Блокада не е можна.

30. Контрапродуктивни се и залагањата Македонија да се повлече било од процесот на медијација, воден од Нимиц, било од ПС. Такви, унилатерални чекори би нанеле сериозна штета на интересите на земјата. Македонија апсолутно ништо не би постигнала со тоа, а многу би загубила. Непотребно би се конфронтирале прво со САД, а потоа и со НАТО и ЕУ, на големо задоволство на Грција. Би покажале, со други зборови, дека не знаеме што сакаме.

За земјата е исклучително важно членот 11 од ПС и понатаму да важи бидејќи по секој консензус, во НАТО или во ЕУ, на наша штета, тој се крши и со тоа Македонија добива поени, а Грција повторно може да се даде на Судот во Хаг. Тоа е наш силен аргумент од кој не смееме (непотребно) да се откажеме. Доколку Македонија не добие датум за преговори за членство во ЕУ, на крајот од 2013, што е многу веројатно, треба веднаш, без какво било колебање, да се отвори нова постапка во Хаг. Правдата мора да се брка... Ние мораме постојано да го оспоруваме и маргинализираме „политичкиот карактер" на спорот и да го вртиме кон правните води. Таму лежи нашата шанса. На тој начин, ќе имаме пресуда покрај за НАТО, и за попречувањето во ЕУ. Нашата аргументација, а со тоа и позиција, сериозно ќе зајакне.

И новата пресуда, многу веројатно, ќе биде игнорирана од главните, но товарот, кој го носат за непочитување на меѓународниот правен поредок, макар ќе им се – триплицира. За таа цел веќе имаме испробан тим, а парите не смеат да се штедат. Во прашање е судбината и на народот и на државата.

30. 1. И медијацијата и ПС треба да опстојат сè додека не кренеме раце од сегашните процедури и механизми за решавање на проблемот со името. Можеме да ги откажеме само откако ќе развиеме нова стратегија за барање правда, за

да започнеме крајно нерамноправна борба за одбрана на нашите права, кои се универзално признати. Главен противник, како и сега, ќе ни бидат САД, поддржани од најважните меѓународни фактори.

30. 2. Излегувањето од медијацијата и од ПС не е посакуван развој. Ќе се најдеме на бришан простор. Сепак, ако уште некое време нема да има чаре за проблемот и, посебно, ако се обидат да нѐ изолираат, односно ако продолжат неограничено со сегашната блокада и уцена, и на таа карта ќе мора да се игра.

30. 3. Само во таков случај треба да се оди на откажување на медијацијата и на ПС, што би бил првиот чекор во спроведувањето на новата стратегија. Не треба да се заборава дека, со член 21, став 2 од Спогодбата, Македонија се обврза да не поведува апликација пред Судот во Хаг против нерегуларните резолуции на СБ, со кои беше примена во ООН и и` беше оспорено името. Ако се напушти сегашната постапка, како непродуктивна, ќе треба да се чека година дена по повлекувањето од ПС (толку е отказниот рок), за да се започнат нови процедури, вклучувајќи и преиспитување на нелегалниот прием во ООН.

30. 4. Ако се фати тој пат, ќе се соочиме со крајно тежок и неизвесен судир со најсилните. Во таков случај, претходно ќе мора да се изградат – а) домашна слога и консензус околу проблемот со името, макар на минимално ниво. Денес (јануари 2013), такво нешто изгледа – недостижно, а, без тоа, изгледите за успех се минимални и б) што посилна и поконкретна поддршка за таквата стратегија од што повеќе важни земји. Клучно би било зад нас да застанат Русија, Кина, Турција... Ако тоа не се постигне...

31. Неколку збора и за најавениот референдум од наша страна, кој беше поддржан и од опозицијата.

Начелно, референдумот е неприфатлив бидејќи се работи за суштински, фундаментални прашања, сврзани со универзално гарантирани права, какви што се идентитетот на

народот и името на државата и за нив нема потреба додатно да се одлучува. Апсолутно држи и аргументот дека никој не ги овластил сегашните генерации Македонци да го стават на тест сопствениот идентитет, во име на вековните предци и на сите генерации кои ќе следат. Во право се и тие што потсетуваат дека секој референдум носи и одреден ризик. Особено кај нас и, нагласено, во дадените услови на блокади и уцени, на узурпации... кои траат веќе 20 години и кои генерираа и голема сиромаштија. Тоа се неспорни работи.

31. 1. Меѓутоа, секој проблем треба и мора да се гледа во дадените услови во кои е и наметнат, и во кои се бара и решението. Не од теоретска гледна точка или некаква историска дистанција. Денес, како и последниве 20-ина години, Македонија е конфронтирана со главните меѓународни фактори кои арогантно, со користење на сила сакаат да ги прекрстат и државата и народот. Не бираат средства за да ја постигнат целта и, бескрупулозно, игнорираат сè што им стои на патот. Од друга страна, поддршката која ја добива Македонија е мала, нецелосна, повремена, условена на некој начин и, сè заедно – недоволна. Така е веќе преку 20 години и нема изгледи на повидок таквата позиција на земјата да се промени во блиска иднина. Напротив. Место некакво олеснување на состојбите, имаме нивно усложнување со појава на нови фактори кои се експонираат против земјата. Во декември 2012-та, и Бугарија цврсто застана на фронтот против Македонија. Полека, но сигурно и Албанците итаат во иста насока, диригирани од Вашингтон. Маневарскиот простор на земјата, место да се шири – се стеснува...

Се редат непристојни предлози. Притисокот се зголемува со геометриска прогресија. Сè е поочигледно дека досегашната наша стратегија не даде соодветни резултати и дека ќе мора да се менува. Така, во дадените услови, како последен бедем на отпорот против разнебитувањето на Македонците може да биде токму – референдумот. Лесно може да се покаже дека тој е последната алатка која може да нè спаси. И покрај сите ризици. Потврда за тоа е и жестокото противење на Вашингтон, Брисел, Атина... да се оди на референдумско

изјаснување околу името на државата. Точно, и со право, тие знаат зошто се против. Ако на референдум народот одлучи нешто, никој нема право тоа да го менува. Затоа, ние мораме да бидеме многу внимателни во однос на можниот референдум и лесно да не го отфрламе самите. Не смееме да бидеме на иста линија со душманите.

31. 1. 1. Од друга страна, најавите на Грција дека и тие ќе организираат референдум околу нашето име се празна закана. Тие не можат да се изјаснуваат за нешто што не е нивно. Може ли Македонија да организира референдум – дали Британија треба да остане монархија или да биде република?

Меѓутоа, ако се оди на билатерален договор со Грција, на што инсистираат САД, тогаш и Атина може да го стави на референдум предложениот договор. Не нашето име. Тоа е уште еден силен аргумент зошто, по секоја цена, мораме да ја избегнеме билатералната разврска на случајот.

31. 2. Авторот на овие редови се залагаше уште во 1992/93 да се оди на референдум, со едноставно прашање – дали сте согласни да се менува името на државата? Ако веќе тогаш не беше тоа направено, може истото орудие да се искористи и сега, кога ќе (ако) бидеме ставени пред свршен чин, со непристоен предлог. Не треба да има дилеми дека огромен процент од Македонците, исто како и на референдумот од 8 септември 1991 година, со индигнација ќе го одбијат понуденото понижување. Не треба да стравуваме од сопствениот народ. Со адекватна промоција и дел од Албанците во земјата ќе ги поддржат универзалните аспирации на своите сограѓани, Македонците.

31. 3. Ставот, сепак, треба да биде јасен: референдум – да! – но само како последно средство за отпор против пресилниот противник, кој не бира методи за да ја постигне целта. Да се искористи во моменти на крајна нужда, кога би биле ставени покрај sид со уцена – земи или остави или следи казнување и изолација на земјата. Таква ситуација е тешко замислива, но

не треба да се отфрли. Ние мораме да бидеме спремни за секаква можност.

Исклучително е важно што и опозицијата застана зад ваквиот став и не треба да се дозволи тоа да се промени. Интересите на државата и на народот го диктираат тоа.

31. 4. Во разговор со висок американски дипломат од амбасадата во Скопје, некаде во 2011 година, одговарајќи на неговиот крајно негативен однос кон референдумот од кој, со право, се плашат, му беше аргументирано дека не смеат да ја доведат земјата до такво дереџе нивниот непристоен и неприфатлив предлог да биде одбиен на – референдум. Дури, и без оглед дали резултатот ќе биде позитивен или негативен бидејќи се работи за клучно прашање за народот. Со самиот чин, Македонија ќе биде доведена во исклучително тешка ситуација, од секој аспект. Поточно, по еден таков потег, нема да има назад. Многу шевови ќе попукаат, вклучувајќи ги и меѓуетничките. Земјата ќе врие. Поделбите меѓу разните политички субјекти неизмерно и неповратно ќе се продлабочат. Неизбежно ќе се генерира екстремно однесување што нема да биде добро ниту за земјата, ниту за регионот. Лесно ќе се вратат војводите, комитите, нивните чети...

Ќе се најдеме на почетокот на 20-от век...

Соговорникот внимателно слушаше. Да се надеваме дека тој ја пренесе пораката, а неговите претпоставени ја сфатија. Скраја да е ако играат токму на таков развој на настаните.

31. 5. Интересен е податокот дека, во 2003 година, во Грција е објавена книгата „Атина-Скопје, седумгодишната спогодба (1995-2002)" од издавачот Папазисис, во соработка со група научници од Северна Грција и менторство на професорите Евангелос Кофос и Власис Власидис. Весникот „То Вима", на 24 декември 2003, објави делови од книгата во кои се вели:

- во овие седум години, регулирањето на проблемот со името не беше меѓу стратегиските приоритети на грчката страна;

- грчката дипломатија се потврдува со фактот дека седум години успеа да го одржи „де јуре" името FYROM во главните меѓународни организации;

- по седумгодишна јалова практика, потполно е разбирливо Грција да цели да ја искористи постапката за пристапување (на Македонија н. з.) во ЕУ за да се доведе прашањето до трајно решение.

Ѓ. ЗАМЕНАТА НА РЕФЕРЕНЦИЈАТА, СО ИМЕ ЗА НАДВОРЕШНА УПОТРЕБА, Е ПОГУБНО РЕШЕНИЕ ЗА МАКЕДОНИЈА

32. Обидите референцијата да се замени со трајно име, за надворешно користење, ама со наша согласност, се дел од опциите како Македонија жедна да се пренесе преку вода, и да и` се подметнат кукавички јајца за да направи непоправлива грешка.

32. 1. Според телеграма на американскиот амбасадор во Атина, упатена до Стејт департментот, објавена на Викиликс, што е потврдено и од Рикер, и од други, тоа е решението за кое се залагаат САД. Поради ваквата политика на Вашингтон, најверојатно, и дел од македонските политички субјекти, новинари, аналитичари, експерти... се спремни на такво – самоубиство! Не им е јасно дека прифаќаат умирање на рати, а не решение поволно за Македонија.

33. Дека во прашање е тешка измама, најдобар доказ е грчката „црвена линија" која е чист блеф, тешка и бескрупулозна манипулација. И најекстремните, било во Атина, уште помалку во Вашингтон, не ни помислуваат дека нивната ерга омнес може да помине. Зар може некој да се надева дека дома ќе нѐ прекрстат? Дека во Уставот самите ќе се впишеме како 'Горна Македонија' или како

‘Северномакедонци’?... Дури и да нѐ окупираат, тоа не можат да го постигнат. И Србите, 30-ина години нѐ прекрстуваа – за џабе.

33. 1. Инсистирањето на невозможното, крие опасна замка – да се отвори простор за подметнување некаков „компромис”, што пак ќе ги урниса Македонците, но на „покултурен” начин. А тоа, единствено, можат да го постигнат со замена на референцијата, со ново име на државата, значи, само за надворешна употреба! Ем ние (среќни!) ќе се ослободиме од неа, ем тие ќе ја завршат работата. Итро, но и многу опасно бидејќи резултатот ќе биде апсолутно ист: курбан ќе оди идентитетот на народот, но не веднаш, туку во етапи. Друга варијанта за да ги обезличат Македонците – немаат. Нема ништо друго што ќе нѐ залаже дека профитираме, а ќе нѐ дотолчи. Грција (не сама!) користи максималистички и нереален приод, само за да отвори простор да прифатиме погубно решение, демек, подобро од црвената линија!

34. Замена на референцијата со ново, трајно име за државата, за какво било користење, недвосмислено ќе значи бришење на македонскиот национален идентитет. Од тој момент, за светот ние нема повеќе да бидеме Македонци, туку дериват на новото име. Со други зборови, ќе станеме – виртуелни. А Грција ќе има целосен меѓународен монопол на името, поимот, брендот... „Македонија”, со сите придавки, именки, глаголи... Од народ, јазик, историја, култура... сѐ до производи. Измислените тамошни 2,5 милиони, ќе бидат единствени „Македонци” во светот. „Македонски” ќе бидат вината, доматите, лимоните... произведени во Грција. Ништо наше нема да може да се понуди во светот под тој бренд. Дури и да биде сосема поинаку напишано во пакетчето што ќе ни го стокми Нимиц. Во него, и сѐ да биде во наша корист, практиката ќе го надмине тоа за помалку од година дена. А гаранции за името, идентитетот – нема, ниту може да има. Само најнаивните и најглупавите можат да бараат такво нешто.

34. 1. Од тој момент, сите наши документи наменети за странство, ќе мораат да го носат новото име. Од пасошите,

па сè до царинските декларации, дипломи, матични изводи... Сите тие се за надворешна употреба, нели, а ние сме се сложиле под кое име таму да нè третираат. Поинаку, веќе, нема да може. Практично, ќе имаме две имиња и два идентитета – различни за светот, и за по дома. Дома – Македонци, македонски... а надвор – нешто друго. Тоа ќе значи и дека нашите репрезентации и дома ќе мораат да играат под новото име бидејќи така ќе бидеме регистрирани во спортските федерации. Таму и сега нè водат под референцијата, но по автоматизам, поради ООН, без наша согласност. Во нив, ние прием баравме како Република Македонија... Новото име ќе нè обврзува и ситуацијата ќе биде целосно различна. Со наша согласност.

34. 2. Да не заборавиме дека референцијата не е никакво име или деноминација на земјата, туку (привремен!) код за обраќање! По нејзината промена, на сите конференции, самити..., на дефилеата на олимпијадите..., та и на сите меѓународни манифестации организирани не само надвор туку и во земјата... ќе мора пред нас да стои новото име. И дома, во салите во Скопје, Охрид..., пред другите странци, ќе бидеме претставени со новото име. Надвор од конференциите, пак, ќе си бидеме тоа што (веќе не) сме!

И така, од апсурд во апсурд...

35. Ако некој морално и политички незрел или купен, сепак, прифати ваква небулоза – користење поинакво име за земјата од тоа што е во Уставот, за каде било, мора да биде свесен дека е тоа тешко кривично дело. По тој чин, неизбежна ќе биде промена на Уставот што ќе нè доведе во срамна ситуација – сами да се прекрстуваме.

36. И за Вашингтон, и за Брисел, и за Атина клучен проблем за да ја постигнат оваа цел е фактот дека референцијата никој не може да ја менува, за трајно да нè прекрсти – без наша согласност. Поточно, наша – капитулација. И затоа се сите тековни жестоки притисоци, блокади, уцени (прво името, потоа членство)...

36. 1. Мора да ни биде кристално јасно дека – нашата согласност – ни е главниот адут кој не смееме да го прокоцкаме. Ако, сепак, се согласиме за промена на референцијата, во ново име, ние, всушност, ќе ги легализираме и неа и нерегуларниот прием на земјата во ООН. (Тоа е на некој начин веќе направено со Привремената спогодба, но, сепак, не доволно и не целосно). Ќе се согласиме со флагрантното прекршување на Повелбата (Уставот) на светската организација. Со тоа би се откажале и од можноста, еден ден, таа процедура правно да ја оспориме, за да ги реализираме своите универзално признати права. Според сегашните состојби, токму тоа може да ни биде последниот адут за спас и на народот и на државата. Впрочем, зошто ние сега, по толку години и огромна претрпена штета би ја прифаќале и менувале референцијата, која ни беше нелегално и со сила наметната? Со која цел? Или, како можеме да менуваме нешто што не е наше и е против нашите интереси, за нешто уште полошо?

36. 2. Стратегиска, фундаментална и историска грешка ќе биде менување на референцијата за трајно име на државата. Таа за нас не постоеше и не треба да постои. Нејзината промена во трајно име ќе значи само почеток на нови голготи и за државата и за народот. Тоа ќе биде само првиот исчекор во финалното истребување на Македонците. Ќе отвориме простор да прават со нас што сакаат бидејќи ќе покажеме дека ништо не ни е свето. И тоа, во ситуација кога веќе на сите им е недвосмислено јасно дека пречат Македонците, а не името на државата. Ако не беше така, оваа опција можеше да има дури и некаква основа. Но, намерата е да се прекрстат Македонците и ова се само меѓупотези. Со прифаќање на трајно име, местото им го отстапуваме на грчките „Македонци”.

36. 3. Наша цел треба да биде референцијата што поскоро да замине во учебниците по дипломатија, како крунски доказ за злоупотребите и нелегалните политики со кои меѓународните фактори, долги години, си играа со Македонија и и` нанесоа огромни штети.

37. А ние, место да се залетуваме, треба само да си го поставиме најпростото прашање – за каде ни е името, ако не за препознавање на меѓународната сцена?

Ако некој, сепак, прифати прекрстување, макар за надвор, историјата жестоко ќе го осуди како најголем предавник, виновен за истребувањето на вековниот македонски народ, што неизбежно ќе следи.

38. За среќа (!), сè додека трае кризата, и разнебитувањето на Македонците на рати, преку замена на референцијата – за Грција не доаѓа предвид. Жестокиот притисок на Вашингтон врз нас (2013), со потпора на Брисел, треба да овозможи НАТО и ЕУ и понатаму да нè држат пред порти, за да добијат време. Не дека е излезот на дофат. Додека нема решение, за нив виновна е – Македонија. А дали, за да нè држат под мраз, ќе се „вадат" и на слободата на медиумите во земјата, и на немање политички дијалог, и на проблемите во судството... е само прашање на дипломатска техника. Во кој било момент и во каква било ситуација, Вашингтон и Брисел можат да активираат едно чудо слични „аргументи".

Е. САД И: БУКУРЕШТ 2008, ХАГ 2011...

39. Како и секогаш, сите овие потези на Вашингтон поаѓаат од, и завршуваат со американските интереси. Туѓите, вклучувајќи ги и грчките – играат мала, поточно никаква улога, освен ако не се комплементарни со нивните. Сите чекори кои САД ги презедоа во врска со Македонија и нејзиното име, сите овие 20-ина години, се резултат само на нивните потреби и планови и ничии други. Политиките на САД никогаш не се случајни, туку се добро осмислени и долгорочни. Единствено, тие можат да бидат – погрешни. Нашиов случај е еклатантен пример за тоа. И нема да биде ниту прв, ниту последен.

Медлин Олбрајт, како државна секретарка, изјави дека американската политика кон Латинска Америка долги години била – погрешна. Нема да ни биде никаква утеха ако

некој нејзин наследник, по 20-ина години, исто така ја оцени и сегашната нивна политика кон Македонија.

40. Настаните во Букурешт 2008-та, секако се резултат и на незадоволството на Вашингтон за неуспехот на американската надворешна политика во однос на Македонија. Поминаа преку 15 години без да го постигнат зацртаното. Ниту Македонија се распадна, ниту Нимиц нешто реши, а, во Скопје, нема знаци за капитулација. Опозицијата, која покажува спремност за виткање на ‘рбетот, нема изгледи бргу да дојде на власт. Главно – поради сопствената политика! Тоа предизвика промени и во односот на Вашингтон кон Владата на Груевски. Додека порано не го есапеа, го оставаа на улица во Вашингтон да импровизира прес-конференција, сега, во сериозната парламентарна и политичка криза, предизвикана од опозицијата на почетокот од 2013 година, тие застанаа на негова страна. Пред неколку години, САД го поддржаа и бојкотот на СДСМ на Собранието, иако е тоа незамисливо за западната демократија. Ама, не се офајдија и сега играат на другата карта. Се обидуваат да ги одоброволат премиерот и ВМРО-ДПМНЕ, веројатно надевајќи се дека ќе попуштат околу прекрстувањето на државата и народот. Со голема сигурност може да се тврди дека тоа ќе им донесе – нов неуспех.

41. Врз основа на сите овие неспорни факти, констатации и согледувања, се наметнува следната појдовна, основна, клучна... дилема – зар разнебитувањето на Македонија и Македонците е толку важна задача за САД, што се спремни да го доведат во прашање и својот углед и своето реноме и меѓународниот правен поредок, и дигнитетот на Судот во Хаг...? Секој мора да биде вчудовиден: како е можно? Зошто? Од кои причини? – САД, поддржани од НАТО и следени од ЕУ, се спремни на сè, само за да се прекрстат Македонија и Македонците?!? Што е тоа што тие ќе го добијат за возврат? Која е толку важната цел што сакаат да ја постигнат? До кога така лесно ќе го валкаат сопствениот образ и ќе се однесуваат како некакви терористи во однос на една мала Македонија, која никого не загрозува? И, на крајот – зошто толку пречиме? Зар Хашката пресуда не е одлична

основа да се прифатат универзалните аспирации на Македонците да останат тоа што се?

Целосни одговори на овие, и многу други прашања, за сега – нема.

41. 1. Американските амбиции, Албанците да ги направат главен фактор на Балканот, макар во неговиот јужен дел, лесно можат да (им) се покажат крајно контрапродуктивни. Начинот на кој до сега САД го водеа големоалбанскиот проект ќе им носи постојани и трајни главоболки. И внатре, меѓу Албанците, и надвор во однос на трите општини во јужна Србија, четирите општини во Црна Гора, во однос на Чамирија... На меѓуалбански план, нема никаква шанса да се постигне некаков консензус за кое било прашање, освен за националното. Кога тоа ќе биде привршено, а на пат е, тогаш ќе започнат жестоки пресметки меѓу нивните политички лидери, значително посериозни отколку што е тоа веќе сега случај меѓу нив. На внатрешнополитички план, во борбата за власт, сите тие меѓусебно се гледаат преку нишан: во Албанија (Бериша-Рама), во Македонија (Ахмети-М. Тачи), на Косово (Х. Тачи-Харадинај)... А тогаш, и колачот ќе биде многу поголем, така што и апетитите ќе бидат несразмерно – мултиплицирани. Ќе биде невозможно да се спречи експлозијата на нивната меѓусебна конфронтираност, со сите последици и за регионот.

41. 1. 1. Покрај тоа, не треба да се заборава дека и мафијата е сè повеќе во рацете на Албанци, не само во Европа. Тоа генерира огромни пари, кои тие знаат да ги канализираат каде треба. Ако на тоа се додадат и нивните амбиции, вклучувајќи и политички, кои нормално ќе растат, се поставува прашањето – ќе може ли Вашингтон сето тоа да го контролира? Ќе умее ли постојано да го насочува албанскиот фактор во реализација на сопствените интереси?

Тоа ќе биде невозможна мисија.

Да не ќе се повторува минатото, кога Југославија, СССР и Кина, од најдобри албански пријатели, стануваа најголеми – душмани?

Балканот беше и останува европско минско поле. Мора да се внимава на секој чекор.

41. 2. Големоалбанскиот проект мора да заврши со Косово бидејќи, со максимална сигурност, може да се тврди дека разнебитувањето на Македонија и Македонците во никој случај не може да помине без војна. Не треба да се дозволи никој, крајно непотребно, да си игра со огнот.

42. Вашингтон постојано нè учи дека треба да владее правото (што е сосема во ред) и нè критикува за состојбите во нашето судство (што е исто така добро). Сепак, не ни кажува дека за нив правото владее само кога им одговара. Кога пресудите им се по волја. Дека пресудите што не ги респектираат нивните интереси, едноставно – како да не постојат. Впрочем, тоа не е ништо ново. Ист однос тие имаат и кон терористите. Тие што се со нив, се добри. Тие од спротива, лоши. И за диктаторите важи истата логика...

Ж. КОЈ ЈА ПОПРЕЧУВА МАКЕДОНИЈА ДА ВЛЕЗЕ ВО НАТО? САД ИЛИ ГРЦИЈА?

43. Како резиме на овој дел, мора да се констатира дека, во земјава, се прави голем превид со тврдењето дека Грција го блокира нашиот прием во НАТО, следствено и во ЕУ. Неспорно е дека Атина игра одредена улога, меѓутоа, вртењето на прстот кон Грција само го прикрива вистинскиот носител на проектот. Блокадите и уцените за влез на Македонија во НАТО (и ЕУ) кои, по Букурешт 2008, доаѓаат од Брисел, а не од Атина, потврдуваат дека заднината е сосема поинаква.

43. 1. Грција никогаш немала позиција да (може да) поставува блокади и уцени во Брисел. Ниту една членка во овие две интеграции нема сила да наметнува политики кои

нејзе и` одговараат, а при тоа другите да имаат посериозни резерви или да се против. Тоа е теоретски невозможно. Ниту имало, ниту ќе има такви случаи.

44. Одреден исклучок е улогата на САД во НАТО. Таа е единствена членка која може нешто да наметне. Никој друг.

Улогата на САД во НАТО е специфична бидејќи е главен финансиер, а има значајна улога и во гарантирањето на безбедноста на Европа. Главните партнери од Европа, обично, немаат сили да се спротивстават на американските политики, иако такви случаи имаше (во случајот со Ирак – „Стара" и „Нова" Европа). На некој начин, сите зависат од Вашингтон. Се разбира, САД води сметка и за основните интереси на другите членки, и не дозволува да дојде до некаква конфронтираност. Имаат извонредна дипломатија која не дозволува да дојде до дисбаланс во односите, дури и во случаите кога бескомпромисно го наметнуваат својот избор.

45. Практиката прво да се влегува во НАТО, а потоа во ЕУ е наш хендикеп. Вака, мораме прво да поминеме низ ситото кое ни го поставува Вашингтон. Да беше обратно или да го немаше НАТО како предворје на Унијата, нашата голгота ќе беше макар за нијанса полесна. Кога, под силен притисок и доминација на САД, НАТО ќе изгради одредена политика, како во случајов со нас, важните земји, кои се истовремено членки и на ЕУ, не можат да се однесуваат поинаку. Обврзна практика е обврската преземена во НАТО да се спроведува во ЕУ. И тоа е вид на солидарност.

46. За да нема дилеми кој ја кочи Македонија, да нагласиме уште еднаш дека – ако САД не го споделуваа(т) (или се против) грчкиот интерес да ги снема Македонија и Македонците, таквата политика не може никако да помине. Според стандардите под кои функционира Алијансата, нема шанса такво нешто да се случи. Значи, во најмала рака, во прашање е коинциденција на интересите на САД и Грција. Ако Вашингтон не стоеше зад целиот проект, апсолутно ќе беше невозможно мирот и стабилноста на регионот, кои сè

уште се крајно ранливи, да бидат заложници само на една мала и корумпирана држава, која сака да си поигрува со Македонија.

46. 1. Поставено „наопаку", прашањето би било – доколку САД цврсто сметаа и работеа на тоа Македонија да влезе во НАТО, во Букурешт 2008-та, дали Грција (или кој било друг) можеше тоа да го спречи? Одговорот е едноставен – апсолутно никој. Тоа потврдува дека, во најмала рака, САД не беа заинтересирани Македонија да стане членка. Доколку навистина беа, ќе проработеше нивниот познат систем на булдожер-политика, кој секогаш ја постигнува целта.

3. ДАЛИ ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО НИ НОСИ НОВИ БЕЗБЕДНОСНИ КВАЛИТЕТИ?

47. На крајот од овој сегмент, да се обидеме да прецизираме дали и какви погодности носи НАТО за Македонија? Неспорно е дека од формална и церемонијална гледна точка, да се биде дел од НАТО значи сериозен плус. Стануваш дел од угледно и респектабилно друштво. Членството се јавува како референција и непишана препорака за земјата и на економски, и на политички, и на безбедносен план. Меѓутоа, за нас, со оглед на непремостливите пречки кои ни се поставуваат, клучното прашање е – дали членството значи постигнување некакви нови безбедносни квалитети или не?

Познато е дека НАТО ја гарантира надворешната безбедност на земјите членки (нападот врз една се смета како напад на сите), а не внатрешната, која е, пак, од клучно значење за Македонија. Таа останува одговорност на земјите членки. Ако е така, а така е, логично е прашањето – дали на Македонија и` се заканува надворешна опасност од агресија? Или, попрецизно, од кој од соседите?

47. 1. Со оглед дека Бугарија, Грција и Албанија се членки на НАТО, треба да се претпостави дека тие не би можеле да ја нападнат Македонија без согласност на Алијансата. Со други зборови, од таму не е замислива закана, освен врз основа на

договор во Брисел. Нешто слично како што и` се случи на Србија, во 1999 година.

47. 2. Остануваат уште Косово и Србија.

47. 2. 1. Од поранешниот протекторат еднаш веќе доживеавме агресија која, сепак, беше иницирана и организирана од челникот на НАТО, САД. Ако веќе еднаш нè нападнаа, нема причини тоа и да не го повторат, ако така им диктираат интересите. И што мислите, ако Македонија стане членка на НАТО, истото сценарио не може да се повтори? Можеме да бидеме цврсто уверени дека нема да има никаков проблем, во име на тајна и висока политика, како и сите овие 20-ина години, посебно во 2001-та, Македонија одново да биде загрозена, и како дел од Алијансата. А дали тоа би било од Косово, како минатиот пат, или директно од „домашниот албански фактор", не е воопшто важно. Можеме и да потсетиме дека сегашниот главен „домашен албански фактор"' се истите тие што ја спроведоа 2001-та, менаџирани од Вашингтон. Не треба да негуваме надежи дека нивните врски не се и понатаму – тесни. Се разбира, сето тоа би било во име на „човековите права", исто како и минатиот пат, откако не успеаја првичните намери за „ослободување на албанските територии" во земјава.

47. 2. 2. Во основата, опасноста за Македонија е повторување на српското сценарио, кога го отцепуваа Косово. Меѓутоа, за наша среќа, разликите меѓу Македонија и Косово се огромни. Таму постоеше можност, и се успеа, конфликтот да се задржи во првичните граници. Во Македонија, таква можност – нема. Ако некој започне конфликт за (поделба или распарчување на) Македонија, војна од регионален калибар е неизбежна. Тоа ја чуваше и продолжува да ја чува Македонија, по распадот на Југославија. Од таа гледна точка и отворените аспирации на Бугарија и Грција се, дури – позитивни! Ги лимитираат големоалбанските замисли. Токму поради тоа и намерата на САД е Македонија да се руши однатре, без многу кревање непотребна врева. За таа цел, во процес е албанизирање на нејзини делови кои треба,

под жито, да ја завршат работата. И тоа нема да им успее бидејќи Македонците се толерантни, трпеливи, но и жестоки кога ќе им пукне филмот. А тој момент, како изгледа, не е далеку.

Од изнесеното е јасно дека состојбите во и околу Македонија нема бргу да се стабилизираат и затоа, за нас, е клучно сите релевантни настани длабински да се следат и анализираат за да не се најдеме некој ден изненадени од тоа што логично ќе следи.

47. 2. 3. Другиот сосед, Србија, нема за сега намера да влегува во Алијансата. Како што се уверивме на крајот од 1992-та, кога во Македонија дојде УНПРЕДЕП, вклучувајќи и неколку стотини американски војници, САД не се спремни да му ја „отстапат" Македонија на северниот сосед. Не за да ги заштитат Македонците. Причината беше, и останува, дека е тоа спротивно на интересите на Албанците.

За сега, САД продолжуваат да играат на таа карта што, само по себе, ја отфрла опасноста од север. До кога тоа ќе трае, е сосема друго прашање.

Аспирациите на Српската православна црква кон Македонската православна црква – ОА остануваат актуелни. Тие, објективно, оставаат простор за (српски) понатамошни (политички) комбинаторики, во зависност со ситуацијата во и околу Македонија.

47. 2. 4. Албанизирањето на делови од земјата е проект очевидно поддржан од САД. Тоа е сериозен исчекор во финализирање на големоалбанскиот проект. Ако Вашингтон утре реши дека треба да се формализира постоењето на „ослободени албански територии", тоа секако ќе оди преку федерализација. Потоа, ако следи распарчување на Македонија, покрај Бугарија и Грција, нема да биде можно да се избегне дел од „колачот" да добие и Србија. Дали со однапред договорена поделба – и не е многу важно.

Да, сето тоа звучи убаво, но не може да се заврши без – војна. Да не забораваме дека сојузниците од Првата балканска војна, токму поради Македонија, во Втората војуваа меѓу себе. Таквата конфронтираност на соседите, по истиот повод, се повторуваше и во Првата, и во Втората светска војна. Историјата е поучна.

47. 3. Ова се, секако, екстремни хипотези, но, да не забораваме дека високата геополитика е полна со такви. Кој очекуваше да се распаднат СССР, Југославија, да се отцепи Косово...? А дека тоа некој го планираше, нека нема сомневања.

47. 4. Значи, може да се заклучи дека, за сега, непосредна и реална надворешна опасност за безбедноста на Македонија, објективно – нема. Тоа, на свој начин, зборува и дека Македонија нема да има поголеми безбедносни придобивки со самото зачленување во НАТО. Од изложеното, јасно се гледа дека територијалниот интегритет на земјата не е под директна надворешна опасност. Или, поточно, неговото загрозување, било однадвор, било однатре, не е можно без директно учество на главниот столб на НАТО – САД. Американската доминација во регионот, реализирана преку партнерството со Албанците, може да ги генерира, но и да ги контролира опасностите за Македонија. Се разбира, во согласност со сопствените интереси. За сега, работи само генераторот.

47. 4. 1. Факт е дека сегашните тенденции се негативни за Македонија. Вашингтон (сè уште!) се обидува да ги ефектуира своите максималистички планови, кои се погубни за земјата. За среќа, тие се нереални и опасни за регионот и прашање е само на време кога тие ќе мораат да ги ревидираат. Наша клучна задача е да ги „убедиме” САД што побргу да дојдат до такви сознанија.

47. 4. 2. Ако се согласиме дека територијалниот интегритет на земјата, за сега, не е загрозен однадвор, клучните безбедносни елементи на македонската држава се уставниот поредок и, како суштински дел од тоа, унитарниот карактер

на државата. Нивни гарант, преку Охридскиот договор, се – САД.

Ако тие си го „одржат" зборот, иднината на државата е загарантирана. Ако не...

Досегашното искуство, базирано пред сè на Привремената спогодба, не ветува многу.

47. 5. Од друга страна, латентните опасности за безбедноста на Македонија се – реалност. Сведоци сме на многу индиректни чекори, кои недвосмислено го доведуваат во прашање опстанокот на Македонија, ваква каква што е денес, со мнозински македонски народ. Сите тие активности се поддржани или, поточно, предводени од САД. Некои од нив дури и отворено. Така е бидејќи унитарниот карактер на државата, кој е главен гарант и на територијалниот интегритет, веќе неспорно и сериозно се подјадува, а тој процес непречено, непрекинато и систематски – продолжува. Дел од тоа елаборираме и во овој текст. Истовремено, и уставниот поредок веќе отворено и јавно се доведува во прашање, со директни иницијативи за негово рушење (Муса Џафери за федерализацијата; албанизирање на општините...).

47. 6. Ако во овој дел започнавме со хипотези, и да завршиме со нив. Затоа и прашањето – дали САД го попречуваат приемот на Македонија во НАТО со цел да имаат (по)широко одврзани раце во структурирањето на иднината на државата и регионот, при финалниот расплет на постјугословенската криза?

Мериторен одговор не е лесно да се даде. Има голем број елементи кои упатуваат во таа насока.

За сега, единствено е сигурно дека клучот за Македонија го држи – Вашингтон.

IX - УЛОГАТА НА ВАШИНГТОН ВО ОДНОСИТЕ МЕЃУ СКОПЈЕ И СОФИЈА

За целосно расветлување на американската политика кон Македонија, внимание заслужува уште еден важен настан.

1. На 15 јануари 1992 година, Бугарија прва ја призна целосно независната македонска држава. Тоа беше исклучително важен потег, особено кога се знае дека Софија не прифаќа постоење на македонска нација, јазик... Всушност, од нивна гледна точка, најверојатно, Македонија ја признаа како втора бугарска држава, со сè уште „неосвестени Бугари". Дипломатски односи не беа веднаш воспоставени бидејќи Софија се сепна по тој чин и – застана. Следеше тактизирање и чекање што ќе се случи со државата.

2. Поради ставот на Софија дека, нели, нема македонски јазик бидејќи е тој дијалект на бугарскиот, односите меѓу двете земји долго стагнираа. Подготвени беа 22 договори кои чекаа бидејќи, вообичаено, на билатерален план, тие се потпишуваат на двата јазици. Но, за Бугарија беше неприфатливо во договорите да стои – непостоен (македонски) јазик.

Минуваа години без никакво придвижување.

3. Продор беше направен во последната година од стариот милениум. Повторно со американско посредување, поточно мешање и, нормално, со македонски стратегиски отстапки. Под диригентската палка на познатиот американски дипломат, Строуб Талбот, кој тогаш беше заменик-државен секретар, Софија и Скопје ја потпишаа познатата Декларација за соработка и пријателство од 1999 година. Во изјава дадена тогаш за бугарската телевизија Талбот „откри" дека му помогнале американските амбасадори во Скопје (Кристофер Хил) и во Софија (Авис Болен).

4. Анализирајќи ја Декларацијата, без никаква дилема, може да заклучиме дека Македонија се согласи нејзиниот јазик да биде девалвиран и да се третира како да е – измислен.

Учеството на Талбот во операцијата, само по себе, „гарантира" дека е тоа постигнато под силен американски притисок. Според користената формулација, Декларацијата е потпишана – „на соодветните официјални јазици на двете земји, на бугарски јазик според терминот (користен) во бугарскиот Устав и на македонски според терминот од Уставот на Република Македонија"! За бугарскиот јазик, користениот речник нема никакво значење бидејќи од никого не е оспоруван. За македонскиот, тоа значи дека јазикот не е автохтон и е уставна категорија, дека од него произлегува, а уставите, нели – се менуваат.

5. Втората, крајно непотребна македонска отстапка, се однесува на делот во кој се вели – „ништо од македонскиот Устав не може ниту ќе биде интерпретирано како основа за мешање во внатрешните работи на Бугарија со цел да се брани статусот на лица во Бугарија кои не се граѓани на Република Македонија".

6. Според познатиот бугарски аналитичар, Камен Минчев, со договорот, Македонија направила две отстапки, а Бугарија една („Односите меѓу Бугарија и Македонија по нивната заедничка Декларација потпишана на 22 февруари 1999" или „The relations between Bulgaria and Macedonia following their Joint Declaration signed on 22 February 1999", од Weekly Commentary, од 1-5 март 1999). Според него, Софија „признала" дека македонскиот јазик се користи на територијата на Македонија, но не и на бугарско тло, што бил одреден исчекор на Бугарија. Сепак, за да нема забуни, Минчев заклучува: „со ова, Бугарија целосно не го признава ни јазикот, ни македонскиот народ".

Минчев смета дека со вториот дел, „Македонија изјавува дека повеќе нема да полага право на постоењето на македонско малцинство во Бугарија и да инсистира да им се доделуваат одредени права и слободи". Тој веднаш потсетува дека е тоа спротивно на член 49 од Уставот на Македонија, со кој земјата се задолжува да се грижи за правата на македонските малцинства во Грција и Бугарија. На крајот, тој го цитира сегашниот привремен премиер на Бугарија

(почеток на 2013), Марин Рајков, тогашен заменик-министер за надворешни работи, кој ја предводел нивната делегација во преговорите за декларацијата, кој рекол: „постигнавме повеќе отколку што очекувавме".

Ако бил до крај искрен, ќе извикал по урнекот на Хрватите – Thank you, Talbott! Thank you, USA!

7. Можеме да се тешиме дека што и да потпишеме, Македонците во Бугарија никој не може да ги избрише; дека тие се реалност која не може да се игнорира. Барем за сега и барем тие што останаа.

Меѓутоа, не е така.

Кога матичната држава се откажува од своите припадници во друга држава, нивните изгледи да опстанат се сведуваат практично на нула. Впрочем, процесот на бришење на Македонците во Бугарија е веќе подолго време во тек. И без ние, формално, да се откажеме од нив. Од стотици илјади, прашање е дали денес таму останаа макар десетици илјади Македонци?

Неспорен факт е дека, и покрај уставната обврска, Македонија до сега не сторила ништо за нив. И во поранешната федерација и по неа. Со дадените отстапки, декларацијата може да се смета само како капак на една неодговорна политика, која носи катастрофални историски последици, бидејќи дозволува уништување на делови од македонското национално ткиво.

8. И двете отстапки во декларацијата имаат стратегиски карактер за земјата. „Заслугата" за инвалидизирањето на македонскиот јазик, и за нашето откажување од Македонците во Бугарија, без сомнение, целосно им припаѓа на – САД. Но, вината е наша. Тие и` дадоа на Софија повеќе од сонуваното (според Рајков), на македонска сметка. Ама, со наша согласност.

9. Со користената формулација, македонскиот јазик е ставен во инфериорна позиција кон сите други јазици. Тоа значи дека тој не е реален и затоа произлегува од Уставот. Со потписот на декларацијата, Македонија, всушност, прифати дека јазикот и` е спорен. Овој преседан ќе има тешки последици. Преку него, Бугарија нема да дозволи македонскиот јазик да се регистрира како таков при приемот во ЕУ. Ќе инсистира на речникот користен во потпишаната декларација. Впрочем, сме дале согласност за тоа. Така, во номенклатурата на ЕУ, другите јазици ќе бидат – француски, хрватски, англиски... а нашиот, најверојатно – македонски, „според терминот од Уставот на државата". Значи – измислен, вештачки...

10. Во Привремената спогодба потпишавме дека името на државата е проблем, во Декларацијата – јазикот... Во ООН влеговме без име, во ЕУ, судејќи по сè, ќе нè примат откако ќе нè прекрстат, а јазикот ќе ни го оспорат... каде е крајот? Недостасува само уште некаде да потпишеме дека и народот е измислен од Тито и... сами да ја завршиме приказната.

11. Нешто е, сепак, јасно – едно по едно, студиозно и упорно, САД ги корнат перјата од крилјата на Македонија. Денот кога со нив напразно ќе се мавта, без да може да се лета – не е далеку. Се разбира, доколку не се разбудиме на време и не тропнеме на маса и згрмиме сите заедно – ДОСТА БЕШЕ.

12. Кога „партнерската" помош и во однос на Бугарија ќе се стави во мозаикот на сите „пријателски" исчекори на Вашингтон, уште појасно се гледаат нивните намери кон Македонија. Гледани одвоено, камчињата од мозаикот не кажуваат многу. Заедно – ја откриваат политиката на упорно и постојано уништување на македонштината. Така, со Декларацијата за соработка и пријателство со Бугарија, од 1999 година, целта на носителите на проектот беше дека македонски јазик – нема! Дека такво нешто (може да) се користи само локално, во земјата.
Каква „случајна коинциденција" – преку безобразната и бескрупулозна манипулација дека ќе се менувала, нели, само референцијата, со име за користење надвор од земјата,

истото тоа сакаат да ни го направат и со јазикот! Македонскиот јазик, исто како и името, да се користи само дома! Каква координација! Моќните работат на паралелна основа. Истовремено, по разни колосеци, жртвите ги подготвуваат за капитулација.

Поголема потврда, и очигледен доказ, дека е во прашање спроведување на исто сценарио, и од каде тоа доаѓа – здравје.

13. Деновиве (крајот на 2012), Декларацијата од 1999 е повторно актуелна. Бугарија, со право, сака да ја подигне на ниво на Договор за пријателство и соработка. „Декларација" и „договор" се сосема различни документи. Тоа е исто како да споредувате Фиќо и Мерцедес 350. И двата се автомобили, но... Впрочем, во ист кош не може да се става „договор за пријателство и соработка" со каков било друг договор. Тоа е врвниот документ кој го договараат две држави. Таков, меѓутоа, не се потпишува сè додека има отворени проблеми меѓу нив. А меѓу Македонија и Бугарија има нерасчистени суштински недоразбирања. Така, логично е прашањето – дали токму затоа Софија инсистира на потпишување таков договор? Божем, сè е чисто меѓу двете држави. Со други зборови, ние се согласуваме дека сме тоа што нè смета Софија. „Бугари".

13. 1. Наметнувањето на ваков договор, веројатно, има уште една причина. Може да се претпостави дека Софија се плаши дека Декларацијата нема да биде доволно ниво за Брисел да прифати најширока девалвација на македонскиот јазик, според формулата користена во неа. Иако, според дипломатската практика, тоа не треба да биде спорно. Затоа, за секоја сигурност, Бугарија инсистира тоа да биде потврдено со врвен документ, каков што е договорот за пријателство... Едноставно, сакаат „аргументирано", со максимални „гаранции", со договор, а не со некаква декларација, да мавтаат во Брисел...

14. Декларацијата од 1999 не подлегнуваше на ратификација во Собранието. Договорот за соработка... – мора да ја помине

собраниската процедура. Без тоа не стапува на сила. И, ако тоа го сториме, со во него вклучени веќе дадените стратегиски отстапки од 1999 година, тоа ќе значи дека државата Македонија, најофицијално се откажува и од својот јазик и од Македонците во Бугарија. Без таква формулација, треба да бидеме начисто, Софија нема да го потпише договорот.

Ако, пак, ние, прифатиме, потпишеме и ратификуваме таков текст, дефинитивно ќе покажеме дека не сме кадарни да имаме своја, македонска држава.

Ние сме на потег.

15. Софија е незадоволна бидејќи Македонија не ја спроведувала Декларацијата од 1999. Наша должност е постојано да ги потсетуваме дека сѐ што е наметнато со сила, сѐ што не е чесно, коректно, нормално..., нема шанси да успее. Мораме да им нагласиме дека и ако успеат, не дај Боже, преку уцени, блокади... повторно да ни наметнат за нас неприфатлив, нереципрочен... договор за пријателство... тој исто така ќе остане само текст на хартија. Но ќе остави длабоки траги кај македонскиот народ. И, место односите да се развиваат, ќе одат – надолу. Тоа е чиста физика. Македонците ќе бидат гневни за уцената и тоа нема да го простат.

Софија џабе губи време. Непотребно се резилат сакајќи го невозможното. Дури и ако со тоа си ги лечат комплексите – грешат. Не можат да ни земат нешто што е наше. Дури и да ни го земат – никогаш нема да биде нивно. Ниту народот, ниту јазикот... Напротив, непотребно создаваат непријатели.

Двата народа се по многу нешта блиски. Јазиците, традициите... исто така. Историјата нѐ поврзува во многу сегменти. Често била заедничка. Додека немаа своја држава, бројни врвни македонски дејци живееја и твореа во Софија и низ Бугарија. Дузини настани треба и мора заедно да се слават. Но како два народа, што и сме. Ние, ниту сме биле, ниту сме Бугари. Ние зборуваме македонски јазик.

Во минатото, мнозина се декларирале како Бугари, Срби, Грци, Македонците муслимани како Турци... бидејќи немале избор. Никој, официјално, не прифаќал дека има – Македонци. Сите ги присвојувале. Дедото, Ицо Попе, во Ресен, за време на српската окупација, на попис, го прашале – националност? Македонец, одговорил. Нема такво нешто, му одбрусиле. Тогаш, пишете што сакате, заклучил дедо Ицо. Истото тоа се случувало и во Бугарија.

Кога сето ова Бугарија ќе го сфати и проголта, кога своите историски синдроми ќе ги фрли на буништето на историјата, ќе се отворат нови хоризонти и меѓу двете држави и меѓу двата народа. Неограничени.

Дотогаш...

Софија е на потег.

X - ИЗЈАВИ

1. Јан де Хоп Шефер, генерален секретар на НАТО („Утрински весник”, 16 јули 2008):

„Мора да сфатиме дека нашите пријатели во Скопје сакаат да се вклучат во НАТО, а не обратно. Знаете, Грција е внатре, а Скопје не е. Со други зборови, флексибилноста е потребна од сите, но не треба да се заборави дека една земја бара да се вклучи во НАТО. Во тоа е прашањето”.

На времето, истото правило важело и за црнците. Прашањето, според Шефер, било само што тие биле – црни. Ништо друго. Изјавата е чист расизам.

2. Дин Питман, помошник на државниот секретар Џон Кери („Република”, 27 септември 2013):

„Прашањето за името спаѓа во категоријата замрзнати конфликти, исто како и територијалниот спор меѓу Ерменија и Азербејџан”. „... знам дека ова не е мало прашање бидејќи да беше мало, досега ќе беше решено”.

Изјавата е дадена на брифинг, пред Генералното собрание на ООН. Питман, всушност, (ни) порача дека брзо решение на проблемот – нема! Тој, како изгледа, ни ги пренесе вистинските процени на Вашингтон. Ни останува да се прашаме – а, зошто, Рикер, Волерс... постојано афирмираат очекување спорот брзо да се реши?

3. Андрес Фог Расмусен, генерален секретар на НАТО („Дневник”, 17 февруари 2012):
„Прво решение за името, потоа членство”.

Пораката е испратена од Атина. Човекот ем се додворувал, ем ја прецизирал политиката на Алијансата.

4. Набргу потоа („Нова Македонија”, 1 март 2012), амбасадорот Волерс и спомнатиот Расмусен, истовремено ни јавија, секако координирано, дека не треба да очекуваме

ништо од самитот на НАТО, во Чикаго, во мај 2012. Претекстот е ист – прво името, потоа членство. Според Расмусен – „Тоа го решивме во Букурешт во 2008 и таа одлука сè уште важи”!

Овие изјави кристално јасно потврдуваат дека блокадите во Брисел не се грчки, туку на НАТО и ЕУ.

5. Ангела Меркел, канцеларка (премиер) на Германија („Нова Македонија”, 15 февруари 2012):

„Прашањето за името мора да се реши... бидејќи без решение тешко може да се постигне консензус за влегување на земјата во НАТО и почнување на преговори со ЕУ”. Меркел рекла и дека – „Пресудата од Хаг е неспорна и претставува успех на македонската Влада”. Додала дека „пресудата треба да биде признаена, но дека од неа произлегуваат обврски за Грција”!?

Изјавата е дадена по разговорите со Груевски и е прилично – конфузна. Меркел, ем се повикува на консензусот, ем вели дека пресудата треба да биде признаена од страна на Грција. Ама, ако се случи тоа – нема веќе консензус! Не кажа зошто Германија толерира Грција да не спроведува пресуда од Хаг? Одговорноста, за тоа, е и – нејзина. Меркел само илустрира колку на сите им тежи пресудата. Кога таа ќе се спомне – не знаат кај да гледаат и што да кажат.

6. Жозе Мануел Баросо, претседател на Европската комисија (Влада) („Дневник”, 29 октомври 2010):

„Дојде време земјата да не ја испушти оваа историска шанса. Идентитетските прашања се секако важни, но уште поважно е минатото да не ја држи иднината во заложништво”.

И кој, сега, вели дека е во прашање „само” името на државата? Баросо зборува во име на Унијата и, всушност, апелира народот да го мени сопствениот идентитет. Во име на иднината, нели?

7. Викторија Нуланд, помошник-државна секретарка на САД, надлежна за Европа и поранешен амбасадор во НАТО („Нова Македонија”, 15 ноември, 2013):

„Во врска со Македонија, и јас самата во минатото, особено во 2008 година, на самитот на НАТО во Букурешт, лично ги засукав ракавите. Се сеќавам и како се среќавав со премиерот Груевски и со грчките водачи во мојата дневна соба, кога се обидувавме да го решиме спорот. Верувам дека има две или повеќе формулации што би требало да можат да бидат прифатливи за двете страни. Се работи за дијалог, лидерство и избор меѓу двете страни, да одберат”.

Е, сега, кому да му веруваме? Додека Рикер, Волерс и други постојано нè уверуваат дека САД не се мешаат во решавањето на спорот, дека е тоа работа на двете земји, Вики нè уверува во спротивното – лично ги засукала ракавите!? А „двете или повеќе формулации” кои би биле „прифатливи за двете страни”, бидете сигурни, не се грчки, туку американски решенија за проблемот. Впрочем, факт е дека меѓу нив постојат „разлики” кои не се стратегиски, туку само – термински. Грција, на пример, сака веднаш да нè докрајчи, преку ерга омнес додека САД се залагаат за постепено разнебитување на Македонците. Во етапи. За година, две. Преку замена на референцијата со трајно име за меѓународна употреба! Инсистираат процесот да биде што „побезболен”! За полесно да нè преведат жедни преку вода.

8. Иво Далдер, амбасадор на САД во НАТО („Нова Македонија”, 19 јуни 2013):

„САД имаа голема задача, а тоа е вложување силни дипломатски напори, вклучувајќи лица на највисоко ниво, за наоѓање решение со грчката и македонската влада. Може само да се нагаѓа зошто тоа не се случи”.

Нова потврда кој го води случајот: американскиот булдожер роварел и на „највисоко ниво”, ама не успеал да ја збрише Македонија.

9. Џејмс Стајнберг, заменик-државен секретар на САД („Нова Македонија”, 10 јуни 2010): „Разбираме дека на премиерот Груевски му претстои тешка одлука – секогаш е тешко во ситуации како оваа. Но мислам дека е важно македонското раководство да се фокусира на наградата, а тоа е солидна иднина во рамките на НАТО и ЕУ, што е примамливо”!?

Нема никакви нејаснотии во американската позиција – отворено се бара наша капитулација. Нема тука ниту билатерален договор со Грција, ниту медијација... Македонија треба сама да ги проголта кнедлите и сè друго е техника.

10. Хилари Клинтон („Дневник”, 20 јули 2011): „Владата во Скопје треба да знае дека нема да може да напредува во евроинтеграциите сè додека не го реши ова прашање за името, а, од друга страна, очигледно е дека Грција мора да биде подготвена да прифати решение”!

Појасно не може да биде: а) во име на САД, Клинтонка ни кажува дека нема за нас НАТО и ЕУ – како Македонија! Паралелно, пораката за Грција е дека – мора да прифати решение! Значи, тоа и неа ќе и биде сервирано! Се разбира – кога ќе дојде времето. Ако дојде? И, сега, зошто ние би разговарале со Атина? Менаџерот си ги кажа условите!

11. Викиликс: „САД се за едно меѓународно име со географска одредница” („Дневник”, 30 март 2011). Според телеграма на американскиот амбасадор во Атина, Даниел Спекхард, администрацијата на Обама смета дека главните елементи на решението за прашањето за името се „име со географска одредница за севкупна употреба во меѓународни рамки, без да се чепка во идентитетот (а прашањето за идентитетот да не се спомнува до одредена фаза на евроинтегративниот процес)”!

Благодарност до Викиликс што ја откри американската игра и замка. Значи, се работи на разнебитување на Македонците – чекор, по чекор. Прво, име за меѓународна употреба.

Потоа, јабана ќе оди и идентитетот. Се разбира, во „одредена фаза”! Никаде не брзаме.

12. Лоренс Иглбергер, поранешен државен секретар на САД, за МРТВ: „Ако Македонија одлучи да го задржи уставното име, нема сила која може да ја присили на промена. До вас е да одлучите дали сакате да го промените името или не”!

Тоа е најсилната карта на Македонија – без наша согласност, не можат да нè прекрстат ни како држава, ни како народ. А тој што би прифатил прекрстување...

13. Хилари Клинтон, како државна секретарка, за 20-годишнината од независноста, на 8 септември 2011 година, не им го честиташе празникот на нашите лидери. Тоа е вообичаена практика, а пораките ги пренесуваат амбасадите на земјите. Игнорирајќи го раководството, таа испрати честитка до сите граѓани и тоа преку интернетската страница на Стејт департментот! Тоа е невиден преседан и тешка навреда, кои го илустрираат незадоволството на САД од неспремноста на Македонија да капитулира.

Тоа е периодот кога Вашингтон, нагласено и нескриено, го бојкотираше Груевски. Така, на пример, при посетата на САД и средбите во Стејт департментот, во февруари 2011, премиерот беше принуден на улица да организира прес со новинарите...

13. 1. Врвот на американската нетрпеливост кон нашата власт беше кога Рикер („Груевски се оглушил на пораките од Вашингтон”, „Дневник”, 4 март 2011) изјави: „Ситуацијата во Македонија не е сменета по пораките за загриженост што ги доби премиерот Груевски на средбите во Вашингтон. Напротив, по 16 февруари загриженоста на САД е засилена”!

14. Томас Кантримен, помошник-државен секретар на САД за европски прашања, при посета на Скопје („Дневник”, 27 октомври 2010): „Вашингтон сè уште е заинтересиран за членство на Македонија во НАТО. Со чекањето губи

Македонија, а не Грција. За Атина нема долгорочна штета од нерешавањето на спорот".

Што сакаме повеќе? Можна ли е „посилна поддршка" од нашиот „стратегиски партнер"?

15. Филип Гордон, помошник-државен секретар за европски прашања, во обраќање пред Поткомитет на Комисијата за надворешни работи на Сенатот: зборувајќи за перспективите на балканските земји за членство во НАТО („Нова Македонија", 20 мај 2011) – „а Македонија ќе се придружи откако ќе биде решен спорот со името".

Ако не беше во прашање чиста американска политика (прво името, потоа членство), нормално ќе беше Гордон да објасни во Сенатот дека се работи за туѓо попречување, блокада или недостаток од консензус... и да се дистанцира на некој начин од оваа политика. Вака...

16. Даниел Фрид, помошник-државен секретар на САД („Дневник", 28 октомври 2008): „Зграпчете го последниот предлог на Нимиц и направете ја светла иднината на вашите деца. Тие ќе ви бидат благодарни за тоа. По македонското прифаќање, ЕУ ќе ја притисне Грција и таа да одговори позитивно"!

Во врска со инсистирањето на Македонија за зачувување на идентитетот, Фрид рекол дека „успехот на земјата е најдобра потврда за идентитетот"!?! И, додал – „јас повеќе би сакал да бидам херој по 100 години отколку сега"!?!

Убава анатомија на американската политика: а) прифатете вие, а после ќе прифати и Грција! А, што ако Грција не послуша, што е најверојатно? Нормално, ќе следи нова рунда во која тоа што ние веќе сме го прифатиле ќе биде појдовна основа за наши нови отстапки. Многу логично, нели? б) како може САД да тврди дека, по нашето прифаќање, „ЕУ ќе ја притисне Грција..."? Од каде го знаат тоа? Нели е ова одлична потврда дека токму Вашингтон го менаџира спорот?

в) нема, ниту ќе се роди некој што повеќе би сакал да биде херој по 100 години, а не веднаш.

17. Шон Макомарк, портпарол на Стејт департментот („Утрински", 11 септември 2008): „Македонија кажа дека сака да се нарекува Македонија и ние тоа име го признавме. Ако Македонија и каже на меѓународната заедница дека сака да ја нарекуваат под друго име, кое ќе биде целосно поддржано од македонскиот народ и Владата, тогаш не верувам дека САД би се спротивставиле".

Рекол дека САД не предлагале решенија, но учествувале во неговото решавање. На кој начин? Чекале другите за излезат со предлози?

Ова е уште една потврда дека без наша согласност никој не може да нè прекрсти. Портпаролот како да не разбрал дека Македонија не сака друго име. Ако не беше така, одамна ќе беше прекрстена.

18. Филип Гордон, помошник-државен секретар („Нова Македонија", 11 јули 2012):

„Во случајот со Македонија, НАТО-членките јасно ставиле до знаење дека поканата ќе се ефектуира откако прашањето со името ќе биде решено".

Што треба повеќе да ни кажат? НАТО-членките решиле, не Грција. Тие ја носат одговорноста пред Македонија. А кој нив ги постројува, познато е.

19. Според „Нова Македонија" („Желбите едно, искреноста друго", 24 февруари 2012), Џејмс Стајнберг, од самите врвови на Стејт департментот, во 2009 рекол: „Да ја поедноставиме работата, договорете се и тоа што ќе одлучите ќе биде прифатено со резолуција во ООН, а ќе биде задолжително за сите во меѓународната заедница".

Со кого да се договориме? Со Грција? Тука е проблемот. Сè друго е полесно. Та затоа и нè упатуваат кај неа.

20. Аиво Орав, шеф (амбасадор) на Мисијата на ЕУ во Македонија, зборувајќи за Охридскиот договор во Европскиот парламент („Дневник", 17 ноември 2012): „Овој договор е многу важен за владината коалиција меѓу етнички Албанци и Славомакедонци, иако етничките заедници различно го разбираат".

Изразот „Славомакедонци" тој го употребил неколку пати. Што мислите, ова прекрстување е негова замисла или налог од Брисел? Тука, гарантирано, нема негов избор! И, ај сега, некој нека ни рече дека само името било во прашање. За идентитетот, јазикот... нели, не се разговарало. А, бе, Славомакедонци, кога, бе, ќе го разберете тоа?

21. Следат изјави на Филип Рикер, прво како амбасадор во Македонија (2008-2011), а потоа и како помошник-заменик државен секретар за европски прашања во Вашингтон.

(Пред тоа, од 1997 до 1999, Рикер беше дипломат во Скопје и портпарол на амбасадорот Хил, кој, пак, беше специјален претставник на претседателот Клинтон за Косово. Преку него, Рикер беше директно инволвиран и во тамошната војна. Заедно со Хил беа и на конференцијата во Рамбуе, чиј портпарол беше токму Рикер. Таму беше направено сè Србија да го одбие предложениот – неприфатлив и навредлив – договор, за да се отвори простор за бомбардирање на земјата, вклучувајќи го и Белград. Значи, Рикер е директен актер во големоалбанскиот проект уште од крајот на 1990-те).

21. 1. „Ова е млада земја, стана независна првпат пред 18 години. Ова е потврдено во ООН и земјите во светот. Она што треба да се разреши е тоа што се нарекува прашање за името. Земјата треба да најде име за да почне да се движи кон натамошна целосна интеграција. Идентитетот е ваш, на секој поединец и на секоја група. Тоа е нешто за што не може да се преговара".

„Ќе мора да се најде нешто што ќе го зацврсти ЕВРОПСКИОТ ИДЕНТИТЕТ на Македонија, да се најде решение за името и земјата да се приклучи кон институциите, да стане вистински член на евроатлантската заедница".

„За нас, Американците, да се биде двојазичен или повеќејазичен е предност, нешто од што луѓето од оваа земја можат да имаат корист. Треба да се има предвид таа корист и на различноста која овде ја имате и можете во многу да се обезбедите доколку ги прифатите другите јазици и култури што егзистираат во Македонија".

Цитатите се од интервју на Рикер: „За идентитетот не се преговара", „Дневник", 8 јуни 2009.

Рикер скоро сè ни кажа: и дека сме држава само 18 години (не ни го признава „стажот" во Федерацијата); и дека треба да се прекрстиме; и дека за идентитетот не (може да) се преговара, што е апсолутно точно, ама премолчил дека со промена на името тој автоматски се менува или брише; и дека треба да градиме ЕВРОПСКИ ИДЕНТИТЕТ (да не спомна нешто слично и Волерс деновиве, во декември 2013, во Тетово?!); и дека Македонците треба да учат албански (заради лична корист!) а никако Албанците – македонски! Албанците немаат потреба да се „обезбедуваат", како што им советува Рикер на Македонците. Нив, нели, ги чуваат – Американците...

Интервјуто е своевиден сублимат на американската политика, која се спроведува кон Македонија и Македонците, по 2008 година.

21. 2. „Верувам дека е можно да има решение релативно брзо... фокусирајте се на она што треба да се направи, А ТОА Е НАОЃАЊЕ ИМЕ ЗА МЕЃУНАРОДНА УПОТРЕБА, со кое двете страни би се сложиле". („Нова Македонија", 18 јануари 2010).

Тоа е најголемата измама, замка и јадица за Македонија. Дома, или ерга омнес, не можат никогаш да нѐ прекрстат. Ако, со наша согласност, се прекрстиме за по надвор, по многу кусо време, таа ќе стане – ерга омнес! Можеме да заклучиме дека Рикер (САД) бара од нас да одбереме име за меѓународна употреба, ама со кое ќе се сложи Грција!?! Има ли некаде кум што има повеќе права од Грција во случајов со Македонија?

21. 3. „Ова е многу значајна пролет за Македонија, прашањето за името треба да се реши во наредните неколку месеци". („Нова Македонија", 4 март 2010)

Ова не е никаков притисок.

21. 4. Според „Дневник" („Јавноста да и` помага на Владата за името", од 30 август 2010), Рикер рекол: „Мислам дека јавноста треба да застане и да преземе одговорност, да се интересира за прашањата, да слуша што луѓето велат."

Веројатно, ова е зародишот на идејата за јавна дебата околу името која е актуелна во текот на летото 2013 и која, нели, треба да отвори простор за капитулација на земјата. На Рикер му требале преку три години да ја претвори во проект.

21. 5. „Се надевам дека нема да потрошите уште две и пол години за да се дојде до решение за спорот за името кое е услов за добивање на поканата за членство во НАТО. Македонија ги исполни критериумите и на земјата ќе и` биде дадена покана за членство штом го реши прашањето за името со Грција. Разочарани сме што сѐ уште тоа не е постигнато. Како и да е, одговорноста е на лидерите и на народот на Македонија да се најде конечно решение". („Нова Македонија", 23 ноември 2010)

Нема дилеми – сѐ зависи од нас! Рикер ги откри картите – нема тука никаква грчка улога! Ниту во одговорноста што нема решение. Менаџерот знае кој треба да капитулира.

21. 6. Интервју во „Нова Македонија” („Да беше САД, проблемот со името ќе беше решен”, 26 март 2011):

„Не е важно да мислите само на сегашноста или на минатото туку и како да оформите стратегија за во иднина”.

„Уште не сме виделе вистинска дискусија за тоа што е прифатливо за вас, повеќе сме слушале за тоа што не е”.

Првиот цитат е дел од постојаното залажување и нудење магла за иднината, за конкретни драгоцени жртви во сегашноста. Вториот цитат е веродостоен, ама целта на Рикер не е Македонија да се доближи до решение, туку да почне да лицитира. Кога ќе кажеме што е за нас прифатливо, тоа веднаш ќе стане почетна точка за барање нови концесии од нас. Повторно, Рикер, инсистира на „дискусија” за името!

21. 7. „За Меѓународниот суд на правдата не би сакал да предјудицирам за одлуката. Но, основната ситуација е иста: НАТО мошне јасно наведе и во многубројни пригоди повтори дека Македонија ќе добие покана да се приклучи по решавањето на прашањето за името”! („Дневник”, 3 декември 2011).

А некои „експерти” постојано ни тврдат дека Грција нè блокира, уценува и ни дава ултиматум за членство во НАТО?

21. 8. „Мислењето на Меѓународниот суд на правдата се однесува на спорот меѓу Грција и Македонија. Се надеваме дека двете страни ќе го искористат ова мислење за решавање на проблемот меѓу двете земји. Тоа е и ставот на НАТО, што значи дека кога ќе се реши спорот со името, без разлика на тоа како земјите ќе одлучат да го решат, Македонија ќе напредува кон НАТО”!

„Ние можеме да помогнеме, но ние не можеме да ги донесеме тешките одлуки во ваше име. Тоа се работи што самите треба да ги направите”! („Нова Македонија”, 10 јануари 2012)

Нашите новинари (политичарите уште помалку) Рикер никогаш не го прашаа – од кога судовите донесуваат мислења, а не пресуди? Второ, јасно ни кажува дека блокадата е од Алијансата! Трето, квалификацијата дека ние треба да донесеме тешки одлуки – ги открива нивните намери. Тешки се одлуките кога се жртвува нешто значајно и свето.

21. 9. „Имаме понудено идеи, ООН водат процес и би сакале да дојде до решение. АКО НАВИСТИНА САКАТЕ ДА СЕ ВРАТИТЕ ВО ИСТОРИЈАТА, МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ГИ МАЧЕШЕ НЕ САМО ЛУЃЕТО ВО РЕГИОНОТ ТУКУ И ПОШИРОКО ВО ЕВРОПА. Веруваме дека имаме одговор на тоа прашање, со актуелната структура и постојните граници – тоа е одговорот". („Дневник", 29 март 2012)

Ова е исклучително важна изјава. Клучно е што Рикер, можеби за прв пат, името го поврзува со „македонското прашање". Ако тоа, навистина, ги мачело и луѓето од регионот, ама и од Европа, американската решеност да го затворат мора да е оправдана, зар не? Дали ни ја открива Рикер заднината на спорот? Што значи формулацијата – „имаме одговор на тоа прашање"? Фрлање на Македонците на ѓубриштето од историјата? Та, нели, постојано ни трубат дека договор треба да бараме со Грција, а тие „имаат одговор"? Значи, кај нив бил клучот? Зар ова не е кристална потврда дека Грција е – статист?

21. 10. „Помирувањето никогаш не е лесно". („Дневник", 23 август 2012)

Така Рикер го поздрави поклонувањето на министерот за одбрана, Фатмир Бесими, пред споменикот на ОНА во Слупчане, направено тајно и надвор од процедурите на МО.

22. Пол Волерс, сегашниот американски амбасадор во Скопје (2011-), за разлика од претходникот, Рикер, не е толку агресивен, а изгледа и поискрен?! Многу е повоздржан.

22. 1. „Ова е прашање што го надминува името, се работи за идентитетот" („Нова Македонија", 20 јули 2011).

Оценил Волерс на распитот во Конгресот, при потврдувањето на неговата кандидатура за амбасадор во Македонија. И бил во право. Арно ама, што да правиме со Рикер и другите кои цело време нѐ уверуваат во спротивното?

22. 2. „Грција поминува низ големи политички и економски промени и сè додека е во тој процес тоа ќе го комплицира напредокот на секој друг процес, а не само прашањето за името". („Дневник", 9 ноември 2011)

Ако е така, а така е, зошто САД инсистира на брзо решавање? Нели е тоа чиста манипулација и измама?

22. 3. „Не може таму некоја институција да му кажува на НАТО кого ќе прими, а кого не во членство", изјавил Волерс лут и изнервиран, според „Нова Македонија" од 19 март 2012.
Значи НАТО нѐ блокира, нели?

22. 4. „Вие како жители на Македонија треба да решите како ќе се дефинирате себе и врз основа на кои вредности. Не можете да се дефинирате според својата националност, која е различна, ниту според верата, која исто така се разликува, или според културата, која е слична, но не е иста". И продолжил: „Некои се обидуваат тоа да го направат преку формирање на идентитетот враќајќи се далеку назад во историјата, но како што реков во моето излагање, тоа е опасен начин за идентитетот, бидејќи некои можеби ќе бидат изоставени. Сметам дека многу луѓе во оваа држава се чувствуваат оставени настрана со таков пристап. Затоа барањето заеднички вредности е многу подобро и важно за иднината и сите треба да учествуваат во таа дебата"!?! („Дневник", 27 ноември 2013).

На предавање, каде ако не во Тетово, на тамошниот „Штулов" универзитет, Волерс целосно ги отвори картите на

американската политика во однос на Македонија. Македонците ги третираат како маса која треба да се прекрсти. Со дебата и со целосно бришење на сè што има македонски предзнак. Подиректен апел за разнебитување на македонскиот народ тешко може да се замисли. Тоа е политиката, која преку 20 години САД ја водат кон Македонија.

* * * * *

23. Анализирајќи ги изјавите на Рикер, и споредувајќи ги со тие на неговите претходници во Скопје, амбасадорите Ајник, Батлер и Миловановиќ, паѓа во очи дека тие пред него никогаш во јавните настапи не го спомнуваа проблемот со името. Не се случи да побараат Македонија да се прекрсти, не „апелираа" на потреба од наши „тешки одлуки" и/или „храброст" на лидерите, со цел да прифатат капитулација. Во ниту една пригода не ни го менуваат јазикот во „државен"...

Врз основа на овој неспорен аргумент, целосно се потврдува претходно елаборираната оценка дека пресвртот на политиката кон Македонија, реализиран на самитот на НАТО, во Букурешт, во 2008 година, е чисто – американски. Тогаш, преку блокада, ни беа затворени вратите за НАТО (и ЕУ) со паралелно поставување на уцена и ултиматум – прво името, потоа членство.

Токму во 2008 година и Рикер доаѓа за амбасадор во Скопје и упорно почнува да ја спроведува новата американска политика. Со нагласена агресивност, не оставајќи простор за какво било друго решение, инсистира – Македонците да се разнебитат...

По Букурешт 2008, и сите други американски претставници ни ја пеат истата песна...

Ако навистина Грција била заслужна за пресвртот во политиката на НАТО (и ЕУ), во 2008-та, кон Македонија, зошто американските претставници, сите погоре цитирани, толку запнале да се прекрстиме, бараат „тешки" одлуки, да

бидеме „храбри”, да го решиме проблемот за неколку месеци...?

За да ја задоволат Грција? Ајде, да не бидеме наивни...

23. 1. Почнувајќи од Букурешт, свесен за поразите кои за ова прашање ги доживува скоро 15 години, Вашингтон ги зема сите конци во свои раце и тргна во незадржлива офанзива за затворање на „македонското прашање”. Еднаш засекогаш.

* * * * *

24. За крај и неколку релевантни показатели на мешањето на странските дипломати (најчесто – амбасадори), во нашите внатрешни работи:

24. 1. Жерновски, лидер на Либерално-демократската партија („Публика”, прилог на „Дневник”, 24 март 2012):

„Можеби ќе кажам посмело отколку што треба, но првпат идејата за заеднички поширок фронт против оваа влада јас ја слушнав од меѓународните претставници”.

24. 2. „Нова Македонија” од 3 јуни 2010, тврди:

„Партиите на Албанците не можат да се обединат, иако дипломатите им сугерирале да застанат зад заедничка платформа”. Во текстот се прецизира и дека Имер Селмани, лидерот на тогашната Нова демократија, писмено ќе ги поканел лидерите на ДУИ и ДПА да се обединат за да ги решат отворените прашања на Албанците!

Против кого Албанците треба да се обединат, се знае.

24. 3. Владимир Милчин, извршен директор на Фондацијата „Институт отворено општество”, на Сорос, според „Дневник”, од 30 август 2010, рекол дека странски дипломати го тестирале за опција референдум без поддршка од власта!

Наше е да претпоставуваме чии тоа дипломати во државава сугерирале заедничка албанска платформа или поширок фронт против оваа влада, или подметнат референдум... Мора да се тие од Малта, Сенегал,... Што мислите вие? Кој друг би имал интерес и би се осмелил на такво, бескрупулозно мешање во нашите работи?

* * * * *

За крај, и еден мал „шлагер”:

„Дневник”, од 25 октомври 2012, пишува за случајот со Американката Кенди Данлап, која била уапсена на аеродромот во Петровец, на 28 септември 2012. Кај неа биле пронајдени 256 (!?!) монети и други археолошки предмети (два приврзоци од олово и бронза, бардак, сад за течности...) со непроценлива вредност. Во земјава престојувала шест дена во „хуманитарна” (поточно – разбојничка) „медицинска” мисија. На суд тврдела дека од селаните во Криволак, Селце и Лозово, Штипско, во знак на благодарност за медицински „услуги”, добивала ќупчиња за кои таа мислела дека се сувенири!? За монетите мислела дека биле копчиња!?! Судот утврдил дека таа немала дозвола за давање „медицински услуги”, ниту писмена документација за хуманитарна мисија...

Значи, неспорно е во прашање опасен измамник и, сигурно, организиран шверц со нашето културно наследство.

И, драги читатели, што мислите – на колку годишна робија е осудена драгата гостинка, Кенди?

На – ич! Добила условна казна на две години и била протерана! Значи – ослободена од одговорност. Според судот, олеснителни околности биле – што била странец; семеен човек; мајка на шест деца, за кои имала обврска да се грижи...!?

Неа ја фатиле, а којзнае колку американски (и други!) „хуманитарци" ни направиле 'ршум во земјава досега? Колку такви пробисвети си отишле со полни бисаќи...

И, да бидеме објективни – дали целата оваа лакрдија, невидена судска мизерија и македонска срамота, се случувала без мешање на американската Амбасада? Може ли да се замисли нивните конзули (и амбасадор!) да мируваат, а граѓанка на САД да се суди во некаква Македонија, без име? За што било? Од убиство... Такво нешто е незамисливо!

Сепак, вината е целосно наша. Нашле овци – и треба да ги стрижат. До под кожа.

Ех, за сличен тежок криминал, во САД, Македонец би бил на електричен стол.

Со право.

XI - ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ

1. Непростиво е што и по 20 години немаме одговор кои се причините за оваа, со ништо непредизвикана, неприфатлива политика на САД кон Македонија. Зошто, повторно го отворија „македонското прашање”? Зошто не презедоа ништо да се прекине илегалната грчка блокада на границата, која ја уништуваше Македонија, а траеше скоро две години? Зошто молчеа? Како беше можно Вашингтон да не реагира на неприфатливиот однос на тогашна ЕЗ која го игнорираше предлогот на т.н. „Бадентерова комисија” за Македонија, а целосно застанаа на страна на БиХ, која не исполнуваше никакви услови за признавање? Или, зошто ја толерираа бесмислената декларација на ЕЗ од Лисабон, од 1992 година, со која ни се забрануваше да го користиме зборот/името „Македонија”?...

Квалификувано може да се заклучи дека, сите овие години, објективно, на стратегиски план, САД нема ништо направено во корист на Македонија. Освен, можеби, на почетокот од 1990-те, кога со испраќањето на војници, со УНПРЕДЕП, демонстрираа некаков интерес за нашата земја. Но, и тоа, повторно и пред сè, беше поради нивни (и албански!) интереси. Целта беше да ги спречат намерите на Милошевиќ да влезе во Македонија, а не за да ја зајакнат безбедноста на земјата. Друго, позитивно – нема.

1. 1. Истражувањето на американската политика кон Македонија мораше одамна да се направи бидејќи не беше логично, единствената југорепублика која се однесуваше мирољубиво во распадот, да ја остават на цедило, место да ја наградат и да и` помогнат политички и економски да се стабилизира. Како беше можно, впрочем, да го дозволат, ако веќе не го раководеа пресвртот во Букурешт, во 2008, кој донесе блокада, ултиматум и уцена за Македонија?...

1. 2. Прашањето може да биде и обратно: дали и каде згреши Македонија за да предизвика такви политики кон неа? Случајот со Србија и Милошевиќ е неспорен: по многу нешта, тие самите си го бараа тоа што се случи. Но,

Македонија...? Одговорот е едноставен – што и да направеше земјата, ништо немаше да биде поинаку. Пак ќе беше во иста или многу слична позиција бидејќи намерите на единствената светска суперсила се покажаа цврсти, одлучни и спремни сè да газат за да ја постигнат целта. Поинаку можеше да биде единствено ако земјата рано прифатеше прекрстување, понижување и откажување од идентитетот на сопствениот народ. Во прашање се американските геополитички регионални интереси, на кои и многу поголеми и посилни држави од Македонија – не би можеле да влијаат. Се работи за висока политика која не есапи мали држави, како Македонија, во која тие немаат никаква улога.

2. Сепак, никогаш не е доцна. Иако со големо задоцнување, ова е само едно од првите настојувања да се стават на увид вистинските политики кои САД ги водат кон Македонија, по распадот на федерацијата. Намерата е да се провоцираат уште бројни, продлабочени анализи сè со цел да им се посочат грешките на креаторите на американската балканска политика. Биле тие во Стејт департментот, биле во други релевантни институции. Тие треба да се соочат со вистинските состојби во Македонија и регионот, гледани од објективен, локален, а не глобален аспект. Големите, како САД, имаат доблест на вистината да и` погледаат во очи. Тоа е, впрочем, и во нивни интерес. Прагматизмот, кој беше и останува нивна јака страна, треба да реагира и во оваа ситуација.

3. Генерално, согледувањата, констатациите и оценките дадени во текстот се изведени врз цврсти факти, но се потребни понатамошни истражувања и конечни заклучоци. Само така може да се состави сеопфатен мозаик на американската стратегија и политика кон земјата и регионот. Во политиката, можни се погрешни проценки бидејќи не секогаш можат до крај да се согледаат вистинските намери. Често, има скриени цели, кои лесно не се детектираат и можат да наметнат погрешни заклучоци. И во конкретниов случај тоа не е исклучено, но, за жал, судејќи според сите елементи, можни се само благи нијанси – без поголемо влијание врз овде констатираното.

4. Веќе елабориравме дека американската политика спрема Македонија е дел од нивните интереси на Балканот, кои ги реализираат преку албанскиот фактор. Тоа, неизбежно, го доведува во прашање територијалниот интегритет на Македонија. Исто како и во случајот со Србија, само со потешки последици (во прашање се доведува многу поголем процент од територијата на државата). Апетитите на Албанците, зад кои отворено стојат САД, не можат да се задоволат, а Македонија да остане непипната. А процесот на остварување на албанските аспирации, е започнат и – напреднат. По многу нешта, тој е иреверзибилен.

4. 1. Покрај недовербата во Словените, партнерството кое САД го градат со Албанците е веројатно резултат и на фактот дека тие не ги сметаат Македонците за партнер кој гарантира стабилност и просперитет на земјата и регионот бидејќи се традиционално раскарани и поделени. Плус, кај нас е и албанскиот фактор, дел од кој има сопствени намери. Истовремено, неспорно е дека сите Албанци покажуваат нагласена лојалност кон САД, спремност да ги удоволат сите нивни барања и максимално се единствени во одлучноста да го решат националното прашање. Тоа е основата врз која е извршен американскиот избор.

4. 1. 1. Од друга страна, и сите соседи имаат проблеми со Македонија и Македонците! Не обратно. Вината е кај нив, не е кај нас. Освен, можеби фактот што – постоиме како народ, што сме тука, на оваа територија, и што сме тоа што сме! Резултатот е поразителен: иако со ништо не придонесуваме, туку се браниме од туѓите аспирации и агресии, мнозина нè сметаат како директна пречка за средување на состојбите во регионот и решавање на поголем дел од отворените прашања. Тоа е историско наследство со кое мораме да живееме, со сите последици кои од тоа произлегуваат. Македонија апсолутно нема свој придонес во недобрососедските односи кои владеат во нејзината околина или е тој минимален и е резултат на одбранбениот инстинкт, кој никој не може да го оспори. Таа е само обична жртва, а не придизвикувач на споровите кои објективно постојат.

Причината за овие состојби можеби ја дефинирал дамнешниот српски премиер Никола Пашиќ кој, според Јамбаев Михаил Леонидович („Вооруженият конфликт 2001 во Македонија и развој на политичката ситуација во земјата"), рекол: „Историјата покажува дека тој што ја има Македонија, секогаш бил прв на Балканот".

4. 2. Според бројни индикатори, во реализација на американската политика на Балканот, сериозна улога имаат и лидерите на Албанците во Македонија. Сè започна со војната во 2001-та, кога, преку силата на оружјето, во Македонија беа донесени нови, радикални албански лидери. Ако Ахмети и неговите тогаш беа американски пулени, ангажирани за реализација на нивните регионални интереси, а факт е дека беа, зошто денеска тие би се однесувале поинаку? Зошто тие денес би ги игнорирале американските аспирации, и во земјата, и во регионот? Можат ли Ахмети и другите команданти да бидат неблагодарни за сè што добија од своите американски партнери, кои и ги доведоа на власт? Можат ли тие да ги забораваат своите мецени, кои ја осмислија и реализираа војната во 2001-та, и поради своите интереси, но и во корист на албанската кауза, во која токму тие најмногу ќарија? Нема никаква објективна причина за такво нешто. Напротив.

4. 3. Не треба да има никакви дилеми дека и во новите услови, соработката и координацијата од 2001-та, продолжуваат со полн капацитет. Така, отворено мораме да се запрашаме – дали е воопшто можно, евидентниот недостаток на лојалност кон Македонија, кој така често се манифестира од страна на одредени албански лидери во земјава, дури и неприкриено во последно време, да е без американски благослов? Или, дали се тие стимулирани да играат улога на тројански коњ, на сметка на Македонците?

Одговорите се јасни.

4. 4. Тоа е така бидејќи природен противник и на едните, и на другите, за финализирање на нивните големоалбански

планови е – Македонија. Само преку неа можат да го завршат тоа што го започнаа во 1999 на Косово, и го продолжија во 2001-та, прецизирано во првите пет соопштенија на ОНА.

Ќе наведеме само најсвежи примери кои го потврдуваат горното:

- министерот за одбрана, Фатмир Бесими, надвор од сите пропишани процедури, самоволно и неовластено, во придружба од неколку униформирани лица од неговиот кабинет, потпретседател на Владата и други државни фукнционери и партиски лица на ДУИ, сите Албанци, им одаде официјална почит, во име на државата, на загинатите од ОНА, пред споменик во село Слупчане, тврдејќи дека е тоа чин на помирување. Американскиот амбасадор, Пол Волерс, веднаш јавно го поддржа министерот и ги користеше истите зборови како и тој, во своето оправдување за инцидентот. Истото тоа го повтори и Рикер кој „ги поздрави пораките на Бесими за помирување кое никогаш не е лесно";

- на почетокот на школската година, во неколку основни училишта, но и на Тетовскиот универзитет, се свиреше албанската место македонската химна („Обвинителот се заканува, химната си ечи", „Дневник", 21 септември 2012). Волерс не реагираше, и покрај големото незадоволство во медиумите;

- на конференција на универзитетот „Џон Хопкинс" во САД, Муса Џафери зборувал дека иднината на Македонија е во федерализација („Интеграцијата во сенка на федерализацијата", „Граѓански", 13 октомври 2012). Од САД – молк, а тој беше таму поканет токму од нив. А, преку Охридскиот договор, САД го гарантираа унитарниот карактер на државата. Дали тоа значи дека САД и оваа гаранција ќе ја третираат исто како и обврската на Грција да не нè попречува на патот кон НАТО и ЕУ? Исто како и Охридскиот договор, тие ја подготвија и Привремената спогодба. Нејзиниот третман покажува дека САД ја есапат сè додека е таа во корист на другата страна. Штом станува

поволна за Македонија, ја игнорираат. Зошто треба да веруваме дека поинаку ќе се однесуваат кон договорот од Охрид?

- истиот Џафери иницираше „одржување на национален конгрес на градоначалниците – Албанци, од Македонија, Албанија, Косово и Црна Гора"!?! („Муса Џафери ќе ги собира балканските градоначалници – Албанци", „Нова Македонија", 30 јануари 2012);
- општината Чаир нелегално ги прекрсти училиштата во Чаир. Волерс, се разбира, не се меша. Уште со новата административна поделба на Македонија, и спречувањето успешен референдум против неа (со делумно признавање на името), покажаа и докажаа дека албанизацијата на земјава е нивниот план Б. Дека тоа се вклучува во нивните намери и планови;

- на националистичко дивеење на албанските навивачи, на кошаркарски натпревар, присутен бил претходниот амбасадор, Рикер, заедно со највисоки албански политичари. Не реагирал(е). Си гледал(е) сеир;

- на свеченост во Воената академија министерот за одбрана, Бесими, на питомците им се обратил и на албански, иако началникот на ГШ, Котески, го предупредувал дека службен јазик на Македонија е македонскиот јазик. („Бесими на питомците им се обрати на албански јазик", „Нова Македонија", 2 октомври 2012);

- Беким Фазлиу, кандидат за градоначалник на Скопје од ДПА, изјавил: „По нашата победа нема да дозволиме во албанските населби да се слуша 'Македонско девојче'"! („Република", 7 декември 2012);

- Зијадин Зела, кандидат на ДПА за градоначалник на Струга: „Гласајте масовно за да го бетонираме фактот дека Струга е албанска" („Република", 12 април 2013);

- еве и неколку изјави на лидерот на ДПА, Мендух Тачи: „Македонија е вештачка земја, 'држава експеримент' и добро

би било Албанците да живеат во една држава" („Нашиот и косовскиот Тачи на иста линија за Голема Албанија", „Дневник", 19 март 2012); тој ги повика „Албанија и Косово да ги сопрат насилствата врз Албанците во Македонија" („Тачи бара меѓународна интервенција", „Дневник", 10 март 2012); во интервју за „Дневник" („Предавници се тетовските Албанци што гласаа за Ахмети", од 17 мај 2013) тој вели: „Да бидам искрен. Не сакаме да живееме во Македонија, сакаме во друга држава. Но отворено ни имаат кажано дека нема шанси за таков сон"! (Ова може да изгледа контрадикторно, но не е. Прво, што мислите, кој им го кажал тоа? Исланд? Или Норвешка?... Второ, и од оваа анализа е јасно дека целта на Вашингтон е рушење на Македонија однатре. Значи, сонот останува, но реализацијата ќе биде нешто подолга и целта ќе се постигне на поинаков начин отколку што се замислуваше со планирањето на 2001-та. Насилното менување на границите веќе е преризично. Посебно кога е Македонија во прашање);

- во рамките на прославата на 100-годишнината на Албанија, во Радуша беше откриен споменик на Адем Јашари, припадник на ОВК од Косово, кој нема никаква врска со Македонија („Адем Јашари се крена во Радуша", „Дневник", 19 ноември 2012);

- Бериша иницираше формирање фудбалска лига на албански клубови од балканските земји, која ја поткрепи „граѓанското" движење „Разбуди се" („Албанската фудбалска лига е само маркетинг на Бериша", „Дневник", 8 јануари 2013)...

Овие и многу други примери го покажуваат правиот лик на американската политика и врската со домашните политичари. Ги поддржуваат сите чекори на Албанците кои ја поткопуваат и рушат земјата... За возврат, потпишуваат документи во кои македонскиот јазик станува „државен"...

Премногу „случајности" и „коинциденции" за да останеме наивни и слепи.

4. 5. Светски познатиот албански писател, Исмаил Кадаре, кога бил обвинет во печатот дека бил антивлашки расположен, дури и расист, реагирал во весникот „Шекули", на 10 ноември 2003. Оценил дека е тоа „вулгарна провокација" и потсетил дека почитувањето на етничките малцинства е еден од основните европски принципи. Ама, и нагласил дека „лојалноста на малцинствата кон земјата каде живеат е неопходна и, доколку истата отсуствува, треба да чукне камбаната на алармот".

Кај нас, не се читаат „препораките" на Кадаре.

5. Од друга страна, покрај нагласениот и клучен проалбански сегмент во американската политика, Вашингтон агресивно бара да се договориме со Грција, без да каже какво решение е прифатливо за нив? Впрочем, во Вашингтон подобро од нас знаат дека на Грција и` пречи народот македонски, а името е само покритие за вистинските цели. Ако тоа веќе го знаат, а го знаат, зошто се однесуваат како да се работи за нешто формално и неважно, а не за опстојот на еден народ? Никогаш не стана до крај јасно ни кој е ставот на САД кон ваквата грчка политика и нивната црвена линија, која нема никаква врска со реалноста? Според сите нивни потези, тие целосно и беспоговорно ја поддржуваат Грција, без критички оценки за поставениот ултиматум. Досега, не се случи Вашингтон да и` постави некакви услови на Атина, за да се реши проблемот. Не дај боже да се обиде да ја вразуми за да не го бара невозможното. А сега, во услови на севкупна, длабока, непремостлива, долгорочна... криза во Грција, можноста за некакво влијание врз неа, дури и како обид – е целосно исклучена.

Кај нас – јавно бараат да се прекрстиме.

5. 1. Впрочем, американското агресивно инсистирање да се договориме со Грција, особено нагласено последниве години, е клучен момент кој целосно ја демаскира американската политика кон Македонија. Вашингтон е неспорно свесен дека, поради длабоката тамошна криза, каков било балансиран договор едноставно е невозможен.

Тоа го призна и амбасадорот во Скопје, Волерс, кој оцени дека „Грција сега поминува низ големи политички и економски промени и сè додека е во тој процес, тоа го комплицира напредокот на секој друг процес, а не само прашањето за името" („Волерс: Кризата ги комплицира преговорите за името", „Дневник", 9 ноември 2011).

Ако веќе нема никаков простор за решение кое би било минимално прифатливо за Македонија, а нема, тогаш целта на САД може да биде само една: Македонија да се – ничкоса. Ако некој те тера да земеш отров, сигурно не ти посакува добро здравје.

5. 2. Вашингтон добро знае дека проблемот е потполно асиметричен. Во основата, тој е – грчки (и – американски!), но последиците се исклучиво македонски. Тука, можеби, лежи и нашиот најголем хендикеп. Што и да се прави, случува... сметката ја плаќа само Македонија. Сè се струполува на нејзиниот грб. Затоа никој нема разбирање за проблемот и целата вина се фрла врз Македонија.

Сепак, на крајот, ако на светот има макар уште малку правдина, ако има политичка одговорност и коректност, ако има трошка принципи и демократија... (а, ги нема баш многу!) и решението на овој проблем мора да биде на иста, асиметрична основа. Такво решение, единствено може да биде трајно, без да предизвика нови земјотреси. Само така може да се спаси Македонија.

Абрахам Линколн рекол дека ништо не е до крај завршено, ако не е праведно решено!

5. 2. 1. Отворањето на проблемот не донесе никакви негативни рефлексии врз Грција или за кој било друг. Тој беше максимално искористен против фундаменталните интереси на македонскиот народ и неговата држава (ООН, НАТО, ЕУ...). Благодарение на оспореното име, државата е оставена без целосен меѓународен правен идентитет; блокирани се нејзините евроатлантски интеграции... со најшироко можни последици врз севкупниот економски,

политички и социјален развој на земјата; дополнително се разнишани меѓуетничките односи, кои и без тоа се доволно ранливи...

Истовремено, Македонија и да остане со своето историско и уставно име, тоа нема да има никакви последици врз Грција. Атина нема ништо да загуби. Како вели народот – влакно нема да и` фали. Освен фактот дека непотребно се загубени 20 и повеќе години, многу енергија, пари... за нешто што не заслужува поголемо внимание.

5. 2. 2. Првичните грчки обвинувања (1991/1992/1993) дека името „Македонија" носи иредентизам и го загрозува територијалниот интегритет на Грција, се покажаа како целосно погрешни и неодржливи. Еве, поминаа веќе преку 20 години и – ништо не се случи. И тоа години во кои Македонија беше жртва на психолошка, студена, блокадна и каква сè не војна од страна на Грција, при што земјата има непроценливи штети. Ако во овој период Македонија не покажа агресивност кон Грција, а не покажа, кога тогаш може да се очекува било иредентизам, било реваншизам од нејзина страна? Кога, ако не во овие 20 и повеќе години на истрпени тешки провокации и направди?

Да не повторуваме дека и веќе споменатата „Бадентерова комисија" на ЕЗ (ЕУ), прецизно дефинира дека името, на никој начин, не ја загрозува Грција.

6. За да немаме никакви забуни, мораме да бидеме свесни дека американската поткрепа за наше членство во НАТО (и Унијата), која толку масовно и силно се нагласува во јавноста, е само вербална, празна и безвредна бидејќи е условена. Факт е дека САД сакаат да нè видат во НАТО, но – прекрстени! Тие тоа не го кријат. Нашиот одговор треба да биде јасен и гласен – не, благодариме! Ве молиме, на таа основа – не нè поддржувајте. Самоубиство не прифаќаме, тоа не е наша опција. Поставената цена никој нормален во Македонија нема да ја прифати. Крајно време е да го разберете тоа!

Хилари Клинтон, според магазинот „Република”, од 9 ноември 2012, ни порачала: „Сите сакаат да ве видат во НАТО што поскоро и искрено се надевам ќе биде отстранета единствената пречка (за нив е – дека сме Македонци!) и дека ќе се најде достоинствено и практично решение (веројатно мисли – според црвената грчка линија!?!) за проблемот со името. Подготвени сме да помогнеме” (сигурно имаат листа на можни нови имиња!)!

Според еден пријател, Клинтонка ни вели – ако баба ми беше британска кралица, јас ќе бев принцеза. Но, заклучува, излегува дека таа, за белја – не била!

7. САД инсистираат земјата да се прекрсти, тврдејќи дека тоа не го доведува во прашање националниот идентитет на народот. Меѓутоа, нивниот нов амбасадор, Волерс, пред да дојде на служба во Скопје, во Комитетот за надворешна политика на Сенатот (стручно тоа се нарекува „преслушување” пред да се потврди мандатот) изјавил: „Ова е нешто повеќе од име. Ова е прашање на идентитет”! („Волерс: спорот е прашање на идентитет”, „Нова Македонија”, 15 јули 2011).

Волерс е апсолутно во право: идентитет без име – нема!

7. 1. На оваа американска дволичност пошироко се осврнува извонредниот американски аналитичар Џејсон Мико, во својата колумна „Езотерични концепти на идентитетот” („Дневник”, 25 октомври 2012). Тој го цитира амбасадорот Филип Рикер кој, на прашање, поставено во Стејт департментот, на 19 октомври 2012, одговорил: „... компромис – тоа не е лош збор – кој не вклучува езотерични концепти како што е идентитетот или нешто друго”. Мико тврди и докажува дека изразот „езотеричен” е бесмислен и „кога некој ќе ви рече дека вашиот идентитет е таков, тоа е – навреда”.

Мико ја коментира и изјавата на американскиот помошник-државен секретар, Филип Гордон, за „Ал Џезира”, во јули 2012, кога рекол дека откако ќе се реши проблемот со името:

„луѓето ќе престанат да се опседнуваат себеси со тоа...”. Вели дека со силниот збор ‘опседнати’ „Гордон се обидува да ги омаловажи Македонците, на кои нивното име и идентитет им се свети”.

8. Од презентираното неспорно може да се заклучи дека САД водат долгорочна политика на прецизно, упорно и одлучно регионално позиционирање кое е спротивно на и ги загрозува фундаменталните интереси на Македонија и македонскиот народ. Нема никаква реална основа да се смета дека во американската политика, на крајот, ќе се појави некакво позитивно изненадување за Македонија. Таквите очекувања можат да бидат резултат само на голема наивност и политичка неписменост. Ако некој, во 2001-та, започна оружена војна, со агресија врз Македонија, за остварување на своите цели, тешко може да се пишмани, како ништо да не се случувало цели 20 и повеќе години. Значи, барем за сега, во прашање е трајна политика на фази и етапи, на чекање и тактизирање, на примена на бројни комбинаторики, приспособени на променливите состојби низ кои врват земјата и регионот, сè со единствена цел да се прекрстат државата и народот.

Тоа е составен дел од нивната регионална политика која се потпира на реализација на големоалбанскиот проект кој, евидентно, се спроведува.

9. Посоченият однос на САД кон Македонија, во најтешките години од нејзината историја, елаборирaн преку конкретни примери, во никој случај не може да се нарече – пријателски. Квалификувањето, пак, кај нас, на односите со САД како – „партнерски”, за некои дури и како „стратегиско партнерство”, е апсолутно погрешно, несоодветно, далеку од вистината и, што е клучно – штетно за земјата. Тоа е погубно самозалажување и класично пикање на главите во песок. Несогледување на елементарната суштина бидејќи сите факти зборуваат за директна и целосна спротивставеност на американските, со клучните македонски интереси. Во целина, Македонија е долгогодишна жртва на нивните балкански политики.

10. САД се неспорен доминантен фактор во светската политика и таков ќе останат уште догледно време. Тие се и главен арбитер на Балканот. Истовремено, без никаква дилема и со целосна одговорност, може да се заклучи дека Вашингтон цврсто ги држи сите конци за иднината на Македонија. Таму е и клучот кој може да отвори поинаква перспектива за земјата бидејќи досегашните нивни концепции, за нас не нудат ништо добро. Проблемот со името само го симболизира севкупниот однос на Вашингтон кон Македонија.

11. Тоа недвосмислено покажува дека без, макар, минимален американски респект за македонските природни аспирации, ќе биде многу тешко да се успее. Ние мораме да направиме сè, за (што полесно) да успееме, а патот на успехот апсолутно води преку Вашингтон. Паралелно мора многу интензивно да се работи со Москва и со Пекинг, но и со Лондон, Берлин, Рим и Париз, во барањето поддршка за опстој на Македонија и Македонците. Евентуалната позитивна реакција од (некој од) овие центри, силно ќе влијае врз флексибилноста и на Вашингтон. Атина игра споредна улога во тој круг.

Многу време е загубено, сериозни грешки се направени и се прават, но можности за спас сè уште постојат. Тие зависат од нашата мудрост и спремност да се одбраниме. Ако продолжиме како досега, црно ни се пишува.

12. Сè уште има простор за барање можности и начини кои би воделе кон промена на досегашната американска политика кон Македонија. Барем во делот кој се однесува на опстанокот на македонскиот народ и неговата држава. Ние мора постојано да се обидуваме, било преку директен дијалог, било преку други канали, да ги отвораме сите нивни карти. Да се соочиме со вистинските нивни претензии. Тоа е првенствена и основна задача на нашата Амбасада во Вашингтон. Сепак, прашање е колку е таа за тоа кадровски екипирана и – задолжена тоа да го прави?

12. 1. Најефикасен начин тоа да се постигне е формулирање документ со кој ќе се бара прецизирање на американските ставови по повеќе прашања од нагласен интерес за Македонија. Значи, мора да се одреди американскиот однос кон – а) името на државата; б) идентитетот на народот; в) македонскиот јазик и неговата улога во државата (нели го нарекуваа – државен); г) унитарниот карактер на државата; д) позицијата на Албанците во земјата и опсегот на користење на албанскиот јазик; ѓ) нашето членство во НАТО и ЕУ (на реална основа, а не доколку...); е) грчките аспирации кон Македонија; ж) бугарското присвојување на нашиот народ и јазик; з) големоалбанскиот проект...

Во тој документ мора да се потенцира дека македонскиот јазик треба обврзувачки да го учат и користат сите жители, уште од најмала возраст, за да биде обединувачки, кохезиски фактор во државата.

Без многу да се чека, нацртот на еден таков документ треба што поскоро да се подготви и да му се предочи на Вашингтон. Нивната реакција лесно може да се претпостави, но тоа не смее, во никој случај, да нè обесхрабри. Тоа нека биде нашиот прв, храбар исчекор. Ако одбијат, ќе мора нешто да предложат и да понудат. За нас е клучно да се отвори таков дијалог. Работите да се стават на маса, такви какви што се. Тоа е начинот како Македонија може да преживее. Да успее. Дефинитивно да се извадат главите од песок.

Ако продолжиме со досегашната практика и со нашето „глумење", дека сè е во ред, одиме право во – пропаст.

12. 2. Првиот потег, сепак, мора да се повлече дома. Крајно време е да се рециклираат оценките во земјава за односите со САД и да се користат точни термини, кои би му биле претходно ставени на знаење на Вашингтон. Без таков исчекор, ќе се вртиме во маѓепсан круг, без изгледи за излез. За нас, прашањето е да се биде или не, и тоа наметнува потреба од најсериозна и итна акција.

12. 3. Ако сето тоа не успее, тогаш – нема да имаме друг избор. Преку факти и аргументи, треба да се оди на јавно и широко разголување на американските политики кон Македонија. Ако не покажеме заби, макар биле тие тенки и шупливи, шанси за успех – немаме. Сетете се што се случи во Виетнам. Голорак, но посветен народ ја победи најсилната земја на светот.

Мудриот Конфучиј (551-479 година пред нашата ера) рекол: „Со луѓе (секако важи и за држави) што се стремат кон друга цел не можете да правите заеднички планови".

12. 4. Откако ќе ги обелодениме нивните вистински намери, ќе бидеме во можност да бараме и најширока меѓународна поддршка за нашите универзално признати права. Тоа не може да остане без соодветен екот.

Потоа, врз целосно нова платформа, ќе можеме да формулираме соодветни политики кои ќе нудат барем шанси за излегување од ќор-сокакот во кој сме доведени сега, главно без наша вина. Дури потоа ќе може да започне вистинска офанзива за одбрана на легитимните права на македонскиот народ. Сè додека не се соочиме со реалните американски планови и цели, ако соодветно не ги именуваме нивните активности во земјата и во регионот, остануваме во маѓепсан круг. Кога ќе се соочиме со вистинските американски интереси, ќе можеме а) да се обидеме да се вклопиме во нив или б) да бараме начин како да обезбедиме американско (макар првично и минимално) прифаќање за нашите недискутабилни аспирации.

13. Аргументи имаме доволно, но тие се безвредни ако не знаеме соодветно, правилно, ефикасно и, особено – на право место, да ги искористиме. Со макотрпна работа, крајната цел треба да биде обезбедување евентуална американска поддршка на нашите ставови. Тоа не е недостижно.

14. Финалниот расплет на постјугословенската криза претстои и, многу лесно, негова главна жртва може да биде токму – Македонија. Веројатно поради тоа толку долго и нè

држат ни на небо ни на земја. Целта е да останеме крајно ранливи, како евентуална монета за поткусурување.

Објективни изгледи за потрајно стабилизирање на БиХ нема на видик. Напротив, центрифугалните сили сè повеќе доминираат и опстојот на федералната држава е сериозно доведен во прашање.

И Косово, новата албанска држава, нема поголеми изгледи во блиска иднина да заплови во помирни води и целосно да се етаблира на меѓународната сцена. Влезот во ООН изгледа недостижен, а со тоа и приказната останува недовршена. Фактот дека и пет членки на ЕУ не се спремни да ја признаат новата држава, значи дека и приближувањето кон Унијата ќе биде, во најдобар случај – ограничено. Тоа се сериозни предизвици за Косово, кои, заедно со српската одлучност за негово непризнавање, ќе му ја детерминираат иднината. Договорот меѓу двата премиери, Дачиќ и Тачи (2013) е значаен исчекор, кој донекаде ќе ги релаксира односите меѓу Белград и Приштина, но нема да ги реши проблемите.

Влегувањето во ООН за Косово ќе биде тешко, скоро невозможно, поради спротивставувањето на Москва и Пекинг, кои имаат право на вето и свои, и тоа како сериозни, причини тоа да не го дозволат.

Паралелно, Косово веројатно ќе добие спогодба за стабилизација и асоцијација со ЕУ, без членство. Американската помош неспорно ќе продолжи, но прашање е дали тоа ќе биде доволно за негов одржлив развој? Статус-квото може да трае со децении, што може да води во сè поголема негова криминализација, со сите последици врз регионот и Македонија.

15. И една друга теза заслужува истражување. Дали, навистина, САД сакаат целосно средување на Балканот? Ако тука се постигне потрајна безбедносна стабилизација, Вашингтон ќе ја загуби својата улога. Неговите услуги ќе станат непотребни. Преку економските програми, повторно ќе се наметне ЕУ како главен фактор во регионот. Нема

никакви аргументи дека тоа би било прифатливо за САД. Особено кога се знае дека постојано се шпекулира и за посериозно руско ангажирање на Балканот. Тоа е неспорно неприфатливо за Вашингтон, што, автоматски, го одржува и реафирмира нивниот интерес за регионот.

15. 1. САД премногу инвестираа на Балканот за туку-така да се повлечат (Косово – држава; базата Бонд стил, па, ако сакате, и огромната амбасада во Скопје). Помина периодот кога регионот беше при врвовите на нивните политички ангажмани поради војните кои беа во тек, што е добро за сите, и нема индикации дека повторно ќе биде, што треба да нѐ радува. Едноставно, тие се концентрирани на проблемите со кои се преокупирани (Авганистан, Ирак, Сирија, Египет...), што е нормално и логично. Меѓутоа, САД цврсто остануваат на Балканот. Нивниот интерес за, и присутност во регионот се од траен карактер. Сите мораме да сметаме на тоа, а, во дадените услови, ова особено важи за – Македонија.

Така, сите оценки за некакво намалување на американскиот интерес за регионот, дури и за некакво нивно повлекување се празна шпекулација.

* * * * *

16. Американската политика кон Македонија, сите овие 20-ина години, беше длабоко погрешна и нецелесообразна. Токму затоа, воопшто не случајно, таа не им ги донесе очекуваните и посакувани резултати, иако на земјата и` се нанесени огромни и немерливи штети. Клучно беше што САД, во своите големоалбански проекции, воопшто не ги инкорпорираа и интересите на Македонија, туку играа(т) на нејзино уништување. Ако водеа сметка и за Македонија: а) немаше да се обидуваат сите овие години да профитираат од подметнатиот проблем со нејзиното име и тоа прашање релативно бргу ќе беше ставено ad acta; б) рано ќе станеа свесни дека Албанците веќе премногу добија со самото отцепување на Косово од Србија; в) немаше да ги потценат далекусежните последици од преголемото нагласување на

Албанците како (клучен!) фактор во регионот, кои веќе се манифестираат, а уште повеќе ќе следат.

Препуштајќи им ја и Македонија, албанските амбиции неконтролирано ќе се прошират и прва следна на удар може да биде – Грција. Таму, албанскиот фактор (преку милион луѓе!) е сè позначаен, а преку мафијата која ја контролираат, тие вртат огромни пари кои веќе утре можат да ги користат за политички цели. Особено ако таму кризата неконтролирано продолжи.

Доколку Вашингтон водеше сметка и за интересите на Македонија, и и` помогнеше, ќе доживееше сериозен успех во стабилизирањето на Балканот, и покрај големоалбанскиот проект. Вака...

17. Вака, слободно може да се заклучи дека САД се преценија. Ако Македонците не беа цврст орев, одамна ќе ги снемаше. Опстанаа и покрај Букурешт и Версај од почетокот на 20-от век и натовските Букурешт 2008 и Чикаго 2012. Ќе ги издржат и манипулациите на Унијата, од Брисел, која предолго си игра со судбината и на државата, и на народот во неа. Ако Македонците ги преживеаја тешките страдања и неуспешниот геноцид, на кои нагласено беа изложени во текот на првата половина од 20 век – нема никакви изгледи тие денес да се уништат.

18. На крајот, да се обидеме и да дефинираме – ако, денес, некој се обиде да ја распарчи или присвои Македонија, а процесот на албанизација кој агресивно се спроведува е токму тоа, работите сосема поинаку ќе започнат да се одвиваат. И покрај одредени, почетни успеси на тој план, намерите немаат никакви изгледи за успех и тоа не може да остане неказнето. Ако набргу тие погубни тенденции на албанизирање на земјата не се прекинат, тиквата ќе пукне. Неизбежно, без никаков сомнеж, тоа ќе води кон поширок (воен!) судир.

Длабоката подвоеност меѓу Македонците веројатно нема лесно да се надмине, но сосема е сигурно дека ќе се најде во

втор план. Така било и низ вековите, така и ќе остане. Македонија нема да им дозволи на душманите да ја постигнат целта. Без оглед кои се и од каде се тие. Македонците секогаш опстојувале. Ќе издржат и сега, но цената што ќе мора да се плати – ќе биде висока. За сите.

Таква каква што е денес, Македонија е најдобро решение од секој аспект. И за регионот, и за светот. Нејзиното урнисување е преголем ризик.

Што побргу Вашингтон го сфати тоа, толку подобро за сите. По обичај, другите ќе го следат.

* * * * *

Еден работник, со кого некогаш заедно го вадевме лебот во тогаш големата и успешна хемиска фабрика, ОХИС, при случајна средба, на пазар, рече: „Ова Американциве се дволични. Ни велат – одете, не грижете се, ние сме со вас. Ама, штом ќе тргнеме, веднаш се вртат и на кучињата им наредуваат – држте ги”!

* * * * *

Великанот Черчил можеби ни ја оставил најдобрата порака: „Доколку поминувате низ пекол, продолжете со одење”!

Друг избор и немаме. Ама, барем, да се сплотиме. Маките и страдањата секогаш носеле таков квалитет. Така мора да биде и со нас.